УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ОДБРАНА, БЕЗБЕДНОСТ И МИР
СКОПЈЕ

**Докторска дисертација**

**Тема:**

# ВАЖНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ДИЈАСПОРА ЗА РАЗВОЈОТ И МИРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**МЕНТОР:**
**Проф. Д-р Тони Милески**

**ИЗРАБОТИЛ:**
**м-р Златко Николоски**

**Скопје, 12.1.2012**

## СОДРЖИНА


I. Предмет на истражувањето: Развојот и мирот на Република Македонија 7

I I. Конкретен истражувачки проблем: Важноста на дијаспората за развојот и мирот на Република Македонија 8

I I I. Основен поимно – категоријален инструментариум 8

I V. Оправданост и корисници на истражувањето 15

V. Методолошка поставеност на истражувањето 17

1. Цели на истражувањето 17

1.1 Научни цели на истражувањето

1.1.1 Генерална научна цел на истражувањето

1.1.2 Операционализација на генералната научна цел на истражувањето

1.1.3 Научно – теориски цели на истражувањето 18

1.2 Научно – методолошка цел на истражувањето

1.2.1. Основна научно – методолошка цел на истражувањето

1.2.2. Операционализација на основната научно – методолошка цел на истражувањето 18

1.3. Пошироки општествени цели на истражувањето 19

2. Хипотетска рамка на истражувањето 19

2.1 Генерална хипотеза

3. Методи на истражувањето 21

4.Методски техники за прибирање на емпириски матерјал 23

5. Примерок на истражувањето 23

6. Обработка на емпирискиот матерјал 24

V I. Интерпретација на емпирискиот матерјал 24

Вовед 25

**ГЛАВА 1**

**1.Географска распространетост на македонскиот народ во рамките на етничка Македонија** 32

1.1 Политичко-административна поделба на етничка Македонија во периодот пред 08.09.1991 година 32

1.1.1 Република Македонија 36

1.1.1.1 Политички систем на Република Македонија 36

1.1.1.2 Местоположба на Република Македонија 36

1.1.1.3 Државна граница на Република Македонија 38

1.1.1.4 Демографски промени во Република Македонија 40

1.1.2 Демографски промени во Егејска Македонија 44

1.1.2.1 Форми на организирање на македонците во Егејска Македонија 46

1.1.3 Демографски промени на Пиринска Македонија во рамките на етничка Македонија 47

1.1.3.1 Форми на организирање на македонците во Пиринска Македонија 50

1.1.3.2 Македонски списанија во Пиринскиот дел на Македонија 52

1.1.3.3 Македонска емиграција во Бугарија 53

1.1.4 Делови на етничка Македонија - Мала Преспа, Голо брдо и Гора во состав на Р.Албанија и Р. Косово 56

1.1.4.1 Местоположба и демографски промени на Мала Преспа 57

1.1.4.1.1 Форми на организирање на македонското национално малцинство во Р.Албанија 60

1.1.4.2 Местоположба и демографски промени на Голо брдо 60

1.1.4.3 Местоположба и демографски промени на Гора 61

1.1.4.3.1 Форми на организирање на македонците во Гора 64

**ГЛАВА 2**

**2. Историски аспекти на македонската емиграција од почетокот на XX век до осамостојувањето на Република Македонија** 66

2.1 Општо за емиграцијата 66

2.2 Настанување на македонската емиграција во светот, причини и правци на движење 68

2.3 Специфичности, карактеристики и форми на организирање на македонското иселеништво 72
2.4 Македонската емиграција на американскиот континент од почетокот на XX век 77
2.4.1 Форми на организирање на македонската емиграција во САД и Канада 81
2.4.1.1 Македонска политичка емиграција во САД и Канада 82
2.4.1.2 Културно просветни друштва, организации и здруженија на македонците во САД и Канада 84
2.5 Македонска емиграција во Австралија 88
2.5.1 Причини за емигрирање 90
(економски, безбедносни, политички )
2.5.1 Структура на македонската емиграција во Австралија . 91
(потекло, социјална состојба и места каде се населени)
2.5.3 Форми на организирано делување на македонската емиграција во Австралија 92
2.6 Македонската емиграција на европскиот континент од почетокот на XX век. 97
2.6.1 Причини за емигрирање 97
(економски, безбедносни, политички )
2.6.2 Форми на организирано делување на македонската емиграција во Европа 99
2.6.4 Европски имиграциски политики – програми 103
2.6.5 Интеграција на имигрантите во интерес на развојот и мирот 105

**ГЛАВА 3**

**3. Дијаспората и нејзината улога во зајакнувањето на врската со земјата на потекло**

3.1 Општо за дијаспората 112
3.2 Опис на релациите помеѓу дијаспората и земјата на потекло . 123
3.3 Соработка со дијаспората 124
3.3.1 Општи карактеристики за релацијата помеѓу земјата на потекло и дијаспората 125
3.3.2 Карактеристики за привлекување на иселениците - олеснувачки чекори во земјата на потекло 127
3.3.3 Основни услови за успешна врска помеѓу дијаспората и земјата на потекло

131

ГЛАВА 4

**4. Важноста на дијаспората за економскиот, политичкиот и социјалниот развој и мир на земјата на потекло** 133

4.1 Позитивни економски ефекти од активната дијаспора 133

4.1.1 Девизни дознаки - значење и ефекти 134

4.1.2 Инвестициите од дијаспората во интерес на развојот и мирот на Р.Македонија - 142

4.1.3 Дијаспората во интерес на мирот 144

4.2 Потенцијална миграција 150

ГЛАВА 5

**5. Искуствата на други држави во светот во соработката со дијаспората** 158

5.1 Значењето на активната дијаспора за татковината 158

5.2 Израел пример за соработка со дијаспората 161

5.2.1 Видови на поддршка од дијаспората 162

5.2.2 Основни карактеристики и форми на организирање на еврејската дијаспора - 166

5.5.3 Организирани тела на дијаспората преку кои се воспоставува активности и координација 169

5.2.4 Активности на Израел во интерес на зајакнување на врската со дијаспората - 170

5.3 Народна Република Кина пример за соработка со дијаспората 172

5.3.1 Економските зони и нивното значење за дијаспората на Кина 173

5.4 Ирска - пример за соработка со дијаспората 179

5.4.1 Стопански комори и нивното значење за дијаспората на Ирска 180

ГЛАВА 6

**6.Институционални капацитети за спроведување на политиката кон дијаспората на Република Македонија**

6.1 Институционална рамка 182

6.2 Институции одговорни за спроведување на политиката кон дијаспората 182

6.2.1 Министерство за надворешни работи ( МНР ) 183

6.2.1.1 Акценти во работата на МНР кон дијаспората 184
6.2.1.2 Невладини организации 185
6.2.1.3 Визен центар 185
6.2.1.4 Дипломатски конзуларни преставништва (ДКП) 190
6.2.2 Агенција за иселеништво 189
6.2.3 Министерство за внатрешни работи 191
6.2.4 Министерство за труд и социјална политика 193
6.2.5 Министерство за образование и наука 195
6.2.6 Министерство за култура 195
6.3 Важноста на статистички податоци за следење на миграцијата на луѓе 197

**ГЛАВА 7**

**7. Важноста на Македонската православна Црква за врската со македонската дијаспора** 201
7.1 Македонска православна црква 201
7.2 Црковните општини и нивната важност за македонската дијаспора 204

**ГЛАВА 8**

**8. Интерпретација на емпирискиот матерјал** 206
8.1.1 Инвестициска клима и инвеститори 207
8.1.2 Девизни дознаки и донации 208
8.1.3 Активности на поединци иселеници и иселенички организации во интерес на Република Македонија 209
8.1.4 Врската на иселениците со Р.М и нивни предлози за зајакнување на истата 210
8.1.5 Мерки за мотивирање на иселениците од страна на Р.М 211
8.1.6 Состојбата на меѓусебната соработка на македонските иселенички организации 212
8.1.7 Потребата од една институција да третира поголем број на прешања за дијаспората 213
8.1.8 Невладини организации во РМ и прашањето за дијаспората 213

**9. Можен модел на организирана форма на соработка помеѓу дијаспората и Република Македонија** 215

9.1 Органограм на можен модел на соработка помеѓу дијаспората и Република Македонија 220

9.2 Заклучоци 221

**АНЕКС 1**

**И Н Т Е Р В Ј У - Тема: ВАЖНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ДИЈАСПОРА ЗА РАЗВОЈОТ И МИРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** 225

**11. Библиографија** 229

# I. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО: РАЗВОЈОТ И МИРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Основен предмет на истражувањето во оваа дисертација е важноста на дијаспората за развојот и мирот на Република Македонија како и зајакнувањето на врската со дијаспората како национален интерес.

Поголем дел од трудот е посветен на начините на соработка со дијаспората анализираќи други светски примери на држави со долготрајна дијаспора и искуство во комуникацијата со дијаспората во светот но посебно внимание е посветено на заштитата на националните интереси при остварување на таа политика и доградба на капацитети за заштита на националните интереси .

Со истражувањето се прецизирани посебните карактеристики на развојот од причина што не се мисли само на строго економски развој, туку и вкупен социјално – економски развој, во смисла на развој на здравство, образование, култура како и на политичко – демократски развој и мир.

За таа цел е направена анализа на досегашното искуство и начини на соработка со дијаспората како и обид за реална престава на моменталната состојба на таа комуникација, со посебна проценка дали е издигната на потребното ниво на кое би требало да биде. Се препорачуваат мерки и активности кои треба да се преземат за исполнување на поставените критериуми.

Дефинирањето на проблемот на истражување е изведен постепено од причина што предметот во себе содржи подпредмети односно поими кои ќе помогнат за комплетно поимовно операционализирање на проблемот.

## II. КОНКРЕТЕН ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОБЛЕМ: ВАЖНОСТА НА ДИЈАСПОРАТА ЗА РАЗВОЈОТ И МИРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со истражувањето на потенцијалите, средствата, начините, механизмите како и содржините преку кои дијаспората може да го помогне за развојот и мирот на Република Македонија се доаѓа и до одговорот за тоа колкава е важноста на дијаспората за социо – економскиот развој и мир (преку инвестирање, преку донации за болници, школи како и преку девизни дознаки на своите блиски) и политичко – демократски развој и мир (лобирање за развојот и мирот во Република Македонија кај своите влади, политичките партии во своите земји, во меѓународните партии (ООН, ОБСЕ . . .), во ЕУ (Европска комисија, Европски парламент, Совет на Европа . . .), кај влијателни организации и здруженија од невладиниот / цивилниот сектор, преку (консултативно – техничка ) соработка со институции и политички партии во Република Македонија).

## III. ОСНОВЕН ПОИМНО – КАТЕГОРИЈАЛЕН ИНСТРУМЕНТАРИУМ

### 1. Развој и мир

Мировниот развој е збир од повеќе различни елементи како што се: добро управување, здравствена заштита, образование, полова еднаквост, подготвеност за справување со кризи, инфраструктура, економија, владеење на правото, човекови *права, животна средина и други политички ставки.*

За мерењето на развојот се користи не само БДП туку, исто така, и бројни други мерки, како што се:

- писменост,
- очекувано траење на животот,
- стапка на преживување на мајката при породување,
- стапка на заразени со вирусот ХИВ,
- број на доктори по глава на жител,
- индекс на човеков развој и др.

Во рамки на ова може да се каже дека проблемот на мирот целосно ја вклучува комплексната материја за човеков развој, што ја потврдува комплексноста на кој било процес на градење на мирот.
„Состојба на мир имаме тогаш кога сите луѓе се слободни да се развиваат себеси на начин на кој тие сакаат, без притоа да имаат потреба да се борат за нивните права.“.

## 2. Дијаспора

Дијаспора е поим што во себе ги опфаќа како македонското национално малцинство и иселениците (лица со поранешно македонско државјанство), така и сите државјани на Република Македонија на престој и работа во странство, независно од должината и категоријата на етнички Македонци што никогаш немале македонско државјанство. Во рамките на горенаведениот термин спаѓа и оперативно-административната класификација на категориите граѓани кои живеат надвор од територијата на Република Македонија (дијаспора, иселеништво):
-ПАТРИДИ – македонски државјани на подолг престој во странство,
-ЕКСПАТРИДИ-(иселеници) – поранешни државјани што по сопствена желба добиле отпуст од македонско, а се стекнале со друго државјанство,
-БИ/ПОЛИПАТРИДИ – стекнале друго државјанство без да излезат од македонското или го повратиле македонското државјанство задржувајќи го државјанството на резидентната држава,
-НОНПАТРИДИ – државјани на други држави што се по потекло Македонци и кои или никогаш немале македонско државјанство или го изгубиле поради промена на државните граници (вклучително и распаѓањето на СФРЈ).

*Клучен критериум некое лице да се смета за иселеник е лицето да заминало* од Република Македонија како државјанин на Република Македонија, што значи подоцна да го загубило државјанството и лицето да заминало во друга држава освен во матичната земја.[1]

---

[1] Решение на Уставен суд на Р. Македонија У. бр. 42/2004, Службен весник на Република Македонија бр. 114/26.12.2005 г.

**3. Миграцијата** се дефинира како процес на преселување, во рамките на државата или надвор од државата. Тоа подразбира какво било движење на луѓето и вклучува миграција на бегалци, раселени лица, како и економски мигранти.

**4. Мигрант** е термин со кој обично се покриваат сите случаи каде одлуката да се мигрира е прифатена слободно од лицето заради причини „лична погодност", и без интервенција на надворешен фактор. Така овој термин се однесува на лица и членови на фамилии кои се селат во друга земја или регион, за да ги подобрат своите материјални или социјални услови и да ја подобрат иднината за нив и нивната фамилија.

**5. Емиграција** претставува чин на заминување или напуштање на земјата со намера населување во друга. Терминот е од латинско потекло. Емиграцијата носи две релации: социјална (иселеник) и политичка (бегалец). Емиграцијата по својата природа може да биде временска и постојана.

Меѓународните норми за човекови права налагаат дека сите лица треба да бидат слободни да напуштат некоја земја, вклучувајќи ја и сопствената, и дека само во многу ограничени околности државите може да наметнат забрана на индивидуалното право да се напушти својата територија.

**6. Имиграција** претставува процес во кој луѓе од друга нација се доселуваат во земјата со цел да се населат во неа.

**7. Дознаки**

Дознаките кои се девизен прилив од граѓаните во странство во глобални размери стануваат сè поважен извор за екстерно финансирање за земјите во развој Дознаките се дефинираат како монетарни средства што се испраќаат од страна на индивидуите во земјите од каде што потекнуваат. Значи, станува збор за трансфери кои странските работници ги испраќаат во своите земји на потекло.

**8. Реадмисија** преставува мерка за спречување на незаконска миграција и се применува врз база на договор за реадмисија со кој се овозможува враќање на лица кои не ги исполнуваат или повеќе не ги исполнуваат условите за влез или престој и

во целите на овозможување на транзит на лица во духот на соработката и врз реципрочна основа.

Договорот за реадмисија ги опфаќа прашањата за реадмисија на сопствените државјани, обврзувајќи ги договорните да ги примат на барање на другата договорна страна, без било какви формалности нерегуларните мигранти, под услов да се докаже или може валидно да се предпостави дека тие поседуваат државјанство на договорната страна од која се бара да го прими лицето.

**9. Иселеништво** како термин е од македонско потекло и се однесува на дел од нашиот народ кој по пат на иселување постојано се населил во друга земја и продолжува таму да работи и живее, со намера повеќе да не се врати во својата татковина.

Со зачестената употреба на нови термини како на пр. македонска заедница, македонци кои живеат надвор од етничките простори на Македонија, македонци од Р.Македонија, терминот иселеништво постепено почна намалено да се употребува.

## 10. Иселеник

Според меѓународното право иселеник (емигрант), е лице кое што се одселило од земјата каде што претходно имало државјанство и на било кој начин (со отпуст, откажување или по сила на закон) го изгубило тоа државјанство.

Статусот на иселениците во македонското законодавство е регулиран во Законот за државјанство ( Сл. весник бр. 98/2004, член 11, став 2), според кој ,,Иселеник, во смисла на овој закон, се смета граѓанин на Република Македонија кој се иселил од Република Македонија во друга држава, освен во матичната земја, без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена состојба".

## 11. Светско население

Претставува вкупен број на живи луѓе на планетата Земја во одреден момент. Според проценките на Бирото за попис на населението од САД, населението на Земјата достигнало број од 6,5 милјарди луѓе ( на 25.2.2006 год.)[2]

---

[2] United States Census Bureau (http://www.census.gov) 1. Leonard, David. "World Population to reach 6.7 Billion on Saturday". February 24,2006. MSNBC 2.

## 12. Меѓународна миграција

Меѓународната миграција по дефиниција е наднационален феномен кој претставува главна политика, предизвик и можност за државите и другите учесници во сите делови на светот.

Миграцијата е поврзана со политиката во економскиот, социјалниот, трудовиот, трговскиот, здравствениот, културниот и безбедносниот домен. Имајќи ги предвид овие испреплетени врски при идентификувањето на клучните компоненти, сеопфатната национална миграциска политика е важен чекор во развивањето стратегии за да се менаџира приливот на мигранти.

Без сеопфатен и глобален пристап кон миграцијата на кооперативен начин, контролата на влез и престој на меѓународните мигранти и заштитата на нивните права во согласност со применливи меѓународни закони станува потешка за државите.

Во Европа меѓународните миграции на населението и работната сила се карактеризираат со мошне големи промени во видовите, обемот, интензитетот и правците на движење.

Од нив се издвојуваат три групи мигранти и тоа: работници мигранти и членови на семејствата; миграција Исток-Запад; бегалци, азиланти и раселени лица. Бројот на работниците мигранти во западноевропските земји на прием, од 1960 до 1994 година, е зголемен од околу 2,5 на 8,6 милиони лица, а вкупниот број на странци од 5,1 во 1950 на 119,2 милиони лица во 1994 година. Најголемата миграција на релација исток-запад е онаа на етничките Германци (имиграција на етничките германци во Сојузна Република Германија од Демократска Република Германија и од другите источноевропски земји), чиј обем се проценува од 7,4 до 8,3 милиони лица. Со голема бегалска криза таа повторно се соочи во почетокот на деведесеттите години, при што бројот на бегалците во 1993 година достигна 4,4 милиони лица.

## 13. Трајни и привремени миграции

Трајните миграции најчесто ја сочинуваат семејната миграција за населување. Таа особено е карактеристична за земјите кои имаат постојани имиграциски

програми, како САД, Канада, Австралија и Нов Зеланд. Националните економии низ светот се зависни од работници мигранти. Потребите на зголемувачката глобална економија и работна сила резултира со се поголема побарувачка на работа надвор од земјата. За нивна класификација како основен критериум се зема времетраењето на престојот.

Привремената миграција заради бизнис, вработување, туризам, фамилијарни посети, образование, обука и истражување е главната карактеристика на модерниот живот. Бидејќи комуникациите и транспортот овозможија полесно спознавање на други земји и патување, повеќе луѓе се одлучуваат да побараат можности надвор од нивната татковина.

Економски, социјални и друг вид врски се развиваат помеѓу луѓето и заедниците во далечни земји, резултирајќи со поголема интеграција на меѓународниот економски и социјален живот.

Мултинационални корпорации обезбедуваат вработување низ светот, обично за привремен период, вклучувајќи регуларен трансфер од една земја во друга. Честопати поголемиот дел од привремените миграции знаат да се претворат во трајни

## 14. Меѓународни трендови кои предизвикуваат зголемени миграциски движења во светот

Во XXI век движењето на луѓето станува сè позначајно, како резултат на појавата на одредени трендови во светот. Основните причини за мошне големиот миграциски притисок, особено во последните две децении се нерамномерниот демографски и економски развој. Разликите во нивото на развиеноста меѓу развиените и недоволно развиените земји постојано се зголемуваат. Брзиот пораст на наднационалниот проток на капитал, трговија и технологија во последните две децении предизвикаа значајни импликации врз обемот, интензитетот и карактерот на меѓународните миграции.

Оттаму, во теоретските проучувања сè поголемо внимание им се посветува на директната и индиректната условеност на овие миграциски движења од

меѓународните економски и геополитички услови и нивното влијание врз емигрантските и имигрантските земји.[3]

Еден од трендовите кои предизвикуваат зголемени миграциски движења во светот, е економската либерализација која се изразува преку зголемен степен на трговијата и инвестициската клима, што придонесува за протокот на мигранти во светот. Поголемата побарувачка за работа во развиените економии и достапноста на работа во неразвиените економии ја става глобалната работна миграција во движење. Огромниот глобален работен пазар им нуди на работо-давачите можност да вработат работници мигранти како дел од стратегиите за минимизирање на трошоците. Понатаму, глобализацијата со нејзините придружни сили ја зголеми мобилноста на работата надвор од границите. Веќе е зголемено движењето на квалификувани работници. Соочени со постојан дефицит на работна сила, индустриите на развиените земји ги евалуираат миграциските политики и покажуваат спремност за релативно флексибилен механизам.

Американските и европските услужни индустрии посебно притискаат за „либерална политика“ за движење на работната сила како „обезбедувачи на услуги“ посебно во хотелите, ресторанските, софтверските компании, осигурителните и финансиските индустрии и сл.

Релевантни економски фактори на современата миграција на работна сила се висината на платите и повисокото ниво на животниот стандард во земјата на прием.

Демографските промени исто така влијаат врз миграциските движења во светот. Глобалниот раст на популацијата се разликува помеѓу развиените земји и земјите во развој. Во развиените земји сегашната годишна стапка на раст е помала од 0,3%, додека во остатокот од светот популацијата се зголемува речиси 6 пати побрзо.

Демографските промени влијаат врз меѓународната миграција на два начина, и тоа: Брзиот раст на популацијата комбиниран со економските тешкотии ги тера луѓето да се иселуваат од нивните домови, а популацијата која старее ги притиска земјите да прифаќаат мигранти. Ниските стапки на природен прираст во развиените земји придонесува за рапидно остарената популација.

---

[3] Јаневска, В. (2001) Современите меѓународни миграции, емиграцијата од Република Македонија и социо-економскиот развој, Скопје: Економски институт.

Според проценките на ООН, Јапонија и повеќето земји од Европа ќе се соочат со раст на стара популација во следните 50 години.

Мрежи на мигранти од одреден регион или региони се појавуваат како доминантна сила во зголемувањето на мобилноста. Тие влијаат врз политичките одлуки во земјата домаќин за да обезбедат економска помош за нивната заедница на потекло. Тие исто така влијаат на економските и трговските односи помеѓу земјите на дестинација и земјата домаќин и бараат покреативни и попродуктивни интерактивни процеси.

Напредокот во транспортните и комуникациските технологии кои ги поврзуваат местата и луѓето глобално водат до појава на „наднационален миграциски простор“. Ова се шири на повеќе од еден географски простор во кој мигрантите можат да патуваат помеѓу повеќе од еден дом.

Покрај физичките движења, протокот на информации и вештини се друга компонента од „наднационалниот миграциски простор“. Празнините помеѓу „географскиот простор“ и „миграцискиот простор“ се намалени со долгорочни последици по меѓународната миграција. Најсвесен пример за овој феномен е сè поголемото прифаќање на двојното државјанство и поседување на имот на различна страна (држава) и право на глас. Државите сега признаваат дека членството не е повеќе засновано на територија.

Нов вид на врска (луѓе-држава) која сè повеќе се втемелува во меѓународните политики е многу веројатно да влијае на идниот тек на човековата мобилност.[4]

---

[4] www.iom.int/jahia/lang/pid/3 (06.01.2012 год.)

## I V. ОПРАВДАНОСТ И КОРИСНИЦИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Научно – теориска и научно – методолошка оправданост на истражувањето.

Научната цел е оправдана, бидејќи со ова истражување ќе се обработи еден многу чувствителен дел кој има за цел да го објасни најдобриот начин на искористување на капацитетите во интерес на развој на комуникацијата со дијаспората како и во заштита на националните интереси , но ќе се дадат и препораки за понатамошните чекори кои Р.Македонија треба да ги преземе.

Истражувањето има за цел да даде веродостојна слика на состојбата и присуството на професионален потенцијал во институциите и неговата искористеност односно неискористеност за изградба на капацитетите, а исто така и да се направи проценка на нивото на организираност на македонската дијаспора во светот. Исто така научната цел е оправдана и од причина што во Р.Македонија нема специјализирана научна институција за проучување на иселеничката проблематика. Ваквата состојба е несфатлива бидејќи иселеништвото од Македонија има долга и богата историја која дава можности за широки истражувачки зафати. На крајот ќе биде од помош при подготовка и имплементација на стратегиите и акционите планови во поглед на процесот на интеграција.

Со самиот факт дека преселничките движења од Република Македонија во странство во досегашниот период не беа предмет на континуирани проучувања и истражувања а не беа преземени ниту мерки и активности неопходни за нивно насочување во функција на општествено-економскиот развој а од таму и немаше никаква проценка за важноста на дијаспората за развојот и мирот на Република Македонија, темата која ке биде проучувана добива оправдување од причина што научно – теоретски ќе биде дефинирана, а ќе биде и дефинирана, применета и верификувана научно – методолошка рамка на истражувањето на овој проблем.

2. Поширока оправданост на истражувањето: ќе се добијат научно – втемелени и потврдени сознанија за овој проблем кои можат да бидат користени како основа за глобална општествена акција (вклучително и креирање на соодветни политики).

3. Корисници на истражувањето: научни работници, сите заинтересирани структури во Република Македонија (влада, партии, бизнис заедница и сл) и во дијаспората (бизнис и политички организации и здруженија и сл.), како и пошироката заинтересирана јавност во Република Македонија и во странство.

# V. МЕТОДОЛОШКА ПОСТАВЕНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.1.НАУЧНИ ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1.1.1. ГЕНЕРАЛНА НАУЧНА ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Генерална научна цел на истражувањето е (на научно ниво) да се истражи важноста (потенцијалите) на дијаспоратаз а развојот и мирот на Република Македонија, и да се изготви научно – истражувачка синтеза (докторска дисертација) во која ќе бидат презентирани научните резултати и сознанија од истражувањето.

### ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ГЕНЕРАЛНАТА НАУЧНА ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Оваа генерална научна цел на истражувањето, така како што е дефинирана, логично / природно може да се разработи и да се операционализира преку следните две на посебни научни цели на истражувањето:

**1.1.2.1.** Да се истражи важноста (потенцијалите) на дијаспората за социо-економскиот развој и мир во Република Македонија – инвестиции, донации, дознаки, итн.

**1.1.2.2.** Да се истражи важноста (потенцијалите) на дијаспората за демократско-политичкиот развој и мир на Република Македонија – преку лобирање за развојот и мирот во Република Македонија кај своите влади, политичките партии во своите земји односно во земјите на своето живеење, во меѓународните организации (ООН, ОБСЕ, итн.), во ЕУ (Европска комисија, Европски парламент, Совет на Европа, итн.), кај влијателни организации и здруженија од невладиниот / цивилниот сектор, преку (консултативно-техничка) соработка со институции и политички партии во Република Македонија, лобирање кај бизнис центри во своите држави и меѓународни финансиски организации.

### 1.1.2. НАУЧНО – ТЕОРИСКИ ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Основни научно – теориски цели на истражувањето се:**

- научно – теориски да се дефинира предметот на истражувањето
-научно - теориски да се дефинира конкретниот истражувачки проблем
- научно – теориски да се дефинира основниот поимно – категоријален инструментариум.

## 1.2 НАУЧНО - МЕТОДОЛОШКИ ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1.2.1. ОСНОВНА НАУЧНО – МЕТОДОЛОШКА ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Основна научно – методолошка цел на истражувањето е – научно – методолошки да осмисли и да се дефинира истражувањето.

### 1.2.2.ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ОСНОВНАТА НАУЧНО – МЕТОДОЛОШКА ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Основната научно – методолошка цел на истражувањето ја операционализираме и разработуваме на следниот начин:

- да се дефинираат целите на истражувањето
- да се дефинира хипотетската рамка на истражувањето
- да се дефинираат методите на истражувањето
- да се дефинираат методските техники за прибирање на емпириски матерјал: прашалник за анализа на содржина (на списанието Македонска трибина) и (нестандардизиран) прашалник за интервју, прашалник за прибирање на објективни показатели за социјално – економските (број на успешни крупни бизнисмени и донатори, проценка на нивниот вкупен капитал, досегашни инвестиции и донации, податоци за висината на девизните дознаки во определени временски периоди и сл.) и политички (број на политички организации, бројност на нивното членство, социјалниот статус на нивното членство политички функции и успеси на пооделни

нивни членови и воопшто на политичари со македонско потекло  сл. кои не се членови на формални организации на дијаспората).

- да се изработи примерок на истражувањето: интервју со по тројца високи раководители на организациите Македонска Патриотска Организација (МПО), Обединети Македонци и Обединета македонска дијаспора: интервју со 10 поуспешни македонски бизнисмени и донатори од дијаспората; интервју со 5 успешни политичари кои формално не се членови на организации на дијаспората.

## 1.3. ПОШИРОКИ ОПШЕСТВЕНИ ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Круцијална поширока општествена цел на истражувањето е да им се овозможи на надлежните институции и органи на Република Македонија, како и на организации, групи и поединци од македонската дијаспора, на ниво на научно добиени и верификувани сознанија, а преку креирање на потребните политики, мерки и активности, да ја искористат, да ја мобилизираат и да ја инструментализираат важноста и потенцијалите на дијаспората во интерес на развојот и мирот во Република Македонија.

## ОСНОВНА ХИПОТЕТИЧКА РАМКА

## 2.ХИПОТЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 2.1. ГЕНЕРАЛНА ХИПОТЕЗА

Дијаспората располага со богат квантум на важност и потенцијали значајно да придонесе за развојот и мирот во Република Македонија, дефинирани и како социјално – економски развој и мир, и како демократско – политички развој и мир.

**2.2.** Конкретната формулација на генералната хипотеза логично наметнува потреба од нејзино операционализирање преку две посебни хипотези:

**ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 1:**

Дијаспората располага со богатиот квантум на важност и потенцијал значајно да придонесе за социјално – економскиот развој и мир во Република Македонија.

**Варијабла:**

Важноста и потенцијалот на дијаспората за социјално – економскиот развој и мир во Република Македонија.

**Индикатори:**

Капиталот со кој располага дијаспората, моменталните состојби со нивната бизнис дејност, предвидувања и очекувања за нивниот позитивен или негативен развој во иднина: мотивите, желбите и спремноста за инвестирање на сопствен капитал или за лобирање кај други бизнис центри; досегашни инвестиции или донации и најразновидни искуства од нив; најразновидните очекувања од идните ангажмани; нивни согледувања за бизнис климата во Република Македонија и за нејзино подобрување.

**ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 2:**

Дијаспората располага со потенцијал значаен да придонесе за политичко – демократскиот развој и мир во Република Македонија.

**Варијабла:**

Важноста и потенцијалот на дијаспората за политичко – демократски развој и мир во Република Македонија.

**Индикатори:**

Политички функции и успеси на политичари од дијаспората било да се или да не се членови на политички организации на дијаспората; можности, мотиви и интереси за лобирање за развојот и мирот во Република Македонија кај своите влади, политички партии во своите земји, во меѓународните организации (ООН, ОБСЕ итн. ), во ЕУ (Европска комисија, Европски парламент, Совет на европа итн.), кај влијателни организации и здруженија од невладиниот / цивилниот сектор, преку (консултативно – техничка ) соработка со институции и политички партии во Република Македонија и слично на ова; нивни гледања, размислувања и очекувања за демократско – политичкиот развој на Република Македонија (и во однос на уставно – правниот развој, и во однос на политичко – партискиот живот во Република Македонија, и во однос на стабилизација и мирен соживот изразен преку повеќе линии на социјално – интересна дивергенција на македонското општество – примарно меѓунационалните дивергенции ).

## 3. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Методолошката рамка на ова истражување ја сочинуваат општите научни методи кои го детерминираат дескриптивниот карактер на истражувањето. Главна насока на истражувањето е опишување и согледување на одредени состојби и тенденции за креирање на валидни процени за важноста на дијаспората за развојот и мирот на Република Македонија, начините на комуникација помеѓу организациите во дијаспората како и истите со матичната земја односно зајакнувањето на врската со дијаспората како национален интереси на Република Македонија.

Истражувањето на проблематиката бара употреба на повеќе методи. Ќе бидат опфатени политичко-правни и социо-економски, како и други методи кои во текот на изработката на дисертацијата ќе биде потребно да се применат.

Посебно место во примената на истражувачките методи ќе имаат следниве научно-истражувачки методи:

**3.1 Дескриптивниот метод** ќе се користи за детално опишување на односот на Република Македонија кон дијаспората, миграциските движења и нивното влијание.

Овој метод ќе биде применет и за опишување на конкретни активности кои се преземаат на планот на поставените обврски.

**3.2 Компаративен метод** ќе се користи во сите случаи кога ќе биде потребно да се споредуваат податоци од неопределен број слични или исти институции со цел да се добијат релевантни индикатори кои ќе ги детерминираат постојните односи или по пат на исклучување ќе ја определат динамиката и правецот на миграциската политика на Република Македонија.

**3.3 Анализа на содржината**

Предвидува анализа на соодветно потребните меѓународни документи и правни акти, анализа на изјавите на официјалните претставници на ЕУ, изјави на наши видни иселеници, како и на претставниците на Република Македонија, анализа на научни трудови, како и анализи на заклучоци од конференции од полето на миграциите и националните интереси.

Овај метод исто така ке најде примена во анализата на теоретските сознанија кои ќе се компарираат со фрекфентната и семантичка компонента од методот на анализата на содржината. Исто така ќе помогне при идентификација на матерјалот за анализа (списанија, весници и сл.).

**3.4 Структурален –** заради истражувања на структури на дијаспората (и економски и демократско - политички).

**3.5 Историски** - заради истражувања на аспекти на историскиот развој на миграциите и дијаспората, како и на нивниот ангажман во корист на Република Македонија.

## 4. МЕТОДСКИ ТЕХНИКИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ЕМПИРИСКИ МАТЕРИЈАЛ

4.1. Анализа на содржина - квалитативна анализа на содржина на Македонската трибина (орган на МПО); на пишувани документи (програми, статути, декларации, резолуции и сл. ) на организации на дијаспората.

4.2. Интервју - интервју со повисоки раководители на организациите Македонска патриотска организација (МПО), Обединети Македонци и Обединета македонска дијаспора; интервју со поуспешни македонски бизнисмени и донатори од дијаспората; интервју со успешни политичари кои формално не се членови на организации на дијаспората.

## 5. ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

5.1. Тројца високи раководители на организации Македонска патриотска организација (МПО), Обединети македонци и Обединета македонска дијаспора (ОМД), (интервју); 10 поуспешни македонски бизнисмени и донатори од дијаспората (интервју); 5 успешни политичари кои формално не се членови на организации на дијаспората (интервју).

5.2. Македонска трибина (броевите од последните 5 години); програми, статути, декларации и резолуции на Обединети Македонци (во последните пет години) и на Обединета македонска дијаспора ( од нејзиното основање).

## 6. ОБРАБОТКА НА ЕМПИРИСКИОТ МАТЕРЈАЛ

Собраниот емпириски матерјал ќе биде само квалитативно обработен заради тоа што вкупната фрекфенција на одговорите по пооделни прашања ( и од анализата на содржината и од интервјуата) нема да биде доволно броен за да се премине кон негова квантитативна / статисичка обработка.

## V I . ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ЕМПИРИСКИОТ МАТЕРИЈАЛ

Емпирискиот матерјал генерално ќе биде обработен преку научната синтеза во која ќе бидат содржани сите потребни сознанија и резултати од обработениот емпириски матерјал, согласно со целите на истражувањето и неговата хипотетска рамка, при што ќе се изврши и верификација на споменатата хипотетска рамка.

## ВОВЕД

Миграциите се дел од животот на човекот уште од неговото настанување. Луѓето за прв пат почнале да го менуваат своето место на живеење уште од камено време. Во услови на живот, кога луѓето не знаеле да ја обработуваат земјата тие постојано мигрирале во нови места на живеење. Останувале на едно место додека целосно не го експлотирале земјиштето, незнаејќи дека можат повторно да ја обработат земјата со засадување на нови растенија на истата површина. Значи, основита причина за тогашните миграции била постојаната потрага по нови места, со подобри услови за живот.

Со понатамошна еволуција, во периодот на средновековието настанале монархиите, во чие време владеел монарх кој со помош на луѓето и институциите кои го сочинувале кралскиот апарат ја развивал, желбата да ја прошири својата територија колку што може повеќе. Така настанале најпознатите историски војни. Низ тие освојувачки походи голем дел од населението било мобилизирано во војската на монархиите. Примери за вакви миграции во историјата има навистина многу. Сигурно најголеми походи биле во времето на најголемиот светски освојувач Александар III Македонски, кој го освоил во тоа време речиси целиот свет. Неговото кралство се протегало на до тогаш сите познати континенти. Александар III Македонски (356—323 п.н.е.), општо познат како Александар Велики бил крал на Македонија и владеел од 336 п.н.е. до 323 п.н.е. Некои грчки држави - полиси направиле обид да ја отфрлат македонската власт, но Александар успеал да ги принуди на покорност или да ги придобие. Кога ја зацврстил својата власт и ги извршил неопходните подготовки, две години по неговото доаѓање на власт, во 334 година п.н.е. ги започнал своите прочуени походи. Походите на Александар Македонски се воени походи на тогашната македонска фаланга кон Азија и Африка. Тоа биле едни од најмасовните движења на луѓето низ историјата. Тој бил еден од најуспешните војсководци во историјата на човештвото. Александар ја покорил Персиската Империја, вклучувајќи ја Анадолија, Сирија, Египет и Месопотамија, и ги проширил границите на Кралството Македонија дури до Авганистан и Индија. Воден од мислата да создаде „светска држава", Александар кон освоените култури се однесувал со почит, вклучувајќи немакедонци во неговата војска и администрацијата.

Секако не смеат да се заборават ни Крстоносните војни, исто така едни од најмасовните мигрирања на човекот низ историјата на човештвото, кои се со религиозен карактер, а преставуваат серија од воени походи започнати кон крајот на 11 век.

Нешто подоцна за време на буржоаските револуции се појавиле масовни миграции во рамките на државите. Значи, во текот на оваа таканаречена преродба, која започнала со Францускана револуција, се случиле најголемите миграции на луѓе во рамките на една држава, што е пандан на денешниве привремени и трајни внатрешни миграции.

Миграциите кои се јавиле како резултат на барање подобри услови за живот и работа, имале економски карактер. Меѓутоа, не се ретки ни миграциите предизвикани од политички фактори (војни, притисоци, прогони, терор, окупирани територии, меѓунационални и верски конфликти), од природни непогоди (вулкани, земјотреси, суши, поплави, епидемии) и сл.

Движењето или преселувањето на населението, од едно во друго место, може да биде привремено, но може да бидае и трајно. Привремените миграции ги означуваат дневните мигрирања на населението од своите домови кон местата каде што работат. Привремени се сметаат и оние миграции каде личноста го напушта своето место на живеење и се населува во ново заради деловни причини, меѓутоа по извесно време се враќа во своето старо место на живеење. Трајните миграции се кога лицето го напушта своето место на живеење перманентно и не се враќа назад. Според некои критериуми, привремените миграции траат помалку од една година, а трајните миграции повеќе од една година. Миграциите истотака можат да бидат *внатрешни* и *надворешни*. Внатрешни миграции се оние миграции кои се случуваат во рамките на една држава. Тука спаѓаат и дневните мигрирања на населението до своите работни места. Овие миграции се обавуваат многу полесно од надворешните, бидејќи за нив не е потребна патничка документација како што е пасошот. Покрај пасош, лицето поминува и низ царина на државата во која се населува, и голем број други документации потребни според законот на самата држава. Најчести причини за мигрирање можат да бидат: демографски, политички, економски, социјални причини и слично.

Сепак, најмасовни се економските миграции каде голем број од населението во неразвиените земји емигрира во развиените (Западна Европа, САД, Канада, Австралија).

Во последно време интегрирањето на миграцијата во агендите за развојна политика добива ново значење во многу држави кои, главно, се земји на дестинација на мигрантите, како Велика Британија, Шведска, Данска и Холандија. На сличен начин се поголем број земји во развој, со значителна емиграција воспоставуваат политики за вклучување на своите дијаспори во процесите за национален развој.

Важно е да се знае дека со миграциите со текот на времето се воспоставува рамнотежа меѓу побарувачката и понудата на работна сила. Луѓе мигрираат и денес. Миграциите биле, и ќе бидат постојано дел од нашето секојдневие. И покрај значајното зголемување на мигрантите, бројот на државите што се загрижени за емигрантите од нивните земји не се менува. Само некои држави се залагаат високостручните емигранти да ги вратат во своите земји. Притоа, гледано од аспект на земјата на потеклото на населението, миграцијата има карактер на емиграција, а гледана од аспект на земјата на нивното одредиште на миграцијата таа има карактер на имиграција.

Во XX век се случиле и двете најцрни точки во еволуцијата на човештвото, Првата и Втората светска војна. За време на овие војни, се појавиле најмасовните миграции на светската популација, кои продолжиле и по војната.

Историјата на современото македонско иселеништво е тесно поврзано со борбите на македонскиот народ за национално и социјално ослободување, пред се на борбата за ослободување од власта на Отоманската империја, и воопшто во борбата за ослободување од сите поробувачи за државно конституирање на Македонија. Преломен пеиод во тој поглед преставува Кресненското востание во 1878 год. и неговиот неуспех во пределот на Горна Џумаја и Разлошко после што се зголемува притисокот над македонскиот народ, а со тоа повеќе се зголемува иселеничката река од Македонија.

Зголемување на бројот на иселувања започнува и по поразот на Илинденското востание, и тоа кон (Бугарија, Австро-унгарија) Централна Европа, но и кон САД и Канада. Тоа е време кога се создаваат иселенички колонии од Македонија во Торонто-Канада, Гери-САД и др.

По поделбата на Македонија и особено по Првата светска војна, иселувањето од Егејскиот дел на Македонија се претвара во вистински егзодус. Тогаш како правец на иселување се додава и Австралија помасовно по првата светска војна.[5]

Како што е познато од 1912 год. до крајот на 1918 год, македонската територија е арена на воени дејствија меѓу завојуваните сили. Изложена на долго и трајно разорување, грабеж и плачкање за време на војната во периодот помеѓу мировниот договор во Букурешт и почетокот на Првата светска војна, се зголемил процесот на иселување од Македонија. Тоа се иселувањата помеѓу двете светски војни.

По завршувањето на втората светска војна се отворил простор за развој на науката, техниката, воопшто на новите производни сили како и на опшествениот развој во целина во светот. Тогаш се појавуваат промени во причините за иселувањето како и во структурата на иселениците.

Во повоениот период како нов правец на иселување се појавува Астралија за која во некои податоци се спомнува дека во 1921 г. во таа земја имало 50, а во 1947 1900 луѓе од Македонија. Меѓутоа по 1948/49 бројот на иселени Македонци во Австралија расте. Како последица на поразот на демократските сили во Граѓанската војна од Егејскиот дел на Македонија, главно од нејзиниот западен дел присилно се прогонети околу 70 илјади луѓе, кои најпрвин пристигнале во земјите на источна Европа а потоа се случило реемигрирање кон западните земји. До почетокот на Втора светска војна од територија на Македонија побегнале 130 до 150 илјади луѓе, главно од Егејскиот дел на Македонија. [6]

Кога ги посочуваме селидбите, мораме да наведеме дека истите не се типична појава само за македонскиот народ, но мораме да нагласиме дека посебна карактеристика е неговата присутност, речиси, на сите светски меридијани, со концентрација, во зависност од економските, политичките или културните околности. Поради тоа се појавува потребата за посебно внимание на Р.Македонија преку своите институции кон своите иселеници кои поседуваат огромен потенцијал кој може да допринесе во развојот и мирот на Р.Македонија.

---

[5] Катарџиев, И. (1996), Македонија и Македонците во светот, (стр. 23) Издавач: Матица македонска - Скопје

[6] Исто, (стр.27)

Република Македонија се уште нема специјализирана Агенција за менаџирање на миграцијата, а наместо тоа различни министерства покриваат различни миграциски прашања. Во таква ситуација се чини дека неопходен момент за менаџирање на миграциската политика е добрата соработка и координација на сите институции кои го допираат прашањето за миграциската политика а со тоа и прашањето за комуникацијата со дијаспората на Република Македонија.

Дијаспората отсекогаш има главна улога во однос на трансферот на знаењето и технологијата помеѓу земјата на потекло и дестинацијата, а нивните мрежи можат да бидат основа за деловни партнерства, трговија и приливи на инвестиции. Ваквиот трансфер може да биде ефектуиран со конкретни добивки или со виртуелен пристап, со помош на интернет, преку кои може да се врши размена на знаење помеѓу професионалната дијаспора и нивните партнери во земјата.

Република Македонија има релативно значајна и долготрајна дијаспора на етнички Македонци и на македонски граѓани од различни етнички заедници. Оваа дијаспора во последните години станува се подобро организирана за политичко и економско лобирање за Република Македонија, а со тоа и придонесува за развојот на Република Македонија, која пак треба забрзано да работи на зајакнувањето на врската со дијаспората.

Дијаспората може да претставува поволен механизам за зајакнување, т.е. мигрантите можат да помогнат за пазарни производи или услуги на земјите на потекло за потенцијалните потрошувачи во земјите на дестинација.

Покрај тоа што е значајна за развој на земјата на потекло, дијаспората може да е важна и во рамките на земјата на дестинација, на пример со претставување на интересите на мигрантите или со олеснување на контактите и односите со земјата на потекло.

Можеме да наведеме дека, во последно време сѐ повеќе се зголемува интересот на Република Македонија за комуникација со дијаспората за да се стимулираат директните странски инвестиции, но тој интерес се чини се уште не е на највисоко ниво. Економскиот инпут на дијаспората е виден како потенцијал за да помогне на државата, што е од посебна важност и новина во односот на Република Македонија, со дијаспората. Сѐ повеќе дијаспората се таргетира како потенцијален инвеститор во државата.

Во услови на нерамномерен демографски развој, изразен со висок природен прираст на населението во земјите во развој и тенденцијата кон негов нулти пораст

во развиените земји, меѓународните миграциски движења имаат сѐ позначајно влијание врз вкупниот пораст на населението.

Во зависност од нивниот обем и интензитет, како и структурни карактеристики на мигрантите, тие повеќе или помалку го определуваат демографскиот развој, како на земјата на прием, така и на земјата на потекло.

Согледувајќи ја ваквата состојба, Европската комисија предложи ЕУ да се соочи со реалноста дека: од една страна миграциските притисоци ќе продолжат, а од друга страна, во контекст на економскиот раст и староста на населението, ЕУ има потреба од имигранти. Комисијата за социјални прашања и вработување во ЕУ, според своите проценки, укажа дека ЕУ има дефицит од 1,7 милиони работници само од информатичката и комуникациската технологија низ ЕУ.

Миграциските движења од Република Македонија во странство, во изминатите четири децении имаат тенденција на постојан пораст.

Кон крајот на осумдесеттите, особено во текот на деведесеттите години тие попримија големи размери. Промените не се однесуваат само на бројот туку и на структурните карактеристики на мигрантите, правците на движење и должината на нивниот престој. Во таа смисла, мошне индикативен е зголемениот обем на трајните иселувања на високообразована и стручна работна сила, првенствено во прекуокеанските земји.

Сите сме свесни дека податокот за емигрантите од Македонија е сомнителен. Но ако се има во вид дека како емигранти се пребројуваат само оние што барале иселеничка виза, податокот е реален. Факт е дека најголемиот број граѓани од Македонија што работат во странство, не се одјавуваат кај властите во Република Македонија. Клучен критериум некое лице да се смета за иселеник е лицето да заминало од Република Македонија како државјанин на Република Македонија, што значи подоцна да го загубило државјанството и лицето да заминало во друга држава освен во матичната земја.[7]

Преселничките движења од Република Македонија во странство во досегашниот период не беа предмет на континуирани проучувања, а не беа преземени ниту мерки и активности неопходни за нивно насочување во функција на општествено-економскиот развој.

---

[7] Решение на Уставен суд на Р. Македонија У. бр. 42/2004, Службен весник на Р.Македонија бр. 114 / 26.12.2005 г.

Имајќи ги предвид обемот и специфичноста на овие движења, кои произлегуваат од структурните белези на мигрантите и должината на нивниот престој, натамошниот несоодветен третман на овој проблем може да има бројни негативни влијанија, со далекусежни последици и импликации во повеќе домени. Со оглед на интензитетот и променетиот карактер на емиграцијата во последната деценија, денес повеќе очигледна е потребата за нивно попродлабочено проучување и фокусирање на општественото внимание за активно дејствување врз овие процеси.[8]

Врската помеѓу миграцијата и развојот денес е на агендата на многу фактори на полето на меѓународниот развој на соработка, како што се Светската банка и УНДП (Програма за развој на ОН) и на националните агенции за развој, како што се Одделот за меѓународен развој на Англија и германската Агенција за техничка соработка, а Генералното собрание на ООН усвои резолуција за меѓународна миграција и развој, а честопати темата за меѓународната миграција и развојот е поставувана како главна тема за дискусија на седниците на Генералното собрание на ООН.

---

[8] Јаневска В, (2001) Современите меѓународни миграции, емиграцијата од Република Македонија и социо-економскиот развој, Скопје: Економски институт.



# ГЛАВА 1

## ГЕОГРАФСКА РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО РАМКИТЕ НА ЕТНИЧКА МАКЕДОНИЈА

# ГЛАВА 1

## 1. Географска распространетост на македонскиот народ во рамките на етничка Македонија

Географската распространетост на македонскиот народ денес е најмногу сконцентрирана во македонската етничка територија Македонија, во Европа на Балканот, во западниот дел на Европа, северниот дел на американскиот континент и на најмалиот континент во светот, Австралија.

Матична земја и етничка територија на македонскиот народ е Македонија, каде што македонскиот народ е најсконцентриран.

1. **Карта број 1**




Извор: Етнографска карта на Македонија – 1912 год. (2008) ,пред поделбата со Букурешкиот договор од 10 август 1913 година. Тримакс Картографија - Скопје.

Матичната етничка територија на денешниот македонски народ, се совпаѓа со етничката територија на античките Македонци, кои се дел од етногенезата на

денешниот македонски народ, на кој му пренеле значаен дел од своите карактеристики, гени и обележја.

2. **Карта број 2.**

**Карта на Светот со места на престој на македонските иселеници**




Извор: Местата на престој се одбележани од авторот на дисертацијата врз основа аналитичките податоци на МНР, за бројноста на македонските иселеници во светот.

Македонското иселеништво е лоцирано претежно во поголемите градови и индустриски центри во Светот. Поголеми иселенички заедници од сите етнички *заедници се лоцирани во Канада* - Торонто, Виндзор, Хамилтон, во САД – Детроид, Чикаго и Њу Џерси, во Австралија - Мелбурн, Сиднеј, Волонгонг и Перт.

Исто така и во другите прекуокеански земји има значителен број на наши иселеници, но не постојат прецизни статистички податоци за бројноста како на пример во Нов Зеланд каде што иселеништвото е од поно време и кое претежно е со високостручна наобразба и припаѓа на младата генерација.

Според етничката структура, околу 85% од иселеништвото се од македонска етничка заедница, 10% од албанска заедница во Р. Македонија, а останатите 5% се од другите етнички заедници во Р.Македонија: Роми, Власи, Турци, Бошњаци и др. [9]

[9] Аналитички податоци на МНР за дијаспората 2006 год,

Македонското иселеништво во САД, Канада и Австралија, се карактеризира со добра етаблираност во тамошните општества со силна приврзаност кон културата и обичаите на својата татковина, поради што имиграционите земји го сметаат за рамноправно со другите во иселенички етнички заедници во имиграционите земји.

Меѓутоа како резултат на одредени рецидиви и недоразбирања од балканските простори пренесени во иселеничките средини, пред се во однос на негаторскиот однос кон самобитноста на македонскиот национален и културен идентитет од некои соседи на Р.Македонија, кај одредени државни органи и институции се јавува одредена воздржаност во именувањето на македонската заедница со нејзиното етничко име.

Ова е особено карактеристично за Австралија, пред се поради силното грчко лоби и добрата етаблираност на грчката етничка заедница во сите структури, институции и нивоа во австралиското општество.

## 1.1 Политичко-административна поделба на Македонија во периодот пред 08.09.1991 година

На територија од 67.741,2 км² километри колку што зафаќа етничка Македонија, живеат помеѓу 2,1 и 2,3 милиони Македонци, од кои најголемиот дел во Република Македонија.

Етничката и матична земја на Македонците, Македонија денес е поделена на неколку помали делови кои влегуваат во составот на 5 балкански држави.

Етничката македонска територија е поделена на: Вардарска Македонија (над 99% во составот на Република Македонија, а останотото во составот на Србија), Егејска Македонија (во составот на Грција), Пиринска Македонија (во составот на Бугарија), Мала Преспа и Голо Брдо (во составот на Албанија) и областа Гора (во составот на Албанија и Косово).

По Балканските војни (1912-1913) и поделбата на Македонија (со Букурешкиот договор од 10 август 1913 година) Грција приклучила 34. 411, 55 км$^{2,}$ или 50,65% од вкупната територија на Македонија, што изнесува 26,08 % од вкупната површина на Грција, односно Егејска Македонија, со речиси половина од површината и населението.

Кралството Србија во своите граници приклучило 25 846 $км^2$, или 38,34 % од денешна Република Македонија, во Косово (областа Гора), во Република Србија (во околината на манастирот Прохор Пчински).

Бугарија зела 6.481 $км^2$, или 9,54 %, што изнесува 4,19 % од целокупната територија на Бугарија, односно Пиринска Македонија (источниот дел).

Подоцна, големите сили на Албанија и доделиле 974 $км^2$, или 1, 77 % од територијата на Македонија, (областа Мала Преспа и Голо Брдо).

Мора да се нагласи дека во тој период поради тешките политички и економски услови од Македонија се иселиле огромен број на жители. Состојбата уште повеќе се влошила кога Македонија станала бојно поле на противставени страни во Првата светска војна (Солунски фронт 1916-1918 год.).

Во периодот меѓу двете светски војни (1919-1941год.) вардарскиот дел денешна Република Македонија, се наоѓал во составот на Кралството на Срби, Хрвати и Словенци (СХС), подоцна Кралство Југославија, во која македонскиот народ не бил признат како посебна нација. Со посебна уредба за колонизација Кралството настојувало да го измени етничкиот состав во Македонија, така што до 1940 год. српските власти преселиле околу 25. 000 лица.

Нападот на фашистичките сили врз Југославија на 06.04.1941 година, предизвикал нова поделба на Македоните тогаш помеѓу Италија и Бугарија. По што македонскиот народ земал активно учество во НОБ. Во самиот виор на војната на Второто заседание на АВНОЈ (Јајце 29.11.1943 год.), е решено Македонија да добие независност по ослободувањето во повоена федеративна Југославија. На првото заседание на АСНОМ, на 2 август 1944 год, во манастирот Св. Прохор Пчински, вардарскиот дел официјално е прогласен за рамноправна република во состав на Демократска Федеративна Југославија и со Уставот од 31.1.1946 година е прогласена за федеративна република во составот на ФНРЈ. Од 1965 до 1991 година Р.Македонија го носеше името Социјалистичка Република Македонија во состав на СФРЈ. На референдумот одржан на 8.9.1991 година, повеќе од 90 % од избирачите се изјаснија за независна држава.[10]

[10] К.Натек и М. Натек (2006), Државите во светот, Скопје: Младинска книга стр. 93.

## 1.1.1 Република Македонија

Република Македонија зафаќа 25.713 км² или околу 38% од етничката територија на Македонија. Се наоѓа во централниот дел на Балканскиот Полуостров, односно на југоисточниот дел на Европа, со број на жители (2002 год.), 2 022 547, сместена меѓу координатите 40’5’ и 42’22’ северна географска ширина и меѓу 20’27’ и 23’05’ источна географска должина. Во поглед на климата претставува транзитен регион меѓу средоземноморската и континенталната клима. Климата се класификува како преодна од континентална кон средоземноморска.

Според последниот попис на наслените во Република Македонија, во 2002 година бројот на Македонци во државата е 1.297 981 (64,18%), односно Македонците се мнозинство во државата.

Меѓутоа, во некои кругови меѓу кои и во академските кругови постои резервираност спрема во оваа бројка, при што се истакнува податокот дека бројот на Македонци во пописните години 1991 и 1994 бил 1.328. 187 односно 1. 378. 687 такашто нереално е нивниот број за само 8 години да опадне за околу 100 000 луѓе.

Меѓутоа вистинскиот број на Македонци во Република Македонија е 1 401 897 (69,31%) - под овој број се сметаат сите Македонци по народност (националност) без разлика на нивната вероисповест.

Овој број се добива ако се види бројката на попишаните Албанци и Турци кои за мајчин јазик се изјасниле дека им е македонскиот, во неколку општини населени претежно со Македонци муслимани. На територијата на Република Македонија, Македонците се распространети по целата територија.

Застапеноста се движи од 20% во северозападните, 55-60% во југозападните, 85-90% во средишните и 90-95% во североисточните и источните делови на државата.

### 1.1.1.1 Политички систем на Република Македонија

Македонија е република со повеќепартиска парламентарна демократија и политички систем поделен на законодавна, извршна и судска власт.

По 1945 година, Македонија станува суверена република во рамките на Југословенската Федерација, а на 8 септември 1991 година, по референдумот на граѓаните, Македонија станува суверена и независна држава.

Уставот на Република Македонија е усвоен на 17 ноември 1991 година од страна на првиот повеќепартиски парламент.

Главната цел е Македонија да се формира како суверена и независна, граѓанска и демократска држава и да се создаде институционална рамка за развој на парламентарната демократија, во која ќе се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната еднаквост.

Собранието е централната и најзначајна институција на државната власт. Според Уставот, Собранието е претставничко тело на граѓаните и нему му е доверена законодавната власт на Републиката. Собранието е составено од 120 места.

Претседателот на Република Македонија ја претставува Републиката и е Врховен командант на Вооружените сили на Македонија. Претседателот се избира на општи и непосредни избори за мандат од пет години и може да служи најмногу два мандата.

Извршната власт на Република Македонија е поделена меѓу Владата и Претседателот на Републиката. Владата ја избира Собранието на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници и за својата работа одговара пред Собранието. Организацијата и работата на владата е дефинирана со закон за влада.

Согласно своите уставни надлежности, извршната власт ѝ е доверена на Владата на Република Македонија. Таа е највисоката институција на државата администрација и, меѓу другото, ги има следните одговорности: да предлага закони, буџетот на Републиката и други регулативи коишто се усвојуваат во Собранието; да ги определува политиките за извршување на законите и другите регулативи на Собранието и е одговорна за нивното спроведување; да носи одлуки за признавање држави и влади; да воспоставува дипломатски и конзуларни односи со други држави; да го предлага Јавниот обвинител; да предлага назначување на амбасадори и претставници на Република Македонија во странство и да назначува шефови на конзуларни канцеларии; и да извршува други должности предвидени со Уставот и законите.

### 1.1.1.2 Местоположба на Република Македонија

Република Македонија нема излез на море. Република Македонија на исток граничи со Република Бугарија, на север со Република Србија и Република Косово, на запад со Република Албанија, и на југ со Република Грција.

Значењето на географската положба на Република Македонија, како централна балканска држава која се граничи со пет држави, различни по својот стопански потенцијал и развиеност, е што тие се упатени на меѓусебна трговска размена и дополнување на нивните економии, токму преку територијата на Република Македонија.

Македонија е држава во Југоисточна Европа со географски координати 41°50′N 22°00′E / 41.833°N 22°E / 41.833; 22, и со вкупна површина од 25.713 $km^2$ . Таа има граници од околу 573 701 м, кои ги дели со Србија на север, Косово на северозапад, Бугарија на исток, Грција на југ и Албанија на запад.

Земјата претставува голем транспортационен коридор од Западна и Централна Европа до Егејското Море и од Југоисточна Европа до Западна Европа.

Државата е дел од поширокиот регион Македонија по кој таа го носи своето име. Таа е континентална држава (нема излез на море), но има три природни езера: Охридско Езеро, Преспанско Езеро и Дојранско Езеро. Според тоа, има водена површина од 477 $км^2$.

### 1.1.1.3 Државна граница на Република Македонија

Државна граница е копнена граница на Република Македонија, вклучувајќи ја и границата на реките и езерата, како и аеродромите и езерските пристаништа кои се определени како места преку кои се одвива меѓудржавен и меѓународен сообраќај.

Гранична линија е точно дефинирана линија која ја разграничува територијата на Р.Македонија од територијата на соседните земји. Поточно ,,Граничната линија" е низа точки на земјината површина одредени со координати, по која се протега државната граница која ја разграничува територијата на Република Македонија од територијата на соседните земји.[11]

---

[11] Закон за гранична контрола Службен весник на РМ, бр. 171 од 30.12.2010 година

Надзорот на државната граница е во надлежност на Министерството за внатрешни работи. Обезбедувањето на државната граница опфаќа надзор на движење на лица и превозни средства долж државната граница заради заштита на нејзината неповредливост. Државната граница може да се минува преку гранични премини кои преставуваат места определени за преминување на државната граница, во патниот железничкиот, воздушниот и езерскиот сообраќај, на кои граничната контрола се врши постојано, сезонски или привремено.

Границите најчесто минуваат по највисоките делови на планините, потоа по должина на реките, преку рамници, езера и други објекти. На копно се обележуваат со бетонски столб или камен, на вода со пловни знаци, а на карта со линија, најчесто црвена по боја.

Република Македонија се граничи со територијата Косово и Србија на север, со Бугарија на исток, со Грција на југ и со Албанија на запад.

Границата на Република Македонија, во најголем дел е природна, бидејќи се протега по највисоките била и врвови на планините. Така, северната граница кон Србија и Косово е природна на делот што минува преку врвовите на Шар Планина и Скопска Црна Гора. На исток таа е послабо релјефно изразена бидејќи го сече широкиот Кумановско-Прешевски превал, долината на Пчиња и долините на неколку нејзини притоки.

Источната граница кон Бугарија, исто така е природна, бидејќи минува по највисоките била и врвови на Осоговските Планини, Влаина, Малешевски Планини, Огражден и Беласица. Помеѓу последните две планини кратко ја сече долината на реката Струмица.

Јужната граница кон Грција, освен преку планините Беласица, Кожуф, Ниџе и Баба, минува и преку широки котлини (Гевгелиска и Пелагониска) и преку езера (Дојранско и Преспанско).

Западната граница кон Република Албанија во поголем дел е природна и се протега по високи планини: Галичица на југ, потоа Јабланица, па сè до Кораб (со Дешат и Крчин) на север. Западната граница, на одредена должина минува и преку езера (Преспанското и Охридското Езеро), а во Дебарската Котлина води по реката Црни Дрим.

Во наведените граници, Република Македонија зафаќа површина од 25713 $km^2$. Според површината, таа спаѓа во група на помали држави.

Должина на границата со соседните држави.

Должината на државните граници изнесува 897 263 м, и тоа:

- Република Грција 256 392 м.
- Република Србија 102 492 м.
- Република Албанија 186092 м.
- Република Бугарија 172846 м.
- Република Косово 179441 м.

**3.Податоци за должината на граничната линија, се од Катастар на Република Македонија, превземени од МВР-СГРМ**

**-димензии 1367x644**

**Скица број 1. На скицата е одбележана должината на граничната линија кон сите пет соседни земји со кои граничи Р.Македонија, во 2011 год.**




Извор: МВР- Сектор за гранични работи и миграции

## 1.1.1.4 Демографски промени во Р.Македонија

Во последните децении, Република Македонија се соочува со бројни предизвици кои произлегуваат од постоечките економски и социјални состојби, кои имаат директно влијание врз демографските трендови во земјата. Исто така, Република Македонија се соочува со изразена регионална нерамномерност во растот на населението, како и со изразени разлики помеѓу урбаните и руралните средини.

Според пописот од 2002/ вкупното попишано население во Република Македонија изнесува 2.071.210 жители од кои: Македонци 1.297.981 или 64,18 %, Албанци – 509. 083 или 25, 17 %, Турци – 77.959 или 3,85 %, Роми – 53. 879 или 2, 66%, Срби – 35.939 или 1, 78 %, Бошњаци – 17.018 или 0,84%, Власи - 9.695 или 0,48 % и други – 20.993 или 1, 04%,. [12]

Од долунаведениот графикон кој е прикажан врз основа на пописот на населението, домаќинствата и становите во 2002 година, регистрирани се вкупно 694.032 лица кои немаат карактер на автохтоно население ( кога се селеле), од кои 32,1% се селеле само локално (во рамките на иста општина), 56,5% се селеле од една општина во друга и 11,4% кои се доселиле од странство.

**Графикон 1: Неавтохтоно население, Република Македонија, 2002**




Извор: Државен Завод за Статистика на Р.Македонија

Во вкупното население, населението на возраст до 19 години брои 591.702 лица, додека со 60 и повеќе години има 303.534 лица.

Лицата на возраст од над 65 години опфаќаат 10,57 % од вкупното население, додека младата популација од 0 до 14 години е застапена со 21,08 проценти.

---

[12] Државен Завод за статистика на Република Македонија.

Според податоците од 2002 година, прогнозите се дека очекуваното траење на живот ќе се зголемува континуирано до 2050 година. [13]

Дејството на внатрешните миграции врз демографските состојби е двојно. Тоа, од една страна директно влијае на бројната состојба, територијалниот распоред и структурите на населението, а од друга страна, ги детерминира и наталитетот и морталитетот заради последиците од половата и старосната структура на населението. Последиците во деловите од кои се иселуваат се недостаток на работноспособно население и неискористен физички капитал (земја и слично), а во деловите во кои се доселуваат е вишок на работна сила, невработеност, сиромаштија, зголемена густина на население и намалување на квалитетот на животот.

Според регионите, од населението кое се иселува надвор од државата, највисоко е учеството на населението од Полошкиот и Југозападниот регион. Според пописните податоци од 2002 година, тоа се повеќе машки лица на возраст од 20 до 39 години а предоминанти се припадниците на Албанската етничка заедница. Вкупното население и густината на населеност можеме да ја видиме од долунаведената табела каде податоците се прикажани по региони во Р.Македонија за период 1994-2006година.

[13] United Nations (2006) World Popualtion Prospects The 2006 Revision

**Табела бр. 1. : Вкупно население и густина на населеност според региони, Република Македонија: 1994-2006**

| Држава / Региони | 1994 | | 2006 | |
|---|---|---|---|---|
| | Вкупно население | Густина на населеност | Вкупно население | Густина на населеност |
| Република Македонија | 1945932 | 75,7 | 2040228 | 79,3 |
| Пелагониски регион | 242614 | 51,4 | 236088 | 50,0 |
| Вардарски регион | 131035 | 38,6 | 133184 | 39,3 |
| Североисточен регион | 163841 | 71,0 | 173982 | 75,3 |
| Југозападен регион | 212856 | 63,7 | 222385 | 66,6 |
| Скопски регион | 545228 | 301,1 | 590455 | 326,0 |
| Југоисточен регион | 168481 | 61,5 | 171972 | 62,8 |
| Полошки регион | 280352 | 116,0 | 310178 | 128,4 |
| Источен регион | 201525 | 48,1 | 201984 | 48,3 |

**Извор: Државен завод за статистика**

Еден од позначајните чинители кои ги предизвикуваат овие миграциони движења е и моменталната состојба на пазарот на трудот и високиот процент на учество на младите во вкупната стапка на невработени лица.

Проблемот на долгорочната невработеност егзистира кај сите категории невработени лица, независно од возраста.

Оттаму, вработувањето на младите, вклчувајќи ги и оние со повисоко ниво на образование, останува сериозен проблем со цел намалување на младата емиграција или во светот позната како одлив на мозоци.

Емиграцијата има силно негативно влијание врз репродукцијата на населението, затоа што ,,извозот" на жени во фертилниот период доведува до ниско

ниво на идната стапка на наталитет која се очекува не само во наредните 10 - 15 години, туку за подолг период кој доаѓа, веројатно за 40 - 50 години. [14]

### 1.1.2 Демографски промени во Егејска Македонија

Егејска Македонија го опфаќа јужниот приморски дел на етничка Македонија и со околу 34356 км² опфаќа 51% од етничката македонска територија, со македонско население од 230 000.

На територијата на Егејска Македонија како и на целата територија на етничка Македонија население имало уште од старото камено време.

Доказ за тоа се пронајдоците во пештерата Камено Гумно (Петралона) на Халкидичкиот полустров. Уште од раните времиња на антиката, Егејска Македонија била од секогаш дел на Античка Македонија позната како Долна Македонија.

**3. Карта на Егејска Македонија во рамките на етничка Македонија.**




[14] Стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008-2015 (2008 год.), Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија (стр.12)

Во средновековниот период територијата на Егејска Македонија покрај Византиското владеење ќе влезе и во составот на државите на неколку балкански феудалци се до потпаѓањето под турската османлиска власт. Во турскиот период на владеење на територијата на Егејска Македонија се случило најпрвин Негушкото востание во 1828 година, а свој силен одглас ќе има Илинденското востание особено во западните краишта.

Според Букурешкиот мировен договор, по Балканските војни, во 1913 година, територијата на Егејска Македонија и се доделува на Грција и од тогаш започнува најтешкиот момент во историјата за македонското население на овие простори.

Грчките власти не сакале административно да ја оделат Македонија како посебна целина, туку ја присоединиле кон Грција. Со најѕверски, бескрупулозни и насилни методи во периодот 1913 - 1922 година грчките власти ќе спроведат колонизаторска политика врз Македонците со што ќе го сменат етничкиот карактер на целата област.

Со потпишувањето на мировниот договор помеѓу завојуваните страни во Првата светска војна Грција и Бугарија, на 27 ноември 1919 год. тие меѓусобно се договориле за ,, доброволна,, размена на население кое живеело во нивните земји.

Тогаш под силен државен терор и со големи принуди од Егејскиот дел на Македонија, во Бугарија биле иселени голем број на Македонци, главно од источните области на Македонија. Бројот на иселени Македонци во овај период, заедно со исселените Македонци по Балканските војни изнесувал 86 000.

Војните од 1912 до 1918 год. кои што се воделе на територијата на Македонија, како и непринципиелната територјална делба на земјата меѓу балканските соседни држави, и нанеле огромни човечки и матерјални штети на Македонија која порано сочинувала една геополитичка и стопанска целина. Значителен дел од нејзиното национално богатство, работоспособно население, загинало или ја напуштило земјата во текот на војните и по нив, барајќи подобри услови за нормално живеење.[15]

За време на Граѓанската војна во Грција (1945-1949) дури 14000 Македонци ќе застанат да се борат во редовите на демократската армија во Грција, но тоа ќе се одрази уште покатастрофално врз Македонците со нов бран на насилни

---

[15] Трајановски, А. (2007) Историја на Македонија- Скопје: Менора (тр. 459).

протерувања, ѕверски убиства и мачења од страна на грчките монархофашистички власти.

Егејска Македонија денес има околу 2.200.000 жители. Точниот број на лицата што се декларираат себеси како етнички Македонци не е познат, бидејќи при спроведувањето на пописите, не постои графа за националност со наслов Македонци. Поради големите рестриктивни и агресивни асимилациони и денационализаторски мерки кои биле преземани врз Македонците од страна на грчките власти во минатото, голем дел од Македонците во Егејска Македонија се со ниска национална свест, а македонскиот јазик е минимизиран пред се кај младите Македонци.

Најголем број на Македонци живеат во западните и северо-западните делови на Егејска Македонија во градовите Лерин, Воден, Костур и нивните околни села.

Генерално кажано, грчката влада не признава постоење на македонско малцинство во Грција и поради ова често пати е цел на критики од страна на повеќе странски организации меѓу кои и Хелсиншкиот Комитет.

Во Егејска Македонија не постои образование на македонски јазик, а обидите да се создаде Македонски Културен Центар во Воден, биле спречени од страна на грчката администрација.

Во 2006 година во Атина и Солун беше промовирано повторното издание Букварот на современата македонска азбука и јазик, кој за прв пат бил испечатен во 1925 година од страна на грчката влада , што е чекор напред во подобрувањето на малцинските права на Македонците во Егејска Македонија и Грција воопшто.

Општиот став кој владее во Грција е дека тврдењето за постоење на македонско малцинство претставува територијална претензија на Република Македонија.

#### 1.1.2.1 Форми на организирање на македонците во Егејска Македонија

Македонците во Егејска Македонија се организирани во партијата Виножито со седиште во Лерин, и покрај острите репресии од страна на грчките власти. Партијата на Македонците во Егејска Македонија активно се бори за малцинските права на Македонците во Грција преку разни протести во Европскиот парламент и до Европските институции и во внатрешниот политички живот на Грција.

Виножито не се смета себеси за сепаратистичка партија, тврдење кое го застапува грчката влада. Виножито е членка на Европската слободна алијанса. Партијата и нејзините активисти се осудувани, нивните партиски канцеларии се опожарувани и ограбувани. Тие се под постојан напад и притисок од страна на грчките медиуми.

Европскиот суд за човекови права донесе пресуда според која Грчката влада е виновна за прекршување на Европската конвенција за човекови права во однос на политичката партија. Судот и наложи на Грчката влада да и исплати на партијата компензација на износ од € 35,000, кои организацијата Виножито ги искористила за повторно издавање на Букварот (Абецедарот) на македонски јазик, направен од грчката влада уште во 1925 година, под притисок на Лигата на народите, кој беше успешно претставен во Солун и Атина кон крајот на 2006 година со голема поддршка на Македонците од Егејска Македонија и голем број на грчки интелектуалци.

### 2.1.3 Демографски промени на Пиринска Македонија во рамките на етничка Македонија

Пиринска Македонија е дел од етничката територија Македонија, кој по Букурешкиот мировен договор од 1913 година припаднал на Бугарија.

Во антиката Пиринска Македонија најпрвин била дел од Пајонија и Тракија, а подоцна станала дел од царството Античка Македонија.

Во римскиот период Пиринска Македонија доживува своевиден процут, за што сведочат повеќето археолошки ископини на атнички градови во близината на денешните градови Благоевград, Сандански, село Рупите и др.

Во средновековниот период Пиринска Македонија била под власта на царот Самуил, Византија и балканските феудалци. Со доаѓањето на Турците, Пиринска Македонија бележи одредена стагнација, но сепак не го напушта својот непокорлив македонски дух.

За време на Руско-турската војна во 1877-78 година, северниот дел на Пиринска Македонија ќе потпадне под руската окупациона зона, но по Берлинскиот Конгрес ќе и биде вратен на Турција.

На подрачјето на Пиринска Македонија е кренато Кресненското (Македонското) востание против османлиската власт во 1878/79 година со центар во

Кресна, кое имало силен македонски национален карактер и цел да создаде независна автономна македонска држава.

Кон крајот на XIX век на територијата на Пирин со својата чета ,,царува" големиот македонски револуционер и великан Јане Сандански, кој е познат под прекарот „Пирински цар“ и кој го извршил познатото грабнување на протестантската мисионерка Мис Стон.

Според пописот од 2001 населението на Пиринска Македонија (Благоевградска област) брои 341.173 жители. Како мајчин јазик го декларирале бугарскиот 306.118 (89,73%), 19.819 (5.81%) жители го признале за мајчин јазик турскиот, а 9.232 (2.71%) – ромскиот, јазик.

Териториjалната поделеност на Македонија тешко го погодувала економскиот живот на Македонците. Во македонските градови и села биле прекинати дотогаш природните и стопански патишта кон Егејското море, по долината на реките Струма и Места кон големите пристаништа Солун и Кавала. Исто така, градовите и селата во пиринскиот дел на Македонија биле осудени на пропаст без врската на другите делови од Македонија.

**4. Пиринска Македонија во рамките на етничка Македонија.**



Животот на македонците во пиринскиот дел на Македонија уште повеќе се влошил со доселувањето на Македонците од егејскиот дел на Македонија кои морале да ги напуштат своите огништа пред теророт, насилствата и грабежите од страна на грчките власти. Така меѓу двете светски војни во пиринскиот дел на Македонија скоро 96% од населението го сочинувале Македонци или вкупно повеќе од 235 000 живееле на територија од 6. 798 $км^2$.

Со промените на внатрешно политичкиот систем на Бугарија, во 1924 година доаѓа до поголем терор и насилства, како и до прогонување на Македонците, особено од Пиринскиот крај. Поради тоа видни македонски револуционери емигрирале во странство напуштајќи ја Бугарија. Некои од нив нашле погодни услови за живеење и дејствување во Виена и Милано. Сепак, најголем број од нив се нашле во Виена. Така главниот град на Австрија за кратко време станал центар за македонското национално ослободително движење. Овие револуционери во Виена во 1925 год. ја основале прогресивната Внатрешна македонска револуционерна организација/ Обединета (ВМРО/О)[16]

Пиринска Македонија го опфаќа крајниот источен дел на етничка Македонија и со своите 6798 $км^2$ опфаќа околу 10% од територијата на областа Македонија.

Според пописите од 1946 и 1955 година, спроведен во Бугарија, како Македонци се изјасниле 177035 - 70% (1946) односно 178862 - 63% (1955) од населението на Пиринска Македонија. Во целата област според овие пописи застапеноста на Македонците е најголема во јужните и југозападните делови Петрич 85-90%, Сандански 80-85% итн.

За време на владеењето на Георги Димитров, Македонците уживале полни малцински права, а Пиринска Македонија најпрвин добила културна автономија која подоцна преку законска рамка требало да прерасне во територијална и Пиринска Македонија да се припои кон тогашната СР Македонија како кон матична држава, во рамките на Балканската федерација. По смртта на Георги Димитров, од режимот на Тодор Живков па се до денес кога Бугарија е членка на ЕУ, врз Македонците се спроведува националистичка и негаторска политика од бугарските власти.

---

[16] Трајановски А. (2007) Историја на Македонија, Скопје: Менора (стр. 487)

На пописот во 1992 год. 10.803 граѓани на Република Бугарија се изјасниле како Македонци. Претседателот на Бугарскиот хелсиншки Комитет, Красимир Канев пак, наведува бројка од 15,000-25,000 етнички Македонци во Република Бугарија.

Според официјални податоци пак од пописот во 2001 год. околу 5.071 граѓани се оизјасниле како Македонци Некои од водачите на ОМО Илинден - Пирин денес во Пиринска Македонија наведуваат бројка 187000 лица етнички Македонци, а според ВМРО-БНД нема етнички Македонци во Пиринска Македонија.

### 1.1.3.1 Форми на организирање на македонците во Пиринска Македонија

**ОМО "Илиден" - ПИРИН** е политичка партија на Македонците во Република Бугарија. Како организација на Македонците е формирана веднаш по падот на комунизмот во Бугарија, во ноември 1989 година, а веќе наредната 1990 година на 22 април го одржува првиот масовен собир на гробот на Јане Сандански по повод 80 години од неговата смрт во Рожденскиот манастир на кој присуствуваат неколку илјади Македонци.

Во 1999 година партијата ги собра потребниот број на потписи со што ги исполни сите услови за регистрирање и учествуваше на локалните избори каде освои 5 градоначалнички места.

Нејзината регистрација беше поништена од Уставниот суд на Република Бугарија на 29 февруари 2000 година под образложение дека *партија која изјаснува дека дел од територијата на Бугарија е туѓа и се залага за нејзиното отцепување од бугарската држава е против уставна и не смее да постои*.

По жалбата до Судот за човекови права во Стразбур и пресудата во корист на партијата, државата Бугарија на партијата и исплати оштета но нејзината регистрација не е вратена до ден денес со што не е исправено кривичното дело.

Во поново време повторно е актуелно нејзиното регистрирање кое повторно се оспорува од бугарските државни органи кои не признаваат дека постои македонско малцинство во државата и воопшто не признаваат дека постои Македонскиот народ. Комитетот на министри при Советот на Европа одлучува да и се наложи на Бугарија да ја регистрира партијата. Партијата на Македонците во Бугарија, ОМО "Илинден" - ПИРИН по новиот обид за регистрација во Софискиот суд во август 2006 година, повторно беше одбиена на први октомври истата година од Софискиот градски суд на основа неисправни документи и и беше понудено да

биде единствено регистрирана како невладина организација, бидејќи според судот во Софија, статутот и програмата на ОМО "Илинден" - ПИРИН одговарал на цели на невладините организации.

Пресудата на Софискиот градски суд е конечно потврдена од Врховниот касационен суд на Република Бугарија на 11 октомври 2007 година со Одлука N762. На 15 јули 2007 година е направен нов обид за регистрација. На местото Предела на Пирин планина е одражано собрание со 685 делегати. И тој обид е одбиен од судот. Во врска со тоа партијата покрена нова тужба против Бугарија. Поднесена е и жалба до омбудсманот на Република Бугарија.

Партијата најмногу дејствува во Пиринска Македонија (Благоевградската област во југозападна Бугарија) каде што е сконцентриран најголемиот број на Македонци во Бугарија.

Според изјавите на еден од нејзините водачи Стојко Стојков, во Бугарија има 187.000 луѓе кои се декларират како Македонци. ОМО "Илинден" - ПИРИН покрај своите барања за признавање на малцински права на Македонците во Бугарија, активно учествува и во културниот и националниот живот на Македонците преку разни активности како одржување собири и честувања во Рожденскиот манастир на гробот на Јане Сандански по повод годишнините од неговото раѓање и загинување, издавање на весникот „Народна Волја,, на македонски јазик, организирање на разни фестивали и културни манифестации.

Одредени националистички партии во Бугарија како ВМРО-БНД, и Атака, повеќе пати се обидувале да ги спречат собирите и седниците на партијата, физички да ги нападнат нејзините членови и исто така пропагираат дека партијата е финансирана и поддржувана од страна на властите на Република Македонија со цел да се „македонизира“ Благоевградскиот крај.

На 19 октомври 2008 година се одржа петтата национална конференција на партијата. Присутни беа 518 делегати а се донесе одлука за нов обид за нејзината регистрација.

Македонските организации во Бугарија остро реагираат на последниот попис, одржан 2011 година, каде јавно истакнуваат дека се работи за официјализиран пописен фалсификат во Бугарија каде бројката на Македонци по пат на манипулација, како никогаш досега е наведена дека изнесува приближно 1000 лица кои не се именуваат како Македонци туку лица од Р.Македониоја.

Пресудно за ваквата состојба одиграла и заканата не само кон Македонците туку и кон попишувачите за да ја исклучат графата Македонец и Македонски јазик.

Отстранувањето на графата психолошки гледано, имало понегативен ефект отколку да ја немало, како на претходните пописи, бидејќи испратила политичка порака дека македонското самоопределување е непожелно и казниво. Притоа според изјавите на македонците, тие најчесто биле убедувани од попишувачите дека таква графа па и нација не постои, некои од нив користеле и молив за да можат да ги избришат подоцна изјавите а кај тие што инсистирале да бидат впиошани со пенкало ја бришеле припадноста со коректор.[17]

### 1.1.3.2 Македонски списанија во Пиринскиот дел на Македонија

- **„Народна волја“** е македонски весник за теорија, историја, култура и уметност. До скоро време, „Народна волја“ беше единствениот македонски весник во Пиринскиот дел на Македонија, и воопшто, во Република Бугарија. Весникот излегува еднаш месечно и се печати двојазично, на македонски и бугарски јазик. Првиот број на „Народна волја“ излегува на 1 октомври 1980 год. во Сиднеј, Австралија. Како негови основачи се јавуваат повеќемина македонски емигранти, претежно од Пиринскиот дел на Македонија. Името „Народна волја“ е земено во спомен на истоимениот весник, издаван во почетокот на 20-тиот век од Јане Сандански и неговите приврзаници - санданистите. За прв главен уредник на новата „Народна волја“ е избран Александар Христов (1929 - 2005). Поради неговото враќање во Лондон, заедно со него се сели и седиштето на редакцијата, па долги години потоа весникот излегува во Англија.

Во 1989 година во Република Бугарија паѓа тоталитарниот режим на комунистичкиот диктатор Тодор Живков со што се создадени неопходните услови за понатамошна демократизација на бугарското општество. Кај пиринските Македонци се раѓа надеж за подобрување на нивната положба, и така паѓа решение весникот да се пресели во родниот крај на неговите основачи. Во април 1992 година во Благоевград излезе првиот број во новото седиште, сега и со новата редакција, чиј

---

[17] Стојко.Стојков, -преставник на ОМО Илинден Пирин, интервју за ,,Весник,, стр. 3 од 26.07. 2011 година.Скопје

главен уредник е Георги Христов, брат на Александар Христов. Оттогаш весникот излегува непрекинато до ден денешен.

**- ,,Македонски глас",** е пирински весник, чиешто прво издание се појавило во јули 2004 година. Тој излегува како периодичен билтен на борците за правата на Македонците во Бугарија и се печати на бугарски јазик. Весникот објавува податоци за состојбите во бугарското општество, а кои се однесуваат на положбата на Македонците. Весникот има големо значење во понатамошното демократизирање на бугарското општество, особено поради фактот што во него можат да се прочитаат такви работи кои најчесто се премолчувани од другите весници во Бугарија.

На 31 јануари 2011, бугарските власти го заплениле целокупниот тираж на весникот, додека сопственикот на печатницата на весникот и еден тамошен вработен биле приведени во полиција.

Официјално немало известување за ваквата акција, а неофицијално ова е како последица на повикот на весникот до сите Македонци во Бугарија да се попишат како Македонци за време на пописот во државата во 2011 год.

Во меѓувоениот период Македонците во Бугарија развиле интензивна национално-културна дејност. Биле издавани многубројни македонски весници ,,Илинден", ,,Македонско знаме", ,,Македонски вести", и др.

Од 1937 до 1940 година во Софија бил активен познатиот Македонски литературен кружок во кој членувале поетите Никола Јонков Вапцаров, Коле Неделковски, Антон Попов, Венко Марковски, Михаил Сматракалев и други. Членовите на Кружокот ги поставиле основите на современата македонска литература.

### 1.1.3.3 Македонска емиграција во Бугарија

Реката македонски бегалци и емигранти кон Бугарија почнала да тече уште пред 1878 година, по нејзиното ослободување и се засилувала по секое крвопролевање на македонските простори - по Кресненското, Горноџумајското и Илинденското востание, а најмногу по Балканските и Првата светска војна.

Не се знае точно колкав е бројот на македонската емиграција во Бугарија, но сигурно е неколку стотици илјади.

На една седница на собранието во 1925 година претседателот на владата Александар Цанков соопштил дека по Илинденското востание, Балканските војни и

Првата светска војна во Бугарија стасале 289.000 бегалци од Македонија, Тракија, Босилеградско, Царибродско и Добруџа. Тој не сопштил колку од нив биле Македонци, но сигурно дека поголемиот број од нив биле македонци. Севкупната бројност на Македонците во Бугарија, без Петричка област, не е точно позната. Но, прифатено е дека може да се смета на околу 700.000 луѓе. Податоците се крајно противречни, варираат од 200.000 до 600.000 („тоа се само бежанци"), пишува познатиот Македонец од Бугарија, Михаил Сматракалев во еден реферат за македонската емиграција во 1946 година. Тој го изнесува податокот дека, според едно истражување, македонски бегалци живееле во 1.601 населба. Речиси немало град без Македонци, а само во Софија имало околу 100.000. Македонски историчари сметаат дека таа бројка е многу помала и дека се движи околу 100.000 луѓе.

Македонците во Бугарија по пристигнувањето се организирале врз роднокрајска основа во братства, кои ги носеле имиња на местата од каде што доаѓале. Друштвата настојувале да ги зачуваат македонските обичаи и традиции и ги помагале сиромашните семејства. Граделе сиропиталишта за децата на кои им загинале или починале родителите.

Меѓутоа, македонската држава немала никаква соработката со македонска емиграција во Бугарија, која всушност е најголема во светот, со исклучок на таканаречениот „меден месец" од четири години, од 1944 до 1948 година, кога Софија ја призна реалноста за постоење македонска нација и кога беше создадена културна автономија во Пиринска Македонија, а моштите на Гоце Делчев беа пренесени во Скопје.

По Информбирото и по судирот Сталин – Тито, престанаа речиси сите врски, а односите меѓу неа и македонската држава се засновуваа врз идеолошки основи.

Македонците од двете страни на границата без малку се гледаа како најголеми непријатели поради тоа што голем број од тие што живееле и живеат во Бугарија се сметаат за Бугари, иако и тие подеднакво ја сакале и ја сакаат Македонија. Разликите се јавувале кога ќе се поставело прашањето околу обликување на националниот, културниот и државниот идентитет на македонската држава, при што во однесувањето на двете страни било присутно влијанието на средината во која живееле, растеле и се школувале, го оформувале својот поглед врз македонското минато.

Во последната деценија на XIX век во Бугарија се нашла многубројна македонска емиграција.

Според еден англиски податок кој се однесува на 1901 година во кнежеството Бугарија живееле 3.580.000 луѓе, односно 600.000 луѓе повеќе во однос на 1890 година. Прирастот се должел во голема мера на Македонците кои се населиле во Бугарија. Во Софија живееле 20.000 Македонци, во Пловдив 8.000 а Македонци имало и во другите градови низ Бугарија. Голем дел од оваа македонска емиграција биле интелектуалци и тие брзо се вклопиле во новата средина и зазеле значајни места во бугарската администрација и општество.

Голем дел од македонската емигарција започнала дејност врз македонска основа. Една од главните цели на македонската емигарција била автономија за Македонија.

По Кресненско востание и Берлинскиот конгрес во Русе се формира Македонската лига која од своја страна испратила барање до големите сили да се исполни членот 23 од Берлинскиот конгрес. Македонската лига поради својата дејност дошла во судир со бугарската влада и не успеала да постигне некои позначајни резултати. Меѓутоа и покрај овој неуспех македонската емигарција не се откажала од своите цели и барања така што во 1888 година повторно во Русе, Коста Шахов започнал со издавање на весникот ,,Македонија". Задачата на весникот ,,Македонија" била да се бори за духовно и културно издигање на Македонците. Покрај културните биле разгледувани и политичките прашања, односно автономија на Македонија. Овој весник престанал да излегува во 1894 година, меѓутоа треба да се истакне дека кон крајот на осумдесетите и почетокот на деведесетите години на XIX век во Бугарија се формирале неколку македонски асоцијации.

Кон крајот на 1890 година македонските студенти во Софија ќе го формираат Македонското студенско друштво кое ќе егзистира до март 1891 година, а неколку месеци подоцна од него ќе произлезе Лозарското движење. Меѓутоа во средината на 1892 година Лозарското движење и ,,Лоза" биле растурени и забранети. Во мај 1894 година се возобновува Младата македонска дружина, а кон крајот на годината се формираат две нови македонски асоцијации: Македонски комитет и Братскиот сојуз, со што започнува ново поглавје во активноста на македонската емиграција-обединување на македонската емиграција.

Под влијание на Ерменските настани и со падот на владата, во втората половина на 1894 година доаѓа до раздвижување на македонската емиграција во Бугарија. Во месеците ноември и декември 1894 година се одржале бројни митинзи на македонската емигарција. На овие митинзи била дадена подршка за Ерменците и

нивното прашање и истовремено било побарано подобрување на положбата на нселението во Македонија и тоа преку спроведување на членот 23 од Берлинскиот конгрес.

По завршувањето на Втората балканска војна, со Букурешкиот договор од 1913 година, Пиринскиот дел на Македонија со 6.798 км² го добила Бугарија.

### 1.1.4 Деловите на Етничка Македонија Мала Преспа, Голо Брдо и Гора во состав на Р.Албанија и Р.Косово

Времето на Балканските војни, кога доаѓа до поделбата на Македонија помеѓу Грција, Бугарија и Србија, односно малку подоцна со Версајскиот договор во 1919 година кога и се финализирал делот на Македонија помеѓу Србија, Грција, Бугарија и Албанија, е време кога започнува и насилното асимилирање на македонскиот народ и кога југозападниот дел на Преспанското езеро е придодаден кон новосоздадената албанска држава. Во тоа време, жителите економски биле зависни од градот Корча (населен со православни Албанци, Власи и Македонци).

По Букурешкиот мировен договор, како и по Првата светска војна, еден мал дел од етничка Македонија и припаднал на Албанија (974км2).

Македонците во Албанија се многу населени во три области Мала Преспа, Голо Брдо и Гора на околу 1.115 км². Од сите три области само во областа Мала Преспа на Македонците им се признати малцинските права и таму официјален јазик е македонскиот, а на македонски јазик е овозможено и основно образование до четврто одделение. Исто така голем е бројот на Македонци кои живеат во Тирана, Подградец, Корча, Елбасан и др

До Втората светска војна албанската држава води силна асимилаторска политика кон малцинствта, вклучувајќи го и македонското. Ваквата политика е напуштена по војната, кога Македонците во овој дел на Албанија се признати како македонско национално малцинство со право на образование на мајчин македонски јазик.

Со демократизацијата на албанското општество во последната деценија на XX-от век, се создадоа услови овдешните Македонци активно да се вклучат во општествено-политичките процеси во Албанија.

Здруженијата на Македонците од Албанија, тврдат дека во цела Албанија живеат од 150.000 до 200.000 Македонци.

Постојат неколку организации и Асоцијации на Македонците во Албанија, но можноста за политичка активност е мала бидејќи државата не ги помага финансиски.

### 1.1.4.1 Местоположба и демографски промени на Мала Преспа

Во Мала Преспа живеат околу 6.000 жители, сите Македонци. Според здружението на Македонците од Гора, Македонците во таа област претставуваат 82% од населението. Мала Преспа (или: Долна Преспа) е географска област во Република Албанија, покрај југозападниот брег на Преспанското Езеро. Целата област се состои од десетина села коишто се организирани во општина. Селото Пустец е најголемата населба, а истовремено и седиште на општината. Македонците од Мала Преспа се признати како македонско национално малцинство и како такво тоа има право на образование на македонски јазик. Македонскиот јазик се користи и во општинската администрација и културата. Општината има позитивна демографска слика, и во многуте македонски семејства и домаќинства е карактеристична големата бројка на деца и младо население.

Помал дел од Македонците од Мала Преспа од 1991 година живеат во одморалиштето „Царина" во Република Македонија (во близина на албанската граница), а голем дел од населението на Мала Преспа има македонско државјанство.

Најголеми привилегии како малцинство уживаат Македонците во општина Преспа, каде што претставуват 99% од населението и го користат мајчиниот јазик, како признаен малцински јазик во Албанија.

Македонските организации од Албанија предупредуват дека бројот на Македонците во Албанија е потценет и дека немаат сопствени претставници во албанските власти и парламент.

Карактеристичен проблем е тоа да луѓето кои се определиле како Македонци надвор од регионот на Мала Преспа, немаат статус на малцинство и малцински права.




**5. Карта на областите Мала Преспа, Голо Брдо и Гора во Р.Албанија каде е најсконцентрирано Македонското национално малцинство.**

Најголемиот дел на Македонците во Албанија живеат во Мала Преспа и Голо Брдо. Областа се наоѓа западно од Охридското и Преспанското Езеро во Република Албанија и е дел од македонскиот регион. Македонците се најсконцентрирани во селата: Лајтиже, Пустец, Зрновско, Церја, Шулин, Глубочани, Долна Горица, Безмишти, Горна Горица. Административно тие краишта ја сочинуваат Мала Преспа. Центар на регионот е селото Пустец. Селата Прогун, Ракитско, Суец, Заградец и Врбник, исто така се населени со Македонци и ја претставуваат општината Девол.

Иако поради тешката економска состојба голем број од населението се иселувало, статистиката покажува дека бројот на Македонците во Албанија во последните 50 години се удвоил.

## Вероисповед на македонското национално малцинство во Албанија

Според религиозното определување Македонците во Албанија се православни или муслимани. Македонците со исламска вероисповест ја населуваат покраината Гора, додека православните Македонци ги населуваат покраините Мала

Преспа и Голо Брдо. Православните Македонци се под јурисдикција на Албанската црква, но истите се вклучени и во изградбата на повеќето започнати цркви, кои се под јурисдикција на Македонската православна црква (МПЦ). Во 2000 година беше започната изградбата на црквата Св. Архангел Михаил, додека црквата на Пресвета Богородица во целост е финансирана од Македонската православна црква (МПЦ).

Македонците муслимани, како дел од македонскиот народ, преставуваат посебна културолошка заедница која успеала до денес да ја задржи јазичната и културна посебност и покрај постојаните притисоци одстрана.[18]

Македонците муслимани со исламска вероисповед се мнозинство во македонските етнички територии надвор од границите на Република Македонија, особено во областите Гора (во Косово и Албанија) и Голо Брдо (во Албанија).

Територијата на која живеат Македонците е еден од најсиромашните предели во Албанија. Населението се занимава со риболов, земјоделие и сточарство, но во многу мал обем и во примитивни услови.

По промената на власта во Албанија и отворањето на границите, дел од населението се пренасочува кон трговијата. Лошата патна инфраструктура е главната причина за слабиот економски развој на овие простори.

По соборувањето на некогашниот сталинистички режим и отворањето на границите, повеќето жители се преориентираа кон трговија и печалба во Република Македонија и Грција, а некои работат во поголемите албански градови. Голем број од жителите на Мала Преспа секојдневно мигрираат на пазарите во Скопје, Битола.

Иако во овие подрачја постои различна вероисповед кај Македонците, тоа не било пречка да постои голема поврзаност на јазичната и национална основа. Тоа се гледало и од многуте заеднички прослави на празници, како на пример Ѓурѓовден и сл.

[18]Зборник на трудови од научната трибина Македонците со исламска вероисповед-меѓу националната припадност и религиска определба, февруари 2011, Сојуз на македонците со исламска религија-Скопје, стр.25.

### 1.1.4..1.1 Форми на организирање на македонското национално малцинство во Албанија

**Културни и политички друштва**

Македонското национално малцинство во Албанија следејќи ги политичките збиднувања на Балканот, уште во 1990 год. презема активности за свое организирање на политичка основа, кога и беше создадена политичката партија *Братска* (*Политичка партија на Македонците во Албанија*). Таквата активност предизвика интерес кај поголемиот број на македонци кои покрај политичките основаа и други друштва како: ,,Преспа”, ,,Мир”, ,,Братство”, ,,МЕД”, (Друштво на Егејските Македонци) и др.

Ниту една од македонските партији нема претставник во албанскиот парламент, иако има повеќе македонски претстабници во локалната самоуправа.

Градоначелникот на општината Пустец е македонецот, кој на локалните избори во 2007 година, како претставник на Македонската Алијанса освои победа. Македонците имаат свои претставници и во општините Ѕвезда и Горна Горица.

Македонците од Мала Преспа го издаваат весникот „Преспа“, а имаат и своја приватна радио станица. Радио програма на македонски јазик се емитува и од соседниот град Корча, на Радио „Корча“. Во Пустец, во рамките на средното училиште работи и библиотека со богат фонд книги на македонски јазик, а локалната ТВ станица овозможува емитување на програми од Македонија.

На Македонците им е овозможено школување во неколку училишта, каде шо наставата се одржува 20% на македонски јазик. Има средно училиште во Пустец, едно основно училиште во Долна Горица, шест основни училишта во селата: Џелас, Лајтиже, Зарошке, Горна Горица, Каламас и во Глобочани. Сите училишта имаат соработка со Република Македонија, а професорите се од локалните области и имаат соодветно образование.

### 1.1.4.2 Местоположба и демографски промени на Голо Брдо

Голо Брдо е географски, претежно планинска област во источниот дел на Република Албанија, југозападно од градот Дебар во Република Македонија. Населението во овој регион е претежно македонско од кое мнозинството е со исламска вероисповед. Македонците од овој дел на Албанија се организирани во здружение наречено Мир.

И покрај тоа што Македонците се официјално признати како малцинска заедница во Албанија, сега македонскиот јазик официјално се употребува само во реонот на Мала Преспа, а не и во Голо Брдо и другите делови на Албанија каде живеат етнички Македонци. Во тие делови македонскиот јазик се користи во домашна и меѓусебна комуникација меѓу Македонците.

Областа Голо Брдо во 1924 година, дванаесет години по формирањето на Албанија, е поделена меѓу тогашна Југославија и Албанија.

Во Албанија областа Голо Брдо територијално е поделена на три општини: Требишта, Острени и Стеблево, со 16 чисто македонски села : Вичишта, Миреши, Владимирица, Тучепи, Којовец, Смолник, Лешничани, Себишта, Мало Острени, Големо Острени, Врница, Пасинки, Требишта, Клење, Ѓиновец, Стеблево, Борово, Забзун, Студена, Оржано, Радоешта, Љубаљеш. Во Македонија на областа Голо Брдо припаѓаат селата Отишани, Џепиште.

Во општините Острени и Требишта живеат само Македонци, а во општина Стеблево населението е етнички мешано и Македонци и Албанци.

Во областа Долно Поле, понасевер од Голо Брдо во општината Маќеларе останати се само три, од претходно сите македонски села Горна Крчиште, Долна Крчиште и Ербеле. Во 1924 година Албанија ги добива од тогашна Југославија во размената на територии по граничната линија.

### 1.1.4.3 Местоположба и демографски промени на Гора

Етимологијата на зборот „Гора“ е старословенска со значење „планина, планински“. По Балканските војни таа припаѓа на Србија, а по Првата Светска војна, со формирањето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците во 1925 год. е поделена од страна на меѓународната комисија за разграничување. На тој начин 10

села со своите атари се припојуваат кон Албанија. Населението во областа Гора се во голем дел Македонци со исламска вероисповед (Торбеши), нивниот број вкупно со Косовскиот регион Гора, се претпоставува дека е од 40.000 до 120.000 луѓе.

Гора е географски регион кој се наоѓа помеѓу Љума и Полог, од планините Коритник на север а на југ од мостот Торбешки. Во крајниот југозападен дел на Косово има околу 18 села распослани на јужниот дел на северозападната падина на Шар Планина, и 9 села на североисточниот дел на Албанија.

Села во Гора (Косово) се: Драгаш (претставува седиште на истоимената општина), Рестелица, Горна Рапча, Долна Рапча, Крушево, Брод, Диканце, Орќуше, Долни Крстец и Горни Крстец (Крстец), Млике, Глобочица, Бачка, Зли поток, Љубошта, Радеша, Лештане, Кукаљане, Враниште.

Села во Гора (Албанија) се: Шиштавец (Шиштеец), Борје, Орешек, Црнелево, Оргоста, Кошаришта, Запот, Пакишта и Ново Село.

Горанци живеат и во две села во Тетовско - Урвич и Јеловјане

Регионот е планински со густи зимзелени шуми (гори) и низ него протекува реката Бел Дрим, а во делот под Косово се наоѓа изворот на реката Црнкамен (притока на Радика).

За време и пред Кралството на СХС, Гора преставувала компактна целина со 18 села во денешно Косово 10 села во Албанија, и две села во Р.Македонија. Сите села меѓу себе имале добра поврзаност и комуникација како на економски така и на културен план. Трите населени места и тоа Тетово во Македонија, Брод во Косово и Борје во Албанија биле главни места на одржување на пазар и трговија, посебно во периодот до Информбирото во 1948 год.

Карактеристичено е тоа што во 1946 год со еднострана одлука на Србија и подршка на тогашните власти во Белград, било извршено анектирање на Македонската територија од Св. Отец Прохор Пчински, се до Шарпланина. Со овај неправеден акт нанесена е уште една неправда кон ова македонско население кое живее во тој дел одвојувајќи го од територијата на Македонија.

**2. Географска скица на областа Гора.**

**Областа Гора со населените места во општината Драгаш, Р. Србија, како и 9-те Горански села во Албанија и 2-те села Урвич и Јеловјане во општина Тетово, Р.Македонија, како горанска субгрупа.**




**Извор:(Картата е преземена од трудот на д-р Нијази Лимановски: Исламизацијата и етничките промени во Македонија, стр.285)**

Гора е планинска оoбласт што се наоѓа помеѓу планините Шара, Кораб и Коритник, во горниот тек на реката Љума, лева притока на реката Бели Дрим. Површината изнесува 433км², од кои во Србија (Призренска Гора) се 385,6км². Најголем простор е покриен со пасишта – 303 км², што овозможило да се развие сточарството, главно овчарство.

Во Косовскиот дел на Гора живеат околу 25.000 жители во најголемо мнозинство (околу 82%, според тврдењата на здружението на Македонците од Гора во Албанија) Македонци со муслиманска вероисповед познати под името Горанци кои говорат македонски јазик.

Поради тешко пристапниот предел населението на Гора (особено во Косово) константно се намалува, па така од некогашните 25.000 жители на косовскиот дел на

Гора денес живеат околу 15.000 жители. Горани (Горанци) од Гора често мигрираат во Република Македонија, а 10.000 од нив имаат и македонско државјанство.

### 1.1.4.1 Форми на организирање на македонците во Гора

Македонците што живеат во делот на Гора што припаѓа на Албанија се организирани во свое македонско здружение, кое е во најтесна соработка со здруженијата на Македонците од Мала Преспа и Голо Брдо и преку заеднички активности се залагаат за поголеми малцински права на Македонците во Албанија. Во 2005 година здружението на Македонците од пределот Гора во Албанија достави барање до албанската влада за воведување на македонскиот јазик во училиштата во селата во Гора.

Состојбата со Македонците од делот на Гора што припаѓа на Косово е многу тешка бидејќи тие се под секојдневен голем притисок на претставниците на другите етнички заедници. Како пример, може да се наведе српското дејствување во областа Гора, каде Србите знаејќи дека голем дел од населението не се идентификува со српската нација со мали шанси за изјаснување на пописите како такви,тие измислија целосно нова нација-Горанец, која ја признаа и ставија во уставот со цел спречување на горанската популација да потпадне под влијанијата на другите инволвирани страни.[19]

Исто така во делот на Гора кој се наоѓа во Р.Албанија, како и другите делови каде живеат Македонци муслимани, постојат одредени сознанија за притисок, за што говорат и многуте изјави, пишани текстови и трудови на членовите на Сојузот на Македонците со исламска религија-Скопје. Според нивни кажувања ,,Соочени сме со постојани притисоци и обиди за асимилација и денационализација на Македонците муслимани во етнички Бугари, Албанци, Турци и Бошњаци, и што уште не, само не тоа што се - Македонци."[20]

---

[19] Зборник на трудови од научната трибина Македонците со исламска вероисповед-меѓу националната припадност и религиска определба, февруари 2011, Сојуз на македонците со исламска религија- Скопје, стр.28.

[20] Сојуз на Македонците со Исламска Религија, (2011 год.), Македонците со исламска вероисповед-меѓунационалната припадност и религиската определба. Стр. 5.



# ГЛАВА 2

## ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАЦИЈА ОД ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК ДО ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ГЛАВА 2

## 2. ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАЦИЈА ОД ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК ДО ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 2.1 ОПШТО ЗА ЕМИГРАЦИЈАТА

Емигрирањето во светот зазема се позначаен дел во секојдневното живеење на луѓето, од причина што во него милиони луѓе виделе можност за подобрување на сопствените, како и на семејните, услови за живеење, подобар стандард и слично како основни причини за емигрирање се: нивото на развиеност на земјата, миграциските подрачја, големата невработеност, нискиот животен стандард, економската стабилност и политичка сигурност, отсуство на шанса за градење на кариера и докажување, како и миграциската политика на земјата на прием.

Историјата на современото македонско иселеништво е тесно поврзана со борбите на македонскиот народ за национално и социјално ослободување, пред се на борбата за ослободување од власта на Отоманската империја и воопшто, борбата за ослободување од сите поробувачи за државно конституирање на Македонија.

Што се однесува до југозападна и централна Македонија за време на тој кризен период, најголеми иселувања настанале во 80-те години на XIX век за време на Демирхисарскиот заговор или Брсјачката буна (1880-1881) и за време на другите помали заговори и буни.

Емигранските движења во Македонија не престанале и на крајот на XIX и почетокот на XX век. Тие повторно биле предизвикани од економски и политички причини.

Секако дека најголем бран на иселувања на Македонци настанал по крваво задушеното Илинденско востание од 1903 година, потоа по Балканските војни и поделбата на Македонија. Во таа смисла само на крајот на 1903 год за Америка заминале околу 7.000-8.000 иселеници, и воопшто таа година Македонија ја напуштиле над 30.000 луѓе.

Најмногубројни македонски иселеници во прекуокеанските замји имало во САД и Канада, а помалку во Јужна Америка. Некои од нив се преселиле таму засекогаш и основале здруженија и друштва, свои црковни општини и културно-просветни институции. Така во 20-те години на XX век само во САД и Канада живееле над 150.000 македонски иселеници.[21] Тоа е време кога се создаваат иселенички колонии од Македонија во Торонто-Канада, Гери-САД и др.

Кога се анализира емиграцијата, неминовно е да се посочат и нејзините последици и импликации врз демографскиот развој, каде влијае врз намалување на вкупното население од причина што одреден процент од природниот прираст се реализира надвор од земјата на потекло, а се интензивира демографското стареење, како и импликации врз социо-економскиот развој, каде очигледно е дека интелектуалната емиграција услови намалување на нивото на човечки капитал.

Во првата половина на седумдесеттите години, кога емиграциските земји почнаа да ги чувствуваат негативните ефекти од масовните емиграциски движења, поголем број од теоретичарите кои се занимаваа со проучување на современите меѓународни миграциски движења, во своите истражувања констатираа дека овие земји со миграциите го губат највиталниот дел од работоспособното население во чие образование се вложени значителни општествени средства. Според нив, земјите на прием добиваат човечки капитал во форма на млада работна сила без иницијални трошоци, на која наплаќаат високи такси за услуги кои работниците мигранти не ги користат, бидејќи се млади, здрави и во почетокот со нив немаат членови на семејства. Така, се сменил и односот кон дотогаш речиси општоприфатените позитивни ефекти од емиграцијата и во теоретските расправи се` почесто се укажува дека со овие миграциски движења сиромашните земји го помагаат развојот на богатите земји.

Во теоретските расправи потенцијалните позитивни ефекти кои може да ги предизвика емиграцијата, во основа се сведуваат на обезбедување прилив на девизни средства, ослободување од притисокот на невработеноста, пораст на националниот доход per capita како резултат на порастот на стапката на заштедите,

---

[21] Трајановски А. (2005) Историја на Македонија, Скопје: Менора (тр. 385).

инвестициите и економскиот развој, како и стекнатото работно искуство и квалификации на мигрантите кои се враќаат во земјата.

Дебатата претежно е насочена кон три важни прашања: прво; во која мера девизните дознаки и заштедите на емигрантите придонесуваат за економскиот развој; второ; дали мигрантите се здобиваат со нови квалификации кои ги користат при нивното враќање, и трето; какви социо-економски проблеми предизвикува реинтеграцијата на повратниците.[22]

## 2.2 Настанување на македонската емиграција во светот, причините и правци на движење

Прашањето за Македонската емиграција во светот кое ги опфаќа и причините за нејзино настанување, како и за нејзиниот потенцијал, можеме да кажеме дека заслужува посериозно разгледување од страна на релевантните фактори во државата.

Бројката на македонската емиграција е тешко да се определи, а потешко е да се обезбедат најнови податоци за постојната бројка. Постојните проценки варираат од 350.000 до 2 милиони.[23]

Една од главните тешкотии е што некои пописи вклучуваат македонски граѓани, додека други ги бројат само оние со етничко македонско потекло.

Во моментот, Република Македонија има одредена бројка за македонските граѓани кои заминале и престојуваат надвор од државата, но таа сметам дека не ја прикажува реалната состојба од причина што многу ретко самите граѓани се придржуваат кон обврската да го пријават своето заминување во странство, ако тие останат подолго од три месеци надвор од земјата.

Поновите истражувања откриваат дека 56.3% од македонските мигранти престојуваат во нивните земји домаќини од две до пет години.

---

[22] Јанеска, В. (2001) Современите меѓународни миграции,емиграцијата од Република Македонија и социо-економскиот развој, Скопје: Економски институт.

[23] Van Selm, Joanne (2007) Macedonia; At a Quiet Crossroads, Migration International source at Migration Policy institute.

Причините за поновите миграции и особено современите процеси на заминување, пред се на млади и образовани кадри, се речиси исклучиво од економски карактер, односно неможноста македонското стопанство да обезбеди целосно апсорбирање на природниот прираст на работно-способно население, но секако и желбата и интересот на поединците кои во прекуокеанските и европските зенји гледаат можност за подобра егзистенција, стандард и лична професионална промоција.

Несомнено најновите преселнички движења од Р. Македонија, всушност се дел и од глобалните миграциски процеси и движења на вкупното светско население.

Како резултат на долгиот процес на иселување од Македонија и споменатиот општ глобален тренд на движење на населението, денес Р. Македонија преставува една од земјите со најбројно иселеништво, во однос на вкупното нејзино население, кое е значајно од повеќе аспекти за Р. Македонија.

Пред се` оваа популација со своите самоорганизирани активности во разни области придонесува за сопствената национална култура и друга афирмација во своите нови средини и со тоа сопственото вградување во мултикултурните општества во новите држави, исто така, таа дава значаен придонес и за вкупната афирмација на Р. Македонија во тие земји и секако за развојот на вкупните билатерални односи и соработка на нашата земја со нивните нови татковини.

Емиграцијата на граѓани од Македонија не е нов феномен и според македонското Министерство за надворешни работи може да се разликуваат неколку настани-причини кои предизвикале голем одлив на луѓе во текот на годините.

Балканските војни од 1912 година, Првата и Втората светска војна, Граѓанската војна во Грција (1945-1949) доведоа до масовна емиграција во САД, Канада, Австралија и Нов Зеланд.[24]

Во 60-те. год. емиграцијата во Македонија беше предизвикана главно од лошата економска ситуација на земјата и главни дестинации беа Германија, Белгија, Швајцарија, Италија, Шведска, додека помал број отпатуваа во Австрија, Данска, Холандија и Норвешка.

Лошата економска состојба во 1990-те год. косовската криза и внатрешната криза од 2001 год. го зголемија бројот на емигрантите и барателите на азил од Македонија.

---

[24] The Migration, Asylum, Refugees Regional initiative (MARRI) 2006 Questionnare on Diaspora.

Еден од факторите коишто влијаеја врз одлуката на младите стручњаци и високообразовани кадри да ја напуштат земјата, е сериозно нарушениот систем на вредности во последните две децении – непочитување на трудот, потценување на стручноста, ограничени можности за промоција во професијата, отсуство на одговорност во услови на широко развиениот систем на привилегии и др.

Кога се анализира социјалната структура на македонските доселеници во прекуокеанските земји, треба да се нагласи дека во минатото тие биле претежно од селско потекло, во потешка економска состојба, со понизок степен на образование и со ниски стручни квалификации, за разлика од денешните доселеници кои претежно се со високо образование и се стручно оспособени. Оттука, во минатото, главната цел на иселување била обезбедување на основната егзистенција и создавање матерјални резерви за семејството. Мал број доселеници го напуштиле родниот крај поради политички причини, како и поради традицијата за одење во друга земја.

Меѓутоа кај последните неколку генерации, како и кај доселениците од поново време, особено од Република Македонија, се јавува иселување на лица со високо образование и со повисоко културно и социјално ниво, што условува нов структурален степен во македонското иселеништво. Така, меѓу нив има интелектуалци од различни области, афирмирани не само во македонски, туку и во светски рамки.[25]

Исто така, со укинување на визната бариера од 19. 12. 2009 година, полека започна емигрирање на македонски граѓани петежно од ромска и албанска националност, кои во групи, но неинформирани целосно за имиграциските закони во земјите на дестинација, а очигледно изманипулирани од најразлични профитери, се упатија во земјите на ЕУ. Белгија беше во почетокот главната цел, каде поголемиот број побараа азил со цел да останат да престојуваат, а со тоа да го решат својот економски проблем, судирајќи се со белгиските и европски закони за имиграција, ризикувајќи да бидат протерани назад во Република Македонија.

На ваквата појава, со која ЕУ има искуство од претходните доселувања на многу побројни групи од Бугарија и Романија, белгиските, како и властите на другите европски држави, остро реагираа кон Република Македонија со цел ставање под контрола на патувањата кои имаа за цел изигрување на можноста за безвизно патување и барање азил од економски причини.

---

[25] С.Николовски-Катин. (2002) Македонците во САД и Канада, Скопје: Македонска искра (стр 30).

Најчеста причина за заминување на македонските емигранти во странство е да ја подобрат нивната економска состојба. Оваа констатација може да се прикаже во следната табела направена при истражувањето на GDN Global development network 2009, Студија за Македонија – Развој во движење: Мерење и оптимизирање на економските и социјалните влијанија на миграцијата во Република Македонија.

**Табела број 2**

**Причини за емигрирање: Отсутни и вратени емигранти** (проценти)

| Причини за емигрирање | Подобрување на животниот стандард (да заработи повеќе пари) | Лични причини (да се омажи/ожени, да живее со семејството...) | Дополнително образование и вештини | Политички и/или бебедносни причини (за поголема слобода, чувство на дискримининација) |
|---|---|---|---|---|
| Отсутни емигранти | 58 | 22 | 16 | 2.5 |
| Вратени емигранти | 40 | 4 | 41 | 10 |

**Извор:** GDN Global development network 2009, Студија за Македонија – Развој во движење: Мерење и оптимизирање на економските и социјалните влијанија на миграцијата во Република Македонија.

Во табелата може да се види дека мал број од емигрантите како причина за емигрирање ја навеле желбата да се здобијат со дополнително образование и квалификации, а исто така мал број од нив ги наведуваат политичките и безбедносните причини како важен фактор за нивната одлука.[26]

Во споредба со светските миграциски движења, со постоечките огромни разлики во доменот на економската и општествената развиеност на земјите во кои е присутен истиот проблем, македонската емиграција преставува еден сосем мал сегмент, но мошне значаен за истражување, како за земјата на иселувањето Република Македонија, така и за земјата на нивното вселување.

По поделбата на Македонија и особено по Првата светска војна, иселувањето од егејскиот дел на Македонија се претвара во вистински егзодус. Тогаш како правец на иселување се додава и Австралија помасовно по првата светска војна.[27]

[26] GDN Global development network 2009, Студија за Македонија – Развој во движење: Мерење и оптимизирање на економските и социјалните влијанија на миграцијата во Република Македонија.

[27] Катарџиев, И. (1996) Македонија и Македонците во светот, Скопје: Матица македонска. стр. 23.

Како што е познато од 1912 год до крајот на 1918 год, македонската територија е арена на војни дејствија меѓу завојуваните сили. Изложена на долго и трајно разорување, грабеж и плачкање за време на војната, небезбедниот живот помеѓу мировниот договор во Букурешт и почетокот на Првата светска војна, го зголемило процесот на иселување од Македонија.

Личната психичка несигурност, како и недоволно ангажираното однесување на државните власти, во голема мера придонеле за донесување одлука за иселување, кое за волја на вистината било без план  и сосема стихијно.

## 2.3 Специфичности, карактеристики и форми на организирање на македонското иселеништвото

Причините за напуштање на на својата татковина, постоењето на повеќе земји од кои се иселуваат Македонците, етничкото организирање на македонското иселеништво и релацијата македонска држава - иселеништво се фактори кои ја одбележуваат специфичноста на македонското иселеништво.

Појавата на иселеништвото, главно е од две причини: социјална подобрување на матерјалната база и политичка која е изразена во земјите каде живееле и живеат македонците каде имало голем притисок од терор и асимилација на властите од тие земји. Овој момент зазема важно место во процесите на иселување на Македонците од своите родни места по поделбата на Македонија, па се до денес.

Втората специфичност во појавата на македонското иселеништво е поврзана со поделбата на Македонија. Се до овај момент Македонците ја напуштале својата земја, која во целина влегувала во состав на Турската империја. По нејзината поделба тие се селат од трите соседни држави кои ја поделиле Македонија, а во најново време од суверена и самостојна Р.Македонија.

Македонците под влијание на асимилаторските зафати во наведените земји во многу случаи својата национална припадност ја одредувале во согласност од земјата од која се селеле.

Со формирање на македонската држава по Втората светска војна и појавата на македонските национални организации и македонски црковни општини кај

поголем дел од тие иселеници доаѓа до израз македонската национална свест, а со тоа и приклучување кон тие организации.

Македонското иселеништво го сочинува група од луѓе, кои без оглед на земјата на раѓањето и степенот на познавањето на македонскиот јазик ги зачувале корените на македонското потекло, тоа значи дека по раѓањето му припаѓаат на македонскиот етнос со следниве надворешно изразени атрибути: јазик, култура, вера, народни и национални традиции и покажуваат разбирање и прифаќање на македонските национални интереси.[28]

Основната причина за иселување од Македонија покрај од економската била и од политичка природа, борбата за национално и социјално ослободување и конституирање на самостојна држава, односно притисокот на соседните држави на Македонија да владеат со неа и да извршат денационализација и асимилација над македонскиот народ.

За иселување посојат и социјални причини. Социјалниот момент доаѓа до израз по Втората светска војна, особено на територија на Р.Македонија. Сепак, социјалната структура на иселеништвото од Македонија во прекуокеанските земји, во најголем дел и припаѓа на тнр. средна класа. Ова особено се однесува на современото иселеништво кое пристигнало последните дваесетина години, а најголем дел на тој слој се потомци на претходните генерации иселеници, кои претежно биле главно со ниско или никакво образование, поради што главно се вработувале како физички работници и извршувале потешки физички работни активности.

Поновата емиграција, која се доселува по осамостојувањето на Р. Македонија, како и втората и третата генерација на постарите иселеници е главно веќе со соодветно високо образование. Таа полека се вклопува во средната класа на тамошните општества, а многу често при универзитетите и колеџите, покрај студенти со македонско потекло, се јавуваат веќе професори, наставници, асистенти, а веќе има и повеќе примери на учесници во политичкиот живот, засега на локално, но веќе има примери и на највисоко сојузно ниво.

Генерална карактеристика за македонското иселеништво во целина е дека тоа има главно позитиваен однос и континуирано дејствува во правец на

---

[28] Вражиновски, Т. (2005) Иселенички студии, Скопје.

афирмација на културата, традициите, обичаите и современите вредности на Република Македонија.

Значајна карактеристика на македонското иселеништво во прекуокеанските земји е неговата, сеуште, неповрзаност, дејствување на ниво на локална организираност, без некои силни и единствени организации и асоцијации на ниво на оделни земји, освен оделни исклучоци. Секако за тоа придонеле и општествено-политичките и другите услови кои постоеле во Македонија во времето на најголемиот бран на иселувањето во прекуокеанските земји, како поделбата на Македонија по Балканските војни, а потоа и постојаната и нагласена антимакедонска пропагандна активност од страна на речиси сите наши непосредни соседи. Таа пропаганда особено била и сеуште е насочена према иселениците по потекло од Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија, што соодветно се изразило и на единството во нивното организирано дејствување.

Во поново време се поприсутен е и генерациskиот јаз меѓу постарите и поновите генерации иселеници, што се должи и на различниот степен на образование, неизнаоѓање на современи форми на организирање и дејствување, односно останување само на традиционалните начини на организирање и активност.

Се чини дека се позначајна е потребата од организирање на заеднички тела кои би ги координирале и обединиле многубројните организации, асоцијации, клубови и здруженија, све со цел позитивно да се измени начинот на соработка, а не активностите да почнуваат и завршуваат во рамките на нивните потесни средини, без позначајни одгласи во поширокaта општественост на земјите на престој.

Основањето на македонските друштва и организации во соседните европски и во прекуокеанските земји е од особена важност во историјата на македонскиот народ. Таму македонските иселеници развиле мошне значајна патриотска дејност, постојано актуелизираќи го нерешеното македонско прашање и ширеќи ја македонската вистина во светот.[29]

Првите селски организации се појавуваат уште во почетокот на овој век т.е.со првите помасовни иселувања од Македонија, и тоа:

- Ошчимското спомагателно друштво формирано на 26.10.1907 год.
- Баничкото спомагателно друштво, формирано 26.07.1911 год.
- Просвета - културно образовно здружение, формирано 1914 год.

[29] Трајановски, А (2005) Историја на Македонија, Скопје: Манора (стр. 337)

- Желевско спомагателно друштво, формирано на 1.10.1929 год.

Поголемиот број на македонски доселеници ја продолжуваат поврзаноста и се групираат во македонски етнички заедници лоцирани, главно, во големите индустриски центри, каде и го започнале првиот организиран живот.

По тврдењата на некои весници од македонскиот иселенички печат само во државата Викторија-Австралија постојат повеќе од 150 здруженија.

Значаен дел од историскиот развој на Македонците во дијаспората е и прашањето на Македонците со муслиманска вероисповед. Бројката на иселени македонци муслимани не е мала. Така, на пример, неколку стотици илјади се во Истамбул, Измир, Бурса во Турција како и во земјите на Европска унија и во прекуокеанските земји. Тие се дојдени претежно од Дебарско, од реканскиот крај, Скопско, Гостиварско, Гора (Косово) и други места. Карактеристично за оваа македонска популација е тоа што ја примила муслиманската вера, а ги задржале македонскиот јазик, културните вредности, обичаите и традициите донесени од Македонија. Како резултат на желбите и напорите на Македонците со муслиманска вероисповед да ги зачуваат своите корени во новата средина, тие таму формирале културно-уметнички и други друштва и асоцијации со македонски карактер.

Слични се случаите со етничките Турци од Македонија кои носталгично се поврзани со родните места на своите предци.

Тоа придонесува да се јакне врската на духовен, културен а особено на економски план меѓу Р.Турција и Р Македонија.

Припадниците на турската, како и дел од ромската и другите етнички заедници од Р.Македонија, покрај членувањето во македонските асоцијации, исто така имаат формирано и повеќе свои одделни клубови и здруженија преку кои остваруваат редовна комуникација и соработка со нашите Дипломатско Конзуларни Преставништва (ДКП) и институции во Република Македонија.

Припадниците на албанската етничка заедница од Р.Македонија главно членуваат во сеалбански културни центри и заеднички џамиски совети и исламски центри, кои ги има во сите поголеми градови во имиграционите земји.

За одржување на комуникацијата со дијаспората, значајно место заземаат и здруженијата на граѓани и невладини организации, кои повеќето во рамките на своите цели предвидени во статутот на здружението предвидуваат и активност со чија реализација придонесуваат за зајакнување на врската и комуникацијата со дијаспората.

Значаен пример за таков придонес даваат и културно-уметничките и спортски друштва, како здруженија на граѓани од Македонија, а воедно и културни уметнички и спортски друштва формирани во дијаспората на кои основната дејност им е културно-уметничка програма и спортот.

Современото организирано дејствување во македонското иселеништво е тесно поврзано со постоењето и работата на Матицата на иселениците од Македонија. Како културно-просветна, хуманитарна, невладина и непартиска организација, таа се покажува како мошне прифатлива организација за одржување на врските со нашите иселеници и со бројни институции и организации на земјите домаќини.

Исто така во последно време се појавуваат и други нови организации на кои основна цел им е зајакнување на врската со Република Македонија односно зајакнување на врската со македонското национално малцинство во соседните земји и иселеништвото односно македонската дијаспората во целиот свет воопшто. На овој план, во организација на Агенцијата за иселеништво и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), кои се јавуваат како издавачи, излезе од печат и првото издание од Адресарот на организации на иселениците од Македонија, кој има за цел да ја подобри информираноста за организациите на иселениците од Македонија, како меѓу нив самите, така и кај пошироката македонска јавност и истовремено да помогне во соработката помеѓу организациите од дијаспората со Здруженијата на граѓани кои опстојуваат во Македонија, а имаат активности кои помагаат за соработката и развојот. Со адресарот се опфатени 583 организации, од вкупно 24 земји во светот.

## 2. 4 Македонската емиграција на американскиот континент, САД и Канада од почетокот на XX век

Првите доселувања на Македонци преку Атлантскиот океан во Северна Америка се забележуваат кон средината на XIX век, а земаат помасовни рамзери од крајот на XIX и почетокот на XX век. Ислеувањата на Македонците во Америка многу биле од економски причини.

Благодарение на големиот економски подем, САД широко ги отворил вратите за слободно вселување. Карактеристично место бил градот на устието на реката Хадсон, со своето огромно пристаниште во заливот Њујорк, каде секојдневно се пречекувале и испраќале во внатрешноста на земјата илјадници емигранти дојдени од Англија, Ирска, Германија, Италија, Полска Франција и други а меѓу нив имало и Македонци.

**3. Карта на Северна Америка со најзастапени места на престој на македонските иселеници**[30]




[30] САД и Канада се најзастапени дестинации и земји на престој каде престојуваат македонските граѓани на Северноамерикианскиот континент.

Првото поголемо иселување на Македонците во САД дошло по поразот на Илинденското востание. Македонците од Битолско, Воденско, Костурско, Демир-хисарско, Дебарско, Леринско, Кичевско, Крушевско итн. што биле изложени на жестоки репресалии од разузданиот турски аскер, почнале да заминуваат во САД.[31]

Со балканските војни (1912-1913) и со потпишувањето на Букурешкиот мировен договор во 1913 година почнува вториот помасовен бран на иселување на Македонците во САД. Македонија веќе ја загубила својата територјална целост, македонскиот народ паднал под уште потешко национално и социјално угнетување. Новата грчка, српска, бугарска и албанска власт ги гонела сите оние што на кој било начин и се противставувала на асимилаторската политика на новите владетели. Во Егејскиот дел на Македонија, Македонците биле подложни на средновековно угнетување од страна на грчката доминација, геноцидот земал големи размери, македонското име и македонскоит јазик биле забранети, македонското писмо било отстрането од црквите и гробовите, а словенските книги биле запленувани и палени. Поради неподносливиот грчки терор, Македонците биле принудени да емигрираат во Бугарија, Турција, Југославија или прекуокеанските земји, во САД, Канада или Австралија. Само во периодот од 1913 до 1930 година од Егејскиот дел на Македонија биле принудени да се иселат 130.000 Македонци, а на нивно место да бидат колонизирани 620.000 христијанско грчко и негрчко население кое, со желба да си обезбеди што побрз економски просперитет, вршело силен притисок врз домородното македонско население да емигрира.

Грчката држава покрај ,,доброволното” и задолжително иселување на населението, ги користела и сите други можности што придонесувале за намалување на бројноста на македонското население. Една од тие можности била и неприфаќањето при враќање во татковината на Македонците што заминале во странство пред поделбата на Македонија. Станува збор за луѓе кои од економски причини заминале во Европа или Америка и во странство се организирале и дејствувале како Македонци.

Овие луѓе од страна на грчката држава беле запишани во специјални книги и строго им се забранувало враќање во татковината. На тој начин, немајќи можност да се вратат во родните места, тие биле принудени да ги повлечат своите семејства

[31] Близнаков, А. (1987) Спомени за националната, политичката и културната дејност на Македонците во САД и Канада, Скопје: Култура.

и дефинитивно да се населат во странство, и тоа во Бугарија, Канада САД,или Австралија.[32]

Врз основа на досиејата на Американската агенција за имиграција и натурализација, околу 15.000 луѓе што влегле во САД во периодот од 1895 до 1925 година, се изјасниле како Македонци, иако во тоа време не постоела државата Македонија. Постојат одредени причини поради кои не е лесно да се утврди точниот број на Македонци во светот, како и во САД.

По времето на задушеното Илинденско востание сликата на македонските села била тажна, преживеаните мажи морале да одат во туѓина за да заработат за своите семејства, но истовремено да бараат политичка слобода и економска сигурност во Америка. Причините за иселувањето во Америка биле различни, и тоа:

а) социјални,

б, политички,

в) економски

Иако патувањето во тоа време не било лесно и траело долго, понекогаш и еден месец, со помош на преполни паробroди со патници кои имале иста дестинација на патување, доволна била помислата дека треба да се стигне во САД на било каков начин. Тогаш Америка во очите на нашите селани станала симбол на богатство до кое може да се дојде многу лесно и многу брзо.

Поголемиот дел од иселениците од првата и втората генерација по правило не доаѓале во Америка или во другите земји на селење, за да останат постојано, туку тоа било од привремен карактер.

Иселувањето во САД на луѓето од разни делови на Европа течело непречено се до 1924 год. Во 1924 година владата на САД донела закон (законот на Џонсон), со кој приливот на емигрантите бил ограничен.

Тогаш многумина Македонци кои биле дојдени на печалба во САД свесни за лошата состојба во татковината одлучиле трајно да се населат во САД, повлекувајќи ги и своите семејства. Законот за ограничено вселување од 1924 год. имал за цел да го редуцира приливот на економски и друг вид на емигранти. Со стеснувањето на можноста да се емигрира во САД, не било оневозможено понатамошното иселување на Македонците. Како нови привлечни земји за печалба, по 1924 год. се појавиле Канада и Австралија.

---

[32] Исто,

Непрекинатиот економски развиток на САД течел се до 24 октомври 1929 година кога берзата на Вол Стрит крахира и започнала големата економска криза, зафајќајќи ги сите сфери на американскиот економски живот: индустријата, земјоделството и трговијата. Особено продлабочување на кризата се осетило во 1931 и 1932 год. кога биле исфрлени на улица повеќе од 17 милиони работници, што сериозно ги погодило и Македонците.

Македонците во САД најповеќе се сконцентрирани во северните и североисточните делови на државата и по брегот на Атлантскиот океан и нивната бројка се движи помеѓу 100 000 и 150.000 луѓе. Голем број на Македонци има во сојузните држави Њујорк, Мичиген, Њу Џерси, Флорида, Охајо, Вирџинија, Илиноис, а во последно време се зголемува и бројот на Македонци во западниот дел на САД, особено во Калифорнија.

Македонското иселеништво како и иселениците од другите земји ги имаат сите карактеристики на миграциите во прекуокеанските земји. Тоа преставува состав на група и поединци, кои меѓу себе се поврзани со посредство на заедничко етничко потекло, кое подразбира различни критериуми, какви што се сродство, регионот на потекло или на живеење, општествен слој, заедничка религија, јазик, идеологија и сл., односно збир на поединци и општествени групи со заедничка културолошка карактеристика, условена од фактот на заедничкото македонско потекло.[33]

Поради големата бројка на македонско население, Македонците активно учествуваат и во политичкиот, културниот и економскиот живот на САД и Канада, а создадено е и македонско иселеничко лоби.

Македонската емиграција од почетокот на XX век, која на американскиот континент, во голема бројка како дестинација ги одбрала САД исто така за своја крајна цел на престој ја одбрала и Канада. Канада е држава во која живеат околу триесетина милиони жители главно од англиско и француско потекло. Таа е држава во која својата иднина ја пронашле над сто други националности, меѓу кои и 150.000 до 200.000 Македонци. Денес Канада се смета за светски пример на мултикултурно општество. Од Втората светска војна во оваа демократска многунационална земја се одвиваат значајни социјални, културни, и економски преобразби, а со тоа и голема трансформација во нејзиниот етнички состав. Таа е прва земја во светот која официјално го признава мултикултурниот мозаик и ја продолжува континуираната и

[33] Вражиновски, Т. (2005) Иселенички студии, Скопје.

доследна недискриминаторска политика, а со тоа мултикултурата се прогласи за политика на владата на Канада, каде што секој има право на слобода на свеста, верата, мислата, изразувањето, мирното собирање и дружење, негување на сопствената култура, пропагирање и применување на сопствената религија и употреба на мајчиниот јазик.[34]

Македонците во Канада најмногу се населени во јужниот и југоисточниот дел на државата. Најголем број на Македонци има во сојузните држави и градовите Торонто (најмногу иселени од Тетовскиот и Преспанскиот регион), Отава, Виндзор, Квебек, Онтарио и др. Македонците во Канада имаат свои македонски клубови и организации, каде со посебен израз на сплотување, допринос даваат и Црковните општини.

Торонто главниот град на провинцијата Онтарио, е градот во кој се најсконцентрирани македонците во Канада. Во него живеат над 100. 000 македонци и преставува најголемата македонска колонија во иселеништвото.

Информативната дејност на Македонците во Канада била тесно поврзана со информативната дејност на македонците во САД. Големиот дел од весниците, списанијата што се печателе во САД се дистрибуирале во Канада. Во периодот од крајот на Втората светска војна до денес на територија на Канада и градот Торонто, биле отпечатени голем број на гласила меѓу кои биле и следните: ,,Македонски Глас" (1957-1961), ,,Илинден" (1961), ,,Македонски Живот"(1962-1963), ,, Илинден" (1966), ,,Духовна Искра" (1968-1970), ,,Македонија" (1971-1972), ,,Македонски Глас" (1974-1975), ,,Обединета Македонија" (1982), ,,Литературна мисла" (1989), ,,Македонски Гласник"(1999) и многу други Црковни информативни билтени.

### 2.4.1 Форми на организирање на македонската емиграција во САД и Канада

Како и во другите делови на светот, така и во САД и Канада од самиот почеток на доаѓање на македонските иселеници, се појавила желбата за заедничко и организирано делување на политичка, културно-просветна, и хуманитарна основа. За таа цел биле организирани и голем број на организации и здруженија на

[34] С.Николовски-Катин, (2002) Македонците во САД и Канада, Скопје: Македонска искра (стр. 236)

македонските иселеници кои преку таквиот вид на организирање имале единствена цел, да и помогнат на Македонија и на македонскиот народ.

### 2.4.1.1 Македонската политичка емиграција во САД и Канада

Првата досега позната организација на македонските иселеници во САД се појавила во Чикаго во државата Илиноис во 1901 година. Тогаш била основана Македоно-одринска организација, поттикната од постоењето на револуционерната ослободителна организација. Ова друштво издало и свој весник ,,Борба".

Во тоа време собирањето на пари за купување на пушки била општонародна акција од која не сакале да се исклучат ни иселениците. Собирањето на парична помош од страна на оваа организација во САД се одвивало исклучиво меѓу македонските иселеници.

По основањето на ВМРО(обединета) во Виена, 1924 год. дошло до израз залагањето за што поголемо заедништво меѓу прогресивните сили на сите балкански народи.

Една од најстарите организации со изразито политичка преокупација на пробугарска основа во редовите на македонското иселеништво била ,,Македонската Патриотска Организација" (МПО). Оваа организација била основана во 1922 год. во Форт Веин во Соединетите Американски Држави. Првобитно програмската определба и била остварување на Илинденските идеали, создзавањето на слободна и обединета Македонија. Ваквата политичка определба траела до 1927 год. кога во Канада пристигнал големобугарски определениот Јордан Чкатров кој успеал оваа организација да ја стави под влијание на Иван Михајлов. (За оваа организација не постои македонска нација, односно Македонија е географски поим, а Македонците се Бугари). Пред почетокот на втората светска војна МПО има свои локални организации во САД, Австралија и Канада. Во Европа постои само еден огранок на МПО, тоа е друштвото ,,Тодор Александров" формирано во 1957 год. од повоените емигранти, главно од Пиринскиот дел на Македонија.

Својата антимакедонска идеологија МПО, на чело со Иван Михајлов, најгласно ја лансирал преку весникот ,,Македонска трибина" кој започнал со дистрибуција сметано од 1927 год.

По одржувањето на првата конференција на македонските независни групи, во Толидо (Охајо) на 22 и 23 март 1930 година одржана од сите независни прогресивни групи од САД и Канада, се покажале првите ефекти постигнати на политички план кои придонеле да почнат превирања во редовите на МПО. Со осознавање на вистината за антимакедонската активност на МПО почнало масовно истапување од истата. Карактеристично за оваа организација е тоа што последниве години истата ги менува своите почетни негативни позиции во однос на самобитноста на македонскиот идентитет, се повеќе заземајќи позитивен став кон националните атрибути и посебности на македонскиот народ и Република Македонија. После една година одржан е првиот редовен конгрес на кој овие македонски прогресивни групи се обединиле во Сојуз т.е. во Македонски народен сојуз (МНС).

МНС е втората организација поврзана со развојот на македонското национално движење на Балканот со неговите идејни поделби под влијание на ВМРО (Об) што се појавила во Америка. Подоцна од МНС прераснува во МАНС- Македонско-американски народен сојуз, а неговата дејност се простира на територија на САД и Канада. Во текот на војната МАНС формирал Комитет за помош на Македонија. По завршувањето на Втората светска војна по примерот на организираноста во САД и Канада, а со цел да се помогне на новосоздадената македонска држава, се создал МАНС ,,Македонско-австралиски Народрн Сојуз,,

Главната определба во својата политичка активност им била да помогнат при повторен изборот за претседател на САД на Франклин Рузвелт во 1944 год., но на 12. април 1945 год само неколку дена пред конечната победа над фашизмот Претседателот Рузвелт починал. По неговата смрт згаснале многу надежи на МАНС. МАНС се нашла под контрола на Комисијата за испитување на антиамериканската дејност односно под притисок на т.н. Трумановата доктрина или повоена политика на САД. Како и многу други и МАНС е прогласена за субверзивна организација после што стапила на сила и одлуката на Државниот обвинител, според која натамошната дејност на Македонскиот-американски сојуз згаснал засекогаш.

Парцијализацијата на политичките субјекти во Република Македонија има свој одраз и во парцијализацијата на политичкото групирање во редовите на иселеништвото. Тоа најдобро се забележува на примерот на оние политички партии во Република Македонија што создадоа свои секции во иселеништвото.

Процесите што се одвиваат во нивните редови, овде во земјата, судирите, раслојувањата, појавата на фракции итн., се случуваат и во секциите во иселеничките средини без оглед на разликите на условите во кои живеат и делуваат.[35]

### 2.4.1.2 Културно-просветни друштва, организации и здруженија на Македонците во САД и Канада

Идејата за формирање на културни друштва се појавила уште од самото доаѓање на Македонците во САД најпрвин како здружување на печалбари од исто село или иста околија.

По првата светска војна формирањето на македонски друштва се зголемило.

Меѓу првите било основано друштвото ,,Поткрепа" (во државата Илиноис), друштвото ,, Александар Велики" (државата Индијана), друштвото ,,Коломбос" (во држава Охајо) и многу други кои често го носеле името на местото од каде потекнуваат членовите. Најчесто со основна обврска на друштвото покрај заемната помош била и ,, да ги здружат сите македонски иселеници да го развиваат македонското национално чувство", да го продлабочуваат единството меѓу иселениците и да ги развиваат симпатиите ,, кон нивната втора татковина- САД".

Македонските културни друштва развиле сериозна социјална и културна активност. Една од централните задачи на друштвата била негувањето на мајчиниот македонски јазик.

Во развитокот на националната и политичка свест на Македонците во САД голема улога одиграле и македонските просветни клубови кои помасовно во САД биле формирани во триесетите години на минатиот век. Во програмата за културно издигање на македонските иселеници, во активноста на друштвата видно место заземал и драмскиот аматеризам.

Почитувајќи ги позитивните норми, македонските иселеници постепено се интегрирале во американското опшество.

Како граѓани кои првенствено биле заинтересирани за работата, за економската еманципација и просперитет на своите семејства, македонците во САД

[35] Катарџиев, И. (1996) Македонија и Македонците во светот, Скопје: Матица македонска.

и Канада уживале глас на коректни луѓе, на дисциплинирано население, на лојални граѓани на новата татковина.

Македонците во првите периоди на селењето повеќе ја искажувале својата локална припадност отколку националната. Тоа не било карактеристика само за нашите иселеници, туку и за припадниците на другите етнички групи.

Источноевропските селани коишто пристигнувале во Америка, најчесто имале единствено локална, а во најдобар случај регионална свест. Така што најголемиот дел од нив немале изградена свест за национална припадност.[36]

Во македонскиот случај ваквата состојба е уште покомплицирана, меѓу другото и како резултат на непостоењето на македонска држава до 1945 година. Дури со појавата на организирана надлокална етничка група, започнала да се создава надлокална врска, врска со народот, а подоцна и со државата. Од пресудно значење тука е улогата на етничките организации, кои ги зацврстувале локалните или регионалните врски, преку создавање на селски или околински друштва, кои изникнувале спонтано и развивале широка дејност во многу области на живеењето.

Иселеничките организации го граделе кај иселениците чувството на врска со својот народ и татковина, со мајчиниот јазик, со националната култура и сл. [37]

Македонските друштва во САД и Канада дале вондреден допринос во организирањето на македонските црковни општини. Друштвата вложиле засилени напори да дојде до отворање и изградба на македонски цркви во низа градови на САД и Канада по 1961 год.

## Обединети Македонци (ОМ)

Кон крајот на шесттото десеттолетие на историската сцена стапуваат нови организации. Една од нив е ,,Обединети Македонци" во Канада и САД, која е формирана 18.4.1959 год. во Торонто. Уставни цели на Организацијата биле да негува единство и пријателство меѓу Македонците секаде во светот, вклучувајќи ги и малцинските групи во Македонија, како и нивните потомци кои го прифаќаат

---

[36] Adam Walaszek, Swiaty imigrantow, Tworzenie polonijnego Cleveland 1880-1930, Nomos, Krakow 1994,(65-66)

[37] Grzegorz Babinski, Wiez etniczna a procesy asimilacji, Przemiany organizacji etnicznych, Zagadnienia teoretyczne I metodologiczne, Panstwowe Wydawnictwo Naukowe, Warszawa-Krakow 1986, (42-43)

Статутот без оглед на нивните верски убедувања и политички гледања. ,,Организацијата ОМ ја гледа националната слобода во Народна Република Македонија од големо значење за останатите Македонци населени во светот”.

Делбата помеѓу иселеништвото со исклучително политички карактер поизразено се појавува во седумдесетите години. Тоа е време кога бројот на македонското иселеништво брзо расте и веќе изнесува стотина илјади.

Тоа е време кога во редовите на иселениците доаѓа до потесно поврзување и организационо обликување на македонската политичка емиграција и до заживување на нејзината активност.[38]

Како што е познато голем хендикеп за градењето на македонската национална свест на целиот македонски простор на Балканот е непостоењето, во минатото, на македонската држава, односно нејзиното простирање денес само на еден дел на Македонија –Вардарскиот.

Македонските иселеници што доаѓаат од различни делови на поделена Македонија со себе ги носат сите разлики на земјата од која доаѓаат.

Денес во САД и Канада со особена ангажираност се појавија поголем број на македоски организации кои работат на промоција на Р. Македонија и се што е македонско.

**Обединета македонска дијаспора (ОМД)**

Организација која во последните неколку години зазема важно место со својата активност во САД и Канада, а со својата активност преку свои ограноци дејствува и на други континенти како Европа, Австралија. Седиштето на Обединетата македонска дијаспора- (ОМД) е во Вашингтон. ОМД е "тинк танк" на високо ниво, со седиште во светската ,,престолнина на моќта". Најзначајната улога на ОМД е да изгради моќно македонско лоби составено од млади Македонци, кое ќе работи на обединување на македонската дијаспора. Оваа Организација која исклучиво е посветена на прашањето за активноста на Македонската дијаспора во светот има одржано многу јавни настапи, две глобални конференции, каде ја користи секоја прилика да нагласи дека со својот потенцијал од млади луѓе од македонската заедница, е спремна да се придружи на напорите на Р.Македонија за

[38] Катарџиев И. (1996) Македонија и Македонците во светот, Скопје: Матица македонска.

изградба на современо општество, економски просперитет, а со цел зголемување и на соработката со САД и Канада.

Обединетата македонска дијаспора (ОМД) на 18 Април го инаугурира својот огранок и во Лос Анѓелес. Засега, ОМД има отворено ограноци и во Вашингтон, Торонто, Париз и Мелбурн.

За да се зачува континуитетот на македонската заедница во светот, Обединетата македонска дијаспора формира проект наречен ,,Генерација М“. Формираниот нов проект ,,Генерација М“ има основна цел активирање на младата генерација која ке работи за македонската кауза и која ќе лобира за Македонија.

Обединетата македонска дијаспора на Втората глобална конференција што годинава се одржа во Торонто-Канада, усвои декларација за спорот за името на Македонија. Документот е испратен до претседателот Обама, потпретседателот Клинтон, Конгресот и Сенатот, ООН, Европскиот Парламент (ЕП) и останатите институции во Брисел, како и до парламентите во Канада и Австралија. Со него се бара прием на Македонија во НАТО и ЕУ и прекин на преговорите за името. ОМД не прифаќа промена на уставното име и на вистинското име на Република Македонија.

## 2.5 Македонската емиграција во Австралија

### 2.5.1 Причини за емигрирањето во Австралија (економски, безбедносни, политички)

Во повоениот период како нов правец на иселување се појавува Австралија за која во некои податоци се спомнува дека во 1921 г. во таа земја имало 50, а во 1947 1900 луѓе од Македонија. Меѓутоа по 1948/49 бројот на иселени Македонци во Австралија расте.

Како последица на поразот на демократските сили во Граѓанската војна од Егејскиот дел на Македонија, главно од нејзиниот западен дел, присилно се прогонети околу 70 илјади луѓе, кои најпрвин пристигнале во земјите на Источна Европа а потоа се случило реемигрирање кон западните земји.

Најголем дел од иселениците во Австралија и Европа се дојдени помеѓу 1960 и 1975 год., и тие се помлади во однос на оние дојдени пред војната или непосредно по неа во педесетите години на минатиот век.

Првите доселувања на Македонци во Австралија се забалежуваат на почетокот на XX век и во седумдесетите и осумдесетите години на истиот век. Македонците во Австралија се најсконцентрирани во југозападните и источните делови на државата во сојузните држави Викторија, Нов Јужен Велс и Источна Австралија и во градовите Сиднеј, Перт, Мелбурн, Волонгонг, Аделаида итн. Поголемиот дел на Македонците во Австралија се по потекло од Битолско, Прилепско и Егејска Македонија.

Поради својата голема бројност (над 200 000) во Сиднеј работи и паралелка на македонски јазик во една сиднејска гимназија, а Македонците во Австралија имаат и свои радио и тв емисии.

Познати се масовните протести на Македонците во Австралија за поддршка за независноста на Република Македонија на почетокот на деведесетите години на XX век.

## 2.5.2 Структура на македонската емиграција во Австралија (потекло, социјална состојба)

Историските податоци бележат дека првите Македонци во Австралија се доселиле кон крајот на XX век, во децениите по Берлинскиот конгрес, кога Македонија не се здобила со самоуправа и кога се ределе бунтови и востанија против отоманското владеење.

Доселувањето на Македонците во Австралија се засилува во 20-те години на XX век, кога во Америка се вовеле квоти за доселениците. Тие биле прифатени и директно помогнати од првата генерација емигранти од Македонија.

Значаен бран на македонската емиграција во Австралија доаѓа по Втората светска војна и Граѓанската војна во Грција.

Поттикнати од можностите кои ги дава австралиското општество во последната деценија на XX-от век, се забележува доселување во Австралија на квалификуван и висококвалификуван кадар од веќе самостојна држава, Република Македонија.

Официјалните австралиски податоци во согласност со пописот во 2001 година покажуваат дека во Австралија живеат 43.527 австралиски граѓани родени во Република Македонија, додека 71.994 австралиски граѓани зборуваат македонски јазик. Оваа статистика бележи и 81.898 австралиски граѓани кои се чувствуваат дека имаат македонско национално потекло, а тоа значи дека тие потекнуваат и од другите географски делови на Македонија. Статистиката на Министерството за емиграција на Австралија, пак, бележи дека во Австралија дошле 2500 Македонци, поранешни граѓани на Република Грција. Од сите дојденци од оваа земја 2,7% дома го зборуваат македонскиот јазик. Доста помал е бројот Македонци, поранешни граѓани на Бугарија и Албанија.

**8. Карта на Австралија со најзастапени места на престој на македонските иселеници**




Извор: Местата со најголема бројност на македонци со престој се одбележани со македонско знаме од авторот на дисертацијата врз основа аналитичките податоци на МНР, за бројноста на македонските иселеници во светот.

Коментирајќи го методот на попишување во Австралија, македонските организации во Австралија изнесуваат свои видувања дека во Австралија денес, во согласност со нивната организациска и религиозна поставеност, Македонците треба да бројат над 200. 000, како австралиски граѓани со македонско национално чувство, независно од каде дошле и кој јазик им е прв во секојдневната и фамилијарната комуникација. Воедно се наведува и дека за разлика од поддршката која ја примале, 10,2% дојдени од Република Македонија во 2000/2001 година, во 2002/2003 година таква поддршка од австралиската држава примале само 1%, што зборува за фактот за нивна подготвеност за брза адаптација и непоколебливост во прифаќањето на работните услови.

Како податок кој укажува на се подоброто организирано дејствување на македонските организации, се бележи и фактот дека повеќе македонски организации денес примаат и финансиска поддршка од австралиската држава за „олеснување и

за давање на информации и за образување на заедницата за Македонско-австралиско добротворно здружение во Сиднеј и за новодојдените Македонци".

Австралиските официјални податоци од февруари 1999 година до сега не бележат „работа на црно" на Македонци.

Кога пишуваме за нашите Македонци во Австралија кои како и сите други Македонци во светот кои имаат македонско државјанство со новите измени на Законот за избори, имаат право да гласаат на парламентарните и претседателските избори во Република Македонија преку Дипломатско конзуларните преставништва (ДКП) на Република Македонија во странство исто така се отвора едно деликатно прашање што со тие кои немаат дражавјанство, а се чувствуваат како Македонци.

Од вкупната бројка, се проценува дека околу 60 отсто се полнолетни и имаат право на глас на парламентарни и претседателски избори.

Прв голем проблем со нашата дијаспора во Австралија, Америка и во Канада е што има егејски Македонци. Тие се заминати со грчко државјанство и без разлика што се чувствуваат како етнички Македонци фигурираат како грчки државјани.

По Втората светска војна не се толерирало двојното државјанство и не се водело сметка и за тоа што е етничко чувство. Во Австралија, на пример, тие луѓе се австралиски и други државјани, меѓутоа нивното етничко чувство е македонско.

Исто така проблем е и поделбата на независни држави од некогашна СФРЈ. Во согласност со законот на таа држава имало двојно државјанство, државно и сојузно. Граѓанинот во странство беше државјанин на СФРЈ. Исто така и други земји ги третирале емигрантите како Југословени, не како етничка група, туку како припадник на федерална нација.

Многу поколенија на нашинци кои се иселиле посебно во Америка, Канада и во Австралија за децата велат дека се Македонци, но не го знаат најдобро мајчиниот јазик. Најголем проблем постои, со второто, третото или со четвртото поколение.

## 2.5.3 Форми на организирано делување на македонската емиграција во Австралија

Појавата на македонски информативни гласила во Австралија, а посебно во Мелбурн, е израз на долготрајната и макотрпна борба на македонските доселеници, од сите делови на Македонија за афирмација на својот национален идентитет, јазик, култура и историја.

По втората светска војна македонските доселеници, особено од Егејскиот дел на Македонија создаваат весници, билтени и отвараат радиочасови на мајчин јазик.

Првиот весник на македонски јазик ,, Македонска искра", се појавил во 1946 година и излегувал десетина години, до појавата на ,,Македонски глас", ,,Македонски весник" и други.

Денес во повеќе Австралиски градови каде живеат Македонци се печатат повеќе неделни весници, се емитуваат радиопрограми и сл. Сите овие информативни гласила се од особен интерес и играат огромна улога во зачувувањето на македонскиот јазик, запознавање со македонската историја, култура, фолклор, обичаите, песната и орото.

Во Мелбурн е отворена и првата македонска национална библиотека ,,Св. Климент Охридски". Оваа библиотека е прва национална библиотека надвор од границите на Република Македонија и претставува значајна, културна институција од ваков вид.

По втората светска војна по примерот на организираноста во САД и Канада а со цел да се помогне на новосоздадената македонска држава, се создал МАНС ,,Македонско-австралиски Народен Сојуз". МАНС во Австралија настанува со издвојување на Македонците од ,,Сојузот на југословенските иселеници,, на 25 08 1946 год. во Перт во присуство на неколку друштва од Австралија. Оваа конференција донела решение постоечките друштва на македонските иселеници во Австралија да се обединат во една единствена општомакедонска организација наречена ,,Македонско австралиски Народен сојуз".

Првате Конференција на Македонско-австралиски Народрн Сојуз-МАНС во Австралија е одржана на 7, 8 и 9 Март 1947 год. во Мелбурн. Ниту на основачката конференција во Перт ниту на Општомакедонската конференција во Мелбурн поблиску не биле дефинирани програмските задачи. Очигледно било дека МАНС

своето внимание го насочил на помош на развојот на виталните институции на Републиката од областа на здравството, изградба на болница во Македонија преку хуманитарна акција. Целта била да остане неполитичка, но патриотски определен организам на македонското иселеништво во Австралија.

Заострување на односите во светот меѓу сојузниците од антихитлеровската коалиција, имале свое влијание врз политичкиот карактер на МАНС.

Раководството на МАНС се определува на страната на источноевропските земји против СФРЈ а со тоа и против режимот во Републиката. Ваквото определување води кон слабеење на Сојузот поради повлекувањето на голем број на членството. На шестата конференција одржана на 5 и 6 јануари 1956г во Мелбурн дошло до фактичко распаѓање на МАНС.

Денес македонската дијаспора ширум светот, а особено Македонската заедница во Австралија, игра значајна улога во борбата на Македонија да го зачува своето уставно име и да оствари интеграција. Во Австралија денес дејствуваат голем број на Македонски организации формирани во минатото но и организации кои се нови и воспоставуваат нов вид на меѓусебна соработка како на пример: Обединета Македонска Дијаспора (ОМД) која е "тинк тенк" на високо ниво, со седиште во светската ,,престолнина на моќта". Најзначајната улога на ОМД е да изгради моќно македонско лоби составено од млади Македонци, кое ќе се надградува врз нивното сегашно присуство во Вашингтон и глобално, и ќе ја обедини македонската дијаспора и ќе и помогне на Република Македонија.
Македонскиот национален совет на Австралија (МНСА) е оперативно тело на македонската заедница во Австралија и ги претставува инкорпорираните организации во Советите базирани во федералните држави. Улогата на МНСА е да зборува од името на Македонската заедница на Австралија во тесна консултација со другите макeдеонски организации, кои се фокусирани врз човечките права на Македонската заедница во Австралија како и изготвување на стратегија за реализирање на активностите во интерес на Македонското прашање односно соработка во името на македонското наследство, култура, земја, јазик и вера.

Во исто време поддршка за развојот на комуникацијата покрај големиот број на асоцијации даваат и истакнати македоски експерти и аналитичари кои живеат и работат во дијаспората.

Од писмото доставено до Агенцијата за иселеништво на Р.Македонија од страна на г-дин Јанко Томов, Бризбејн- Австралија, од 9 Јуни 2011 година, со цел

информирање на македонската јавност и иселеништвото, можеме да го видиме значењето од користење на литературните и историски дела и написите во напредните медиумски македонски изданија, на македонските автори кои посебно имаат значење за осознавање на македонската национална припадност.

,,Според денешната положба на македонската емиграција, од самото населување со денес, овој напис, ќе ви открие значаен дел, што може да ви послужи, при вашето планирање на активноста. Целта е прописно, побрзо и поефикасно решавање на наталожените проблеми, како влијанија од бившите недемократски политички системи, врз иселеништвото.

Уште од самите почетоци на иселувањето на македонците од Македонија, во западниот демократски свет, посебно после Втора Светска Војна, се створи мал интерес за запознавање со својата вистинска македонска историја. Така почнаа да се создаваат и национално политички македонски организирани субјекти во дијаспората. Бидејки тоа национално и политичко разбудување на Македонците, водеше и во создавање на самостојна македонска држава, едноумниот систем во југословенската федерација, тоа на многу начини го спречуваше. Преставниците на тој комуниастички систем, имаа големо влијание, скоро во сите сфери на животот на емиграцијата. Така, на лукав начин, спречуваа публикување и на вистински Македонски историски дела, посебно кои ја негираа нивната воспоставена пракса и теорија за ,,Заткарпатниот словенизам од 5-6 век"!. Тоа беше и еден од условите за незаинтересираност, на дел на иселеништвото, кое беше под нивно влијание, за својата македонска историја. Таквата незаинтерсираност се пренесе до денес, посебно за не читањето на најновите историски македонски книги. Не само што постарите Македонци не читаат доволно или воопшто, кои во поголем процент се недоволно образовани, туку не читаат и младите Македонци, кои имаат виши и високи образовни квалификации и се на високи стручни професионални функции во институциите во дијаспората.

Друга причина е незаинтересираноста и непружање било каква подршка или на било каков вид помош, признанија, стимулацијаи сл., од поранешните социјалистички субјекти од Република Македонија, на иселеништвото. Со таков однос кон иселеништвото, кај интелектуалните активисти се губеше желбата за продолжување на креативноста на нивната патриотска активност. Исто така нема регистрирано залагање, за подршка и помош на организираните македонски субјекти

во дијаспората, ниту во поранешните македонски медиум, ниту во денешните анти-владини медиуми. Како пример ќе ја посочам активноста на едно од Културно просветните литературни друштва, кое е единствено активно во Австралија. Тоа е Култуно Просветната Асоцијација ,,Григор Прличев" од Сиднеј Австралија. Оваа Асоцијација има тим од македонски поетски, прозни и автори на историски дела. За нивната неуморна интелектуална активност во промовирањето на македонското културно битие, повеќето од нив се наградувани од локалните и државните институции на власта, на тие држави, во кои предначат мултикултурните институции. Со тоа нивно стимулирање, се афирмира и македонската заедница на Австралија. Оваа Културно Просветна Асоцијација помага и во публикување дела на македонски автори од иселеништвото и од Р.М. и е издавач на повеке нивни дела. За жал, поради незаинтересираност на младите Македонци, што не е нивна вина, посетата на промоциите на тие вредни македонски дела е минимална, според бројот на македонската популација во тој дел на Австралија. Голем е фондот на публикувани книги на авторите, кој стои во магазинските простории на асоцијацијата, или кај авторите на тие дела, што преставува немил факт за незаинтересираноста. Немаше помош од републиката, да тие книги, кои ги има на македонски и посебно на англиски јазик, да си го најдат своето место во македонските семејства. Освен во една до две македонски црковни општини или цркви во Австралија, од повеќе на дваесетина постојни, а сигурно и по останалите континенти, нема ниту библиотека, а ниту една од таквите историски македоински книги, кои се најнови и потекнуваат од осамостојување на Република Македонија до најново време!? Македонските курсеви или повремени часови по Македонски јазик, наречени школи за Македонски јазик, за најмладите деца - Македонци, нивните учители и организатори, на тие јазични настави, не се стимулирани, ниту одблиску, за да се види масовното посетување и со тоа изучување на својот Македонски литературен јазик. Со тоа не се создаваат ниту потребни услови да се чита македонската историја и дела на скоро се што припаѓа на македонскиот идентитет, култура, вера, традиции и слично, на англијски јазик, во тие држави, кој е доминантен, бидејќи тие македонски дела ги има и на тој јазик. Во последните години, Агенцијата за иселеништво на република Македонија, прави големи усилби за запознавање на иселеништвото за можностите за изучување на Македонскиот литературен јазик, спроведување на позначајни делови на македонската култура, информации за правата на постарите иселеници, за повраток во републиката и добивање на пензии од Австалија, семинари за

изучување на Македонскиот јазик во Охрид. Поконкретни активности и акции на Агенцијата за иселеништо се: организирање на годишни конференции на иселенички организации, учење и негување на Македонскиот јазик - зачувување на македонскиот идентитет, формирање на иселенички совет, изготвување именик на македонските иселенички организации, во кој именик помогна и Обидинета Македонска Диаспора (ОМД) и др. Потребна е соработка и поголема афирмација, со интернет изданието на „Македонска нација" на Република Македонија, со иселеништвото.[39] ,,Сите ние треба да се замислиме, како треба да ги усмериме и научиме младите Македонски генерации, денес, а и тие кои доваѓаат во иднина, да ги користат литературните и историјски дела и написите во напредните медиумски македонски изданија, на македонските автори, со цел да бидат во тек со своите врсници во Република Македонија, барем со сознанија за својата македонска национална припадност. Посебна обврска, на преставникот на Австралија, е за изнајдување и донесување на најправилно решение, како и негово успешно применување, за потребите на целото иселеништво и за САС на МПЦ-ОА, во врска со админстративно-верскиот проблем во Австралија, кој е сериозен и акутен проблем, на православните македонски верници."[40]

---

[39] Интернет страница на Агенција за иселеништво-,,Предизвици за избраните преставници на дијаспората за Македонскиот парламент,,-*13.06.2011 година* Пишува: Јанко ТОМОВ, Бризбен, Австралија, 9 Јуни 2011 год.

[40] Исто,

## 2.6 Македонската емиграција на европскиот континент од почетокот на XX век

### 2.6.1 Причини за емигрирање на македонците на европскиот континенет (економски, безбедносни, политички)

Први иселувања на Македонци од својата матична земја Македонија се забележуваат кон крајот на XVII век кога многу мажи оделе на печалба во околните балкански, а подоцна и во европските и прекуокеанските земји.

Иселувањата од Македонија биле најчесто од економска и полтичка природа.

**9. Карта на Европа.**




Бидејќи по Втората светска војна само Вардарскиот дел на Македонија се здоби со државност во рамките на ФНРЈ, по избувнувањето на Граѓанската војна во Грција во 1948 година, настапи период на силен одлив на македонско население со статус на бегалци во сите источноевропски земји.

Исто така големи миграции на населението од Долна Река се евидентирани од втората половина на 50-те години до крајот на 60-те години на минатиот век во

Република Турција, каде што останале да живеат но од каде членови на нивните семејства заминале понатаму во други европски земји.

Голема концентрација на Македонци денес имаме во источинот дел на покраината Војводина во Србија. Во општините Качарево, Јабука, Пландиште и градот Зрењанин Македонците сочинуваат голем дел од населението (во Качарево и над 40%). Во овие краишта Македонците се дојдени како колонизатори по Втората светска војна.

За разлика од САД , Канада и Австралија кон земјите на Европската унија преселбите на Македонците добиле во интензитет по Втората светска војна и траат се до денес.

Најпрвин доселувањата биле со цел привремена работа, но со текот на времето тие добиле траен карактер. Подоцна се покажало дека само мал број од македонските граѓани кои заминале при крајот на шеесетите и во почетокот на седумдесетите години се вратиле во земјата додека поголемиот број останал трајно прилагодуваќи се на новата средина во која подоцна се створиле и нови семејства или направиле спојување со своите семејства од Македонија .

Иселувањата на Македонци во западноеропските земји се забележуваат во педесетите години на XX век, а помасовни размери добиваат во седумдесетите години од минатиот век кога и помасовно се појавила потреба од вработување во компании во европските развиени центри.

Исто така бранот на иселување продолжил и по осамостојувањето на Република Македонија.

Големи македонски иселенички колонии има во Германија (околу 80000 Македонци), Италија, Шведска (најмногу во градовите Малме и Гетеборг) , Франција, Швајцарија, Велика Британија итн.

Една од специфичните белези на економската миграција од Република Македонија во странство е и правецот на движење поради традиционално големата застапеност на преселничките движења во прекуокеанските земји, а кои во најголем дел преставуваат трајни иселувања.

Сепак, неспорен е фактот дека од започнувањето на современите миграциски текови, во шеесетите години на минатиот век до денес, значителен пораст забележа емиграцијата во европските земји на прием., посебно во периодит на транзицијата.

Странски извори на податоци потврдуваат дека во втората половина на деведесеттите години емиграцијата продолжи со релативно голем интензитет.

Повеќе индиции упатуваат на констатацијата дека е зголемен бројот на наши граѓани, вклучувајќи и млад високообразован кадар од различни струки, кои во последните години заминаа во европските земји на прием.

Најголем дел од мигрантите во европските земји потекнуваат од општините на полошкиот регион.

Воспоставените миграциони мрежи во текот на осумдесеттите години во голема мера влијаеа врз порастот на мигрантите од ова подрачје. Најголемиот број од нив (околу 90%) се државјани на Р.Македонија, иако поголемиот дел имаат стекнато услови за добивање на странско државјанство.

За разлика од Италија, каде се етаблира помлада емиграција (дојдена во последните 10-15 години), најбројната групација на нашите граѓаани во ЕУ е замината во периодот меѓу 60-тите и средината на 70-те години на минатиот век. Затоа, последиците и импликациите од оваа емиграција во општините од полошкиот регион се особено потенцирани.

Имајќи ги предвид сознанијата за обемот, интензитетот и карактерот на емиграцијата од Република Македонија во европските земји на прием, може да се констатира дека овие преселнички движења директно и индиректно (преку вкупниот и природниот прираст на населението) влијаат врз развојот на населението.

### 2.6.2 Форми на организирање на македонската дијаспора во Европа

На Балканот како и низ европските земји на крајот на деветнаесеттиот и во периодот на дваесеттиот век се појавиле и активно останувале поголем број на македонски друштва и организации.

Во Грција во 1872 година дејствувало македонско здружение раководено од Стефан Димчев Македон. Малку подоцна (1887) во Атина било основано ,,Македонско братство”. Во двете македонски друштва активно дејствувале македонски иселеници или печалбари.

Македонски друштва се основале и во Србија.Така во 1886 година во Белград дејствувал ,,Тајниот македонски комитет” на Коста Групчев, Наум Евро, Темко Попов и Васил Карајанов. Следната година Комитетот во Цариград го издава весникот ,,Македонски лист”. Во учебната 1893/94 година, ученици на белградската учителска школа го основале Учителското друштво ,,Вардар” а нивна цел била да го помогнат

револуционерното движење во Македонија. По растурањето на друштвото ,,Вардар" македонските ученици и студенти во Белград во пролета 1902 година пристапиле кон создавање на одделен Македонски клуб кој го издавал весникот ,,Балкански гласник". Во весникот тие ја пропагирале идејата за автономна Македонија. За одбележување е дека нивната основна цел била национално и политичко воспитување на своите сонародници кои живееле во Србија и кои, според нив, требало да имаат свој одделен јазик и вера.

Тие ја разобличиле штетната шовинистичка дејност на соседните пропаганди во Македонија, меѓутоа наскоро српските власти ја растуриле работата на Македонскиот клуб во Белград.

Во 90-тите години на XIX век во Романија дејствувало Македонско добротворно друштво.[41]

Во 1898 година македонската студенска емиграција во Швајцарија основала Македонски таен револуционерен комитет (МТРК).

Многу македонски студенти и ученици се школувале и дејствувале во повеќе руски и воопшто источнословенски градови и тоа во: Сан-Петерсбург (Петроград), Москва, Одеса, Киев, Кишињев, Казан, Херсон и други. Во таа смисла, уште порано македонската интелегенција во Русија создала свои нелегални револуционерни кружоци и легални културно просветни и политички друштва врз македонска национална основа. Македонски таен револуционерен кружок најпрво бил основан во Петроград во 1900 година. Неговата основна цел била да го помага македонското ослободително дело, да ја запознае руската и воопшто светската јавност со ситуацијата и подготовките за вооружено востание во Македонија.

Во 1902 година во главниот град на Русија било основано Славјано-македонско научно-литературно другарство,, кое се залагало да го помогне македонското националноослободително движење во политички, национален, црковен и културен поглед. [42]

Граѓаните и иселениците од македонско етничко потекло во ЕУ во изминативе 40-на години, користејќи ги условите што им ги овозможуваат позитивните прописи на земјите на приемот, главно се самоорганизирале во голем број (над 100) разни клубови, друштва, здруженија, црковни општини, а во последните десетина години

---

[41] Трајановски,А. (2005) Историја на Македонија, Скопје: Менора (стр. 335)

[42] Исто, (стр. 335).

со цел да ја координираат својата активност, и во пошироки заеднички сојузи, координациони одбори, заедници, форуми, конгреси и други форми на здружување.

И покрај тоа што клубовите и другите асоцијации на граѓаните од македонската етничка заедница, статутарно се отворени и за припадниците на другите етнички заедници од Република Македонија и други странски граѓани, етничкиот и верскиот принцип на здружување придонесува тие и натаму претежно да се еднонационални и моноконфесионални.

Формите на организирање на македонските иселеници во последните 20 години, особено после 1991 год, со осамостојувањето на Р.Македонија добија на интензитет во правец на зајакнување на врската со матичната земја, поради промена на односот на државата кон нив, со кој се увиде дека државата Р.Македонија јасно и недвосмислено започна да гради политика кон свои граѓани на кои им поклони посебен интерес. Иако таа комуникација на почетокот на осамостојувањето се движеше со поспоро темпо, сепак македонското иселеништво ја почуствуваа топлината на својата матична земја како ,,центар на гравитација".

На подрачјето на европскиот континенет речиси во сите држави, се формирани се културно-уметнички и спортски друштва, здруженија за пријателство меѓу земјата во која е регистрирана организацијата и Македонија, организации од верски карактер, клубови, каде македонците можат да го изразат своето национално чувство презентирајќи ги своите културни вредности.

Во сите држави на европскиот континент од страна на македонската дијаспора формирани се верски, спортски, културно уметнички друштва, клубови и здруженија каде речиси сите иселениците од Македонија ги развиваат и чуваат културните и традиционалните вредности организирајќи средби и манифестации.

Во Р. Австрија поистакнати се спорското-културно друштво ,, Македонска лига во мал фудбал"- Виена, Австриско-македонско друштво (2005) - Виена, македонска културна заедница ,,Св. Наум Охридски"- Виена, здружение и културен информативен центар на македонски граѓани ,,Шар"- Грац.

Во Белгија како поистакнати македонски клубови и здруженија можеме да ги спомнеме културно спортско религиозно друштво ,,Македонија" - Вилворде, Македонска православна црква ,,Св. Пророк Илија"- Брисел.

Велика Британија исто така е држава каде правата на организирање на македонските иселеници се загарантирани и каде мошне активни се следните македонски организации: здружение на македонските граѓани во Велика Британија-

Лондон, Македонска православна црковна општина ,,Св. Архангел и Михаил и сите ангели" - Лондон, Македонски совет за унапредување и промоција - Лондон, Македонско КУД ,,Сонце"- Лондон и др.

Германија исто така е држава во која нашата дијаспора е добро организирана и каде постојат огромен број на македонски клубови и здруженија како и црковни општини каде македонците ги остваруваат своите културни и верски права. Би наброиле неколку од причина што бројот е навистина голем. Како позначајни се издвојуваат македонско друштво ,,Македонија" е.в. - Фулда, КУД ,,Гоце Делчев"- Дизелдорф, Светски македонски младински конгрес - Бохум, Македонско хуманитарно друштво ,,Преспа Ресен" - Билефелд, Македонско информативно биро од Дортмунд, ФК ,,Македонија" 1970 е.в.- Берлин, Македонска православна црковна општина ,,Св. Никола" – Маинц, Македонска православна црква ,,Св. Ѓорѓија Кратовски" - Хамбург, Македонска православна црковна општина ,,Св. Тројца"- Минхен, Македонски клуб ,,Илинден"- Хановер, и многу други.

Данска исто така е држава во која живеат македонци од сите краеви на Македонија, иако бројот на иселениците е околу 12. 000 истите се организирани во повеќе клубови и здруженија од кои би ги издвоиле следните: Клуб ,,Македонија"- Багсвард, Македонска православна црква ,,Св. Климент Охридски"- Фредериксберг, Македонско радио ,,Носталгија"- Копенхаген, Македонско здружение ,,Преспа" – Кобенхавн, и други.

Од европските држави каде бројот на нашите иселеници е значителен е и Италија, каде како покарактеристични организации во кои нашите иселеници ги остваруваат своите културни и верски права се Македонска православна општина ,,Св. Отец Прохор Пчински" - Пјаченца, Македонска асоцијација ,,Сонце-Соле", Македонско-италјанска културна асоцијација ,,Свети Трифун" - Монферато, Македонска православна црква ,,Св. Јован Крстител" - Наиве, и други. Формите на организирање на нашите иселеници исто така се изразени и во Швајцарија каде бројот на иселеници од Македонија е оклу 63.00. Позначајни асоцијации и здруженија се Форум на македонските друштва во Швајцарија, Заедница на македонските друштва во Швајцарија, Македонска православна парохија ,,Св. Богородица" - Лукарно, Македонска православна црковна заедница ,,Св. Наум Охридски" - Тринген, Македонска дијаспора - Лозана, Македонско добротворно друштво ,,Македонија" - Ешалан, Македонско културно друштво ,,Илинден" - Берн,

Организација на жените од Македонија во Швајцарија, Македонско училиште ,,Блаже Конески" - Лукарно и други.

### 2.6.4 Европска имиграциска политика – програма

Со развојот на европскиот правен систем во континуитет се развиваше и европската имиграциска политика. Со договорот од Мастрихт, 1992 година, воспоставена е Европската Унија. Со него е утврдена и соработката на полето на законодавството и на внатрешните работи.

Во посебен дел на договорот потписничките ги признаваат како „предмет на заеднички интерес" политиката за азил, преминување на надворешните граници на Унијата, имиграциската политика и политиката која се однесува на државјаните на трети земји (влез, движење и престој), судска, царинска и полициска соработка.

Со него на Унијата е пренесена јурисдикцијата над одлучувањето за кои трети земји се потребни визи.

Но, поради осетливоста на прашањата (кои допираат до подрачјето на традиционалниот национален суверенитет), усвоени се малку обврзувачки одлуки поврзани со овој дел.

Поради тоа политиката во таа сфера се координира по пат на помалку обврзувачки конвенции.

Така, со конвенцијата за Eurodak е воведена заедничка база на податоци на отпечатоци од прсти на баратели на азил, а полициската соработка е поддржана со конвенцијата за Europol.

Со Договорот од Амстердам од 1997 година, кој стапи на сила во октомври 1999 година, прашањата за имиграцијата и азилот се ставени под јурисдикција на Унијата. Со него Шенгенскиот договор е инкорпориран во Договорот за Европската Унија.[43]

---

[43] Сите оние кои сакаат да станат членки на ЕУ, мораат да се придржуваат на заедничката европска миграциска политика и да вклучат соодветни мерки во своето законодавство. Англија, Данска и Ирска не ги применувале веднаш новите мерки кои се однесуваат на имиграцијата, азилот и патување на лица.

Со тој договор, кој проблемите со миграцијата и азилот ги стави во самото средиште на заедничката европска политика, членките на ЕУ покажаа спремност да соработуваат на тоа поле давајќи му висок приоритет, па дури и да се одречат од дел на националниот суверенитет.

Во таа смисла се препорача поделба на товарот на новите бегалци, заеднички стандард за семејни и економски имигранти, заеднички стандарди за помош на баратели на азил и бегалци, израмнување на граѓанските права помеѓу државјаните и имигрантите, ублажување на условите за добивање на државјанство, унапредување на политичката партиципација на имигрантите, укинување на дискриминацијата, особено на подрачјето на престојувањето и вработувањето.

Основните услови за успешно спроведување на имиграциската политика на државата ги опфаќаат и следните елементи:

- Добро дефинирани категории на мигранти на кои ќе им биде одобрен влез;
- Транспарентни критериуми на селекција за секоја категорија;
- Јасни и едноставни процедури;
- Одредби за информирање во однос на правата и обврските;
- Одредби за безбеден и јасно дефиниран мигрантски статус;
- Можност за дозволен влез заради хуманитарни или др. причини, иако сите услови за влез не се исполнети.

Според последните проценки на ООН, во светот постојат околу 200 милиони имигранти од кои 33% се во Европа. Таквата бројка, согласно анализите направени од експерти на ЕУ, може да донесе проблеми во здравствените, образовните услуги, домувањето и во инфраструктурата.

Конкуренцијата од имиграцискиот труд може да донесе социјални стресови, со што луѓето ќе ги губат работните места. Ако имиграцијата не се контролира, државата се соочува и со зголемен криминал.

Од аспект на заедничката политика на Европската Унија во областа на меѓународните миграции посебно внимание заслужува Европскиот пакт за миграциите и азилот усвоен од шефовите на држави и влади на Европската Унија од 16 октомври 2008 година.

Станува збор за политички документ кој содржи комплет на цели и стратешки насоки за развој на европските политики за имиграцијата и азилот. Европскиот пакт за миграциите и азилот ги обврзува земјите членки во пет клучни области:

- Да ја организираат легалната имиграција водејќи сметка за приоритетите, потребите и можностите за прием на секоја земја членка, и да ја поттикнуваат интеграцијата;
- Да ја координираат илегалната имиграција обезбедувајќи враќање на илегалните мигранти во земјите на потекло или земјите на транзит;
- Да обезбедат поефикасна контрола на границите;
- Да придонесат во креирањето на Европскиот систем на азил и
- Да воспостават сеопфатно партнерство со земјите на потекло и транзит за да се поттикне синергија/балансот меѓу миграциите и развојот.

Имлементацијата на пактот предвидува активна вклученост на највисоките институции на Европската Унија (Европскиот парламент, Советот на Европа, Европската комисија), како и на секоја земја членка одделно.

Согласно со овој документ Советот на Европа секоја година ќе организира расправа за политиките на имиграција и азил, врз база на презентираните извештаи за имлементација на пактот.

Земјите членки ќе го информираат Советот на Европа за најзначајните промени во врска со политиките на имиграција и азил.[44]

### 2.6.5 Интеграција на имиграцијата во интерес на развојот и мирот

Во својата нова повеќегодишна „Хашка програма“, зајакнување на слободата, безбедноста и правдата во Европската Унија, Советот потврдува дека законската миграција ќе игра значајна улога во унапредувањето на економијата во Европа врз основа на знаење и во унапредување на економскиот развој.
Според Советот, „*таа исто може да игра улога во партнерствата со трети земји, имено, во случаи на привремена миграција на работна сила“.* Советот на ЕУ нагласува дека „стабилноста и кохезијата во рамките на нашите општества имаат корист од успешната интеграција на странски државјани на трети земји кои законски престојуваат и нивните потомци.

---

[44] Резолуција за миграционата политика на Р. Македонија 2009-2014 год.(Службен весник на РМ бр.6 од 15.1.2009 год.)

За да се постигне оваа цел, од основно значење е да се развиваат ефективни политики и да се спречи изолирањето на одредени групи. Токму затоа, од основно значење е сеопфатниот период кој ги вклучува учесниците на локално, регионални национално и на ниво на ЕУ.

Советот ја истакнува потребата од поголема координација на националните интеграциски политики и иницијативите на ЕУ во оваа област и наведува дека „во врска со ова треба да се воспостават заеднички основни начела кои ќе ја поддржат кохерентната европска рамка за интеграција". Интеграцијата зазема високо место во политичката агенда на ЕУ, иако не постои обврзувачко законодавство. Таа се состои од сите аспекти кои влијаат врз положбата на имигрантите во земјите на прием. Во врска со тоа е објавена информација на Комисијата за општата агенда за интеграција, во која се препорачува земјите од регионот да ги признаат следните општи основни начела за политиката на имиграцијата:

- интеграцијата е динамичен, двонасочен процес на заемно обезбедување на сместување на сите имигранти и лица со престој;
- интеграцијата подразбира почитување на основните општествени вредности на земјата-домаќин;
- основното познавање на јазикот на земјата-домаќин, историјата и институциите е неопходен услов за интеграцијата, за да им се овозможи на имигрантите да се стекнат со ова основно познавање, кое е од основно значење за успешна интеграција;
- напорите во образовниот процес се од основно значење за подготовката на имигрантите, а особено нивните зависни членови, за да бидат поуспешни и поактивни учесници во општествениот живот;
- пристап на имигрантите до институциите, како и до јавните и приватните добра и услуги на еднаква основа со државјаните, а на недискриминаторски начин тоа е и основен темел за подобра интеграција;
- зачестената интеракција помеѓу имигрантите и државјаните е фундаментален механизам за интеграција. Заеднички форуми, меѓу културни дијалози, познавање за имигрантите и културите на имигрантите, и стимулативни животни услови во урбани средини ја зголемуваат интеракцијата помеѓу имигрантите и државјаните;
- практиката за различни култури и религии мора да се обезбеди, освен ако таквите практики не се во судир со други неповредливи права или националното законодавство;

- учеството на имигрантите во демократскиот процес и во создавањето на интеграциските политики и мерки, особено на локално ниво, ја поддржува нивната интеграција;

Воведувањето на мерките за интеграција треба да се базира на приодот (чекор по чекор) како дел од општата миграциска политика, а и во согласност исто така и со националните развојни промени.

Легалната интеграција е процес кој му овозможува на имигрантот поединец постепен напредок во статусот на патот кон полноправно државјанство.[45]

Препорачливо би било процесот за интеграција да започне веднаш штом на едно лице му се одобри престој за подолг временски период. Ова прво би требало да се олесни со одредби за информирање на правата и обврските на странецот.

Во својата компатибилност со правото на Европската Унија, Република Македонија прави заложби за да примени сеопфатна, систематска и ефикасна миграциска политика и да преземе соодветни акции во имплементирање на релевантната регулатива.

Република Македонија прави напори за дефинирање и имплементирање на конзистентни политики и програми во областа на правата и обврските на странците кои престојуваат во земјата[46].

Меѓународната миграција има потенцијал да придонесе за одржлив развој преку трансфер на вештини, циркулација на интелектуална сила и врски со дијаспората.

Миграциските политики кои се занимаваат со миграцискиот развој може да вклучуваат олеснето доброволно враќање и реинтеграција, времена или постојана посебно на високостручните лица, како и охрабрување инвестиции во земјата од својата дијаспора.

Миграциските прашања се еден од највисоките приоритети кога станува збор за интеграцијата во ЕУ и ова се рефлектира во политиките на ЕУ[47] во областите за правда, слобода, безбедност и проширување.

---

[45] Mesic M, Harmonizacija evropske migraciske politike, Filozofski fakultet Zagreb, 2003.

50 Донесена е Резолуција за миграционата политика на Република Македонија 2009-2014 година Службен весник на РМ бр.6 од 15.01.2009 година.

[47] Со договорот од Мастрихт во 1992 година, Европската економска заедница е преименувана во Европска Унија.

Во последните неколку години националните активности на полето на миграцијата на голем број држави се надополнија со меѓународен дијалог и препораки за миграцијата. Некои од поважните придонеси се: Меѓународниот дијалог за миграција на Меѓународната организација за миграции (ИОМ), како и Иницијативата од Берн и утврдувањето на Меѓународната агенда за справување со миграцијата; Извештајот на Глобалната комисија за меѓународна миграција донесен од Генералното собрание на ООН, Дијалогот на високо ниво за миграцијата и развој од септември 2006; и новата Мултилатерална рамка за трудова миграција на ILO која произлезе од 92-та сесија на Меѓународната трудова конференција во 2004 година.

Европската Унија постигна голем законски, политички и практичен успех на полето на миграцијата, а Советот на Европа изготви сеопфатни начела за соработка кај своето членство. Пресвртница во миграциските политики на западноевропските држави во правец на „хармонизација“ претставува Шенгенскиот договор (1985) кој се залага за постепено укинување на контролата на меѓусебните граници на земјите потписнички и тоа Франција, Германија и земјите на Бенелукс. Со други зборови со Шенгенскиот договор започна либерализација на протокот на луѓе, стоки, услуги и капитал, но истовремено се зајакна контролата на граѓаните на земјите кои не се потписнички на договорот и немаа склучено договори за безвизен режим со Унијата.[48]

Миграциските политики можат со себе да привлечат голем број програми и барања, но најважна е разликата дали се либерални или рестриктивни, дали се развиени на активен, плански начин, или се реактивни и ad hoc и, на крај, колку се практични.

Имиграциската политика сместена е на крстопат помеѓу внатрешната и надворешната политика. Затоа, за нејзино разбирање е потребно да се направи анализа, како на внатрешните политички односи, така и на меѓународните правила и ограничувања.

---

[48] „Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор“ е Конвенција од 19 јуни 1990 година за спроведување на Шенгенскиот договор од 14 јуни 1985 година меѓу владите на државите на Бенелукс-економска Унија, Сојузна Република Германија и Република Франција, за постепеното укинување на контролата на заедничките граници.

Земјите кои примаат економски мигранти се повеќе развиваат политики и практики за креирање начини на кои мигрантските заедници ќе учествуваат во земјата домаќин, почитувајќи ги нејзините вредности и фундаментални норми. Потенцијалните мигранти често се млади и квалификувани и нивната емиграција може да доведе до загриженост во однос на заминување на квалификувани работници во побогати земји создавајќи состојба на „одлив на мозоци". Ваквата состојба кај земјите на потекло, чии интелектуални елити се намалуваат со „одливот на мозоци", често ги принудува да се свртат кон вработување (скапи) странци. Карактеристичен пример за горенаведеното се африканските земји кои трошат повеќе од 4 000 000 000$ на годишно ниво на странски експерти, менаџери, научници, програмери и наставници. За да се избегнат можните последици, повеќе земји, меѓу кои и Република Македонија, се соочуваат со значаен предизвик за да ја подобрат својата внатрешна економска и социјална состојба и на тој начин да го редуцираат миграцискиот притисок, посебно од помладата генерација. Ова поставува многу важни внатрешни прашања за развојната политика на тие земји, како и на Република Македонија.[49]

Со донесување и стапување во сила на Законот за странци државата ја поврза својата миграциска регулатива со европското законодавство. Новиот закон ги регулира и развива минималните стандарди на ЕУ за влез и прием; престој; протерување и доброволно враќање; нерегуларна миграција; трговија со луѓе и миграциска статистика и заштита на податоци.

Заради целосно регулирање на престојот во Република Македонија по основа за вработување на странците, беше изготвен и усвоен Законот за вработување на странци кој е целосно компатибилен со европското законодавство, а воедно ја следи миграциската политика на земјата.

Во однос на политиките за враќање, истражувањето на Центарот за истражување и креирање политики покажува дека Македонија нема политика да ги привлече имигрантите назад дома, ниту пак нуди каква било помош за враќање.[50]

---

[49] Migration Management in Central and South-Eastern Europe. Iom Strategy and Objectives 2006-2007, International Organization for Migration, 2006

[50] Center for Research and Policy Making (2007). Strengthening Cross-Border Cooperation in the Western Balkan Regarding Migration Management. Macedonia, Migration Flows in Modern Macedonia, Skopje.

Понатаму, студијата укажува на одредени пречки за потенцијалните повратници, имено, плаќање carински такси за сиот имот што ќе го внесат при враќањето.[51]

Последниве две до три години, Република Македонија ги зголеми своите напори да ја зајакне врската со дијаспората. Освен директно инволвирање со дијаспората во процесот на креирање на политика, Република Македонија основа и Координативно тело за имиграција, кое располага со финансиски средства и добива предлог проекти од организации од дијаспората, наречени Програма 40. Други иницијативи вклучуваат давање стипендии од страна на државата на лица кои се од македонско национално малцинство за студирање на факултетите во земјата. Понатаму, од страна на државата се преземени серија мерки, кои се состојат од правна и материјална помош за бројни национални невладини организации кои се занимаваат со прашањата на дијаспората.

Основната функцијата на миграциската регулатива е да се дефинираат легитимните јавни очекувања во однос на однесувањето на сите оние кои се инволвирани директно или индиректно во миграцискиот процес.

За да се постигне ова, регулативата ги дефинира правата и обврските во врска со миграциите, оние кои дејствуваат во нивно име и должностите и надлежноста на оние кои дејствуваат директно или индиректно во име на државата.

Регулативата за миграции треба да ги рефлектира целите на стратешката политика на државата, оперативните политики на државата и институционалната рамка усвоена од државата за менаџмент на миграцијата.[52]

Ефикасната правна регулатива за влез и престој на странците во државата претставува основна претпоставка за спречување на илегалната имиграција.

---

[51] Ibid, str.31.

[52] www.iom.int/jahia/jahia/pid/352 ( 06.01.2012 год.)



# ГЛАВА 3

## ДИЈАСПОРАТА И НЕЈЗИНАТА УЛОГА ВО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРСКАТА СО ЗЕМЈАТА НА ПОТЕКЛО

# ГЛАВА 3

## 3. Дијаспората и нејзината улога во зајакнување на врската со земјата на потекло

### 3.1 Општо за дијаспората

Желбата да се подобри сопствената и материјалната состојба на семејството навела многу генерации Македонци да заминат во земјите со повисок стандард, кои нуделе можност за вработување и заработка. Позначајни миграции од Македонија се забележани со воспоставувањето на новите граници и поделбата на територијата на Македонија, по Балканските и Првата светска војна, кога се прекинуваат традиционалните економски и социјални текови, односно кога се вршат доброволните и насилни промени на етничката структура која постоела пред овие војни. Тие текови се остварувале во фази: прво се емигрирало во соседните земји, потоа се продолжувало во прекуокеанските земји, особено во САД и во Канада, како и во Австралија.

Дијаспора е поим што во себе ги опфаќа како македонското национално малцинство и иселениците (лица со поранешно македонско државјанство), така и сите државјани на Република Македонија на престој и работа во странство, независно од должината и категоријата на етнички Македонци што никогаш немале македонско државјанство.

Колку е важно прашањето за поврзаноста на татковината со нејзиното иселеништво говори и фактот што тоа било високо оценувано уште при создавањето на Македонската држава и одржувањето на АСНОМ и од неговиот прв Претседател Методија Андонов - Ченто.

На прашањето за иселеништвото се посветило внимание на самиот почеток на дејноста на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. Во записникот на заедничкото заседание на Иницијативниот одбор за свикување на Македонско народно собрание и Главниот штаб на Македонија под точката 4 стои: *Се овластува делегацијата да испрати до македонската емиграција во цел свет еден позив, во*

*кој да е покани да е помогне со сите сили и сите средства праведната борба на македонскиот народ.* (Документи Ченто, 91)[53]

Во 1946 година на 1 март Методија Андонов – Ченто Претседател на Македонското народно собрание испратил писмо до Македонците во Америка и Канада со благодарност за нивната подршка во време на војната.

Од 1945 година до денес се појавуваат неколку карактеристични периоди на емигрирање на граѓаните во други држави, за кој е карактеристичен и различниот степен на економскиот развој и разлики во миграциските политики како во нашата земја така и во земјата на дестинација.Тоа би биле следните периоди:

- Првиот, од 1945 година до почетокот на шеесеттите години, периодот се карактеризира со интензивни иселувања на Турците, а релативно мал е бројот на Македонците и другите граѓани кои заминале од земјата.

- Вториот период, 1961-1975 година, коинцидира со интензивирањето на економската емиграција, привременото вработување во странство и трајните преселувања во прекуокеанските земји.

- Во третиот период, 1976-1990 година, доаѓа до намалување на вработувањата во странство, поинтензивно враќање на работниците мигранти, обединување на семејствата на оние кои останале, саморепродукција на миграцискиот контингент и постепено трансформирање на привремениот престој во траен. Емиграцијата повторно се интензивира кон крајот на осумдесеттите години.

Временскиот интервал од осамостојувањето на Република Македонија до денес, се издвојува како посебен период во којшто е забележан најголем иселенички бран од започнувањето на економската емиграција.

Не би сакале да прорекуваме дека нов период во современата македонската историја на емигрирање ќе се појави со укинувањето на визите за македонските граѓани за влез во ЕУ на 19.12.2009 година, но нашите анализи и сознанија на полето на миграциските движења во нашата држава и надвор од неа, како и сознанијата за потенцијалните мигранти покажуваат дека сепак тоа ќе биде нов период на најновата македонска емиграција во светот а најмногу во државите на ЕУ.

Но за разлика од минатото најновите мигранти кои имаат за цел да емигрираат искористувајќи ја визната либерализација која ја донесе ЕУ кон Република Македонија, најпрвин ќе треба да се соочат со најновата миграциска

---

[53] Вражиновски, Т. (2005) Иселенички студии, Скопје.

регулатива на ЕУ која во континуитет се надоградува и преставува добар ,,филтер" кој спречува влез на несакани мигранти во ЕУ. [54]

Што се однесува на потребата за утврдување на точниот број на емигранти од Р.Македонија можеме да потврдиме дека е повеќе од потребна но истовремено и да признаеме дека не е лесна. Главна причина е тоа што Македонија стана независна држава во 1991 година, по распадот на Југославија. Македонија низ вековите беше или дел од Турската Империја како целина или по Балканските војни беше поделена меѓу Грција, Бугарија, Србија, а по 1945 година егзистираше во состав на Југославија. Затоа голем број Македонци кои имигрираа ги користеле пасошите од овие земји и се идентификувале како државјани од Грција, Бугарија, Србија, а подоцна Југославија.

Утврдувањето на точниот број Македонци-имигранти во Америка и во други земји во светот е дополнително комплицирано од фактот што имало недостаток на забележани и верификувани стандардизирани податоци за имигрантите, што тие ги носеле со себе за идентификација, а, исто така, луѓето кои се запознати со историјата на балканските земји знаат дека на овие простори немало стандардизирано водење евиденција за население, како раѓање, умирање, имиња на жители, како и евиденција за емигранти од овие простори. Какви досиеја и да постоеле, тие често биле уништувани за време на многугодишните војни, а преостанатите податоци за Македонците се изманипулирани од страна на Грција, Бугарија и на Србија преку менување на нивните презимиња, имиња на села и градови, обичаи и други карактеристики што го дефинираат македонскиот ентитет.

Со цел зајакнување на комуникацијата, Република Македонија мора да воспостави посилни формални врски со дијаспората преку изготвување на една државна програма која доследно би се спроведувала во континуитет и да се надградувала во зависност од потребата за тоа. Во таа насока неопходно е зајакнување на врските (културни, стопански, верски) со дијаспората, а како најважна активност се наметнува прашањето за пребројување на македонските граѓани во светот, т.е. попис на иселениците и нивните потомци.

---

[54] Николоски З. (2010) ,,Миграции-контраиндикации или причина за позитивни ефекти", Скопје: Аутопринт.

Но исто така е важно да се воспостави и линија на соработка со оние земји каде Република Македонија има најголем одлив на мозоци од поновата генерација високообразовани кадри, па да се обиде да добие компензација од тие држави.

Врз основа на податоците кои се водени за 2009 година од Министерството за надворешни работи, во табела бр.3 се покажува бројната состојба на наши иселеници во светот по држави.

**Табела бр. 3**

Состојба: 31.12.2009 г.

БРОЈНОСТ НА МАКЕДОНСКАТА ДИЈАСПОРА

Прекуокеански и европски земји

| **БРОЈ НА МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЦИ ВО СВЕТОТ** | | |
|---|---|---|
| **Земја** | **Бројност (според проценките на амбасадите)** | **Бројност (според други извори)** |
| **Прекуокеански земји** | | |
| 1.Австралија | 200 000 | 81 898 (Австралиско биро за статистика 2001 година.) |
| 2.САД | 200 000 | 43 783 (Биро за попис на САД-2000 година) |
| 3.Канада | 150 000 | 30 915 (Стат.на Канада-1996) 31 265 (попис во Канада-2001) |
| 4.Нов Зеланд | 15 000 | 621 (Завод за статистика на Нов Зеланд 2001 година) |
| **ВКУПНО** | **565 000** | |
| **Европски земји** | | |
| 1. СР Германија | 78-85 000 | 42 550 (Центар. Стат. Уред на СРГ-2005 ) |
| 2. Швајцарија | 63 000 | 61 455 (Сојузен завод за сандарди на ШК ) |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Италија | 50 000 | 34 500 (офиц. Податоци на Италија - 2004 година) |
| 4.Холандија | 10-15.000 | 10-15 000 (Хол. орг. за соработка со емигранти-ЛИЗЕ) 1091 (Завод за стат.на РМ - 1994) |
| 5.Австрија | 10-15.000 | 3607 (Завод за стат.на РМ - попис 1994) |
| 6. Шведска | 12-15.000 | 4872 (Завод за стат. на РМ - попис 1994 ) 4144 (Биро за стат. на Шведска - 2004 година) |
| 7. Франција | 12 000 | 7-10 000 (неофицијални податоци на ФР) |
| 8. Белгија | | 2054 (Завод за стат. на РМ - 1994 година ) 3288 (МВР на Белгија - 2005 година) |
| 9. Данска | 12 000 | 3147 (Завод за стат. на РМ - 1994 година) |
| 10. Англија | 9-10 000 | |
| 11. Норвешка | 2000 | |
| 12. Чешка | 2000 | |
| 13. Полска | 2000 | |
| 14. Русија | 1000 | 54 (Завод за стат. на РМ-1994 година) |
| 15. Исланд | 200 | |
| 16. Финска | 200 | |
| 17. Шпанија | 200 | |
| 18.Луксембург | | 356 (стат. податоци на Луксембург-2001 година) |
| **ВКУПНО:** | **284 600** | |

Извор: Министерство за надворешни работи

Состојба: 31.12.2009 г.

БРОЈНОСТ НА МАКЕДОНСКАТА ДИЈАСПОРА Македонско национално/јазично малцинство

| | *Според земјата* | **Минимум** | **Максимум** | **Само-проценка** | **МНР - проценка** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| Бугарија | Попис 1948: 250.000<br>Попис 2001: 5.071 | 500.000 | 1.200.000 | 1. 500.000 | 750.000 |
| Грција | Попис 1925: 162.506 | 550.000 | 850.000 | 1.200.000 | 700.000 |
| Албанија | Попис 1989: 5.000 | 90.000 | 150.000 | 300.000 | 120.000 |
| Србија | Попис 1991: 47.118<br>Попис 2002: 25.847 | 60.000 | 100.000 | 300.000 | 85.000 |
| Гора Косово | УНМИК 2004: 7.500 | 8.000 | 24.000 | 45.000 | 12.000 |
| | | | | | |
| **Вкупно (1)** | **205.924** | | | | **1.667.000** |
| Хрватска | Попис 1991: 6.280<br>Попис 2001: 4.270 | 10.000 | 13.000 | 15.000 | 11.000 |
| Словенија[55] | Попис 2002: 3.972 | 5.500 | 10.000 | 12.000 | 7.000 |
| Б и Х | Стат.проценка<br>1991: 1.596 | 2.000 | 5.000 | 6.000 | 2.500 |
| | | | | | |
| Црна Гора | Попис 2003: 819 | 1.000 | 2.000 | 3.000 | 1.500 |
| | | | | | |
| **Вкупно (2)** | **10.657** | | | | **22.000** |
| | | | | | |
| Романија | Стат.проценка<br>2002: 731 | 12.000 | 17.000 | 35.000 | 15.000 |
| Турција | / | 150.000 | 450.000 | 850.000 | 300.000[56] |
| | | | | | |
| **Вкупно (3)** | **731** | | | | **315.000** |
| | | | | | |
| **Се'(1+2+3)** | **217.312** | | | | **2.004.000** |

Извор: Министерство за надворешни работи

[55] Едновремено, констатирана е бројка од 4.760 лица кои зборуваат македонски јазик

[56] Се работи за вид јазично малцинство

**Забелешка:** Податоците, минимално-максимално се изведени согласно проценки за бројот на населението, природниот прираст во соодветната држава, како и настанатите миграции во Грција, Албанија, Бугарија, Македонија и делот на Гора на Косово од 1912, 1924, 1949, 1954 и 1999 година.

Со цел изготвување на стратегија за зајакнување на комуникацијата со македонската дијаспора во светот, повеќе од потребно се јавува и извршувањето на попис на нашите иселеници.

Реформата на изборниот систем во Република Македонија во изминатиов период резултираше со донесување на изборна регулатива во која се имплементирани најголем дел од меѓународно прифатените стандарди за спроведување на фер и демократски избори и како таква позитивно е оценета и од страна на компетентните меѓународни институции. Сепак, реформата која подразбира нормативни промени и нивна имплементација е жива материја и бара постојан ангажман на сите институции кои директно или индиректно се вклучени во изборниот процес со цел перманентно нормативно и практично подобрување и елимиирање на сите недоследности.

Според ажурираната листа на регистрирани гласачи презентирана на почетокот на мај 2007 година од Министерството за правда, има 59 650 гласачи кои престојуваат надвор до една година, од вкупно 1 742 316 регистрирани гласачи во Македонија.[57]

Оваа бројка на регистрирани гласачи кои престојуваат надвор од Р. Македонија до една година, со ажурирањето на листата на регистрирани гласачи пред одржувањето на предвременото гласање во јуни 2011 година е зголемена односно бројката се движи околу 75 000 гласачи.

Со цел навремено известување на македонското иселеништво во врска со правата за гласање на изборите во јуни 2011 година, Агенцијата за иселеништво на Р.Македонија, на 27.04.2011 година достави известувања за:

1. Предлагање на листи на кандидати за пратеници на Собранието на Република Македонија на претстојните парламентарни избори кои ќе се одржат на 5 јуни 2011 година.

---

[57] Center for Research and Policy Making [2007]: *Strengthening Cross-Border Cooperation in the Western Balkan Regarding Migration Management. Macedonia. Migration Flows in Modern Macedonia. Skopje.*

2. Спроведување на гласањето за избор на тројца пратеници во изборните единици 7- Европа, 8 - САД и Канада и 9 - Австралија, Народна Република Кина, Индија и Катар.
3. За спроведување на гласањето за избор на тројца пратеници во изборните единици 7, 8 и 9 и утврдување на броеви на избирачките места.

Со оглед дека се работи за можноста и право на нашите иселеници за прв пат да гласаат во дијаспората, а со цел информирање на дијаспората од страна на Агенцијата за иселеништво, беа доставени навремени информации кои беа користени од македонското иселеништво во светот. Најпрвин им беше доставено известување за предлагање на листи на кандидати за пратеници на Собранието на Република Македонија на претстојните парламентарни избори кои ќе се одржат на 5 јуни 2011 година. Гласањето на државјаните на Република Македонија, кои се на привремен престој во странство повеќе од 3 месеци или се на привремена работа или престој во странство повеќе од 1 година, иселениците беа известени дека ќе се одржи на 04.06.2011 година, во периодот од 07:00 до 19:00 часот во просториите на Дипломатско-конзуларните преставништва на Република Македонија во странство, односно во конзуларните канцеларии.

Во посебниот Избирачки список се запишуваат сите државјани на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство. Овие лица се запишуваат според нивното последно живеалиште во Република Македонија пред заминувањето во странство (член 41 став 5 од Изборниот законик-Сл.весник на РМ бр. 54/2011).

Запишувањето на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство, иселениците беа известени дека се врши и врз основа на доставена пријава во Дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство (член 42 став 4).

Државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство ако при увидот во Дипломатско-конзуларните преставништва на Република Македонија во странство, утврдат дека тој или друг граѓанин не е запишан во Избирачкиот список или се утврди дека треба да се изврши запишување, дополнување или бришење на податоците, барањето за запишување, дополнување или бришење на податоците со кое приложува и соодветна документација се доставуваат по електронска пошта преку Дипломатско - конзуларните преставништва до Државната изборна комисија или директно до

Државната изборна комисија (член 48 став 3). Државната изборна комисија преку Министерството за надворешни работи ги доставува до Дипломатско-конзуларните претставништва посебните изводи од Избирачкиот список за лицата на привремена работа или престој во странство врз основа на евиденцијата од надлежен орган, за ставање на јавен увид. (член 49 став 2). На 25 април 2011 година во 00:00 часот започнува јавниот увид и трае до 24:00 часот на 4 мај 2011 година, согласно со сметањето на времето во соодветната земја.

Доколку државјаните на Република Македонија сакаат да извршат увид во Посебниот избирачки список, ќе се идентификуваат пред надлежното лице во Дипломатско-конзуларното Претставништво односно конзуларната канцеларија на Република Македонија, со патна исправа издадена од надлежен орган на Република Македонија (која може да е и со поминат рок на важење) или лична карта. Увидот може да се изврши и преку Интернет страната на Државната изборна комисија: www.sec.mk. Барањето за запишување, дополнување или бришење на податоците во посебните изводи од Избирачкиот список за време на јавниот увид, државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство можат да го поднесат по електронска пошта преку Дипломатско-конзуларните претставништва до Државната изборна комисија или до Државната изборна комисија (член 50-а став 6).

Во посебните изводи од Избирачкиот список се запишуваат државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство со пријавено последно живеалиште во Република Македонија и кои поднеле пријава за гласање за претстојните избори до ДКП на Република Македонија во соодветната земја (член 50а став 7).

Од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на јавниот увид државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство можат да достават пријава своерачно потпишана или испратена по електронска пошта со која се пријавуваат за гласање на претстојните избори (член 50-а став 8). Пријавата за гласање, своерачно потпишана тербало да се достави до Дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија, односно конзуларните канцеларии во странство, или се испраќа по електронска пошта на следната адреса: izbirackispisok@sec.mk во периодот од 15 април до 4 мај 2011 година. На изборите за избор на претседател и пратеници можат да гласаат државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во

странство кои доставиле пријава за гласање и се запишани во посебните изводи од Избирачкиот список (член 50а став 9).

Покрај горенаведеното известување од надлежните служби во Р.Македонија до иселениците беше доставено и известување за спроведување на гласањето за избор на тројца пратеници во изборните единици 7, 8 и 9. Предлагањето на кандидати за избор на пратеници се врши со поднесување на листа на кандидати за пратеници (член 57 став 1 од Изборниот законик). Право да поднесат листа на кандидати за пратеници имаат регистрираните политички партии самостојно, коалиции, како и група избирачи (член 60 став 1).

Кога подносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи од изборните единици за гласање во странство потребно е да се соберат најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за тие изборни единици пред службените лица на Дипломатско-конзуларните претставништва на образец пропишан од Државната изборна комисија (член 61 став 2). Потписите на избирачите во постапката на кандидирање се собираат пред службените лица на Државната изборна комисија на образец, кој содржи име и презиме, постојано живеалиште, единствен матичен број на предложените кандидати, како и име и презиме и единствен матичен број на избирачот кој го потпишува предлогот (член 63 став 1). Собирањето на потписи пред овластеното лице во ДКП, за предлагање на листа на кандидати за пратеници на Собранието на Република Македонија, од група избирачи, започна на 25 април 2011 година во 00:00 часот и траеше до 24:00 часот на 4 мај 2011 година, согласно со сметањето на времето во соодветната земја.

Обврските поврзани со Избирачкиот список произлегоа од препораките на ОБСЕ/ОДИХР во делот на негово прочистување и ажурирање и од измените на Изборниот законик, според кој водењето на Избирачкиот список од септември 2009 година премина во надлежност на Државната изборна комисија.

Република Македонија цврсто стои на своите ставови за зајакнување на комуникацијата со дијаспората, но се појавува потреба од потранспарентна активност, т.е. потврда на тие ставови, па оттука би било пожелно да се донесе резолуција во која ќе објави дека македонската дијаспора е подеднаков партнер во градењето на македонската иднина и да и се овозможи да учествува во донесување на одредени предлог одлуки за државата.

Градењето на заедничка иднина за Македонија укажува на потребата и од градење на нови институции и тела помеѓу дијаспората и Република Македонија, во кои ќе бидат донесувани клучни одлуки за стратешки економски и политички активности на државата, како и за иднината на македонскиот народ.

Со цел брзо спроведување на својата стратегија за зајакнување на комуникацијата со дијаспората, Република Македонија е потребно да постави економски услови со цел мотивација за враќање и инвестирање на дијаспората во Република Македонија и тоа:

- Зголемување на македонските економски промотори во светот од редовите на македонската дијаспора.
- Да се изврши попис на македонското иселеништво (дијаспора) во светот.
- Да се формира заедничко тело помеѓу дијаспората и Владата на Република Македонија, во кое ќе бидат донесувани клучни одлуки за стратешки економски и политички активности на државата, како и за иднината на македонскиот народ (да се развие гласачкиот процес и во дијаспората).
- Даночни олеснувања за повратниците кои инвестираат;
- Зголемување на царински олеснувања за македонските иселеници кои влегуваат во Република Македонија со намера повторно населување во Република Македонија;
- Да се спроведе економска позитивна дискриминација за македонската дијаспора при инвестирање во Република Македонија;
- Намалување на трошоците (такси кои се плаќаат во ДКП на РМ во странство) за патни и други документи за иселениците;
- Зголемување на бројот на ДКП и конзуларни претставништва на Република Македонија во светот;
- Зголемување на бројот на почесни конзулати каде за почесни конзули би биле назначени експерти за економски прашања, а меѓу нив да има избраници и од редовите на македонската дијаспора;
- Подобрување на конзуларните услуги во ДКП на РМ во странство за нашите иселеници.
- Согледување на неопходните претпоставки за намалување на интензитетот на трајните иселувања, поттикнување на повратните текови, како и конципирање на активна миграциска политика и соодветна развојна политика на земјата.

- Намалување на трошоците за трансфер на девизните дознаки, континуирано унапредување на олеснувањето и достапноста на трансмисијата на дознаките.

## 3.2 Опис на релациите помеѓу дијаспората и земјата на потекло

Повеќе европски аналитичари македонската дијаспора ја портретираат како заедница која не е добро организирана, но нагласуваат дека Македонија почнува да ја препознава нејзината се поголема важност за стимулирање на странските инвестиции во земјата.

Кандидатскиот статус за влез во ЕУ, добиен во декември 2005, повлече значителни акции во однос на дијаспората, главно од законодавна природа. Од значителна важност беше дефинирањето на терминот дијаспора од Министерството за надворешни работи „како концепт кој го вклучува македонското национално малцинство и емигранти (поранешни жители на Македонија), како и сите жители на Македонија кои престојуваат и работат во странство, без оглед на траењето на нивниот престој и етничките Македонци кои никогаш немале македонска националност.“[58]

Според Министерството за надворешни работи, ова и овозможи на државата да води поактивна политика за дијаспората.

Афирмирањето на принципи кои нудат широка платформа за одржување на врските со нејзините граѓани кои живеат надвор од Република Македонија треба што поскоро да се заокружат, а некој од нив би биле:

- Претседателот на Република Македонија, да заземе поактивно определени ставови и да предложи усвојување на тие ставови од институциите што ја координираат или конкретно ја реализираат политиката на Република Македонија во однос на нејзиното иселеништво и на припадниците на македонскиот народ во соседните земји;
- Република Македонија на своите иселеници и сонародници да им овозможи на најпригоден начин да се искажуваат за суштествени прашања од македонското национално и државно живеење;

---

[58] http;//www.mfa.gov.mk (28.12.2010 год)

▪ Република Македонија да се погрижи за редовно и навремено информирање за состојбите во државата, во самото иселеништво и кај припадниците на македонскиот народ во соседните земји, за зачувување на културниот и националниот идентитет, за непречена работа на сите форми на организирање на нејзините граѓани што живеат надвор од Република Македонија.

Осамостојувањето на Република Македонија отвори нови процеси во самоорганизирањето на Македонците во светот.

Продолжувањето на времето на престојот на сонародниците во земјите низ светот ја надминува тезата за „наши граѓани на привремен престој и работа". Оттаму се наметнала и потребата за формирање црковни општини и македонски сојузи во Западна Европа и пошироко во светот како неопходни форми за зачувување и постојано одржување на комуникациите и контактите со Република Македонија.

За развојот на врската со иселеништвото важно е тоа да гради позитивен однос кон Република Македонија како самостојна и суверена држава,

▪ да го негува македонскиот и мајчиниот јазик и националните обележја и традиции;

▪ да изразува желба за меѓусебна соработка, како и за соработка со Република Македонија и со нејзините органи и институции;

▪ да се ангажира во унапредувањето на сопственото самоорганизирање во земјата на живеење согласно прописите на земјата домаќин;

▪ слободно да ја изразува својата вероисповед во рамките на Македонската православна црква и другите верски заедници.

▪ комуникација и контакти со иселеништвото треба да бидат секојдневни и да ги опфатат сите граѓани кои се иселени од Македонија, без разлика на нивната национална, верска и политичка припадност.

### 3.3 Соработката со дијаспората

Во Светот постојат многу примери на држави кои имаат развиена соработка со дијаспората на различни нивоа, а посебно на економско ниво. Можеби најкарактеристични за разгледување се еврејската, кинеската и ирската дијаспора.

Постојат повеќе карактеристики кои ја опишуваат релацијата помеѓу дијаспората и државата, кои би ги карактеризирале како општи карактеристики. Кога

ги разгледуваме овие карактеристики треба најпрвин да знаеме кои се очекувањата на државата од нејзините граѓани кои заминале да живеат надвор и нивните потомци, но и што државата треба да преземе за зајакнување на врската со својата дијаспора. Треба да знаеме дека постои потенцијална синергија.

Низ историјата, почнувајќи од среден век, дијаспората креирала огромни активности.

### 3.3.1 Општи карактеристики за релацијата дијаспора-земја на потекло:

- Создавање на голема **трговска мрежа** како пример во случајот со еврејската, италјанската, индиската дијаспора.
- Како втора фаза се појавиле **странските директни инвестиции**. Како пример странските директни инвестиции во Кина не се од странци туку од кинези кои живеат надвор од државата Кина, и тоа 70% од странските директни инвестиции во првите 30 години после Ден Сијао Пинг дошле од етнички кинези а не од странци.
- Исто така **туризмот** е значајна карактеристика преку кој во многу земји бројката на туристи е голема благодарение на туристи кои се од редовите на дијаспората.
- Потоа тука се јавува **образованието и културата**, како карактеристика преку кои се врши размена помеѓу дијаспората и земјата на образовни и културни вредности. Тоа е важно за да се зацврсти националниот идентитет и да гарантира идна соработка. Оваа карактеристика за жал е единствена димензија која што е развиена во Република Македонија.
- Како следна карактеристика се јавува **филантропијата**, активност преку добротворни организации, донации. Собраните пари на овај начин се користат за изградба на образовни објекти, музеи, изградба на паркови, поддршка на сиромашни фамилии реконструкција на региони погодени од природни непогоди, војна и сл.
- **Спортските настани** исто така се карактеристика за зголемување на соработката со дијаспората. Ако ја проанализираме оваа дејност брзо ќе заклучиме дека спортот покрај тоа што ја зголемува врската тој е и голем бизнис. Многу земји имаат креирано посебни спорски настани за

нивната дијаспора. На пример Израел организира посебен настан кој е сличен на Олимписките игри наречен (МАКАБИЈАТ), ова се олимписки игри на еврејскиот народ. Овој настан исто така се цени дека е и голем бизнис кој носи голем приход за Израел, од над 200. 000.000 долари. Тој настан се одржува на секои четири години.

- Потоа припадниците на дијаспората можат да донесат свои **менаџерски способности**, технолошки познавања, и практични знаења.
- Дијаспората има и друга функција а тоа е обезбедување на **финансиска мрежа,** која може да биде неформална преку која парите се трансверираат од државата према дијаспората или почесто од дијаспората во државата.
- Но постојат и формални мрежи преку кои се трансферираат пари, на пример, има стотици кинески банки или банки во сопственост на кинези во САД и тие обезбедуваат финансирање на проекти и активности во Кина.
- Следна карактеристика се **дознаките** преку кои голем број на иселеници од дијаспората праќаат пари во матичната земја. Во Македонија дознаките се 20% од БДП а за споредба, во Мексико дознаките се 10% од БДП. Дознаките имаат значајна улога во одржување на на економијата на многу земји и без нив многу економии би доживеале колапс. Ова е исто така една форма на интеракција помеѓу дијаспората и државата.
- На крај тука е прашањето за **политичко лобирање** кое има значајна улога за државата, а како лоби група може да се најдат лица кои се дел од дијаспората. Потребата од лобирање кај некои земји е различна, некаде се карактеризира со барање на странска помош од моќни земји и сл. Обично политичкото лобирање е помош и за економскиот дел на пример Американско-Израелска акција. Многу од активностите се поврзани со економски прашања. Тие лобираат кај САД за да добијат грантови, странска помош, воена помош, да потпишат одредени олеснувачки договори.

Кога ја анализираме оваа тема најновите сознанија говорат дека нагласено во последните 10 до 15 години е тоа што земјите на потекло усвоиле серија мерки, презеле чекори, усвоиле закони, регулативи со намера да создадат подобри услови за инвестирање на нивните иселеници а истовремено и со намера да ги привлечат своите граѓани кои ја напуштиле замјата да се вратат назад и да ги охрабрат да инвестираат. Некои се инплементирани во Република Македонија но не со посебен поглед и специфика за македонците во дијаспората. Тие се инплементирани генерално за сите инвеститори но нема посебен третман кон македонската дијаспора што го има во Израел и Кина.

### 3.3.2 Карактеристики за привлекување на иселениците -олеснувачки чекори во земјите на потекло:

Владите на овие земји ја намалуваат ставката на такси на дознаките со цел да привлечат дознаки. Тие продаваат обврзници за дознаки (нешто што го нема во Република Македонија). Овие обврзници имаат многу предности од причина што нудат можност кога треба да се испратат пари во кеш, постои можноста да се купи обврзница на дознака и таа да се достави до семејството.

Обврзниците се добри и за државата и за испраќаќот поради повеќе причини и тоа:

- Добри се затоа што ги легализира парите односно ги става парите во систем.
- Добри се затоа што лицето што купило обврзница, односно испраќа на тој начин пари до семејството добива камата, дури и за краток период. (дури и за 30 дена) односно добива додатен приход,
- Добри се и поради тоа што истите можат да бидат користени за инвестирање, купување приватен имот, добра и слично.
- Оваа обврзница е еден вид паралелна валута но со многу подобар даночен третман (такса но и добивка на камата) и можеме да кажеме дека е побезбедна.

Во повеќе земји во светот не е легално да се дискриминираат инвеститорите кои доваѓаат од некоја друга земја како и иселениците. Дури не е легално да се дискриминираат домашните од странските инвеститори. Третманот на сите

инвеститори треба да е идентичен. Од друга страна има многу економски мерки во кои дискриминацијата е дозволена дури и се охрабрува.

На пример постојат различни видови на такса, за луѓето кои се враќаат во земјата. Тоа би значело на некој начин охрабрување на граѓаните кои емигрирале да отворат бизнис и вработат луѓе, а при тоа да бидат ослободени од одредена обврска за плаќање на одреден данок. Ова не би значело дискриминација.

Исто така одредени мерки за олеснување од такса при враќање (попусти, ослободување од царина и сл), можноста лесно и брзо да се отвори компанија преку одредени ,,One Stop Shop Centre" и сл, од основна причина што лицето се враќа во земјата. Вакви примери се прифатени од земјите Кина и Израел.

Република Македонија има релативно значајна и долготрајна дијаспора и на етнички Македонци и на македонски граѓани од различни етнички заедници. Оваа дијаспора во последните години станува се подобро организирана за политичко и економско лобирање за Република Македонија, а со тоа и придонесува за развојот на Република Македонија.

Давањето можност на дијаспората да игра поактивна улога е од исклучително значење за развојот на Р.Македонија од причина што само на тој начин ке дојдат до израз квалитетите на многу наши сонародници кои живеат надвор во светот, кои го достигнале врвот на успехот во најразлични области на бизнисот, медицината, уметноста, науката и сл.

Соработката со нашата дијаспора треба да биде непрекината активност на сите граѓани, политички тела, без разлика на промената на власта во Р.Македонија.

Поради тоа испраќањето на заедничка порака од сите граѓани на Р.Македонија дека дијаспората е посакувана онолку колку што ја посакуваме и самата татковина, односно своето семејство.

Непресушен и неискористен извор на економски, културен и интелектуален потенцијал кој безрезервно и безусловно може да биде искористен за развојот на Р.Македонија е нашата македонска дијаспора во светот.

Денес, кога ја потенцираме важноста на македонската дијаспора отворено потврдуваме дека македонската дијаспора, не е непријател на македонската држава.

Иако до сега се преземени низа мерки и активности (извирачко право, договори за социјално осигурување, конзулати и сл.) Р.Македонија мора да продолжи со несмалено темпо, со остварување на нови постапки кои ќе бидат во

насока на остварување на цели и идеи, во интерес на зајакнување на врската помеѓу Р.Македонија и македонската дијаспора.

Емиграцијата поточно, иселеништвото односно дијаспората придонесува за развојниот процес на земјата на потекло.

Република Македонија во својата дијаспора треба да гледа дел од себе кој е спремен во секој момент преку економски активности и деловни релации да помогне во развојот на земјата.

Иселениците се сметаат се повеќе за агенти за развој кои можат да ја зајакнат соработката помеѓу својата земја и срединитe каде престојуваат и да придонесат за развојот не само со праќање парична помош, инвестиции и претприемачки активности туку и со трансфер на новоразвиени стручни вештини и знаење, како и со придонес за развој на демократизацијата и заштита на човековите права во нивните земји на потекло.

Дијаспората има отсекогаш главна улога во однос на трансферот на знаењето и технологијата помеѓу земјата на потекло и дестинацијата, а нивните мрежи можат да бидат основа за деловни партнерства, трговија и приливи на инвестиции.

Ваквиот трансфер може да биде ефектуиран со конкретни добивки или со виртуелен пристап, на пример преку веб-страници, преку кои може да се врши размена на знаење помеѓу професионалната дијаспора и нивните партнери во земјата.

Заедниците на мигранти во странство не се само извор на парични пратки. Покрај нивното финансиско учество, дијаспората може да помогне со поддржување на воведување новини, процеси на учење или олеснување на трансфер на знаење и технологија во земјата на потекло.

Дијаспората може да претставува поволен механизам за зајакнување, т.е. мигрантите можат да помогнат за размена на пазарни производи или услуги на земјите на потекло за потенцијалните потрошувачи во земјите на дестинација.

Покрај тоа што е значајна за развој на земјата на потекло, дијаспората може да е важна и во рамките на земјата на дестинација, на пример со претставување на интересите на мигрантите или со олеснување на контактите и односите со земјата на потекло.

*Во последно време* се повеќе се зголемува интересот на Република Македонија за комуникација со *македонската* дијаспора за да се стимулираат

директните странски инвестиции. Се повеќе дијаспората се таргетира како потенцијален инвеститор во државата.

Преселничките движења од Република Македонија во странство подолг период не беа предмет на проучување, а не беа преземени ниту мерки и активности неопходни за нивно насочување во функција на општествено-економскиот развој.

Имајќи ги предвид обемот и специфичноста на овие движења, кои произлегуваат од структурните белези на мигрантите и должината на нивниот престој, *се наметнува* потребата од промени *во досегашниот* несоодветен третман на овој проблем *кој може да биде основа за* негативни влијанија, со долготрајни последици и импликации во повеќе домени.

Со оглед на интензитетот и променетиот карактер на емиграцијата во последната деценија, денес повеќе очигледна е потребата за нивно попродлабочено проучување и фокусирање на општественото внимание за активно дејствување врз овие процеси.[59]

Зголеменото исполнување и остварување на содржини од културното живеење, учење на јазикот, негување на фолклорното наследство, забавниот, спортскиот живот несомнено ќе придонесат за зајакнување на соработката со дијаспората и сл.

Во иселеничките и сонародничките средини во сферата на информирањето треба да се обезбедат поголеми материјални и технички погодности. Република Македонија во иднина ќе треба да посвети поголемо внимание на стопанската соработка со иселениците, а преку нив и со земјите во кои тие живеат.

Остварувањето на комуникацијата и контактите помеѓу Република Македонија и нејзините иселеници и сонародници е можно само со вклучување на поголем број на институции, организации, асоцијации, и поединци, како и врвни институции во Република Македонија. Секој во рамките на својата дејност треба да иницира и да овозможува контакти со нашите иселеници.

Претседателот на Републиката, претседателот на Собранието на Републиката и претседателот на Владата на Републиката се прифатени како национални белези и кон нив иселеништвото има соодветен респект и очекува постојан придонес во развивањето на врските со матичната земја и народ.

---

[59] Јаневска, В. (2001) Современите меѓународни миграции, емиграцијата од Република Македонија и социо-економскиот развој,Скопје: Економски институт.

Во градењето на капацитетите за комуникација со нашето иселеништво треба да придонесат сите институции во Република Македонија кои имаат и најмала допирна точка со него, а посебно место треба да им припадне на Министерството за надворешни работи заедно со Дипломатско-конзуларните преставништва (ДКП), Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование, Министерството за економија, Министерството за култура, Државниот завод за статистика, Агенција за иселеништво, Јавниот државен радио-дифузен сервис МРТВ и др.

### 3.3.3 Основни услови за успешна врска помеѓу дијаспората и земјата на потекло:

Постојат неколку услови за успешна врска помеѓу дијаспората и државата.

За взаемно долгорочна врска која ќе постои и ќе се развива помеѓу дијаспората и државата, потребно е да постојат неколку предуслови;

1. Државата и дијаспората да делат силно кохезивно чувство на национален идентитет засновано на заеднички и универзално прифатен јазик, култура и историја и за заеднички етнос и мит за формирањето на нацијата,
2. Да има јасна и неоспорувана територија на татковина која ќе служи за сите цели, центар на гравитација и инвестиции, и економски и емотивни, за сите членови на таа нација во рамките на таа територија и надвор од неа.
3. Власта во татковината да ја смета дијаспората за еднаков партнер во донесувањето одлуки, формирањето на идентитетот и крајно интегрирање на нацијата и неделив клучен дел од благосостојбата на државата и просперитетот.
4. Сите влади во татковината се посветени на националната стратегија и на конкретни чекори да ја интегрираат дијаспората во политичките и економските процеси во државата.

Следните чекори се сметаат дека се минимален пакет за зајакнување на врската помеѓу земјата на потекло и националната дијаспора:

1. Доделување на дијаспората на неограничено или барем ограничено право на глас во татковината.(Република Македонија направи чекор во овој правец иако е нецелосен). Институционализирана инволвираност на политички структури кои ќе ја преставуваат дијаспората во политиката на татковината како на пр. Израел и обратно на пример, Еврејскиот Конгрес и Еврејската агенција. Одржување на

заеднички спорски настани како на пр. Макабијатот – односно еврејска олимпијада со ученици од целиот свет, размена и трансфер на студенти и професионалци помеѓу дијаспората и татковината.

2. Основање на фонд за купување на земја за реставрација на национални богаства во татковината, за пошумување или зачувување на национални или историски локалитети.

3. Барање на донации, стипендии и спонзорства од богати поединци од дијаспората.

4. Нагласок на културни активности, промовирање на националниот јазик, пр. разни франкофонски активности во Франција.

5. Продавање на акции и обврзници само (екслузивно) на дијаспората на пр, израелски обврзници. Креирање на различни инвестициски фондови, за да се охрабри поголема економска инволвираност на дијаспората во татковината.

5. Потенцирање на заедничка историја на нацијата, религиозната определба и културните корени за да се подобри националната кохезија и политичкото лобирање и поддршка.

6. Охрабрување на имплементацијата на специјален лабав даночен режим и издавање на обврзници , објекти за ,, one stop shop” , бизнис инкубатори и директни донации за донесувачките одлуки.

7. Потикнување на мрежи засновани на знаење, локални и странски, луѓе кои се лојални во дијаспората како експерти, бизнисмени, научници, формирање на здруженија на мигранти за да се споделат контакти, можности за бизнис и други општествени мрежи.

8. Охрабрување на граѓаните кои се враќаат преку обезбедување на донации концесии, заеми и можности за вработување. Ова се прави во Израел, Кина, Венецуела и др. [60]

---

[60] http:www.globalpoliticiaan.com/26882-diapora-motherland-networks-investment. (20.12.2011)



# ГЛАВА 4

# ВАЖНОСТА НА ДИЈАСПОРАТА ЗА ЕКОНОМСКО - ПОЛИТИЧКИ И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ И МИР НА ЗЕМЈАТА НА ПОТЕКЛО

# ГЛАВА 4

## 4. Важноста на дијаспората за економско - политички и социјален развој и мир на земјата на потекло

Дијаспората располага со богат квантум на важност и потенцијали значајно да придонесе за развојот и мирот во Република Македонија, дефинирани и како социјално – економски развој и мир, и како демократско – политички развој и мир.

Индикатори кои укажуваат на огромната важност на дијаспората се капиталот со кој располагаат, моменталните состојби со нивната бизнис дејност и предвидувања и очекувања за нивниот позитивен или негативен развој во иднина, мотивите, желбите и спремноста за инвестирање на сопствен капитал или за лобирање кај други бизнис центри, досегашни инвестиции или донации и најразновидни искуства од нив, најразновидните очекувања од идните ангажмани, нивни согледувања за бизнис климата во Република Македонија и за нејзино подобрување.

### 4.1 Позитивни економски ефекти од активната дијаспора

Значењето на дијаспората за економскиот развој на земјата може да се забележи преку одредени индикатори кои укажуваат на позитивни економски ефекти, како на пример: девизните дознаки, одредени инвестиции во Република Македонија, како од страна на странски инвеститори така и од страна на македонски *иселеници во странство, трансфер на технологија*, што придонесува за пораст на апсорпциска моќ на економијата, развој на менаџментот, поттикнување на иновациите, дестимулирање на монополистичките тенденции, преливен ефект, односно ширење (дифузија) на современата технологија во економијата, влез на странски директни инвестиции кои покрај технологијата, трансферираат и менаџерски и работнички вештини, итн.

Сите овие горенаведени значења мора да наведеме дека се условени од степенот на отвореноста на економијата спрема странство, т.е. спрема имиграцијата

која сака да инвестира, а со тоа и спрема нашите иселеници кои сакаат да инвестираат во нашата држава.

Позитивните економски ефекти придонесуваат за поголем економски развој кој се дефинира како вкупност од општествено-економски промени, условени од економски и неекономски фактори, кои во себе содржат и пораст на реалното производство.

Тој е тенденција која што се манифестира на долг рок. Економскиот развој ги вклучува промените во целокупната структура на општеството: во науката, образованието, културата и уметноста, здравството, општествената инфраструктура итн. Тој претставува процес во кој реалниот БДП има тенденција на пораст во подолг временски период.

Економскиот развој е поврзан со квалитативни промени, кои опфаќаат структурни промени, технолошки, институционални и други иновации.[61]

Официјалните трансфери во најголем дел се однесуваат на парична и стокова помош добиена од влади на странски држави и меѓународни организации. Извор на податоци за паричните трансфери е платниот промет на банките со странство, а за стоковите трансфери царинската евиденција.

### 4.1.1 Девизни дознаки- значење и ефекти

Дознаките кои се девизен прилив од граѓаните во странство во глобални размери стануваат сѐ поважен извор за екстерно финансирање за земјите во развој. После, директните инвестиции, дознаките претставуваат втор најважен извор на екстерно финансирање.

Според податоците на НБРМ, во 2003 година приливот на средства од дознаки достигна 143 милиони долари, што е за дури 50 милиони долари, или за 52% повеќе од износот на странски директни инвестиции за истата година (слични се цифрите и за првите три квартали од 2004). [62]

Ако овие податоци се дополнат за износот на дознаки кој влегува во земјава преку неформални канали (книжени во платниот биланс во други категории), а за кој

---

[61] Ефтимовски,Д. (2003) Економија на развојот, Универзитет „Св Кирил и Методиј“ Скопје, Економски институт-Скопје.

[62] Бројките драматично се променија во периодот 2006-2009 година.

во согласност со светските искуства се проценува дека е еднаков на регистрираните дознаки, вкупниот прилив на пари од дознаки изнесува речиси 300 милиони долари годишно. Тоа е за 3-4 пати повеќе од странските директни инвестиции за таа година.

За разлика од неа во период 2006-2008 година приливот на средства од дознаки драматично е зголемен. Пример за тоа би била 2008 година, кога висината на тие средства достигна и до една милијарда евра.

Економските ефекти од дознаките се многукратни:

1. тие ги зголемуваат девизните резерви на државата;
2. имаат позитивно влијание врз штедењето и инвестициите;
3. ја зајакнуваат депозитната база на домашниот банкарски систем;
4. ја зголемуваат ликвидната актива на населението и агрегатната домашна побарувачка, а со тоа и економскиот пораст.

Сето ова зборува за потреба од препознавање на значењето на дознаките како финансиски прилив и создавање на институционални услови за зголемување на приливот на средства по оваа основа.

Многу аспекти на вкупната инвестициска клима кои влијаат врз директните инвестиции, влијаат и врз дознаките.

Цената на финансиските услуги е исто така значаен фактор, бидејќи се работи за мали месечни износи (вообичаено до 200 долари по трансакција) на кои се плаќа превисока провизија (15% во просек во светот).

Значи, ако за само една третина се намалат трансакциските трошоци, тоа би обезбедило дополнителен годишен прилив за Македонија од 10-15 милиони долари. Тоа подразбира подобрување на законската регулатива, зголемена конкуренција и проширување на мрежата на филијали во руралните подрачја. Најдобри примери во светот во оваа насока се Бразил, Мексико, Филипини и Индија.

Парите што ги испраќаат емигрантите претставуваат втор најголем финансиски прилив во голем број земји во развој, притоа надминувајќи ја и меѓународната помош.

Најновите проценки на Светска банка се дека 250 милијарди американски долари глобално се трансферирани во 2006 година и оваа бројка е во пораст за 30% секоја година.

Според најновите податоци на ММФ, во 2007 година биле трансферирани 318 милијарди американски долари, од кои 240 милијарди долари во земјите во развој, кои во 2006 година имале трансфер во износ од 221 милијарда долари.

Дознаките придонесуваат за економскиот раст и за животниот стандард на луѓето низ цел свет.

Еден од проблемите на дознаките е тоа што емигрантите честопати ги користат неформалните канали за нивно трансферирање, така што е тешко да се утврди кој дел од трансферите што се пренесуваат преку формалните финансиски институции е оној дел што му припаѓа на делот на дознаките. Неформалните канали можат да се јават во неколку форми. Една од тие форми се дознаките што им се испраќаат на семејствата од емигрантот (во текот на неговите престои во својата земја) со посредство на одредени членови од семејството или на пријатели (ова особено се однесува кога се испраќаат одредени добра како подароци на своите семејства), како и преку одредени лица кои во исто време носат финансиски средства за повеќе семејства кои имаат емигранти во странство.

Закчучокот од трибина „Придонесот на дијаспората во македонската економија“ организирана од Македонското меѓународно движење за човекови права и Австралиско-македонскиот комитет за човекови права, дека непостои конкретна стратегија и политика, за рационално насочување и искористување на паричните средства што иселениците ги испраќаат во земјата, иако сумите се на завидно ниво, преставува лош знак за искористувањето на тие потенцијали од дијаспората. Иако иселениците сакаат, тие многу ретко одлучуваат да вложат во почнување нови бизниси тука, затоа што се соочуваат со сериозни административни пречки без притоа да добијат поддршка од државата за нивно надминување.

Приватните трансфери на дијаспората се многу поголеми од странските директни инвестиции и полнат речиси 20 отсто од буџетот, за 10 проценти го зголемуваат бруто домашниот производ и покриваат најмалку 50 отсо од трговскиот дефицит. Овој потенцијал значително може да ја подобри економијата во Македонија. Од дијаспората влегуваат многу повеќе пари од она што е официјално евидентирано. Најголем дел од нив се трошат во домаќинствата, за егзистенција на семејствата, за образование, со што се обезбедува социјален мир, додека изостануваат реалните инвестиции во произодствени капацитети, поради сложените административни процеси.

Приливиот од дијапсората во девизни дознаки е сериозно голем и буквално подарок за државата. Само половина од парите на иселениците се трансферираат официјално, преку банки или пошти. За останатите нема дознаки поради што е тешко да се утврдат сумите.

Статистика за вкупно влезените пари од дијаспората не ја отсликува најпрецизно состојбата. Само за споредба, во Албанија, на пример, пет до шест пати годишно се прават вакви истражувања со поддршка на државата.

Околу 160.000 семејства во Македонија егзистираат со пари од емигрантите. Последниве години Македонците најчесто одат на печалба во Италија и блискоисточните земји, а поретко во прекуокеанските.

Речиси не постои граѓанин од дијаспората што, на еден или друг начин, редовно не пренесува девизи во Р.Македонија.

Приватните трансфери ги сочинуваат дознаките во и од странство на домашните физички лица, откупената и продадената ефектива на менувачкиот пазар и останатите трасфери од кои најголем дел се рентите, пензиите, инвалиднините и др.

Основен извор на податоци е платниот промет на банките со странство. Меѓутоа, со оглед дека голем дел од овие средства потекнуваат од наплатите на резиденти од нерезиденти по дадени стоки и услуги (сива економија) и примени трансфери во ефективни странски пари, овие трансакции се евидентираат како дел од тековната сметка на платниот биланс (приватни трансфери).

Приватните трансфери на девизи во текот на минатата деценија заземаа сигурно темпо на пораст. Од 2000 до 2006 година вкупниот износ на трансфери изнесувал 4 милјарди и 360 милиони евра. Во 2007 година постигнато било рекордно ниво од една милјарда и 12 милиони евра. Во 2008 година доаѓаат до 980 милиони евра за да во 2009 година постигнат повторно рекорд од милјарда и 14 милиони евра вкупни трансфери. Значи од 1999 до 2009 година вкупниот износ на трансфери или девизни дознаки пристигнати во Р.Македонија изнесувал фантастични 7 милјарди и 776 милиони евра. Овие трансфери генерално спаѓаат во три категории.

Првата категорија се девизи што иселениците, кои претежно живеат во САД, Канада, Австралија и во Европа, ги испраќаат како помош за своите роднини во Р.Македонија.

Втората категорија се девизи што нашите иселеници ги трошат овде, во Македонија, при годишен одмор. Според некои проценки, станува збор за бројка од над 10 илјади фамилии кои годишно, во одреден период, вообичаено во лето, се враќаат во државава.

Третата категорија се трансфери од надвор, од луѓето што во текот на годината, како сезонци одат на привремена работа во разни европски земји. Значи парите што ги заработуваат таму ги враќаат назат во Македонија и со тие пари преживуваат во останатиот дел од годината.

При мерење на годишното домашно бруто производство, трансферите влегуваат како директн плус за зголемување на БДП. На пример, во 2009 година БДП на Македонија беше околу 5,7 милјарди евра. Една милјарда од овој БДП е директен прилив од трансферите од надвор.

Државниот завод за статистика воопшто не прави анализи за бројот на иселениците и нивниот придонес во стопаството. Со вакви истражувања од недомана почна да се занимава Народната банка. Согласно податоците оттаму, само годинава, од јануари до мај, влегле 639 милиони евра или 235 отсто повеќе од лани.

Од долунаведениот графикон направен при истражувањето на GDN Global development network 2009, Студија за Македонија – Развој во движење: Мерење и оптимизирање на економските и социјалните влијанија на миграцијата во Република Македонија, кој опфаќа одговори од домаќинства со отсутни мигранти на прашањето за начините кои се користат за испраќање дознаки, произлегува дека 56% од нив користат формални канали (агенции за трансфер на пари, банки и пошти), но повеќе од 42% користат неформални канали. Овој наод дава доказ за претпоставка дека половина од средствата кои ги праќаат отсутните емигранти не се евидентирани во официјалните статистички податоци.

Графикон 1:[63]




Извор: GDN Global development network 2009, Студија за Македонија – Развој во движење: Мерење и оптимизирање на економските и социјалните влијанија на миграцијата во Република Македонија.

Тука најчесто се поставува прашањето: Зошто се користат неформалните канали за трансфер на дознаките?

Според одредени истражувања што се извршени за оваа проблематика, се доаѓа до одговорите дека причината се наоѓа не толку во висината на провизијата, колку во довербата во формалниот финансиски систем, како и во приватноста што сакаат да ја одржат емигрантите, како во делот на плаќање даноци, така и од други приватни причини. Со зголемувањето на довербата во македонскиот финансиски систем, се зголемува и приливот на дознаки преку формалните финансиски канали. Македонија има долгогодишна традиција на емиграција.

Според официјалните податоци на ММФ (2006), околу 20-25% од македонското население живее надвор од границите. Според податоците објавени од Светска банка, во 2005 година имало 370 826 емигранти. Најзастапени емигрантски дестинации се: Германија, Швајцарија, Австралија, Италија, Турција, САД и Австрија.

Скоро една третина од сите македонски мигранти испраќаат пари дома. Жените испраќаат помалку од мажите, додека постарите мигранти кои биле во странство подолго време и мигрантите кои имаат чести контакти (барем еднаш годишно) со домаќинството од кое заминале, испраќаат повеќе.

[63] GDN Global development network 2009, Студија за Македонија – Развој во движење: Мерење и оптимизирање на економските и социјалните влијанија на миграцијата во Република Македонија

Повеќето од мигрантите испраќаат суми од 5000 УСД, при што помалку од 8% изјавиле дека испраќаат поголеми суми.

Повеќето испраќачи прилично редовно праќаат пари (месечно, на секои два месеца или двапати годишно). Само 56% од испраќачите користат формални канали (агенции за трансфер на пари, банки и пошти).[64]

Од долуприкажаниот графикон направен при истражувањето на GDN Global development network 2009, Студија за Македонија – Развој во движење: Мерење и оптимизирање на економските и социјалните влијанија на миграцијата во Република Македонија, може да се види дека повеќето од испраќачите редовно праќаат пари – месечно, секој два месеци, или двапати годишно – додека мал број испраќаат пари повремено.

**Графикон број 2**




Извор: GDN Global development network 2009, Студија за Македонија – Развој во движење: Мерење и оптимизирање на економските и социјалните влијанија на миграцијата во Република Македонија

Дека дознаките станувaат сè поважен извор на финансии во Македонија говори и долуприкажаниот графикон дека помеѓу 1993 и 2008 година, сумата на сите приватни трансфери (збир од дознаки, други приватни трансфери и девизни активности) од странство значително се зголеми, за повеќе од 23 пати, од 57,8 на 1,376 милиони УСД.

[64] Исто.

**Графикон 3: приватни трансфери и странски директни инвестиции во Македонија 1993-2008 (мил. УСД)**




Извор: НРБМ 2009b

Во просек за периодот помеѓу 2003 и 2008 год., овие суми изнесуваа преку 10% од БДП и покриваат 50% од трговскиот дефицит.

Во меѓувреме, капиталот од приватни трансфери од странство за истиот период е скоро три пати поголем отколку нивото на странските директни инвестиции.

Ова има многу позитивно влијание врз макроекономската стабилност во Македонија, и врз стабилноста на девизните разерви на земјата.[65]

Во продолжение се прикажани официјалните податоци на трансфер на дознаки во нашава земја. Може да се заклучи дека порастот на дознаките е значаен.

Според истражувања на Светска банка во 2006 година се претпоставува дека 50% од дознаките се во неформалните канали, така што реалните бројки се далеку поголеми.

[65] GDN Global development network (2009) Студија за Македонија – Развој во движење: Мерење и оптимизирање на економските и социјалните влијанија на миграцијата во Република Македонија.

**Табела 4.** Дознаки во Република Македонија

Според податоците на Светска банка [66]

| **Дознаки (во мил. американски долари)** | **2000** | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** | **Дознаки како процент во БДП** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прилив | 81 | 73 | 106 | 174 | 213 | 226 | 267 | 267 | **4,3%** |
| Одлив | 14 | 21 | 23 | 16 | 16 | 16 | 18 | - | **0,3** |

Зголемувањето на дознаките во последниве години може да се припише и на посериозното третирање и на евиденцијата на проблематиката на дознаките во Македонија, како и на поголемото користење на формалните канали за трансфер на средства.

Според Извештајот на Владата на Република Македонија во 2005 година, 18,5% од населението на Република Македонија зависи од дознаките како главен извор на финансирање.

Свеста за нивната значајност треба да се подигне на највисоко ниво, имајќи го предвид нивното значење за постигнување значајни резултати на Република Македонија во делот на постигнување повисок економски раст и развој на нашата економија.

### 4.1.2 Инвестициите од дијаспората во интерес на развојот на Р.Македонија

Придонесот од страна на иселениците за влез на финансиски средства и знаење преку поврзување со странски претпријатија и мултинационални компании е од огромно значење за економскиот развој на Република Македонија.

Обемот на инвестиции од иселениците во Република Македонија се зголемува и покрај помалата стартна основа.

---

66 http://econ.worldbank.org/wbsite (03.04.2010 год.)

Оттука може да се констатира дека Република Македонија треба да има поагресивен настап во информирањето на инвеститорите од редовите на иселениците бидејќи тие поседуваат значителен економски потенцијал.

Одредени проценки покажуваат дека во периодот од 2004 до 2020 година дознаките на нашите иселеници би можеле да се движат просечно околу 2 милијарди долари годишно.

Од овие средства се цени дека, со создавање на потребните предуслови, би можеле да се насочат за инвестиции од 15% до 20%.[67]

Поголем број на Македонци бизнисмени од Австралија се заинтересирани да вложуваат во Македонија, а од друга страна се заинтересирани и за зголемување на пласманот на прехранбени производи и можност за испорака на обувки на австралискиот пазар. Зголемениот интерес за таков вид инвестиции во Македонија произлегува од поволностите што ги нудат намалениот персоналец и данокот од добивка, а покрај тоа и работната рака е евтина.

Во напорот за привлекување на странски инвестиции не заостануваат и нашите иселеници кои живеат и работат и на американскиот континент.

Интересот на странски инвеститори за инвестирање во регионот како и во Р. Македонија во последниот период се зголемува и од една основна причина што тој е најмалку погоден од светската рецесија. Но како причина повеќе за инвестирање во Македонија од страна на странски компании е и евтината квалификувана работна сила, која е барана на пазарот. Исто така, поволната даночна клима, инфраструктурата и нашата поврзаност со земјите од регионот, како и договорите за слободна трговија со одделни земји, на пр. договорот со Турција, која има пазар со голем потенцијал, е добра причина за привлекување на странски инвеститори.

Не можеме да не бидеме реални пред фактот дека од осамостојувањето на Р.Македонија, одреден број Македонци од дијаспората се вратија во државата и се обидоа да инвестираат дел од својот капитал стекнат во странство. Иако вкупната бројка на вакви инвеститори беше на почетокот мала, сепак овој тренд посебно доби на интензитет во последната деценија. Меѓутоа, мораме да кажеме дека голем дел од ваквите инвеститори разочарани, или се откажаа или си заминаа, секој со своја проценка за оправданоста на бизнисот кој го започнале во Р.Македонија. Според

---

[67] Агенција за иселеништво на РМ (2003) ,,Иселеништвото од Македонија до денес" - Развојни потенцијали на иселеништвото од Република Македонија.

изјавите на повеќето инвеститори кои се откажале од понатамошен бизнис во изминатиот период во Р.Македонија, како основна причина се јавуваат недостигот од институционална поддршка, неефикасноста на судството, како и општата бизнис-клима и бизнис практика во Македонија.

### 4.1.3 Дијаспората во интерес на мирот

Дијаспора е поим што во себе ги опфаќа како македонското национално малцинство и иселениците (лица со поранешно македонско државјанство), така и сите државјани на Република Македонија на престој и работа во странство, независно од должината и категоријата на етнички Македонци што никогаш немале македонско државјанство. Во рамките на горенаведениот термин спаѓа и оперативно-административната класификација на категориите граѓани кои живеат надвор од територијата на Република Македонија (дијаспора, иселеништво):

-ПАТРИДИ – македонски државјани на подолг престој во странство,

-ЕКСПАТРИДИ-(иселеници) – поранешни државјани што по сопствена желба добиле отпуст од македонско, а се стекнале со друго државјанство,

Клучен критериум некое лице да се смета за иселеник е лицето да заминало од Република Македонија како државјанин на Република Македонија, што значи подоцна да го загубило државјанството и лицето да заминало во друга држава освен во матичната земја.

-БИ/ПОЛИПАТРИДИ – стекнале друго државјанство без да излезат од македонското или го повратиле македонското државјанство задржувајќи го државјанството на резидентната држава.

-НОНПАТРИДИ – државјани на други држави што се по потекло Македонци и кои или никогаш немале македонско државјанство или го изгубиле поради промена на државните граници (вклучително и распаѓањето на СФРЈ).

Горенаведената дефиниција за дијаспората на Р.Македонија има широко значење поради тоа што во себе ги опфаќа како иселениците така и МНМ-Македонско национално малцинство во соседните земји како и сите државјани на Република Македонија во странство без разлика на должината и категоријата на етнички Македонци. Но за да се направи разлика во однос на врската со дијаспората и мирот, а со тоа да го определиме интересот на дијаспората кон мирот, треба да

направиме јасна разлика помеѓу термините кои во оперативно-административната класификација на категорија граѓани кои живеат надвор од територијата на Република Македонија посочуваат на одредени карактеристики.

Првата група од дијаспора е онаа што ја викаме заедница на експатриди-(иселеници), поранешни државјани што по сопствена желба добиле отпуст од македонско, а се стекнале со друго државјанство. Овие луѓе живееле во земјата, заминале во странство од лични или професионални причини и живеат во други земји.

Втора група од дијаспората се нонпатриди, државјани на други држави што се по потекло Македонци и кои или никогаш немале македонско државјанство или го изгубиле поради промена на државните граници (вклучително и распаѓањето на СФРЈ). Тие етнички припаѓаат на земјата но не ја напуштиле никогаш, односно тие не живееле во земјата. Тоа се на пример втора, трета генерација, потомци на македонската дијаспора. Ова е прва дистинкција.

Втора дистинкција правиме кај мирот. Прв вид е внатрешниот мир или она што го викаме социјална и општествена кохезија, а втор вид на мир е надворешниот односно влијанието на надворешните односи од други држави со експатридите како и со нонпатридите надвор од земјата. При ваквата разлика се појавува интеракција помеѓу експатриди со внатрешната кохезија, интеракција на експатридите со надворешниот мир, дијаспората (нонпатриди) со внатрешната кохезита и дијаспората (нонпатриди) со надворешните влијанија од другите земји.

Искуствата од различни видови на дијаспора како ирската, еврејската, кинеската итн, покажуваат дека ефектите се дијаметрално спротивни во зависност од ситуацијата. На пример, експатридите кои живеат во земји кои не се пријателски настроени кон нив обично формираат мост помеѓу татковината, и земјата на престој и тие помагаат постепено да се ублажат тензиите. Еден одличен пример за тоа се американските експатриди и Кина. Тие помагаат за зајакнување на врската меѓу двете земји. На пример, амбасадорот на САД во Кина е експатрид од Кина. Експатридите во случајот помагаат да се формира мост на мирот помеѓу две земји.

Кога ги анализираме експатридите можеме да констатираме дека, истите речиси и да немаат влијание врз општествената односно внатрешната кохезија. Тие многу ретко се мешаат во внатрешните работи на татковината, но од друга страна имаат влијание за градење на врска меѓу татковината и земјата на живеење.

Делот на дијаспората кој го сочинуваат нонпатридите има точно спротивен ефект. Повекето дијаспори се многу националистички или шовинистички насочени отколку целата земја.

Постојат примери кога дијаспората понекогаш го радикализира влијанието врз националните политики во однос на непријателските земји, го радикализира влијанието во однос на мнозинството и малцинството. Има разлики помеѓу заедницата на експатриди, како дел од дијаспора и нонпатридите исто така како дел од дијаспората. Дијаспората во која припаѓаат луѓе нонпатриди кои не живееле во земјата на потекло, немаат сознанија од прва рака за ситуацијата, односно имаат идеализирана слика за земјата. Повекето дијаспори, бидеќи немаат сознание од прва рака, ја базират оваа идеализирана слика на приказни, митологија односно ја базираат својата емотивна врска врз историја, античка историја и приказни, со други зборови значи не се базира врз реалност и дневна политика. Затоа се јавуваат радикални ефекти. Дијаспората во муслиманските земји како и еврејската дијаспора се религиски мотивирани. Религијата додава друга димензија (шовинизам, национализам), на пример, израелската дијаспора имаше деструктивни ефект во Израелско - Арапските односи.

Повеќето население на западниот брег на Израел, потекнува од дијаспората како американски евреи. Истите во својата активност покажуваат радикални ставови, понекогаш и порадикални од било која радикална партија во Израел. Во Америка соработуваат со фундаменталисти против американските муслимани, арапи и слично.Тие ја притискаат израелската влада преку медиуми, реклами, да ја радикализира позицијата на пр. иницираат воени акција против одредени земји. Ваквите однесувања на дијаспората во израел не се многу посакувани.[68]

До некоја мера е исто со Кинеската дијаспора која е главна сила која ја радикализира позицијата на Кина. Комунистичката партија во Кина, историски анализирано е создадена од дијаспората. Дел од кинеската дијаспора што отишла во Тајван станала антикинески настроена.

Она што денес имаме е поголема бројност на заедниците на експатриди а со тоа тие имаат и влијание врз земјите посебно економски. Влијанието во политиката од страна на експатридите не е директно туку преку економијата.

---

[68] Д-р Сем Вакнин, интервју октомври-2011 год, направено по барање од авторот на дисертацијата, Скопје.

Постојат многу случаи кога заедниците на експатриди имаат акумулирано економска сила затоа што во нив има голем број на богати бизнисмени со добри позиции.Тие се организираат и на почетокот почнуваат да имаат благо влијание во земјата преку економијата, затоа што нивната врска е преку економски активност односно инвестирање. Како инвеститори истите сакаат да има стабилност и мир. Тука може да се забележи нов феномен кој порано не можел да се забележи, а тоа е конфликт на заедница на експатриди и нонпатриди како делови на дијаспората.

На пример Израел има заедница на експатриди од еден милион во САД и 5 милиони еврејска дијаспора. Експатридите го подржуваат Израел како заедница во САД да воспостави мир, економска стабилност, комуникации од економска гледна точка, а останатите 5 милиони израелци се радикални и тие бараат Израел да врши притисок врз палестинците, да го нападне Иран и сл. Тие испраќаат свои преставници во Израел кои формираат ексремни радикални партии. Тие се директно одговорни за радикалната израелска политика.[69]

Ирските експатриди исто така се голем број на луѓе кои поседуваат голем имот во САД. Има богати и влијателни Ирци кои ја притискаат Ирска за мировен процес, но другиот дел на ирската дијаспора, прави радикални потези како на пример, дава пари на ИРА, подржува тероризам и сл.

Има еден друг феномен кој што не им се случува универзално на сите нации, туку се случува на некои нации каде што има луѓе кои што живееле во непријателски земји, емигрирале во татковината и станале мост меѓу двете земји.

Таков пример можат да бидат еден милион евреи кои живееле во арапските земји (Ирак, Иран). Овие евреи дошле во земјата но се родени во арапските земји.Тие се мост на мирот, на тие земји со Израел. Слично на Македонците од Егејска Македонија кои можат да бидат мост со Грција.

За да се изгради овој мост на мирот меѓу двете земји треба да се има консензус помеѓу двете земји, на пример случајот помеѓу Р.Македонија и Р.Грција.

Имајќи ги ваквите сознанија но и факти, татковината може да преземе одредени активности како на пример:

- Да ја искористи експерската заедница за економски цели, поради тоа што повеќето студии од Светска банка како и студии на други институции, покажуваат дека подобро развиените земји имаат повеќе инвестиции и

[69] Исто,

подобра општествена кохезија а со тоа има и мир. Значи се појавува потреба земјата да ја зголеми комуникацијата со експертите од својата дијаспора од кои може да очекува да донесат инвестиции и на тој начин да го зголемат внатрешниот мир.

- Како потреба се појавува и можноста на земјата да ја образува дијаспората, а не да дозволи дијаспората да ја радикализира земјата. Со други зборови земјата на потекло треба да ја информира дијаспората за целите на земјата, за тоа која е визијата на земјата и какви се долгорочните планови. После остварена ваква комуникација на земјата и дијаспората, земјата на потекло ќе и предложи на дијаспората каде може да помогне. Но во ваквата комуникација треба јасно да се нагласи дека дијаспората не треба да ја диктира политичката клима во земјата на потекло.

Случајот со Израел и соработката со еврејската дијаспора е добар пример за позитивна соработка помеѓу државата Израел и дијаспората но од него можеме да извлечеме и една негативна поука од фактот дека дијаспората е толку многу интегрирана во политичкиот процес на Израел, да очигледен е фактот дека истата има преголемо влијание во државата и наметнува политичка клима.

Значи ќе се сложиме дека интегрирањето на дијаспората е неминовно и корисно но мораме да се сложиме и со фактот дека политиката на една држава ја диктира државата. Од горенаведеното можеме да се сложиме со тоа да експатридите треба да имаат можност да влијаат на земјата во економски активности, а земјата да ги води политичките активности.

Но кога зборуваме за потенцијалите на дијаспората треба да наведеме дека постои потребата да им се даде можност на тие потенцијали да дојдат до израз односно потребно е да се има план за тоа како да се искористи потенцијалот на дијаспората во улога на развојот и мирот. Планови за соработка и искористување на потенцијалот на дијаспората имаат речиси сите земји, но некои земји реало се држат до планираните активности како на пример, поставуваат и амбасадори како свои преставници во други држави и сл.

Република Македонија исто така има можност да гради мостови на соработка и мир речиси со сите земји во светот од причина што речиси да нема земја на планетата каде нема македонци, се разбира ако овие луѓе се контактираат а некои и едуцираат во Р.Македонија. Исто така голем потенцијал за градење на мостови на соработка и мир се македонските национални малцинства во сите соседни земји, но

тука мораме да си поставиме прашање колкава е соработката со овие наши македонци и дали истите се доволно искористени во улога на мирот.

Кога зборуваме за мирот мораме да нагласиме дека не можеме да генеларизираме дека дијаспората е добра или лоша за мирот. Мирот се постигнува и преку развојот. Развојот е мир а мирот е развој.

Мирот се манифестира преку економска стабилност. Еден пример е и поранешна СФРЈ во периодот од 1974/75 кога се случил колапс на економијата се појавиле и проблеми со мирот. Помеѓу 1974 и 1989 год. поранешна СФРЈ беше во долготрајна рецеција, а 15 години лоша економија предизвика распад на државата СФРЈ. Отаму можеме да кажеме дека економијата е мир, внатрешен и надворешен. Како пример Р. Грција која економски е во катастофална состојаба, таа нема сила да склучи мир со Р.Македонија и да ја признае својата грешка и неправда која и ја нанесе на Р.Македонија со непризнавање на името на државата, идентитетот и сл. Од причина што таква држава како Грција која нема внатрешен мир истата неможе да произведе мир ни надвор.

САД се добар пример за користење на експатриди, од причина што истите ги користат како инвеститори или менаџери во мултинационални компании.

Р.Македонија е во добра состојба и има можност да искористи дел од своите 200 до 300 илјади, експатриди и околу 3 милиони нонпатриди како дел од дијаспората. Експатридите можат да даваат мислење за економијата, инвестиции, а дијаспората-нонпатридите да помогне со лобирање. Што се однесува до македонските национални малцинства (МНМ ), тие може да бидат мост со земјите на престој. Но за да оваа претпоставка биде остварлива државата мора да има национална политика и институции кои ќе ги реализираат активностите на соработка, од причина што луѓето како поединци не можат директно да комуницираат со државата.

Пример за тоа колку може ваквата соработка да придонесе за развојот е Израел каде годишно преку вакви соработки се остваруваат 1,3 милјарди долари. Историски ваквата соработка започнала уште на Првиот конгрес на евреите во 1897 година, кога и немало масовност. Сега речиси после повеќе од сто години, состојбата е сосема друга. Значи главната стуктура е експатридите да се користат за економски работи а не за политика.

## 4.2 Потенцијална емиграција

Сознанијата за потенцијалната миграција покажуваат дека таа е многу блиску до реално остварување на намерата на многу граѓани, за емигрирање од Република Македонија, и потврдуваат дека таа, со релативно голем интензитет ќе продолжи и во иднина. Неа ја сочинуваат невработените и вработените, првенствено оние со повисоко ниво на образование, дел од научниот подмладок на одделни факултети, студентите од завршните години на факултетите од природните и техничките науки и лицата кои се на школување или стручно усовршување во странство.

Трансформацијата на потенцијалната миграција во реална ќе зависи од идните развојни процеси на земјата, промените во личните проценки на лицата кои сакаат да заминат во странство и во голема мера од имиграциските политики на потенцијалните земји на прием.

Добро осмислена развојна политика на среден и подолг рок во некаква мера можеби е решението на овој проблем.

За намалување на енормните размери на емиграцијата и потенцијалната миграција, на среден рок приоритет треба да добијат:

- надминувањето на општествената и економската криза;
- намалувањето на невработеноста;
- поттикнување и поддршка на научно-истражувачката дејност;
- создавањето на услови за интензивирање на повратните текови.

Отсуството на миграциска политика во Република Македонија, во изминатиот период, ги потенцираше негативните ефекти од емиграцијата. Конципирањето и усвојувањето на конзистентна и транспарентна долгорочна миграциска политика, денес се наметнува како неопходно поради што Република Македонија треба веднаш да започне со имплементација на Резолуцијата за миграциска политика на Република Македонија.

Со спроведувањето на предвидените активности во оваа Резолуција треба да се придонесе за надминување на постојната состојба на обемни трајни иселувања и искористување на расположливите големи потенцијали на мигрантите за развојот на земјата.

Ова прашање уште повеќе ќе се усложни со дилемата која стои пред граѓаните: колкав ќе биде бројот на наши граѓани кои ќе емигрираат со приемот на

Република Македонија во ЕУ. На Република Македонија и претстои сериозна опасност од одлив на работна сила во европските земји со нејзиниот влез во ЕУ.

Кога Романија и Бугарија влегоа во ЕУ, многу нивни граѓани заминаа да работат или да бараат работа во старите држави на ЕУ. Само во првите 12 месеци со влезот на Полска во ЕУ емигрираа 500.000 полски граѓани само во Англија, а ако се земат и другите бројки во други држави, тој број е многу поголем. Она што им се случи на тие земји, сосема е сигурно дека ќе се случи и на Република Македонија со нејзиниот влез во ЕУ.

Загрижувачки е и сега самиот факт што сѐ поголем е бројот на македонски државјани кои ја напуштаат земјата со претходно извадени бугарски пасоши, сега, кога не сме дел од ЕУ.

Сето ова ја доведува Република Македонија во опасност, затоа што постои голема веројатност високообразованиот и квалификуван кадар, да ја напушти земјава повеќе од неквалификуваниот, уште повеќе од причина што на европскиот пазар на работна сила потребен е стручен кадар многу повеќе отколку обични работници.

Предизвикот на младите луѓе да заминат од земјата е повисокиот животен стандард, перспективите за натамошна стручна надградба, можност за остварување успешна кариера во развиените земји за разлика од Република Македонија, каде, освен јавниот, проблематичен е и приватниот сектор со нецелосно организирани фирми, ненапредување на работниците и сл.

Согледувајќи ја ваквата состојба, можеме да констатираме дека во Република Македонија се наметнува потребата од преземање најитни мерки од страна на државата тоа да не се случи, што значи дека треба сериозно да се решава проблемот со непотизмот и ниските плати.

Последните истражувања на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања покажуваат дека едвај десет отсто од Македонците имаат високо образование.

Би било поразително и тие луѓе да си заминат од причина што во наредните неколку години во Македонија ќе се зголеми бројот на директни странски инвестиции, а таа нема да има соодветна работна сила за ангажирање. Така Република Македонија ќе се најде во незавидна положба.

Со цел зајакнување на врската со иселеништвото, манифестациите кои се организираат за иселениците е потребно да претрпат проширување на својата

агенда, да не бидат само политички маркетинг, туку да бидат можност и за размена на идеи и развој на инфраструктурни проекти во функција на еко-номскиот раст и развој на Македонија и промоција на нашата држава како посакувана инвестициска дестинација. Исто така, за развој на комуникациската поврзаност со нашите иселеници пожелно е почесто организирање економски форуми на кои заедно македонските бизнисмени од иселеништвото, претставниците на стопанските комори, локалните самоуправи, македонската берза, консултантските куќи, економските факултети и медиумите ќе дефинираат заедничка стратегија за соработка и учество на македонската емиграција во развојот на Македонија. При развојот на таа стратегија би се иницирале и идеи за измена на односот на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство кон нашите иселеници, со цел изградба на економски мост на соработка со нашата емиграција.

Република Македонија се смета за земја со голема традиција во миграциските процеси. Денес, како што земјата влегува во постреконструктивна фаза, со можност за слободни патувања во земјите на ЕУ, со реални изгледи за членство во ЕУ, и откако го надмина шокот на Балканските војни, земјата веројатно ќе стане поатрактивна за имигранти.

Во меѓувреме, државата посвети повеќе внимание на македонската дијаспора. Се смета дека емигрантите претставуваат повеќе од 1/4 од вкупното население. Повеќе напори треба да се вложат во создавање на поповолна рамка за враќање на емигрантите, која понатаму ќе ја зајакне врската со дијаспората.

Одредени физички пречки, како и несолидната економска ситуација во земјата го забавуваат тоа враќање. Истражувачката студија од 2007 година на Центарот за истражување и креирање политики во Скопје открива дека 29.7% македонски емигранти би сакале да се вратат дома, додека 21.6% често размислуваат за тоа.

Проучувањето на современата емиграција од Република Македонија покажа дека во услови на недостиг на целосни податоци од домашни и странски извори мошне тешко е реално да се димензионира нејзиниот обем и динамика.

Специфичен белег на нашата емиграција е големата застапеност во пре-куокеанските земји. Иако податоците од пописите се нецелосни, сепак даваат релевантни сознанија за континуираната насоченост на мигрантите од одделни подрачја кон исти земји, што укажува на постоење на миграциски врски.

Во деведесеттите години земјата ја напуштиле најмалку 100 илјади лица. Бројот на мигрантите бележи континуиран пораст и во 1994 година достигнува 173.611 лица. Притоа, доминантна останува застапеноста на мигрантите од селските подрачја и покрај изразитиот пораст на емиграцијата од градските подрачја по 1981 година.

Во половата структура на миграцискиот контингент дојде до пораст на бројот на жените, особено активните. Составот на миграцискиот контингент според старост покажа дека надвор од земјата престојува значителен витален дел од населението.

Имено, мошне значајни се показателите за миграциските генерациски коефициенти, според кои мигрантите во просек се помлади од вкупното население во земјата. Во 1994 година во странство се наоѓа релативно голем дел од основните старосни контингенти на вкупното население (6,9% од децата, 9,9% од младите 9,4% од работоспособното население и 8,1% од женскиот фертилен контингент).

Промените во бројот и структурата на мигрантите според школска подготовка се мошне нагласени. Особено голем е порастот на лицата со завршено средно, вишо и високо образование.

Во услови на мошне скудни домашни и странски извори на податоци за оваа емиграција, тешко би можело целосно и реално да се утврди нејзината големина и социоекономските карактеристики на мигрантите.

Според одредени проценки, денес надвор од земјата престојуваат најмалку 15.000 лица со високо образование. Тоа претставува повеќе од 15% од вкупниот број лица стари 15 и повеќе години со завршено високо образование во земјата.

Оттаму, може да се констатира дека Република Македонија се соочува со бројна и интензивна интелектуална емиграција.

Истовремено загрижувачки размери достигнува и потенцијалната миграција. Во настојувањата да се идентификува потенцијалната интелектуална емиграција направено е анкетно истражување на миграциските намери на наставно-научните кадри и студентите од завршните години на неколку факултети.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека миграциските намери на студентите од споменатите факултети се мошне изразени. Во 1994 година три четвртини од студентите (76%) размислувале или планирале да заминат од земјата. Во 2003 година вредноста на овој показател е уште повисока бидејќи 86,8% од студентите размислуваат или планираат да заминат во странство. Интересно е тоа што тој тренд на заминување во странство продолжува и последниве години а

посебно со либерализацијата на визниот режим со ЕУ.

Во Република Македонија не помалку алармантна е и состојбата во однос на миграциските намери на младиот наставно-научен кадар. Имено, 55,9% од анкетираните се изјасниле дека размислуваат, а 10,2% дека планираат да заминат од земјата, или вкупно околу две третини од испитаниците.

Врз основа на резултатите од анкетното истражување на студентите и младиот наставно-научен кадар може да се заклучи дека Македонија денес се соочува со мошне голем миграциски потенцијал и дека проблемот на brain drain поприма алармантни димензии.

Во услови на потенцирано трансформирање на привремениот престој во трајни преселувања, како и интензивирање на иселувањата во поново време, со емиграцијата Република Македонија трајно губи значителен дел од своето население, кое сè повеќе станува статистичка популација која незапирливо и прогресивно ги губи своите етнокултурни белези.

Времетраењето на престојот на мигрантите ја потврдува долгорочноста на овие движења и нивниот интензитет во првата половина на деведесеттите години. Во 1994 година надвор од земјата до 5 години биле 29,3%, а подолго од 20 години 30,3% од мигрантите.

Повратните текови бележат тенденција на опаѓање. Бројот на повратниците од странство од околу 20.800 во 1981 се намалува на 14.000 лица во 1994 година. Повеќе од половина од нив престојувале во странство до 5 години.

Во услови на трансформација на привремените миграции во трајни, дојде до загуба на значителен дел од работната сила.

Според податоците од Пописот во 1994 година, како резултат на емиграцијата, вкупното работоспособно население е помало за 9,3%, а активното за 11,3%. Меѓутоа, оценките покажуваат дека вредностите на овие показатели реално се поголеми најмалку за 50,%.

Во вакви околности, валоризирањето на влијанието на емиграциските движења врз ублажувањето на проблемот на невработеноста во земјата добива подруго значење, бидејќи кога трајно се губи дел од работната сила, неговата цена е превисока.

Истовремениот пораст на емиграцијата и на невработеноста недвосмислено покажува дека со неа ниту се ублажува, ниту се решава проблемот на невработеноста.

Негативните ефекти од емиграцијата врз работната сила особено се манифестираат во селските подрачја, каде во 1994 година работоспособното население е помало за 14%, а активното за околу 20%. Тоа влијаеше врз годишната стагнација и длабоката економска криза, посебно во периодот на транзиција.

Во внатрешните финансиски текови, приливот на девизни средства до почетокот на деведесеттите години, претставуваше доминантна компонента во структурата на вкупните девизни заштеди на граѓаните.

Поради нивната голема застапеност во долгорочните депозитни средства на банките, тие беа значаен потенцијален ресурс за финансирање на развојните активности во земјата.

Податоците од бруто-билансите на примањата и издавањата на населението и другите информации, покажаа дека емиграцијата имаше позитивно влијание врз платежно-способната побарувачка на населението.

Во услови на долготрајна економска криза, примањата од странство влијаеја врз подобрувањето на животниот стандард на населението во изразито емиграциските подрачја за какво што се смета и Македонија.

Според податоците на ММФ за 2002 година, дознаките во Р. Македонија изнесувале 15,2% од Македонскиот ГДП или 278 долари per capita. Според податоците на германското Министерство за надворешни работи, македонските емигранти на годишно ниво од оваа земја испраќаат за Македонија над 50 милиони американски долари.

Позитивното влијание од девизните дознаки и другите примања на населението од странство врз економскиот развој на земјата изостана.

Иако тие беа само дел од вкупните финансиски средства на мигрантите, сепак нивниот обем не е мал и доколку беа продуктивно искористени, ќе можеа да придонесат за поттикнување на стопанските активности и за поголемо ангажирање на работната сила. Најголем дел од овие средства се користеше за издржување на семејствата, купување недвижен имот, трајни потрошни добра и друго.[70]

Република Македонија има карактер на изразито миграционо подрачје карактеризирано како со интензивни внатрешни поместувања на населението, така и со континуиран процес на иселување на населението во други држави. Меѓутоа,

---

[70] 8th Council of Europe Conference of ministers responsible for migration affairs-Economic migration, social cohesion and development; towards an integrated approach-Kiev, September 2008

потпирајќи се на евиденциите од земјите кои се дестинација на овие иселеници, се проценува дека годишното ниво на иселување од Република Македонија се движи помеѓу 10 и 15 илјади лица.

Со намалување на емиграцијата во значајна мера ќе се ублажат последиците кои го предизвикуваат процесот на демографското стареење на вкупната популација.

Превенцијата од идно емигрирање на младите луѓе наложува заеднички напори на многу институции и приод насочен кон подобрување на животниот квалитет на младите од сите аспекти (образование и квалификација, работа и професионално оспособување, семејство и деца, домашни услови за живот, личен развој, учество во граѓанското општество и др).

Намалување на стапките на миграции

Мерки и интервенции:

Мерки за создавање на активна миграциона политика преку:

1. Проширување на активни програми и мерки на пазарот на труд насочени кон намалување на невработеноста на младите генерации под триесет годишна возраст насочени кон посебни критични групи на млади луѓе.
2. Поттикнување и субвенционирање на основање на производни и трговски друштва, мали и средни претпријатија, семејни бизниси и други облици за вработување на населението во подрачјата изложени на иселување, забрзано стареење и ретко населените подрачја.
3. Поттикнување за развој на одредени региони и насочување на трендот на внатрешната миграција.
4. Спроведување на мерки и програми, поттикнувајќи го враќањето на младите луѓе кои дипломирале надвор од државата, именувајќи им државни административни позиции (особено во единиците кои работат на европската интеграција).
5. Развивање на емиграционата политика, привлекувајќи граѓани на Р.Македонија кои живеат и работат во странство со цел префрлување на нивниот бизнис и работење во земјата.
6. Ревизија и адаптација на постоечката легислатива во областа на емиграцијата.
7. Активирање на сфери за соработка со емигрантите од земјата кои живеат во странство.
8. Спроведување на активни политики за стимулација за враќање на мигрантите во земјата.



# ГЛАВА 5

## ИСКУСТВАТА НА ДРУГИ ДРЖАВИ ВО СВЕТОТ ВО СОРАБОТКАТА СО ДИЈАСПОРАТА

# Глава 5

## 5. Искуствата на други држави во светот во соработката со дијаспората

Во смисла на прашањата поврзани со дијаспората и иселеништвото, во модерниот свет постојат држави од кои потекнуваат овие иселенички процеси и заедници и има држави каде завршуваат, односно каде се населуваат истите.

Многу од државите во Европа се со истата, дури и поголема, пропорционалност раселени низ светот, особено низ прекуокеанските земји. Ирска, Полска, Унгарија, Хрватска, Бугарија, Грција се само дел од земјите кои имаат огромни заедници низ светот. Овие држави на сосема различен начин се однесувале и се однесуваат кон својата дијаспора.

Македонија треба да ги погледне искуствата на овие земји и треба да ги искористи различните примери на државите, како македонската заедница може да биде искористена за истата заедничка цел, за успехот на Македонија односно активноста на дијаспората да биде на ниво со кое ќе допринесе за зголемување на развојот и зајакнување на миро во интерес на Република Македонија.

### 5.1 Значењето на активната дијаспора за развојот и мирот на татковината

Во многу држави каде е изразена бројката на имиграцијата но и онаму каде таа бројка и не е толку голема, постојат примери каде емигрантите вршат притисок врз владите во своите нови држави, за политика што е поволна за нивната татковина. Исто така, нивното влијание се чувствува и во родните земји, со други зборови штом дијаспората е активна, таа активност се чувствува и во земјата на престој но и во земјата на потекло.

Постојат многу примери кога активноста на дијаспората се судира дури и со законски норми, но кога е во прашање својата земја, националното чувство е нагласено и целата активност е насочена во заштита на националните интереси на еден народ.

Дијаспората, која преставува заедница на луѓе што живеат надвор од нивната родна земја, го наметнуваат своето влијание односно, лобира во новите земји за

политика поволна за нивната татковина, но дијаспорите се повеќе го наметнуваат влијанието и врз политиката на земјите кои ги напуштиле физички, но не и емотивно.

Државата Еритреја се обратила до своите сонародници во странство кога одлучила да ја води бесмислената погранична војна од 1998 до 2000 година. Малата, сиромашна и само шест години стара земја не била во состојба да се бори против својот поголем сосед Етиопија. Сепак, Владата успеала да им наплати данок од 2% на приходите на околу 333.000 емигранти од 3,8- милионското население на Еритреја. Со тоа беше финансирана, но и продолжена, ужасната војна.

И Хрватите во странство го сторија своето за родната земја, и пред и по стекнувањето независност во 1991 година. На почетокот на 90-те, набрзо по падот на европскиот комунизам, но пред распаѓањето на југословенската федерација, од Хрватска беше упатен повик до Хрватите во дијаспората да се вратат дома. Некои се вратија и се бореа во војната што избувна во 1991 година, додека другите собираа пари во странство - до 1991год. беа собрани околу 30 милиони долари. Во меѓувреме, Хрватите во егзил интензивно лобираа во Германија која, пак, на дипломатски начин изврши притисок над ЕУ брзо да ја признае новата држава. Исто така, националистичката емиграција ја помогна изборната кампања на Фрањо Туѓман во 1990- та, а за возврат беше застапена во Парламентот во 1992 година. 12 од 120-те пратенички седишта им беа доделени на Хрвати од дијаспората кои гласаа во конзулатите или во општинските центри, клубови и цркви одредени од властите во Загреб. За споредба, етничките малцинства во Хрватска добија само 7 пратенички мандати.

Со 10,8 милиони мексички сограѓани на гласачка возраст кои се надвор од земјата, голем број политички кандидати сметаат дека вреди да се води кампања и во САД, каде што живеат 99% од „отсутните " . Дури и ако само мал дел од нив се вратат во Мексико на денот на гласањето, тоа може многу да влијае врз изборите.

Новото право на дијаспората да гласа, колку и да е теоретско, било дадено со двоумење. Институционалната револуционерна партија (ИРП), која 60 години без прекин владееше со Мексико, сметаше дека мексиканските емигранти нема да ја поддржат. ИРП веројатно била во право. Иако дијаспората не ја сочинуваа политички емигранти кои би биле непријателски настроени кон Владата на земјата што ја напуштиле, емигрантите беа доволно софистицирани за да не ја сакаат егоистичката политика на ИРП. Освен тоа, национализмот, кој често ги тера

емигрантите да сочувствуваат со владата во татковината, воопшто не беше едно од прашањата на изборите во Мексико. [71]

Големо економско, но слабо политичко влијание во родниот крај во минатото, дијаспората немаше голема моќ. Неколку милиони емигранти расфрлени низ светот, кои секаде се малцинство, се слаби. Тие се влијателни само кога се концентрирани, како на пример швеѓаните во јужна Финска, или кога се добро организирани, како евреите во САД и ерменците во Франција.

Таа промена е највидлива не кај најпознатите, стари дијаспори, туку кај помладите. Така, влијанието на големата заедница на кинези во странство врз Кина, барем засега, најмногу се чувствува преку трговијата и инвестициите; тоа се уште не е директно политичко влијание.

И еврејската дијаспора (прва која го доби тоа име, според вавилонското заточеништво), иако е страсно заинтересирана за Израел и подготвена да го поддржи финансиски, веројатно е повлијателна во странство отколку во еврејската држава.

Некои дијаспори се посиромашни од народот што го напуштиле. Околу 537.000 Аргентинци од италијанско потекло се толку сиромашни што регионите во Италија, како Венето, организираат програми за враќање на емигрантите, во чии рамки се бараат и создаваат работни места за тие што сакаат да се вратат.

Сепак, најголем дел од емигрантските групи се добростоечки. Просперитетот на емигрантите, во најголема мера, комбиниран со нивното образовно ниво, им го дава влијанието во татковината.

Емигрантите од кој било вид годишно испраќаат во родните земји околу 100 милијарди долари преку официјални канали, од кои 60% одат во сиромашните земји, кои веројатно добиваат уште 15 милијарди долари неофицијални пратки.

Влијанието на дијаспората не наидува секогаш на добар прием. На некои емигранти не им се верува, особено ако биле во странство додека приликите во родната земја биле тешки. Нивните мотиви за заминување најчесто се економски исто колку и политички и најголем дел од нив немаат намера да се вратат во татковината.

---

[71] Неделник „Капитал" (број 169) јануари 2003- та година, текст под наслов „Колку е битно да се има активна дијаспора", со наднаслов „Улогата на емигрантите во старите и новите татковини".

Сепак, влијанието на емигрантите се преценува. Ева Остергард- Нилсен, од лондонската Школа за економија, нагласува ,,дека дијаспорите ретко може да натераат некоја влада да усвои одредена политика доколку таа политика не е од национален интерес".

Сепак, дијаспорите несомнено и се повеќе ги мешаат интересите на татковината со интересите на државите во кои се наоѓаат и ги туркаат своите интереси во родните земји. [72]

## 5.2 Израел-пример за соработката со дијаспората

Дијаспората може да игра клучна улога како ресурс за развој на сопствената земја и од овие причини се цени како потенцијал за одржлив развој. Сè повеќе дијаспората се организира во домашните земји за да ги искористи своите ресурси за да го поддржи развојот на својата земја.

Добар пример за тоа колкава е важноста на дијаспората за државата на потекло е Државата Израел. Израел, е парламентарна република, во која во моментот живеат околу 6.500.000 жители на површина од 20.425 км$^2$. Колку многу дијаспората била активна, односно приврзана кон родната земја говори и фактот дека од основањето на Израел (1948 год.) бројот на жителите е зголемен за 607 %, околу две третини поради доселување на евреите од целиот свет, се до 1975 год. после што намалил бројот на имиграција.

Прикажувањето на примерот со Израел има за цел да ја долови вистинската слика за улогата на дијаспората на повеќе сегменти и тоа:

Дијаспората на Израел придонесе за мирот и развојот на Израел.

Еврејската дијаспора е поделена на два дела, и тоа на европска и дијаспора во САД. Европската дијаспора во споредба со дијаспората од САД не е доволно активна, освен во Франција и Велика Британија. Таа игра клучна улога во соработката за развој на Израел и тоа на:

- воен, политички и економски план.

---

[72] http:// www.panoptikum.com.mk/vremetraenje (14.03.2010 23:57)

### 5.2.1 Видови на поддршка

#### Воена поддршка

Кога бил создаден Израел, во 1948 година, и кога имал ембарго за оружје, дијаспората од САД била таа која презела активности за опремување на Израел со оружје и која ја направила целата активност за пренесување на оружјето во Израел. Израелските војници служеле како пилоти, командоси, командири и трупи во војната за независност (1947-1949). Сето тоа траело до 1956 година. Таа категорија на лица кои биле инволвирани во шверцување оружје во Израел по 1956 година од САД емигрирале во Израел и ја формирале воената индустрија на Израел. По 1956 година не постоеле организирани активности на дијаспората во воени афери. Имало одреден број разузнавачки агенти кои биле фатени низ светот, но тие не биле претставници на еврејската дијаспора, туку биле поединци кои работеле по задача на Израел.

Израелските воени лидери помагале да се промовираат производите на израелската воена индустрија и да се навлезе на пазарите како Кина, Иран, земјите од Заливот, каде израелско директно присуство е сѐ уште невозможно.[73]

#### Политичка поддршка

Евреите во дијаспората обезбедиле поддршка од големите сили за основање на државата Израел, уште на почетокот на минатиот век (Декларација Балфор 1917).

По основањето на Израел како држава, главна цел на дијаспората била да обезбеди признавање на Израел од другите држави, да обезбеди поддршка од Франција, Велика Британија и САД во генералната политика и да придобие поддршка на целите на Израел (позитивна поддршка).

---

[73] Д-р Сам Вакнин од Израел, Интервју (Јуни, 2011 год), Скопје, направено по барање на авторот на докторската дисертација.

Првата главна фаза на активности на дијаспората била завршена до 1960 година и од тогаш до денес еврејската дијаспора главно е ангажирана во лобирање во Капитол хил и Конгресот на САД.

Влијанието и активностите на еврејската дијаспора создале услови за формирање на Американско-израелски политички акциски комитет (АИПАК).

Улогата на АИПАК била да ги идентификува политичарите кои ја поддржуваат политиката на Израел и да ги поддржат, помогнат тие политичари со средства, пари и сл.;

- Да обезбедат документи за позициите преку кои ја информи-рале администрацијата (членството) во Конгресот за целите и намерите на Израел;
- Да се информираат медиумите за проблемите во Израел, да ја информираат јавноста за историјата, конфликтите со арапскиот свет, за војната и сл.

Покрај оваа организација, во светот постојат стотици други организации на Израел. Некои се занимаваат со едукација, услуги, а некои со политички активности, но генерално сите работат за Израел.

Проблемот на овие организации во дијаспората, кои се вклучени во АИПАК, е тоа што слепо ги следат барањата на Израел. Тие секогаш се согласуваат со Израел, и како такви не се партнери за реален дијалог. Тие се претворени во слепи послушници и како такви не му ја пренесуваат вистинската слика на Израел. Вака организирани, за да прават сè по наредба, тие не се партнери за обликување на израелската иднина.[74]

## Економска поддршка

Од почетокот на Зионистичкото движење на евреите, биле организирани тела и активности на територијата на Палестина. Постоел фонд за собирање пари за купување земја за создавање на Израел. Се очекувало паричен прилог да дадат сите, па дури и децата.

Таква активност имало и секаде во светот, при што се собирале пари кои биле користени за Израел. Зионистичкото движење формирало и банка (Англопалестинска банка). Таа финансирала активности поврзани со образование,

---

[74] Исто,

купување земја, самоодбрана и сл. Економските димензии на Зионистичкото движење по појавата на државата Израел биле монополизирани од Израел.

Исто така, сите економски активности во дијаспората станале активности на државата. Државата издала обврзници со високи камати, кои биле продавани само во дијаспората, па така за секоја година сумата на тие обврзници достигнувала и една милјарда долари.

Израел вовел и специјален закон (закон за повраток) кој овозможувал секој Евреин кој ќе стапне физички на територија на Израел, автоматски да добие државјанство.

Ова поттикнало многу бизнисмени од дијаспората, професионалци од САД да се вратат во Израел и да отворат нови бизниси-фабрики за висока технологија, инвестиции и сл.

На овој начин брзо се развил секторот за наука и развој во Израел. Израел има мрежа од израелци кои живеат во дијаспората, со кои заемно се помагаат и економски соработуваат, а знаењето од надвор се внесува како новитет во Израел. Работна сила оди во дијаспората, а потоа по извршена обука се враќа во Израел.

На овој начин се создал единичен систем на вложување од економисти, научници, експерти. Израел и дијаспората преку оваа мрежа функционираат интегрирано.[75]

### Институции на системот

Еврејската дијаспора има свои представници, а таа, заедно со израелската влада, има заедничко тело наречено Еврејска агенција. Таа има улога на влада на еврејскиот народ во светот. Во улогата која ја имаат за управување со Израел, тие се еднакви партнери. Меѓу нив нема супериорен, ниту инфериорен. Еврејската агенција, т.е. нејзините највисоки претставници еднаш годишно заседаваат во Израел. Тоа заседание трае околу еден месец и на него се одредуваат буџет, целите и приори-тетите во спроведување на политиката на Израел.

---

[75] Исто,

Одлуките ги донесуваат заедно, а ги спроведуваат координирано, иако во последните две децении, Израел диктира, а сите еврејски тела ги потврдуваат неговите одлуки од што се гледа дека недостасува вистински дијалог.

Евреите во секоја држава во светот имат своја заедница. Тие заедници се под чадорот на Еврејскиот конгрес, кој е во улога на парламент на Евреите во светот. Тој заседава еднаш на четири години.

Израел ги смета сите Евреи, каде и да се, како потенцијални граѓани на државата. Дијаспората се смета за привремена ситуација. Израелците сè уште веруваат дека дијаспората ќе исчезне.

Смислата за доделување на државјанство на гореспоменатиот начин е оправдана од причина што Израел, по нивниот прием назад, им ја дава можноста да одлучуваат за сопствената иднина. Израел дијаспората ја смета за несреќа на својот народ која настанала по доаѓањето на Римјаните, кога имало и воен судир, при што Евреите биле раселени по светот пред 1940 година.

Секоја година низ светот празникот Пасха, кој се слави од сите евреи завршува со изреката „Следната година ќе се видиме во Ерусалим".

Еврејскиот сон за враќање во својата земја го сонуваат сите евреи во светот и тој сè повеќе се остварува и станува реалност.

## Попис на дијаспората на Израел

Еврејската дијаспора познава два вида на попис, и тоа еден, кој се спроведува на локално ниво на општински организации во еврејските заедници во светот и се спроведува еднаш годишно.

Друг вид на попис, кој се смета за посериозен од првонаведениот е попис на граѓаните во дијаспората кој се спроведува на специфичен начин, и тоа секој оној кој сака да биде попишан и се смета за евреин има обврска да уплати одредена симболична сума пари на сметката на еврејската заедница во одредена држава.

Овој вид попис го сметаат за поверодостоен попис, за разлика од другиот. Еврејската заедница во Германија отишла чекор понатаму што издејствувала на сопствена иницијатива да наметне обврска за измени и дополнување на законската регулатива со која се пропишало сите граѓани од еврејска заедница да мораат да уплатат паричен придонес во интерес на еврејската заедница.

Собирањето на таков вид парични средства е на своевиден начин такса за еврејската заедница, а парите се користат за развој на општинските организации во странство (градење синагоги, музеи, такса за верска заедница и сл.).

Но, и покрај тоа, во светот постои уште еден механизам да се биде попишан како Евреин, а тое е со пополнување на формулар за идентификација, кој се доставува во еврејската заедницата во земјата каде се спроведува.

Можеби Еврејската дијаспора е предвесник на сите чекори кои ги преземале дијаспорите на другите држави во светот. Ова се чекори од пред 100 до 150 години. Само за споредба првите чекори од Ирската дијаспора се појавиле во 1980 год, за разлика на неа еврејската дијаспора своја активност за (обединување) покажала уште во 1897 година.

### 5.2.2 Основни карактеристики и форми на организирање на еврејската дијаспора

Олимписките игри ( Макабијатот), за еврејскиот народ е еден голем пример за поврзување на државата со дијаспората, но од сето тоа се јавува и позитивна импликација односно таа Олимпијада во Израел привлекува над 3000 гости голем дел од тоа учесници, кои во Израел ќе потрошат над 200.000.000 милиони долари.

Нивното присуство за тој главен настан тие го искористуваат за посета на разни делови на Израел, посета на пријатели, средби со актуелни политичари, спортисти а некои го искористуваат и за обнова на бизнис релации и сл. На крајот што е најбитно на овој начин се креира серјозна врска. До сега на оваа Олимпијада во Израел земале учество над 30.000 спортисти, а во целина до сега државата Израел само од овие игри остварила профит од околу една милјарда и триста милиони долари.

Исто така оваа Олимпијада била ,,отскочна штица,, за многу спортисти од причина што тие за првпат се промовирале со свои успеси на оваа олимпијада на Еврејскиот народ во Израел, после што станале и Олимписки шампиони на светско ниво. Истите тие потоа низ светот ги раскажувале својите импресии за нивните почетоци и важноста на Макабијатот за нивниот успех и сл.

Ваквиот начин на организирање може да се каже дека е евтина организација за земјата во споредба со тоа колку позитивни ефекти придонесува. Евтин од

причина што државата има доволно капацитети да ги организира и прифати своите иселеници.

За изненадување е тоа што никој друг освен Израел не организира вакви игри. На овој начин можеме да го констатираме следното дека доаѓа до израз еврејскиот начин на размислување, а тоа е поврзување на бизнисот и задоволството.

**Други карактристични точки:**

Секој евреин е евреин на кој мајката му е еврејка, и кој ке стапне на еврејска земја автоматски станува жител на Израел.

Во светот има околу 11 милиони евреи, а во Израел имало само 6 милјони но сепак Израел одлучол дека е држава на сите евреи во светот.

Голема важност за оваа тема одигра законот за враќање, според него државата Израел ги направи сите евреи да се граѓани на Израел ако тие одлучат така.

Израел има право да бара од нив данок или донации, и навистина ова била прва работа што ја правеле евреите во 1897 год. кога и бил основан Комитет, каде една од првите одлуки била да се изгласаат серија на економски тела.

Во 1904 год. основана е првата банка, Англопалестинска банка основана во Британија. Таа била основана во Англија а целите биле да се инвестира во Палестина. Тоа била обична банка во која евреите и други, можеле да имаат депозити, но сепак со знаење на банката сите инвестиции оделе во Палестина.

## Еврејски национален фонд и неговото значење за Израел

Еврејскиот национален фонд е фонд кој прибира донации од сите евреи без разлика на нивната возраст.

Обврската за донирање на парични средства била дотолку силно пренесена широко на народот, така да дури и децата секој петок оставаат по десет пари (израелски) во кутија наменета за таа работа. Сите деца во петок донираат пари за Израел каде и да се.

Карактеристика на активноста на овој Фонд е тоа што, овој Фонд не бара големи донации, но на овој начин се собираат пари и тоа е Фонд на еврејскиот народ.

Парите се употребуваат за купување на земја (кога 1948 Израел беше основан) овој Фонд поседуваше 13% од територијата на Израел. Исто така овие пари се користат за развој на земјоделие, технолошки развој и др. Со тие собрани средства се градеа брани, резервоари, паркови и др.

Она што е голема добивка од овој Фонд е тоа што се комбинира филантропијата-донации и доброволна работа и на крај се доаѓа до сопственост на земја во вредност од 35 милјарди долари. Овој Фонд е Зоинистичко движење и е орган на народот-дијаспората. Владата на Израел има организирана административна единица што ја менаџира земјата во име на Фондот.

Овој фонд е еден пример од 6 или 7 тела кои биле основани на крајот на XIX век од еврејскиот народ.

## Основачкиот фонд и неговото значење за Израел

Основачкиот фонд е еден друг вид на организирање. Истиот е во 45 земји активен и е сличен на националниот фонд кој е за сиромашни луѓе.

Овој фонд вклучува поважни имиња, директори на компании, бизнисмени и сл. Во споредба со Ирска таму нема фонд за сиромашни и богати.

За споредба би ја посочиле Ирска која има цивилен фонд основан неодамна. Во активноста на овој фонд има видни граѓани, но и сиромашни. Можеби и овде би било добро да постојат два фонда.

Сознанијата говорат дека постојат 82 милиони ирци во светот што е осум пати повеќе од Евреите, но тие не се толку организирани во споредба со евреите, од причина што тие не собираат ни една третина од средствата на Евреите.

Евреите се организираат на ниво на нација. Дури и тогаш кога немаа држава било задржано сеќавањето како да се води земја/држава.

### 5.2.3 Организирани тела на дијаспората преку кои се воспоставува активност и координација

Светскиот зоинистички Конгрес преставува еквивалент на Собрание, основан е од Светската зоинистичка организација (Владата), истиот се избира секои четири години. Од овие организации основани се многу тела за културен и економски развој. Едно од тие основани тела кое е посебно активно е Еврејската агенција, која е уникатно тело затоа што друго такво тело во светот не постои. Бордот на гувернери има 120 членови и е концентриран на следниот начин:

Еврејската Агенцијата ја поседуваат три тела:

- 50 % Светската зоинистичка организација
- 20 % Керен Хајесод (Основачки фонд)
- 30 % Апел за обединет Израел и Еврејски федерации на Северна Америка

Овој борд на гувернери има активни средби три пати годишно во седиштето на Еврејската агенција лоцирано во Ерусалим. Ова е тело кое ги обединува сите пари што се влеваат во Израел.

Сите пари од дијаспората се влеваат таму, а потоа се доставуваат до целта. Ова тело е Влада на Еврејскиот народ (народот- дијаспора).

Израелската Влада ја помага работата на Агенцијата со кофинансирање и исто така и со свои офицери за врска.

Фактички еврејскиот народ (дијаспората) преку оваа агенција, односно преку ова тело е инволвирана во државата Израел. Ова тело не се меша во политичките, воените и надворешните работи на Израел, но во прашањата околу емиграцијата и економските прашања, зазема голема активна позиција од една основна причина што е тело кое обезбедува и носи пари. Ова тело се инволвира кога се јавуваат прашања од сериозен проблем како катастрофи, земјотреси, пример војната со Либан.

Може да се каже дека сите дијаспори во светот се на доброволна основа освен израелската и ерменската.

Агенцијата заедно со Владата на Израел основаат школи, болници и слично, односно работат заеднички.

Оваа Агенција нема активности со војската на Израел од причина што во таков случај би се создал проблем за Израел а не за дијаспората.

Секои 4 години има избори, кога секој евреин може да гласа.

Во Светската зоинистичка организација исто така постојат спротивставени ставови по основ на многу прашања, па отаму се појавиле и многу партии кои се борат за превласт. Членовите на тие партии се од различни држави, на пример, Америка, Русија и сл.

Конгресот има 500 делегати кои се избираат секои 4 години како и секој избор. Гласањето се врши во одбрани места (културни центри, амбасади и сл.) Секој над 18 години може да гласа. Гласањето не е задолжително, но причината поради тоа што евреите се многу политички ориентирани има голем број на гласачи.

### 5.2.4 Активности на Израел во интерес на зајакнување на врската со дијаспората

Кога ја опишуваме активноста на Израел како држава која презема активна улога во соработката со својата дијаспора, најпрвин мораме да го спомнеме Макабијатот (Олимписки игри), кој на некој начин е една од најважните активности подржана од државата. Покрај оваа активност Израел презема низа чекори во интерес на зајакнување на врската со еврејската дијаспората.

Постојат Евреи кои никогаш не биле во Израел. Тие доаѓаат во државата Израел, со голема желба да станат негови граѓани. Истите се обврзуваат на таканаречено (АЛИЈАМ-Качување) кое преставува почеток и обврска за понатамошна врска со Израел. Голем е бројот на емигранти кои имигрираат во Израел, а истите доааѓат од секаде во светот. Тие што ќе одлучат да имигрираат добиваат посебен економски третман (не плаќаат одредени даноци, посебен третман за основање на компании, заеми, или бизнис, добиваат заеми до 75.000 $ на 6 години со грејс период од една година). Исто така добиваат посебен третман при купување на земја, градба и сл. Истите имаат можност да земат поголеми кредити ако земат пари од West Bank од каде можат да подигнат и до 300.000 долари УСА.

Секој граѓанин кој сака да се врати во Израел добива по 50.000 долари. Постојат многу иницијативи, а посебно околу местата близу Газа.

Најважни за економската соработка за државата Израел и Еврејскиот народ се обврзниците. Израел издава специјални обврзници, и со овие обврзници може да се тргува во светот. Тие обврзници прв пат кога ќе се издадат, се даваат исклучиво на евреи. Овие евреи можат подоцна да ги продадат и на други лица. (пр. 65 влади

во светот поседуваат израелски обврзници). Во просек имателот на обврзницата зема 8% годишно камата. Постојат краткорочни и долгорочни обврзници. Овие обврзници се продаваат во САД, Канада, Латинска Америка и други држави. Во секоја земја има брокер кој ги продава овие обврзници, а постојат и брокерски куќи кои тргуваат само со овие обврзници.

Израел од оваа тргување заработува 1,3 милјарди долари годишно и од кога почнал со продажба на обврзници во 1960 год Израел има продадено 33 милјарди долари.

Првата обврзница била издадена во 1948 год. а тие обврзници биле користени за финансирање на воена индустрија.

Целиот механизам за издавање на обврзници е разработен во 1960 год. и седумдесеттите години.

Во последните три години има побарување за повеќе од 200 милиони долари повеќе од колку што нуди државата, затоа што овие обврзници се со одлична кредитна стапка. Тие имаат подобра стапка на кредитирање од повеќе влади во ЕУ. (пр. Подобри се од Португалија, Ирска).

Државата Израел ги третира оние кои поседуваат обврзници како свои фер соработници затоа што и во најлоши ситуации кога ситуацијата била сериозна во Израел на пр.1973 год. кога имало инвазија од три армии во Израел, Израел си ги плаќал каматите. Ова е многу важно за довербата кон сопствениците на обврзници.

Државата Израел никогаш не побара посебни услови од еврејскиот народ. Кога државата продава обврзници таа дава највисока каматна стапка.

Еврејскиот народ (дијаспората) преговара со државата за условите околу обврзниците. Тоа е врска на взаемни економски интерес, кој гарантира долгорочна соработка, поради тоа што условите што ги нуди државата се добри.[76]

---

[76] Исто,

## 5.3 Народна Република Кина - пример за соработката со дијаспората

Според своето државно уредување Кина преставува социјалистичка народна република, која е распространета на површина од 9. 572. 900 км² со местоположба во Источна Азија. Со број на жители од ( 2003 год.) од 1.288.892.000, преставува една од најголемите држави на светот. Од своето основање на 01.10.1949 год до денес истата поминала низ многу активен период како на политичка така и на економска сцена, особено по 1989 година кога од страна на Централниот комитет на КПК бил објавен десетгодишен план за развој (1991-2000 год.) Со него почнало да се воведува т.н. социјалистичко пазарно стопанство и учество на Кина на светскиот пазар. Настапи период на брз напредок на стопанството и постепено бил дозволен приватниот капитал, придружен со големо општествено раслојување, невработеност и зголемување на разликите меѓу поморските покраини и внатрешноста на земјата.[77]

Во светот, посебно на Запад постои еден пристап дека кинеската држава ја цени својата дијаспора и дека кинезите ги креираат новите врски со дијаспората со основна цел да се остварат, огромни економски придобивки, но се чони дека овај пристап е погрешен.

Сознанијата говорат дека Кина лошо ја третирала дијаспората, а можеби била и најлош пример за соработка со дијаспората во светот.

До доаѓањето на Ден Си Јаопинг а можеби и подоцна, дијаспората била злоупотребена на многу начини. На пример во Уставот на Кина и денес стои дека дијаспората т.е тие кои се надвор населени кинези не се кинези. Кинезите мораа да изгласаат закон да ги ублажи овие одредби од Уставот.

Парламентот мораше да донесе Закон за националност, за да на некој начин им даде некој статус на овие кинези. Ако некој како кинез се исели надвор и земе друго државјанство иако тоа е дозволено, тој ќе го изгуби статусот на кинез.

Со вакви сознанија се повеќе доаѓаме до заклучок дека кинескиот Устав е против дијаспората. Друг податок со кој се потврдува сознанието е дека Законот за националност, исто така не ја признава втората генерација родена надвор.

[77] К.Натек и М. Натек (2006), Државите во светот, Младинска книга –Скопје, стр.290.

На пример, Израел признава 50 генерации родени надвор, Ирска признава 3 генерации родени надвор, а Кина само првата генерација.

Ова е накратко правната рамка, од која може лесно да се заклучи дека постои дискриминација спрема кинезите во странство. Промените започнаа во 1970 год. со Ден Си Јаопинг. Тој основа посебни економски зони.

Причината за промени во соработката со дијаспората уште повеќе е поттикната и од сознанијата дека во Кина бројот на невработени е огромен и се движи од 175 до 200 милиони граѓани невработени граѓани, најмногу неквалификувани работници во селата. Според податоците на Светска банка, околу 350 милиони луѓе живеат под границите на сиромаштијата, а истовремено е создаден и нов слој на многу богати капиталисти, главно во градовите кои стопански се развиваат најбрзо.[78]

### 5.3.1 Економски зони и нивно значење за дијаспората на Кина

Економските зони внимателно биле организирани и отворени на оние места од каде имало најмногу емигранти на запад. (пр. областа Шенжен) од каде емигрирале 13% од луѓето. Со отворањето на економските зони државата презела и други дополнителни активности за комуникација со можните инвеститори, за кои истата имала сознание дека финансиски добро заработиле на запад во споредба на кинескиот стандард.

Државата упатила свои претавници во странство, на места каде имало најголем број кинези и им понудила поволности за инвестирање во местата од каде се иселени со цел да отворат бизнис и да им помогнат на тие кои останале во Кина. Имало различни понуди, меѓу кои и понуда за бенефиции со инфрастуктура, кредити за машини и слично, како и можноста да се вработат луѓе од селото каде тие живееле. Тие на овај начин направиле директна врска со дијаспората и нивното место од каде потекнуваат. Оваа врска е направена преку овие економски зони. Овие зони многу брзо станале популарни и придонеле за економски развој.

Во периодот од 1976 до 1997 год има повеке од 70% директни инвестиции кои дошле од кинески емигранти.

---

[78] Исто,

Нова идеја на Кина покрај ова е да се привлечат образовани емигранти со менаџерски способности, интелектуалци и сл. кои ке ги употребат за развој. За да го остварат ова направена е програма на иницијативи слични на Израел, како да се привлечат кинези кои се активни во банкарскиот систем, преку класичен пакет на можности. Таа активност била успешна, поради тоа што со оваа идеја биле привлечени кинези кои завршиле обуки и се школувале надвор од Кина и кои поседувале нови способности и сл.

Меѓутоа, земајќи ја предвид, омразата на дијаспората која била многу силна, доколку ги немало овие пакет-активности многу луѓе ќе се плашеле да се вратат и да инвестираат. Но и покрај тоа што уште недостасувала политичката слобода, сепак се случило зајакнување на врската со дијаспората.

**Институци со надлежности кон дијаспората**

Посебно важно во Кина и Тајван е тоа што Министерство за дијаспора е со јака извршна моќ поточно е во форма на влада. Тоа Министерство системски е организирано со свои ресори, и тоа: посебен ресор за економија, посебен ресор за инвестиции и слично.

Тоа е министерство кое донесува одлуки со голема извршна моќ од делокругот на прашања поврзани со дијаспората. Ова министерство според неговата структурна поставеност е како влада во сенка, со овластувања кои се за надвор од територијата на државата, за прашања поврзани со дијаспората. Сите прашања и дописи од оваа тема одат во ова министерство.

Нагласената активност на ова министерство во Кина често наидува на поплаки од граѓаните, дека ова министерство повеќе ја фаворизира дијаспората отколку кинезите кои живеат во Кина.

Поради разликите кои се направени во Кина ова министерство им е потребно на кинезите кои се надвор, а кои се враќаат во Кина.

На оние кои заминале поради комунистичката револуција имотот им беше конфискуван. Направени се напори преку ова министерство на истите да им се врати имотот доколку инвестираат. Од 1994 година со денационализацијата многу имоти се вратени назад. Ова активност била поздравена од многуте кинези кои се вратиле и инвестирале во земјата, од причина што со враќањето на стан или земја

тие можат да бараат заем, кредит и слично, едноставно овој начин на соработка ги мотивирал.

Со денационализацијата, економските зони и репатријацијата започнало рестартирање на економијата.

Иако генерално Кина не ја сака дијаспората, политичките партии сепак во неа гледаат корист, од причина што во неа препознале потенцијални инвестиции.

Онаму каде власта, државата не виде интерес кај дијаспората, политичките партии го пронајдоа интересот и отворија свои преставништва меѓу дијаспората. Дијаспората ги поддржува политичките партии и сл. Според архивите скоро сите кинески револуции се финансираа од дијаспората.

Дијаспората стана играч во внатрешната политика на земјата преку политичките партии. Слично како во Република Македонија ВМРО-ДПМНЕ(преку контактите на политичките партии). Од друга страна и политичките партии, се мотив за соработка со дијаспората,

**Трансверирање на пари**

Етничките кинези во било која земја и да се наоѓаат, имаат неформален систем на пари. Најголемиот број на дознаки не се трансверираат преку банкарскиот систем туку преку неформална мрежа. Важно е да се каже дека преку вакви трансвери се перат пари од трговија со дрога и други нелегални бизниси. Годишно на неформален начин се трансверираат повеке од 30 милјарди долари. Но неофицијално податоците говорат за 100 милјарди долари. Оваа кинеска мрежа почнала да се основа во XI и XII век (за етничките кинези).

Се знае дека официјалните странски директни инвестиции се од 60 до 70 милјарди долари во Кина.

Ваквите неформални трансвери функционираат преку поединци кои се занимаваат со таква дејност, и тоа едно лице во земјата каде другото лице ја бара таа услуга се јавува во земјата на трансвер на друго лице кое ги исплака парите на примателот. Во историјата е познато дека морепловецот Марко Поло користел ваков начин на трансвер на пари.

Првично овој систем започнал да се користи од лица кои навистина имале потреба од трансвер на пари но потоа ваквиот начин бил практикуван од разни криминални организации.

Денес во Кина е намален интересот кон дијаспората која порано отвори повеќе фабрики, а кои потоа беа продадени на странци.

Меѓутоа интересот кон дијаспората е од друга основа и тоа преку дијаспората да се развијат културни и опшествени врски, да се обезбедат менаџери, вештини, технолошки развој и разни други можности.

Дијаспората на Кина има основано банки во САД (кинески банки) кои се мали банки. Тие остануваат мали од причина што соработката меѓу кинезите е мала односно слаба и проблематична за разлика од евреите кои соработуваат заедно и формираат големи банки. Кај кинезите е присутно нетрпение. На пример ако се здружат малите кинески банки, во САД би биле голема економска сила но тие не соработуваат.

Додека државата Кина беше против дијаспората, политичките партии видоа потенцијал на легални, пари но и потенцијал за нелегални активности, преку перење пари и сл., од што се констатирало дека политичките партии биле далековиди во однос на државата. Една работа е битна што политичките партии ја присилија државата да направи и во Кина и во Тајван да се дадат места на дијаспората, и тоа 6 пратеници. Во Тајван исто беа дадени места до неодамна но потребата за тоа престанала затоа што Тајван е отворен и многу луѓе од дијаспората доаѓаа во Тајван па немало потреба да има пратеници во парламентот, за разлика од Кина каде има резервирани места. Тоа било иницијатива на комунистичката партија. Оваа одредба била направена во 1950 год. кога било и нелегално да се емигрира. Како што се зголемувале инвестициите од надвор државата сватила дека треба да направи нешто и таа да привлече иселеници . Кина воспоставила Канцеларија за кинески прашања надвор од државата, нешто како Амбасада на дијаспората, каде има и преставник (офицер за врска) за дијаспора во поголемите центри, тој бил испратен од оваа канцеларија и комуницира директно со Министерството за дијаспора и со Министерството за Надворешни Работи.

Тој е врската меѓу кинеската дијаспора и државата, и е лице кое живее во дијаспората, ги спознава проблемите на дијаспората, станува дел од нивниот живот и испраќа извештаи во Кина. На пример, известува за тоа кога дијаспората се интересира за некои прашања, дава насоки, предлози и сл. Овие лица се всушност амбасадори за дијаспора во Кина и обратно, вршат поврзување со дијаспората и сл.

Ова е многу мудра активност од старна на кинеските власти која придонела за зајакнување на врската со дијаспората која станала континуирана и зацврстена.

Поздравувајќи ја и одлуката на Република Ирска и Република Македонија да преземат чекори за презентација на културата поставуваќи во одредени држави амбасадори на културата, цениме дека врската со дијаспората исто така има потреба за воспоставување на ваков вид комуникација и кај македонската дијаспора.

Покрај описот за Кина исто така и Тајван забележа потреба од комуникација со дијаспората, посебно во периодот кога реши да направи премин од економија од склопување на делови во економија на знаење и информациска технологија (системи). Истите беа свесни дека за тоа им требаат тајванци кои живеат надвор со такви знаења. Тие воспоставиле асоцијации - здруженија кои се многу слични на слободните масони, и други слични организации. Во тие организации биле организирани со хиерархиска поставеност. Истите ги имале сите карактеристики на рангови, чинови, хиерархија, заеднички ритуали и сл. Таквата активност се повеќе наликувала на мафијашка организација. Истите имале идеа да ги поврзат сите луге од дијаспората со цел да инвестираат во Тајван и Кина со своето знаење и вештини. Во главно луѓето кои донесуваат одлуки во вакв тип на организации, се со позиции на највисоко ниво (пр. премиер, министер). Во Тајван како членови на вакви организации биле и премиери и сл., без разлика на промените во власта. Членовите на овие мрежи имаат обврска да пренесат знаење, во Кина да доаѓаат најмалку секои три години, да вршат обуки, трансвер на патенти и сл. Тие имаат валидни комерцијални задачи кои треба да ги извршат, а не е само преку вербални изјави да посочуваат дека ја сакаат Кина. Во овие мрежи што ги формира Кина и Тајван учествуваат и професори, научници, сите со свои мрежи. За споредба најголемата мрежа на научници во светот е индиската.

Дијаспората ги пренела најпрвин своите забелешки кон Кина, и тоа зошто кинезите не се враќаат во Кина. Основна причина била заради нивото на образование кое се спроведувало во Кина, каде констатирале дека луѓето се образуваат за погрешни вештини кои не можат во иднина да бидат искористени за развој на земјата. Констатирале дека образовниот систем е лош, немало соработка меѓу индустријата и науката. На пример во САД индустријата дава пари во науката, а науката возвраќа со патенти во индустријата.

За споредба дијаспората посочила дека Кина инвестирала во истражување и развој помалку од државата Вермонт во САД, па затоа дијаспората поставила услов Кина да произведе работна сила со соодветни вештини па тогаш тие да се вратат и инвестираат. Кина ги прифатила забелешките на дијаспората и врз основа на тие

барања презела мерки и тоа 100 универзитети со по 100.000 студенти во времетраење од 10 години да се развијат и станат најдобри истражувачки центри во светот.

Претходно тие универзитети биле во катастрофална состојба како во системот на работа така и во лоша организирана образовна форма како високи образовни институции. Оваа цел била зацртана во 2000 година. Периодот кој бил предвиден за промена на нивото на образовниот систем како и работата на овие универзитети бил максимално искористен и испочитуван.

После десет години поточно, во 2010 година тие универзитети се меѓу најдобрите 5.000 во светот. Сите учествуваат во патентирање на производи, сите имаат лабаратории, опрема, сите се вклучени во производството во Кина и надвор од Кина и сите се финансирани од дијаспората.

За споредба можеме да посочиме дека секаде интелектуалната сопственост се креира во универзитетите освен во САД каде се креира во компаниите.

## 5.3 Ирска - пример за соработката со дијаспората

После кинеската дијаспора ирската е најголема во светот со 80 милиони луѓе од ирско потекло од кои само во САД се 22 милиони.

Истата воспоставила евиденција односно регистри каде до трето колено можат да се регистрираат оние кои се чуствуваат како ирци. Регистрираните ирци имаат можност да дибијат одредени документи како извод на родени и сл.

Ирскиот Устав разликува ирско потекло од ирска дијаспора. Ирците со ирско потекло се оние кои што имаат барем еден предок кој е ирец, и кој што емигрирал во друга земја. Тие што се родени во странство се признаваат како Ирци до трето колено.

### Глобален економски форум

Од неодамна Ирска основа Глобален економски форум. Овој економски форум е отворен за регионални поглавја на пр. Азиско поглавје (опфаќа Кина, Индија, и други важни зони како Виетнам, Малезија). Ова поглавје е формирано во мај 2010 год. Целата иницијатива за Глобалниот ирски форум е релативно нова.

Интересно е што Ирска како држава постои од 1921 год но долго време не наоѓаше начин како да ја искористи дијаспората за свои позитивни придобивки.

Вистина е дека ирците придонесуваат во голема мера преку дознаки, донации, или хуманитарни пратки. Точно е дека индивидуалци лобираат кај владата во САД, точно е дека ирците соработуваат преку бизнис мрежи, индивидуално дури и во криминални мрежи но државата како центар на гравитација не ги користи овие комуникации те. дијаспората.

Меѓутоа конечно во последните години иницирано е тој Глобален економски форум.

Со цел воспоставување на врска во Ирска била одржана Конвенција на преставници на дијаспората и преставници на владата. Од таа конвенција произлегла одредената програма. Оваа програма обезбедува, за лицата со ирско потекло, можности за работа, во други земји за период до 4 месеци.

Во земјите на нови вработувања ирците најпрвин се вработуваат како помошници на работниците, го учат менталитетот, културата на државата каде што

се. Преку оваа програма многу од младите работници комплетираат магистерски студии на азиските универзитети.

Азиските универзитети соработуваат со ирските универзитети со цел финансиски да се обезбеди академска програма. На тој начин се воспоставува мост помеѓу Ирска и азиските држави. Причината поради која Ирска ја насочила комуникацијата преку вакви програми кон азиските држави, а не кон САД, очигледно е таа што контактите со САД веќе постојат. Преку 22 милиони луѓе со ирска гордост живееат во САД и како такви се добри лобисти во интерес на Ирска и се добра бројка со која е покриен САД.

Ирска развива алтернативни пазари како Азија која не е вообичаено место но од ова се гледа дека е потребно за ирските интереси.

### 5.4.1 Стопански комори и нивно значење за дијаспората на Ирска

Ирска извесно време презема активности на организација на Стопански комори ирско-американска, ирско-британска. Овие комори започнаа како едноставна соработка за Ирска и за надворешните бизниси, но во последно време овие Стопански комори бараат да се интегрираат и да станат дел од дијаспората, односно дел од мрежата на дијаспората.

Сега Стопанските комори соработуваат со различни ирци во различни дејности за да остварат контакт со странски компании, да привлечат инвестиции, да воспостават бизнис инкубатори, да финансират со капитал и сл.

Постоечката мрежа на Стопански комори се регрутирани од владата за да стапат во интеракција со ирската дијаспора, за да помогне за остварување на бизнис целите на ирската држава и владата.

Ирска како земја која е многу горда на својата култура и религија има основано глобална ирска мрежа.

Оваа мрежа воглавно се состои од ирци, а нагласокот на оваа мрежа е да се врши размена во доменот на културата и бизнисот. Овие се на некој начин ,,берзи" за информации, можности за бизнис но исто така и за размена од обласната на културата. На некој начин во трката за што побрза и поуспешна афирмација на земјата, Ирска извезува јазик, литература, поезија, и др. Овие глобални мрежи се јаки и во последно време се фокусираат на туризмот. Тие бараат начини како да привлечат инвестиции од ирци од дијаспората (зелена технологија).

Исто така група научници кои се ирци од САД се обидуваат ирски компании да ги приклучат во истражување и развој. Честопати во таа активност се добродојдени и информациите од Ирци ,,шпиуни" кои пренесуваат информации до Ирска кои се битни за најновите достигнувања за софтверските апликации на пазарот.

Ирска посветува поголемо внимание на младината во доменот на соработката со дијаспората која очекува да возврати на својата држава во иднина. Исто така големо внимание со цел зајакнување на комуникацијата со дијаспората се обрнува на социјалните мрежи. Има интернет можнос за соработка насловен како (ПОРТА НА ИРСКА) преку кој се добиваат секакви информации за Ирска.

Од неодамна Ирска реши да издаде обврзница која се нуди најпрвин само на ирци и сл. На тој начин се зајакнува врската со дијаспората.

На пример ако ирец во САД купи обврзницза за 10 год. тој е поврзан со државата наредните 10 години.

Ирска има отворени инфо центри кои нудат комуникација и информации на различни места во светот, на пример последниот е отворен во Њујорк.

Како можност за инвестирање стои и можноста за купување на единици во ирскиот фонд.



# ГЛАВА 6

## ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИКАТА КОН ДИЈАСПОРАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Глава 6

## 6. Институционални капацитети за спроведување политиката кон дијаспората на Република Македонија

### 6.1 Институционална рамка

Функционирањето на институционалните капацитети кои ја спроведуваат политика кон иселеништвото од Македонија има исклучително значење за националните интереси на државата и за македонскиот народ. Спроведувањето на миграциската политика на Република Македонија зависи од добрата поставеност и организација на институциите, како и нивните кадровски и технички капацитети.

Република Македонија сѐ уште нема специјализирана Агенција за менаџирање на миграцијата, ниту посебна научна институција која се занимава исклучиво со прашањето на иселеништвото односно дијаспората, туку различни министерства покриваат различни миграциски прашања. Во таква ситуација се чини дека неопходен момент за менаџирање на миграциската политика е добрата соработка и координација на сите институции кои го допираат прашањето за миграциската политика на Република Македонија.

### 6.2 Институции одговорни за спроведување политиката кон дијаспората

Во согласност со чл. 49 од Уставот на Република Македонија, а со оглед на комплексноста и специфичната тежина на иселеничката проблематика, како и сите држави, и Република Македонија се грижи за своето иселеништво во светот и за припадниците на македонскиот народ во соседните земји.

Од тоа произлегува обврската да се воспостави и да се градат соодветни институции, тела и инструменти преку кои Република Македонија, како самостојна и суверена држава, ќе ја остварува комуникацијата и ќе ги обезбедува секојдневните контакти со своето бројно иселеништво ширум низ светот.

Надлежни институции за спроведување на политиката кон дијаспората се: Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи,

Агенцијата за иселеништво, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Министерството за култура,

Според новиот Закон за странци, член 8: „Собранието на Република Македонија, на предлог на Владата на Република Македонија, донесува резолуција за миграциската политика со која ќе се укаже на состојбите, проблемите и мерките што ќе се преземат во областа на миграцијата".

### 6.2.1 Министерство за надворешни работи

Министерството за надворешни работи игра главна улога во спроведувањето на миграциската политика на Република Македонија. Во основа, покрај другото, се занимава и со визната политика, како и генералниот влез и излез на мигранти.

Во рамките на Министерството за надворешни работи постои посебен Директорат за конзуларни работи, кој во соработка со Секторот за следење на национални приоритети, врши следење на активностите на Владата, Собранието и нивните тела, кои се однесуваат на реализација на веќе утврдени национални приоритети на Р. Македонија, планирање на мерки и активности вклучувајќи ја и дијаспората, соработка со специјализирани невладини здруженија, истражувачки центри, академски и научни институти, како и политички консултантски куќи, на кои би им биле доверени изработка на научни трудови, студии, тези, стручни мислења, проценка на политички проблеми и јавното мислење кои ќе послужат за структурирање на надворешната политика на Р. Македонија во поглед на приоритетите.

Посредно во делот од националните приоритети влегува и дијаспората од Македонија и во тој правец Секторот за национални приоритети се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ кој како национално малцинство живее во други држави; унапредувањето на врските и соработката со македонското национално малцинство, грижата за положбата на заедниците, државјани на Р. Македонија во странство; одржувањето, негувањето и афирмирањето на националниот и културно-јазичниот идентитет на дијаспората со афирмација и на вредностите и достигнувањата на Р. Македонија во средините каде што живеат; се грижи и за помошта во организираното дејствување и активност на дијаспората.

Горенаведените активности Секторот ги спроведува преку Одделението за македонски национални малцинства и Одделението за дијаспора.

### 6.2.1.1 Акценти во работата на Министерството за надворешни работи кон дијаспората

Новиот пристап во работата со и кон дијаспората, во Министерството за надворешни работи значеше концентрација на до неодамна дифузната категоризација во концепцијата и воведувањето на терминот и концептот на ДИЈАСПОРА, значи поим што во себе ги опфаќа како македонското национално малцинство (МНМ) и иселениците (лица со поранешно македонско државјанство), така и сите државјани на Република Македонија на престој и работа во странство независно од должината и категоризацијата на етнички македонци што никогаш немале македонско државјанство.

Со тоа се создадоа базичните предуслови Министерството за надворешни работ да може да ја реализира својата функција, односно стратешката и политичко-аналитичка димензија на дејствување спрема дијаспората.

Новиот пристап, исто така, се изрази и преку тоа што Министерството за надворешни работи, во насочувањето на работата на своите дипломатско-конзуларни преставништва (ДКП), започна да го применува мултилатералниот принцип или евалуација на состојбите преку примена на меѓународните стандарди содржани пред се во ,,Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства" , а со тоа дефинирање и поставување спрема земјите на приемот врз тие принципи, додека спрема припадниците на дијаспората-развивање на концептот на правно советништво, што овозможува потикнување на сопствените капацитети и самоодрживо поставување на дијаспората спрема резидентната земја.

Министерството за надворешни работи, со своите активности се грижи за положбата на македонските национални малцинства кои живеат надвор од државните граници и за подобрување на правниот статус и третман на Македонското национално малцинство во другите држави, согласно меѓународните договори како и склучените билатерални спогодби и договори, што преставува и еден од значајните цели во надворешната политика на Р.Македонија.

Министерството за надворешни работи се фокусира на примена на меѓународните стандарди и преку следење и поддршка на решенијата и одлуките на соодветните меѓународни инстанци и посебно Европскиот суд за човекови права.

Едновремено, работи и на склучување на билатерални спогодби за заштита на националните малцинства.

### 6.2.1.2 Невладини организации

Материјата на дијспората е опфатена и преку дејствувањето на редица македонски невладини организации. Министерството за надворешни работи презема чекори во функција на пружањето непосредна правна и матерјална помош на нивните активности насочени кон прашања со меѓународен елемент.

Најдобрите примери се поддршката на македонските Горани, како и поддршката на подготовката за поднесување апликација од страна на Сојузот на здруженијата на децата бегалци и потомците од Егејска Македонија пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур, за враќање на одземените имоти во Република Грција.

Со својата дипломатско-конзуларна мрежа и информативни центри согласно Уставот „се грижи за културните, економските и социјалните права на граѓаните на Република Македонија во странство“, го потпомага нивното информирање, остварува бројни дневни контакти со сонародниците во местото на нивното живеење, ги согледува потребите на иселеништвото и за тоа информира на најпогоден начин.

### 6.2.1.3 Визен центар

Во рамките на Директоратот за конзуларни работи при Министерството за надворешни работи, функционира и Визниот центар, кој има основна задача на оперативно ниво да ја спроведе визната политика согласно визниот режим на Република Македонија. Како центар има основна цел да направи поврзување на дипломатските конзуларни претставништва на Република Македонија во странство со Министерството за внатрешни работи, т.е. со посебни организациски единици во делот на граничната полиција кои се занимаваат со спроведување на миграциската политика, како и самите гранични премини. Брзо и целосно информирање по пат на

размена на информации преку централниот визен информациски систем кој овозможува електронска консултација и размена на податоци помеѓу дипломатското претставништво-конзуларната служба, централниот орган (визен центар) и МНР, а исто така и помеѓу граничните премини и централниот орган, кој исто така помага и за зајакнување на соработката помеѓу службите.

Со цел задржување на нивото на континуиран процес во спроведувањето на миграциската политика, потребно е создавање на безбедни и ефикасни структури за визна постапка преку зајакнување на кадровските капацитети во областа на работењето со визи, работа во дипломатско претставништво или конзуларна служба и гранични премини, така што бројот на таквиот персонал да биде пропорционален во однос на обемот на работата. Што се однесува на кадровската поставеност во ДКП-конзуларен дел пожелно е да се дефинира дискрециското право на конзуларниот службеник, да се објасни функционирањето на механизмите што се користат во постапките за донесување одлуки.

Република Македонија изврши приспособување на законските и подзаконските акти кои попрецизно ја регулираат оваа материја со следните акти на ЕУ:

-Општи конзуларни упатства за визи за дипломатски претставништва и конзуларни служби, OJ C 310, 19/12/2003 P 0001-0108, со измени обединета верзија 27 септември 2005 година;

-Регулатива на Советот (ЕС) бр.539/2001 од 15 март 2001 година, во која е наведен список на трети држави чии државјани мора да поседуваат виза при преминување на надворешните граници и оние држави чии државјани се изземени од таквиот услов, изменета со:

-Регулатива на Советот (ЕС) бр. 2414/2001 од 7 декември 2001 година;

-Регулатива на Советот (ЕС) бр. 453/2003 од 6 март 2003 година, и

-Регулатива на Советот (ЕС) бр. 851 од 2 јуни 2005 година со измени на Регулативата (ЕС) бр. 539/2001 година. (Измените со последната не ги содржат измените за списокот на земји, туку се состојат од измени на таканаречениот механизам на солидарност.)

### 6.2.1.4 Дипломатски конзуларни преставништва (ДКП)

Во Дипломатско-конзуларните птертставништва на Република Македонија во странство македонската дијаспора треба да добива најнови информации за политиката на Р.Македонија и можностите за соработка со матичната земја во сите сегменти на нивното интересирање. Македеонското иселеништво во ДКП треба да гледаат партнер кој ке ги поддржи основањето и работата на нивните друштва, асоцијации, клубови и сите други форми на собирање, партнер кој ке им помогне во зависност на можностите и околностите колку тоа го дозволуваат, да евентуалните проблеми, подобро и поефикасно се решат, а со тоа да допринесе за унапредување на врската со татковината.

Отвореноста на Министерството за надворешни работи и Дипломатско-конзуларните претставништва во странство према нашите иселеници и македонските национални малцинства треба да укаже на подготвеност на Република Македонија, дека како држава активно се завзема за заштита на интересите и правата на своите државјани и иселеници во странство, во мерка во која тоа не се коси со законите на странските држави во кои живеат, и максимално да ги подржи и им помогне во зачувување на нивниот национален и културен идентитет, образование и информирање на мајчин јазик, да ги потикне на зголемување на контактите и односите со матичната земја и непрекинато да работи на унапредување на стопанските, научните, културните, информативните, спортските и други меѓусебни врски. Дипломатско-конзуларното преставништво за нашите иселеници е преставник на сите државни институции, кои треба да ги решаавааат истовремено сите државни органи преку кои треба да се решаваат нивните статусни и други проблеми, тоа е алка која преку конзуларните услуги ја поврзува матичната земја со иселеништвото.

Што дијаспората може да очекува од Дипломатско-конзуларните преставништва на Република Македонија во странство?

Дијаспората, со право очекува поголема отвореност на Дипломатско-конзуларните преставништва спрема незините потреби и иницијативи. Во таа смисла од посебно значење е да се информира дијаспората со обврските на Дипломатско-конзуларните преставништва према неа.

Би издвоиле неколку најкарактеристични активности:

- ефикасно реализација на конзуларните услуги за кои е овластена;

- соработка со сите македонски организации и оргаизации на другите етнички заедници од Р.Македонија во дијаспората, клубови и други асоцијации со цел подобро внатрешно поврзување и стварање на единствена дијаспора како и стварање на ефикасни организации и сојузи со можност за поголемо влијание, како во земјата на престој, така и кон земјата на потекло со целосна соработка;
- да ја посетуваат македонската дијаспора во далечните краеви (одржување на конзуларни денови), да извршуваат конзуларни услуги, да обават разговори и им пружи потребни информации на нашите граѓани;
- да се ангажира на зголемување и подобрување на образованието на македонскиот јазик на сите нивоа на школување во земјата на престој и за таа цел да соработува со надлежните институции на земјата домаќин;
- да помага во организација и реализација на дополнителна настава на македонски јазик и помага во зачувување на поврзаноста на дијаспората со матичната земја и кај втората, третата и секоја следна генерација со негување на македонскиот јазик и култура;
- да се залага за подобра организација и реализација на културни, спорски и сите други манифестации на македонската дијаспора со цел за зачувување на идентитетот, културата, традициите и обичаите на македонскиот народ;
- да соработува со МПЦ и незините епархии во странство.

Исто така, примената на јавна дипломатија и транспарентност во работата на Дипломатско-конзуларните преставништва и Министерството за надворешни работи е од посебено значење за угледот на земјата и довербата како партнери.

Се чини дека сè уште е отворено прашањето за тоа дали постојат доволно капацитети да им се понудат квалитетни конзуларни услуги на нашите иселеници и на лицата што се на привремен престој во странство како и на странци кои имаат потреба од тоа.

Дипломатско-конзуларните преставништва треба да ја има целосната одговорност за да врши проценка дали постои ризик за имиграција. Од тие причини потребна е добра обука на персоналот во Дипломатско-конзуларните преставништва, кој при проверка на барањата треба да открие баратели кои сакаат

да се доселат врз основа на дадени неточни податоци за намерата на патување и сл.[79]

Што се однесува до усогласување на визната политика, државата треба постепено да ја усогласува својата визна политика со онаа на ЕУ, имајќи го предвид својот национален интерес, а како дел од тоа и регионалната кохерентност. Затоа не значи дека државата треба да се обидува да постигне целосно усогласување со визната политика на ЕУ предвремено пред пристапувањето кон ЕУ, ако тоа не е во согласност со нејзините национални интереси.[80]

Шенгенското законодавство предвидува само две категории на визи (за патување и транзитирање), нема наведување на визите според целта (за студирање, лекување, за деловна посета и др.).

Шенгенски видови визи прифатени од нашата земја :

-А (аеродромска транзитна виза);[81]

-Б (транзитна виза);[82]

---

[79] Конвенција за Шенгенскиот договор од 14 јуни 1985, OJ 22.9.00 Општите конзуларни упатства за визи за дипломатско-конзуларните претставништва, Службен весник C 310,19.12.2003 P.0001-0108 со дополненија. Обединета верзија 27.9.05.

[80] Член 2 точка 2 од Шенгенскиот договор:,,Како и да е, каде јавната политика или националната безбедност го бараат тоа, договорната страна може, по извршени консултации со другите Договорни страни, да одлучи да воспостави за ограничен временски период, национални гранични контроли соодветни на дадената ситуација, кои ќе се спроведуваат на внатрешните граници.Доколку јавната политика или националната безбедност бараат итна акција, засегнатата договорна страна ќе ги преземе потребните мерки и во најкраток рок ќе ги информира за тоа останатите договорни страни.,,

[81] Странците кои за време на престојот на аеродромот во Република Македонија не го напуштаат меѓународниот транзитен простор на аеродромот или авионот, не треба да поседуваат виза. По исклучок, Владата на Република Македонија може да одлучи дека на државјаните на одредени држави или на патниците од одредени патни правци им е потребна аеродромска транзитна виза и тоа во случаи кога тоа го налагаат интересите на одбраната, безбедноста или меѓународните односи на Република Македонија.

Врз основа на визата од став 2 на член 31 од Законот за странците прогласен 14.03.2006 година, странецот може да се задржи во меѓународниот транзитен простор на аеродромот до продолжување на патувањето со првиот негов нареден меѓународен лет. Задржувањето на странецот во меѓународниот транзитен простор на аеродромот во Република Македонија, врз основа на визата од став 2 на член 31од Законот за странците, не се смета за влегување во Република Македонија и странецот не смее да го напушти тој простор.

-Ц (краткорочна виза 90 дена);[83]

-Д (долгорочна виза повеќе од 90 дена).[84]

---

[82]Транзитната виза се издава на странец за еднократно или двократно, по исклучок и за повеќекратнопоминување преку територијата на Република Македонија од одредена странска држава во одредена трета држава, а при секое поминување странецот може да престојува во Република Македонија најмногу до пет дена. Транзитната виза може да се издаде само ако странецот докаже дека има обе збедено влез за државата во која ќе влезе од Република Македонија. Рокот на важење на транзитната виза не може да биде подолг од една година.

[83] Виза за краткорочен престој се издава на странец за еднократен или повеќекратен влез во Република Македонија, при што еднократниот непрекинат престој како и вкупното траење на последователните престои во Република Македонија не смее да биде подолго од три месеца во текот на секој шестмесечен период, сметајќи од денот на првото влегување. Виза за краткорочен престој се издава со рок на важење до една година. По исклучок на ставот два, од член 33 од Законот за странците од 14.03.2006 година, виза за краткорочен престој може да се издаде со рок на важење подолг од една година, ако тоа е во интерес на Република Македонија, за што одлучува Министерството за надворешни работи. Ваквиот вид на виза се издава за туристички, деловни, лични и други цели. Целта за која се издава визата, видливо се означува во визата.

[84] Виза за долгорочен престој може да се издаде на странец кој има намера да престојува во Република Македонија заради следните причини:

- вработување, работа или вршење самостојна дејност,
- Школување или студирање,
- Учество во програми на меѓународна размена на ученици или студенти,
- Специјализација, стручно усовршување или практично оспособување,
- Научно истражување,
- Лекување,
- Семејно обединување или
- Хуманитарни причини.

Дозвола за привремен претој во Република Македонија може да се издаде и на :

-странец кој е член на потесното семејство на државјанин на Република Македонија,

-странец кој по потекло е од Република Македонија или

- дете на странец родено во Република Македонија.

Странецот на кого му е дозволен привремен престој за одредена цел, може да престојува во Република Македонија само во согласност со целта заради која му е дозволен престојот.

Визата за долгорочен престој ќе се издаде ако странецот кон барањето за нејзино издавање приложи и решение со кое му се дозволува привремен престој во Република Македонија издадено од Министерството за внатрешни работи. Странецот на кого му е издадена виза за долгорочен престој е должен во рок од пет дена од денот на влегувањето во Република Македонија да се јави во

### 6.2.2 Агенција за иселеништво

Агенцијата за иселеништво одговара на обврските што произлегуваат од нејзините надлежности утврдени со Законот за организација и работа на органите на државната управа (член 31) и Заклучоците на Владата на Република Македонија, донесени на 5.9.2006 година.

Спроведувањето на обврските Агенцијата за иселеништво го реализира со својата организациска поставеност во два сектори и тоа:

**-Сектор за правни, економски и општи работи**, во чиј состав се Одделението за правни и општи работи и Одделението за економски работи и реинтеграција, чија основна задача е стручна обработка на законските и подзаконските прописи на Македонија и запознавање на иселениците со нив, информирање на иселениците за економските состојби во Македонија, со можност за нивно вклучување во економските текови во земјата, давање информации на иселениците за нивната реинтеграција, како и нивно упатување до надлежните институции во земјата;

-**Сектор за одржување и унапредување на врските со иселеништвото**, во чиј состав се Одделението за комуникација и оперативна соработка со иселеништвото, Одделението за информирање, Одделението за културен развој на иселениците. Овој сектор има основна задача да одржува редовни контакти со иселеничките организации и иселеници поединци, брзо информирање на иселениците по електронски пат и други медиуми, издавање на книги и брошури кои се од интерес за иселениците, вклучување на иселениците во јавниот и културниот живот во Македонија, помагање на нивниот културен развој во земјите во кои живеат и збогатување на библиотеките на иселеничките организации.

Основа за дефинирање и реализација на општите и конкретните цели на Агенцијата за иселеништво претставува Стратешкиот план кој таа го спроведува врз база на Програма за работа, со утврден приоритет на реализација. Тој опфаќа пет групи активности, и тоа:

1. Реинтеграција на иселеници од Македонија;
2. Поттикнување на културниот развој на иселениците;

---

Министерството за внатрешни работи, кое во рок од 25 дена од денот на неговото јавување ќе му издаде дозвола за привремен престој во Република Македонија.

3. Унапредување на положбата и правата на иселениците од Македонија;
4. Информирање на иселениците за состојбите во Република Македонија;
5. Унапредување на врските со иселениците од Македонија.

Како целни групи на кои се насочени активностите на Агенцијата за иселеништво, а кои го сочинуваат стратешкиот план на Агенцијата, посебно активностите од групата утврдени со приоритет:

1. „Реинтеграција на иселениците од Македонија" и приоритет
2. „Поттикнување на културниот развој на иселениците", а во согласност со стратешката определба на Република Македонија се бизнисмените од македонската дијаспора и најмладата генерација иселеници од Македонија.

Агенцијата за иселеништво тесно соработува со Министерството за надворешни работи. Таа исто така помага во обединување на македонската дијаспора, подигајќи ја свеста за тековни македонски прашања во различни заедници низ целиот свет.

### 6.2.3 Министерство за внатрешни работи

Министерството за внатрешни работи има клучна улога во делот на менаџирање со миграцијата, а во основа се занимава со прашањата поврзани со контрола и надгледување на државната граница, како и миграциите кои ги контролира преку активноста на Секторот за гранични работи и миграции при Бирото за јавна безбедност. Во рамките на Одделот за граѓански работи функционира Одделението за азил, кое има основна цел да врши контрола и да спроведува постапки за добивање на азил за баратели на азил во Република Македонија, Одделение за државјанство, кое има основна цел да спроведе постапки за добивање на македонско државјанство или отпуст од него и Одделение за патни исправи, кое се занимава со издавање патни исправи на македонски државјани кои поднеле барање во Република Македонија, како и надвор од неа, преку дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.

Добар дел во спроведувањето на миграциската политика Министерството за внатрешни работи го врши во координација со Министерството за надворешни работи.

Во рамките на активностите поврзани со спроведување на миграциската активност функционира и Транзитен центар за странци, кој има основна задача да ги

згрижи жртвите на трговија со луѓе, како и лица жртви на криумчарење на мигранти, кој е исто така под контрола на Секторот за гранични работи и миграции,

Со одлука на Владата на Република Македонија на 26.8.2008 година е формирана меѓуресорска група за креирање на миграциската политика, а за реализација на активностите е задолжено Министерството за внатрешни работи. Групата е составена од претставници од: Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за економија и Државниот завод за статистика.

Тежиштето на активностите на Меѓуресорската група за креирање на миграциската политика на Република Македонија е насочено кон остварување на следните задачи:

-Советодавна улога на Меѓуресорската група, преку укажувања до соодветните министерства за измени и дополнувања во постојаната законска регулатива со цел креирање на соодветна миграциска политика на Република Македонија;

-Воспоставување на механизам за мониторинг на миграциските текови;

-Изготвување на резолуција за миграциска политика согласно одредбите од Законот за странци и Законот за вработување и работа на странци;

-Дефинирање и ажурирање на миграцискиот профил на годишно ниво.

Во рамките на одредени ограничувања пропишани со меѓународно право, секоја држава има суверенитет да ги регулира протоците на миграција во согласност со нејзините преференции. Секоја земја може да регулира кој може да влезе на нејзина територија, по која основа, кој граничен премин да се користи и со каков вид документи.

Традиционално, законските надлежности во областа на миграцијата се во Министерството одговорно за внатрешни работи заедно со Министерството за надворешни работи. Со оглед на тоа дека граничната полиција е дел од овие институции, таа игра основна улога во процесот на миграција. Поточно таа:

-ги контролира границите и најчесто по куса најава треба да го утврди статусот на лицата кои ги преминуваат границите;

-ја проверува и контролира законитоста на влез преку проверка на визи и пасоши во поглед на автентичност;

-треба да направи разлика меѓу нелегални мигранти и лица кои побегнале од земјата за да бараат мегународна заштита.[85]

При извршување на овие одговорности, граничната полиција е одговорна за значаен дел од миграциската постапка.

Со цел следење на миграциските текови, како и правење на редовна анализа на приливите на миграција, меѓуресорската група, покрај другото, ќе ги следи и промените во врска со прашањата околу влезот и одобрувањето на влез на странци, да изработува предлози за дополненија на визните практики и законодавството врз основа на статистичките податоци за издадени-одбиени барања за визи, причина за одбивање на граница на странци на кои им е издадена виза, визи издадени на граница и барања за продолжување на визи на национално ниво. Со ова се олеснува внесувањето на промени во политиката во оваа област во однос на променливите имиграциски трендови.

Развивањето на начините за проценка на ризик од имиграција што треба да ги користат надлежните служби, треба да им овозможи ним да ги утврдат високоризичните случаи.

Безбедноста на државната граница значајно влијае на сигурноста на самата држава, но и на стабилноста на регионот, па и пошироко.

Обезбедувањето на државните граници е дел од системот на управување со државните граници и мора да се гледа како интегрален дел на моделите на управување, а со тоа и обезбедување на границите во европски и светски рамки.[86]

Значи, ќе потенцираме дека неопходен услов за изградба и спроведување на миграциската политика е пред сè постоење на обучен кадар на службеници со професионално и солидно етичко однесување.

Надградувањето и развивањето на потребната техничка опрема и обука на извршителите (конзуларни работници, граничари и службени лица кои работат на проблематиката на миграција) ќе се јавува како потреба која ќе мора да се

[85] Насоки за интегрирано гранично управување во западниот Балкан, Европска комисија (ЕС) октомври 2004, ажурирана верзија, проект „Поддршка и координација на стратегиите за (IBM)", јануари-2007.

[86] Миленкоски М, (2005) Државните граници на Република Македонија и асоцирањето во Европската Унија, Скопје: Еуро-Еко-НВО.

задоволува и исполнува со цел да се следат современите трендови, како и новите директиви од ЕУ кои наметнуваат таква обврска.

### 6.2.4 Министерство за труд и социјална политика

Министерството за труд и социјална политика исто така игра клучна улога во спроведување на миграциската политика, а посебно на полето на спроведување на социјалните права на мигрантите, како и со прашања кои се однесуваат на нивното сместување и обезбедување храна.[87]

Министерството за труд и социјална политика во последниот период вложи доволно напори за изградба на капацитети за справување со миграциските текови во Република Македонија.

Уште во 2005 година е формирано Одделение за азил, миграции и хуманитарна помош, кое има основна цел да се грижи за подобрување на статусот и правата на бегалците и странците во Република Македонија, како и следење на состојбата со бегалците во Република Македонија, нивното движење, престој и згрижување.

Со активноста на ова Одделение во континуитет се следат законските и подзаконските акти, конвенции и протоколи од оваа област и нивна примена, имплементација на добар дел од европските директиви за прифат на бегалци и целосно преземање на обврските кои произлегуваат од законските регулативи. Врши контрола над примената на Законот за вработување и работа на странци и Законот за волонтери (во делот кој го третира волонтирањето на странци). Исто така, врши контрола над законитоста во работењето на институциите кои директно се грижат за бегалците и внатрешно раселените лица и предлага мерки и модели на социјална заштита. Наведеното Одделение презема активности кои треба да се преземат околу иницијалното прифаќање и грижа за повратници од реадмисиски договори. Истото Одделение е иницијатор за изготвување на соодветни акти со кои би се уредило иницијалното прифаќање и згрижување на лица кои се наоѓаат во состојба на социјален ризик.

Како дел од капацитетите за справување со миграциските притисоци, Министерството за труд и социјална политика согласно Законот за социјална заштита (2007 година) направи напор за отпочнување со работа на Прифатниот

---

[87] www.mtsp.gov.mk (12.04.2011)

центар за баратели на азил, кој е лоциран во с. Визбегово-Скопје. Станува збор за јавна установа во која се сместуваат барателите на азил, која има сместувачки капацитет од 150 легла. Согласно статутот на установата, дејноста на Прифатниот центар е да обезбедува сместување, исхрана, социјални услуги и други културно-забавни и рекреативни услуги, согласно минимум стандардите за прифат на баратели на азил, утврдени со меѓународни акти ратификувани согласно Уставот на Република Македонија. Во моментот и тоа со 1.10.2008 година во установата се сместени 20 баратели на азил.

Исто така, донесувањето на Националната стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008-2015, во 2008 год. Министерството за труд и социјална политика ги идентификуваше приоритетните области и задачи во формулирањето на демографската политика.

### 6.2.5 Министерство за образование и наука

Ова министерство посветува внимание на прашањето за изучувањето на мајчиниот јазик од страна на младите генерации во дијаспората преку обезбедување на наставен кадар и учебни помагала за основно образование на мајчин јазик, врз основа на конкурс за избор на наставници кој се објавува во следните случаи:

- заради истек на времето за кое е склучен договорот за работа на наставникот кој е веќе ангажиран за изведување на наставата,
- по барање на здруженија на граѓани на Република Македонија кои престојуваат во странство, во зависност од бројот на децата и по одобрение на органот надлежен за работи од областа на образованието на соодветната држава, како и обезбеден простор за изведеување на наставата, а во согласност со Правилникот за начинот и постапката за избор на наставници кои изведуваат настава за основно образование на мајчин јазик за децата на граѓаните на Република Македонија кои престојуваат во странство, и Правилникот за начинот на утврдување на платите и надоместоците на плати за наставници кои изведуваат настава за основно образование на мајчин јазик за децата на граѓаните на Република Македонија кои престојуваат во странство.

Ова министерство е ангажирано и за прашањето на стипендирање на ученици и студенти од припадниците на македонскиот народ во соседните земји.

### 6.2.6 Министерство за култура

Министерството за култура во рамките на својата дејност и надлежности во континуитет финансира и реализира бројни активности кои имаат за цел пред нашето иселеништво да се презентираат дострелите на креативноста во сите области на македонската култура, како и да овозможи настап на културни дејци и културно-уметнички друштва од дијаспората во Република Македонија.

Министерството за култура е надлежно да врши работи што се однесуваат на:
- следењето, анализирањето и предлагањето акти и мерки за развој,
- организацијата, финансирањето и развојот на мрежата на националните установи и финансирањето програми и проекти од национален интерес во оваа област,
- заштитата на културното наследство,
- издавачката, музичката, сценско-уметничката, филмската, галериската, библиотечната, архивската, музејската и кинотечната дејност, дејноста на домовите на културата и дејноста за посредување во културата,
- заштитата на авторското право и сродните права,
- споменичното одбележување на настани и истакнати личности од национален интерес,
- афирмација на националната култура во земјите од регионот, ЕУ и светот;

Кога ја посочуваме работата на Министерството за култура, мораме да ја посочиме и работата на Државниот ансамбал на народни игри и песни „Танец", кој спроведувајќи ја програмата за работа автоматски го спроведува и стратешкиот план на Министерството за култура. Тој е основан 1949 год.[88] со основна цел:
- да го негува, развива и подига уметничкото значење на народните игри,
- да ги негува обработува и разработува народните песни,
- да изготвува програма со народни игри и песни и да ги претставува на јавни уметнички настапи во земјата и во странство.

---

[88] Ансамблот за народни игри и песни на Македонија "Танец" е формиран со Указ на Владата на Република Македонија во 1949 година, како потреба на македонската култура, со цел да го собира и негува македонското фолклорно богатство: орото, песната, инструментите, богатите оргинални носии и да го презентира во земјава и надвор од неа преку концерти, фестивали и други приредби од областанакултурата.

Во својата благородна културна мисија „Танец“ е во постојана и тесна соработка со македонските иселеници во дијаспората. Во таа смисла се организирани голем број концерти во сите земји каде што живеат македонски иселеници.

### 6.3 Важноста на статистичките податоци

Дејноста државна статистика е уредена со Закон за државната статистика.[89] Со наведениот Закон се уредува поставеноста и работата на државната статистика, методолошките и организациски основи на статистичките истражувања, прибирањето, обработката, презентирањето, чувањето, заштитата и давањето на статистичките податоци.

Дејноста државна статистика ја реализираат Државниот завод за статистика, како главен носител и координатор на статистичкиот систем на земјата и овластените носители кои реализираат дел од државната статистика во рамките на своите надлежности.

Непосредната своја активност, Државниот завод за статистика и овластените носители ја остваруваат преку реализација на Програма за статистички истражувања која има петгодишна периодика и која ја донесува Владата на Република Македонија.

Членот 2 од Законот за државна статистика пропишува дека државната статистика е стручна и независна дејност која врз база на научни основи на корисниците (владата, локалната самоуправа, деловните субјекти, јавноста и др.) им дава податоци за состојбите и движењето на економијата, човековите ресурси, демографијата, заштитата на животната средина и природата и другите области.

Доверливоста, покрај начелата на неутралност, објективност, стручна независност и рационалност, претставува основно начело на државната статистика.

Во согласност со Програмата за статистички истражувања, Државниот завод за статистика спроведува редовно статистичко истражување за миграции. Со ова истражување се следат внатрешните миграции (во рамките на Република Македонија) и надворешните миграции кои го опфаќаат влезот и излезот на македонските државјани и на странците во и од Република Македонија.

---

[89] Закон за државна статистика (Службен весник на РМ бр. 54/97).

Заради обезбедување на податоците за состојбата и движењето на странците, како и за документите кои им се издадени согласно Законот за странци, се водат посебни евиденции во Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни.[90]

Државни органи можат да ги користат податоците од евиденциите, доколку за тоа има правен интерес, за што одлучува Министерството за внатрешни работи, односно Министерството за надворешни работи.

Развојното законодавство на ЕУ во врска со посебното прашање за податоците и статистичките податоци содржи мал број обврзувачки инструменти:

- Конвенцијата за применување на Шенгенскиот договор од 14 јуни 1985 година.
- Директивата 95/46/ЕС на Европскиот парламент и на Советот од 24 ноември 1995 г. за заштита на лица во однос на обработката на личните податоци и за слободното движење на таквите податоци.
- Регулатива на Советот (ЕС) бр. 322/1997 од 17 февруари 1977 г. за статистички податоци на Заедницата.
- Регулатива (ЕС) бр. 45/2001 на Европскиот парламент и на Советот од 18 декември 2000 г. за заштита на лица во однос на обработката на личните податоци од страна на институциите и телата на Заедницата и за слободното движење на таквите податоци.

Следењето на развојното законодавство, а посебно Регулативата за статистички податоци на Заедницата за миграција и меѓународна заштита е особено значајно за развивање на националното законодавство и развој на системот за водење статистички податоци за миграција.

Усогласувањето и сличноста на статистиките на регионално ниво се од основно значење за развојот и следењето на законодавството и политиките кои се однесуваат на миграцијата.

Неопходно е, при изработување на статистиките да бидат запазени стандардите, како и да постои непристрасност, сигурност, објективност, научна независност, економичност и статистичка доверливост.

Акцискиот план на Комисијата за собирање и анализа на статистички податоци на Заедницата на полето на миграцијата предвидува изготвување на годишен извештај на ЕУ со користење на постојните собрани податоци на

---

[90] Закон за странци (Службен весник на РМ бр. 35/06)

EUROSTAT. Овие податоци во Статистичката канцеларија на ЕУ доаѓаат од Националните служби за статистика (NSOs) на државите поединечно. Податоците вклучуваат информации за добивање на државјанство, аплицирање за азил, како и донесените одлуки, информации за работници категоризирани по државјанство и економска активност, имиграција по пол и земја на претходен престој, емиграција по пол и следна земја на престој, како и популација по пол и државјанство.

Значаен извор на податоци за меѓународната миграција е Меѓународната база на податоци за трудова миграција (ILM), која е одржувана од ILO. Оваа база на податоци е можеби најголемата база на податоци која опфаќа преку сто земји на полето на трудовата миграција. Во базата на податоци посебно се класифицирани податоци за имигранти и трудови мигранти групирани по статусот на вработување, прилив на имигранти и трудови мигранти, по сектори на вработување и број и одлив на домашни државјани во странство. Користењето на податоци од ваков вид на база на податоци каде бројот на податоци е огромен треба да биде внимателно од причина што постојат сознанија дека има пропусти во редовноста на ажурирањето, па оттаму е можна појава на недостаток на податоци.

Постојат и други бази на податоци за имигранти и иселеници, па така, на пример, Организацијата за економска соработка и развој (OECD) располага со голем број на табели со податоци за миграција помеѓу земјите членки. Оваа база на податоци вклучува информации за бројот на лица родени во странство и странци, по образование и стапките на емиграција по земја на раѓање за оние со високо образование. Обработката на податоците (во OECD) ја вршат надворешни експерти за пресметки на миграциските бројки.

Исто така, Одделот на ООН за статистика (UNSD) обработува податоци за популацијата која е родена дома и во странство, според пол, престој во урбана/рурална средина, популација родена во странство по земја или регион на раѓање и економски активна популација родена во странство по професија и пол.

Публикацијата за Изводот на статистичките плаќања која Меѓународниот монетарен фонд (IMF), ја издава еднаш годишно исто така публикува податоци за прилив на средства од трудовите мигранти во матичните земји, а одредени податоци за приливот на средства од трудовите мигранти можат да се обезбедат и од Светската банка која врши собирање на податоци за миграцијата, и приливот на средства за матичните земји.

За регионално дефинирање на статистиката за миграција, потребно е да се воспостават општи периоди за поднесување на извештаи за да се гарантира компаративност за да се олесни развојот на миграциската политика со следење на регионалните трендови.

Постојните најдобри практики со цел нивна примена треба да се разменат меѓу земјите во регионот за да се гарантира усогласеност и компаративност на статистиките.

Потврдена е потребата за регионална размена на податоци, исто така и при подготвување на евентуална идна поврзаност со Шенгенскиот информативен систем, визниот информативен систем и ЕУРОДАК. Создавањето на сеопфатни и дос-ледни електронски национални информатички системи за миграција ќе помогне во олеснувањето на секојдневната работа околу поединечни случаи како и при општото управување на мигра-циската политика.

Ваквите информатички системи треба да се развијат за да се зголеми можноста за брзо изготвување на сигурни и навремени статистички информации, врз основа на сите внесени и ажурирани податоци за миграција.



# ГЛАВА 7

# ВАЖНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ЗА ВРСКАТА СО МАКЕДОНСКАТА ДИЈАСПОРА

# Глава 7

## 7. Важноста на Македонската православна црква за врската со македонската дијаспора

### 7.1 Македонската православна црква

Со прогласување на Народна Република Македонија, македонскиот православен народ веднаш почнал да се организира и на црковен план. Паралелно со прогласувањето на македонската држава и добивањето на националните, политичките, социјалните и духовните слободи, православниот македонски народ барал и сакал да постигне полна духовна и црковна афирмација.

На Вториот црковно-народен собир, што се одржал од 4 до 6 октомври 1958 година, било решено да се обнови древната Охридска архиепископија. Таа да го носи името Македонска православна црква (МПЦ) и да има врховни црковни тела. Тогаш бил донесен првиот Устав на самостојна Македонска православна црква.

По конституирањето на македонската државност, обновата на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква преставувало и преставува чин во исполнувањето на идеалите за национална и црковна слобода на македонскиот народ.

По возобнувањето на Охридската архиепископија во 1958 година и по прогласувањето на автокефалноста во 1967 година, Македонската православна црква направила силен пробив меѓу бројните македонски доселеници во прекуокеанските земји, Австралија, Канада и САД, како и кај оние македонски граѓани кои привремено или постојано престојувале во западноевропските земји.
Чинот возобновување на Охридската архиепископија бил повод, основа и потик да се формираат и да се изградат голем број македонски православни цркви и црковни општини, како и бројни асоцијации во новите средини насекаде во иселеништвото.
Македонската православна црква со својата организирана форма на постоење игра значајна улога во сплотеноста на Македонците надвор од Македонија, особено во прекуокеанските земји. Таа е организирана во десет епархии, од кои три исклучиво со надлежност надвор од територијата на Република Македонија, и тоа:

-американско-канадска, австралиско-новозеландска и европска епархија.

Духовните потреби на околу три милиони македонски православни верници се задоволени од 850 свештеници од МПЦ кои се теолошки образовани на Македонското православно богословско училиште и на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.[91]

Македонските црковни општини во дијаспората заземаат значајно место во денешното современо живеење и опстојување на Македонците, претставуваат жаришта за зачувување на традициите, обичаите, националната свест и култура.[92] Постоењето на над 50 црковни општини ширум низ светот, упатува на широка мрежа која традиционално ги собира верниците и придонесува за задоволување на нивните верски и национални чувства.

Со помош на црковните општини во дијаспората со успех работат македонските неделни училишта, во кои се учи македонскиот јазик, националната историја, географија и веронаука. Создадени се исклучителни услови за негување на македонскиот фолклор и разни културно-уметнички, забавни, литературни, социјални, хуманитарни, спортски и други активности. Се издаваат периодични весници, списанија, а отворени се радио и телевизиски часови на македонски јазик. Основните начела на МПЦ во нејзиното дејствување во дијаспората се, меѓу другото, задоволување на црковно-религиозните чувства и потреби, јакнење на единството помеѓу македонскиот народ, слога, чувство за слобода, разбирање и заедништво со сите луѓе во срединие во кои се определиле да живеат. Поволниот третман што го имаат верските институции во земјите каде има најголем број иселеници е добра основа за одржување на врските со нашето иселеништво. Правниот статус на црквата во Република Македонија е уреден со Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група.[93]

Македонската православна црква како автокефална, е дел од Светата, Соборна и Апостолска црква, која ги чува догмите, канононите и единството на верската служба со Источната екуменска православна црква и има единствена организација на независно управување со црковните активности. Денешната Македонска православна црква почива на првата црква основана од св. Климент

---

[91] Извештај на Комисијата за односи со верски и религиозни групи на Р. Македонија.

[92] Митевска, Ж.(21.04.2006) – Македонско сонце, интервју 616/617.

[93] Службен весник број 113 од 20.9.2007 година

Охридски во IX век, а подоцна е осветена како Охридска архиепископија во X век. Охридската архиепископија е една од најстарите словенски цркви која постоела уште пред поделбата на христијанството помеѓу Источно православната и Западно-римокатоличката црква во 1054 година. За жал, таа беше неканонски укината во 1767 година, а нејзините епархии припоени кон Цариградската патријаршија.

Таа е заснована и конституирана легално и е организирана како религиозна, национална, социјална, хуманитарна и културно-просветна институција. Македонската православна црква надвор од Македонија придонесува кон збогатувањето и одржувањето на националниот идентитет на македонските иселеници во новите средини, без разлика од кој дел на Македонија тие дошле на новите демократски простори.

Благодарение на постоењето на МПЦ, македонските иселеници се изборија за значајни права и привилегии во новите средини. Тие се изборија за признавање и прифаќање на македонското национално име од страна на државните власти во земјите на населување.

Македонските православни цркви во Австралија, во САД и Канада а во последно време и во Европската унија се најзначајните и најмасовни собиралишта на Македонците од сите делови на Македонија.

Во тие духовни центри работат и македонски училишта, се изучува македонскиот јазик, националната историја и географија а во поголем дел од црквите се учи и верска поука.

За задоволување на своите верски, образовни, културни, спорски, стопански и други потреби, почнувајќи од 1960 год. наваму т.е. во периодот за нешто повеќе од 30 год, само Австралија, Канада и Америка се формирани околу 35 македонски црковни општини и одбори. Изградени се над 35 македонски цркви , неколку манастири и други сакрални објекти.

Како што е познато, првата црковна општина е Свети Ѓорѓи во Мелбурн-Австралија. Таа е производ на идејата на Македонско-австралиски народен сојуз (МАНС), во 1955/56 почнува иницијатива за создавање на македонска црковна општина што ќе се грижи за изградбата на македонската црква.

Првата македонска црква во редовите на македонското иселеништво, Св Ѓорѓи во Мелбурн е осветена на 7 август 1960 год.

Нова етапа во тој нагорен пат за разграничување на црковното дело во редовите на македонското иселеништво е прогласување на афтокефалноста на МПЦ 1967 год.

Активноста на МПЦ е широка и многустрана. Особено е од значење нејзината мобилизаторска и куклтурно-образвна функција. Таа е силен фактор во ширењето на верата и верското образование на македонскиот јазик.

### 7.2 Црковни општини и нивната важност за македонската дијаспора

Црковните општини се појавуваат како инзвондреден инструмент за излегување од анонимност, за општествена афирмација на веќе матерјално зајакнатите поединци во својата средина, пред соодветната власт, а потоа пошироко на општо национален план.

Појавата на црковните општини во животот на македонското иселеништво преставува значајна историска дата на патот кон афирмација на македонското национално битие во новата средина на живеење, но и пошироко на меѓународен план. Тие имаат извондредно значење за духовната и културна консолидација на македонското иселеништво.

Првата идеја за формирање на македонска црковна општина во иселеништвото се родила во 1956 во Мелбурн Австралија. Таму е осветен првиот македонски православен храм надвор од границите на Македонија, Св. Ѓорѓи, кој истовремено преставува камен-темелник за организирано формирање и изградба на голем број македонски православни цркви во дијаспората.

Исто така после овој настан се разбудиле чувствата на македонските иселеници и во другите делови на светот па така во САД Коломбос, Охајо во 1958 год била формирана првата црковна општина а на 14 октомври 1962 год. бил поставен камен-темелник а по една година во јуни била осветена црквата Св. Петар и Павле во Гери, Индијана.

На 5 април 1964 год. во Торонто бил поставен камен-темелник на Св. Климент Охридски која била осветена на 15 април 1965 год.

Со формирањето на црковните општини како и друг вид на асоцијации се создадени услови за негување на културното наследство, на религијата, традициите, обичаите и другите национални вредности, со цел да се зачува македонскиот идентитет.

Речиси сите позначајни активности на македонските заедници во прекуокеанските земји главно се поврзани со МПЦ.

Така, македонските православни цркви, односно македонските православни црковни општини (МПЦО) се најзначајните и највлијателните форми на организирање и дејствување на македонските иселеници во прекуокеанските држави, кои освен духовни, реализираат и други активности од национален, хуманитарен, културно-образовен, спортски и друг карактер.

Со прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква, се отвори процес на создавање автентични македонски организации, македонски цркви и црковни општини, културно -уметнички , литературни, забавни, спорски друштва и друг вид асоцијации.



# ГЛАВА 8

# ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ЕМПИРИСКИОТ МАТЕРЈАЛ

# ГЛАВА 8

## 8.1 Интерпретација на емпирискиот матерјал

Собраниот емпириски матерјал, квалитативно е обработен заради тоа што вкупната фрекфенција на одговорите по пооделни прашања и од анализата на содржината и од интервјуата) цениме дека не е доволно броен за да се премине кон негова квантитативна / статисичка обработка.

Емпирискиот матерјал генерално е обработен преку научната синтеза во која се содржани сите потребни сознанија и резултати од обработениот емпириски матерјал, согласно со целите на истражувањето и неговата хипотетска рамка.

Направено е интервју со одговорните лица и членови во долунаведените организации, присутни на Втората годишна конференција на иселенички организации одржана на 21 и 22.07.2011 година во Скопје, организирана од Агенцијата за иселеништво на Р.Македонија, како и со граѓани поединци, иселеници од Р.Македонија, кои за време на летниот одмор, месец јуни, јули и август во 2011 година беа присутни во Македонија, како и иселеници од Македонија кои на 2 август во с. Трново – Битола, беа гости на 40-та Светска семакедонска иселеничка средба-Трново 2011.

Исто така Интервјуто е реализирано во државите Швајцарија и Германија, со лично присуство на докторантот на неколку манифестации организирани од македонски рганизации и здруженија на македонците во тие држави.

Организации:

1. ,, Обединети македонци,,, -,, Црковна општина,, Торонто-Канада
2. Француско-Македонска асоцијација ,,Блаже Конески" Франција
3. Црковна општина на МПЦ ,, Св. Кирил и Методија" Париз- Франција
4. Црковна општина на МПЦ ,, Св. Кирил и Методија" Дортмунд- Германија
5. Асоцијација ,,il Ponte di Pietra.. Kameniot Most" Канели-Италија, Провинција-Асти
6. Македонска Православна Општина ,,Св. Јован Крстител"-Geelong-Австралија
7. Асоцијација ,,Преспа-Бирлик" - Малме-Шветска, Друштво на граѓани од Македонска и од турска националност- мултиетничка заедница.
8. Француско –македонска асоцијација ,, Илинден 1903" Руен-Франција

9. Македонски Сојуз Малме –Шведска седиште во Гетеборг
10. Македонска христијанска религиозна општина ,,Свети Никола" Виена-Австрија
11. Обединета Македонска Дијаспора Вашингтон- САД
12. ФК Илинден Сиднеј -Австралија
13. Македонско Културно Друштво ,,Вардар" Мостар- БИХ
14. Здружение ,,Кирил и Методиј" Нови Сад- Р. Србија
15. Здужение на македонците во шумадија ,,Татковина" Крагуевац-Р.Србија
16. Здружение на македонците за Мировички округ- ,,Даме Груев" - Горни Милановац -Србија
17. Здружение на македонците ,,Гоце Делчев" Врање- Србија
18. Австралиско-Македонски драмски театар Сиднеј- Австралија
19. Австралиско- Македонска студенска асоцијација Мелбурн-Австралија
20. Здружение на македонците во Бања Лука- Република Српска
21. Здружение на македонците ,,Ешалан-Македонија" Ешалан-Швајцарија
22. Иселеници од с. Броштица- Дебар - со живеалиште во Гетинген-Германија и Италија.
23. Иселеници од с. Мокрино- Струмица со живеалиште во Лозана-Швајцарија, Пјаченца-Италија и Флорида-САД.

Со интервјуто беа опфатени репрезентативен број од 70 испитаници, од кои 20 испитаници на раководни места во горенаведените организации и здруженија, од чии одговори на наведените социо-економски и политички прашаања, може да се констатира следното:

### 8.1.1 Инвестициска клима и инвеститори

На првото прашање со кое се бараше да се добие мислење за тоа дали во Р.Македонија постои инвестициска клима, и дали јавно се познати нашите иселеници кои инвестирале во Р.Македонија, како и тоа што ги привлекува инвеститорите, а што ги одбива да инвестираат во Р.Македонија, добиени се следните одговори:

Поголемиот дел од испитаниците односно 55% одговорија дека во Р.Македонија, во периодот на последните неколку години, полека се создава

инвестициска клима. Кај истите постои високо национално чувство и желба да инвестираат во Македонија. Поволностите кои ги нуди Владата на Република Македонија, слободните економски зони, како и ниските даноци ја зголемуваат желбата за инвестирање. Но 45% од испитаниците посочија дека инвестициската клима не е изградена на највисоко ниво од причина што кај иселениците се уште постои недоверба према државната администрација, која се уште е спора во административната кореподенција и комуникација односно нагласената бирократија со нив. Исто така како причина за одложување на инвестиции во Р.Македонија се посочува безбедносната состојба, одложеното членство во НАТО, нереформираното судство, како и потребата од законски олеснувања при инвестирање на иселениците. Дел од нив како лоша причина ги спомнуваат и лошите кредити кои се нудат во Република Македонија.

Што се однесува на тоа дали се познати нашите иселеници кои инвестирале во Р.Македонија, 90% од испитаниците посочија дека немаат сознанија за македонски инвеститори во Република Македонија од дијаспората.

### 8.1.2 Девизни дознаки и донации

На прашањата поврзани со испраќањето на девизните дознаки кај свои блиски роднини, како и прашањето за донации од страна на иселениците кон Р.Македонија, испитаниците ги дадоа следните одговори:

Девизни дознаки испракаат 75% од испитаниците, а 25% воопшто не испраќаат дознаки. Од нив, 80% испраќаат по своја иницијатива на свои блиски, а 20- % по барање на блиските.

Во поголемиот број случаи висината на дознаките е во помали количини од 50 до 100 евра или долари. Истите дознаките ги испраќаат нередовно, а најголемиот број од нив, околу 70% дознаките ги доставуваат кога ќе дојдат лично во земјата и тоа за најблиски роднини, татко, мајка, деца.

Истите го користат овој начин на испраќање на дознаките поради скапите услуги за легален трансфер на пари кои во моментот се нудат од овластените компании.

Што се однесува на одговорите дадени во врска со донациите, поголемиот процент и тоа до 65% досега не донирале, а 35% имаат донирано и тоа најмногу во

медицинска опрема преку Црвениот Крст на Р.Македонија, за изградба на цркви или манастири.

Од одговорите може да се заклучи дека поголемиот број на испитаници немаат навика да донираат, а како причина ја посочуваат и недовербата при искористување на донациите, поради лошото досегашно искуство при донирање.

Од горенаведената анализа на овие прашања може да се заклучи дека се уште се користат стари начини на организирање на донации, од страна на поединечни асоцијации а не од сојузи како помасовни организации од кои ефектот би бил поголем, друга причина е неможноста целосно ја следат донацијата до крајната цел и немањето повратен резултат од донирањето, со што се создава сомнеж на недоверба и искористување на донацијата за други намени, а не за целната група за која е наменета.

### 8.1.3 Активност на поединци иселеници и организации во интерес на Република Македонија

На прашањата за активностите на поединци и организации и нивната спремност за поддршка на интересите на Р.Македонија, голем број и тоа 80%, со високо ниво на национално чуство се изјаснија дека истите со особено задоволство даваат поддршка преку соработка со асоцијации, лобирање, резлизација на разни проекти, саемско преставување на туристичката понуда на Македонија, посета и организација на фестивали, лобирање за зачувување на името кај највисоките структури на власта како и кај локалните власти во земјите на престој, преставување на македонската култура, традиции , уметност и др.

Исто така истите преку организирање на конференции за поддршка на Р.Македонија, реализација на проекти за учење на македонскиот јазик, збратимување на градови, културни средби, спортски натпревари, поетски вечери, фолклор и организирани туристички патувања во Република Македонија која е преставувана како добра туристичка дестинација, преставување на македонската култура и јазик преку медиумите, финансиски донации кон Република Македонија, допринесуваат за афирмација на Р.Македонија пред меѓународната јавност.

Од добиените одговори може да се констатира дека кај поголемиот дел од испитаниците постои желба за давање на поддршка и лобирање во името на

Р.Македонија, но тоа се прави во форма на поединечни активности на македонските асоцијации и организации во земјите на престој.

Се чини дека е неопходно организирање и преземање на активности врз база на ,,Чадор организација" односно организирани форми од еден сојуз во земјата на престој со цел предизвикување на поголем ефект на активноста која ја организираат овие организации и поединци.

### 8.1.4 Врската на иселениците со Р.Македонија и предлози за зајакнување на истата

На прашањето за тоа каква е врската на иселениците со Р.Македонија и можни предлози за зајакнување на истата испитаниците се изјаснија на следниот начин:

Голем број од испитаниците и тоа 70% се изјаснија дека работат на зајакнување на врската со Р.Македонија и дека врската е добра. Истите посочија и одредени предлози за подобра комуникација како на пример: предлог за зајакнување на врската во правец на организирани туристички понуди за иселениците, поголем број на предлози за збратимување на градови од земјите на престој на нашите иселеници со цел зголемување на комуникацијата со другите народи и култури, и др. Исто така како предлог ја посочија потребата од поголема активност на институциите на образовен план, размена на студенти како и зголемување на можноста и понудата за студирање на младинците од македонската дијаспора на македонските универзитети.

Како предлог за зајакнување на врската ја посочија потребата од зголемување на проекти од областа на културата и спортот.

Останатите 30% од испитаниците на ова прашање со нескриена доза на револт одговорија дека врската со Македонија и македонските институции е слаба и недоволно развиена. Исто така истите посочија дека долго време е присутна неорганизирана форма на комуникација со македонските граѓани, а често пати немаат навремени информации од надлежните институции за прашања од интерес за нив, па истите не знаат каде да се обратат. На крајот како главна забелешка за нивниот негативен одговор на ова прашање се посочува слабиот интерес за соработка на македонските институции македонските организации во странство.

### 8.1.5 Мерки за мотивирање на иселениците од страна на Р.Македонија

Од одговорите на испитаниците на прашањата, каква поддршка, привилегии или олеснувања очекуваат од државата Македонија во случај на нивно враќање или при инвестирање во Р.Македонија, истите ги дадоа следните одговори и предлози.

Голем процент од нив ја нагласија потребата за заеднички активности со цел надокнадување на загубениот временски интервал на несоработка со дијаспората, инволвирање на државата во повеќе проекти од интерес за дијаспората. Продолжување на проекти по македонски јазик на МРТВ емисија на македонски јазиг ИНФОМАК. Истите исто така во голем процент се изјаснија за потребата од поддршка на иселениците при потребата од административни услуги. Истите наведоа дека државата треба да ја нагласи сигурноста над инвестициите за долг период, без разлика на промената на политичката власт во државата а со тоа и заштита на капиталот преку независно судство. Даночните олеснувања за повратниците во земјата исто така се посочени како потреба за мотивација при враќање во земјата.

Значи со други зборови, потребна е интензивна работа на заеднички проекти за враќање на довербата помеѓу дијаспората и татковината, навремено информирање на дијаспората за сите случувања и законски измени во татковината, кои би ги добиле и во земјите на престој преку Дипломатско-конзуларните преставништва на Република Македонија во странство.

### 8.1.6 Состојбата на меѓусебната соработка на македонските иселенички организации

Од одговорите на прашањето за состојбата на меѓусебната соработка на македонските иселенички организациина, кај испитаниците констатирано е следното:

Најголемиот дел од одговорите на ова прашање беше негативен односно нагласена е потреба за подобра соработка помеѓу македонските организации, од причина што се уште повеќето организации се со слаба организациска поставеност и се подложни на надворешни влијанија. Истите носат одлуки но често тие одлуки не се спроведуваат. Исто така се нагласува потребата од координирана активност на

сите организации од повисока форма на организираност како што е сојуз на организации во форма на ,,Чадор организација" која ќе ги обедини активностите на сите организации во една држава на престој.

Како лош пример на организираност е појавата на два или повеќе сојузи на организации во една држава на престој од причина што тоа носи поделба кај македонските иселеници и организации.

Има појава на нови македонски организации кои се обидуваат да создадат соработка со другите но може да се забележи нагласената желба кај поголем број организации да останат самостојни во својата активност не прифаќајќи понуди, плашеќи се дека ќе потпаднат под влијание на друга помоќна и поактивна организација поради присуство на недоверба. Нагласена е потребата од стекнување на доверба но со тоа се констатира дека е потребна поголема соработка која во моментот недостасува.

Вивливо е отсуство на координација помеѓу иселеничките организации, односно постои потреба од организирано тело со улога на координатор на активностите кај иселеничките организации.

Одреден број на одговори посочуваат на потребата на поголема инволвираност на државата на овој план, со цел воведување на нови организирани иницијативи на соработка, особено во прекуокеанските земји Австралија и Нов Зеланд. Исто така од одговорите може да се констатира дека како причина на слабата меѓусебна соработка е немањето на организирана форма за обезбедување на парични средства за реализација на проекти кои би помогнале за зајакнување на меѓусебната соработка на македонските иселенички организации.

### 8.1.7 Потребата од една институција да третира поголем број на прашањата за дијаспората (иселеништво и македонски национални малцинства)

Од одговорите на прашањето во интервјуто, дали е добро отворање на една институција која ќе го третира прашањето за иселениците од Македонија и прашањето за македонските национални малцинства (МНМ) во соседните земји, како и сите државјани на Република Македонија на престој и работа во странство, независно од должината и категоријата на етнички Македонци што никогаш немале

македонско државјанство односно отворање на нова институција Министерство за дијаспора, беше констатирано следното:

Очигледно ова прашање предизвика голем интерес и со особено внимание се дадени сите одговори, од каде може да се заклучи дека скоро сите испитаници ја чувствуваат потребата за отворање на нова инситуција која ќе има поголеми ингеренции над прашањето за дијаспората, односно ќе ги третира и иселениците и македонските национални малцинства. Иако добар дел од истите имаат добро мислење за работата на Агенцијата за иселеништво, забележуваат дека за успешно третирање на ова прашање потребна е институција со поголем финансиски буџет. Од одговорите истите не ја исклучуваат можноста Агенцијата за иселеништво да продолжи да ја обавува оваа функција но со поголем буџет и со поголеми ингеренции над работата, од причина што се забележани одредени дуплирања на активностите помеѓу Агенцијата за иселеништво и МНР каде во Секторот за национални приоритети се систематизирани две одделенија и тоа Одделение за дијаспора и Одделение за Македонски национални малцинства. До колку процентуално би го наведувале одговорот на ова прашање очигледно тој процент би бил 95% за отворање на ваква институција.

### 8.1.8 Невладините организации во Република Македонија и прашањето за дијаспората

Од одговорите на прашаањето дали невладините организации од Р.Македонија доволно го третираат прашањето за зајакнување на врската со дијаспората, беа добиени следните одговори:

Во голем процент од одговорите на испитаниците може да се заклучи дека тие имаат негативен одговор, како и тоа дека истите познаваат многу мал број на невладини организации кои работат на проекти за зајакнување на врската со иселениците. Истите ја нагласуваат потребата за работа на проекти за зачувување на јазикот како и потребата од мешани проекти помеѓу НВО од Р.Македонија и македонските асоцијации во светот.

Во рамките на истражувањето беше извршена и анализа на содржината на текстови во следните јавни пишани гласила - списанија кои обработуваат теми поврзани со македонската дијаспора:

1. ,,Македонски Глас" - списание на Заедницата на македонците во Р.Хрватска
2. ,, Македонија" - илустрирана ревија за иселениците од Македонија издадена од Матица на иселеници од Македонија
3. ,, Народна Виљa" - македонски весник за теорија, историја, култура и уметност, издавач ЕТ,,Херонеа-338" Благоевград и Македонската православна заедница (општина) Сиднеј- Австралија
4. ,, Македонско Сонце" издавач- ДНИД ,,Македонско Сонце" ДООЕЛ-Скопје
5. ,,AUSTRALIAN-MACEDONIAN WEEKLY" Австралиско-Македонски неделник ONLINE.



# МОЖЕН МОДЕЛ НА ОРГАНИЗИРАНА ФОРМА НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ МАКЕДОНСКАТА ДИЈАСПОРА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 9. Можен модел на организирана форма на соработка помеѓу македонската дијаспора и Република Македонија

Дијаспора е поим што во себе ги опфаќа како македонското национално малцинство и иселениците (лица со поранешно македонско државјанство), така и сите државјани на Република Македонија на престој и работа во странство, независно од должината и категоријата на етнички македонци што никогаш немале македонско државјанство.

Во горенаведеното истражување предмет на истражување беше развојот и мирот на Р.Македонија, каде, како конкретен истражувачки проблем беше истражувана и важноста на македонската дијаспора за развојот и мирот на Р.Македонија.

Особено голем интерес во истражувањето беше посветен кон истражување на потенцијалот на дијаспората, каде постои голема можност тој да биде искористен во насока на зајакнувањето на врската со дијаспората на високо ниво, како национален интерес. Констатиравме дека важноста на дијаспората за социо-економскиот развој и мир, како и за политичко-демократски развој и мир на Р.Македонија е огромен и е од посебен национален интерес.

Преку извршено интервју со раководните лица во 20 асоцијации односно здруженија од дијаспората, над 100 интервјуирани иселеници од Македонија, со поставени 20 прашања во неструктурирано интервју, истовремено и извршени разговори со добиено нивно мислење и за други прашања поврзани со темата, како и анализата на пишани гласила кои обработуваат тематика поврзана со активноста на македонските иселеници, за период од една година, извршено интервју- разговор со 5 бизнисмени кои инвестирале во РМ, како и од анализираната состојба над државните и институционални капацитети преку кои се спроведува политиката кон дијаспората, се констатира дека соработката помеѓу македонската дијаспора и Р.Македонија, бележи тенденција на подобрување, но се уште не е на ниво од кое може да се почуствуваат посакувани позитивни ефекти корисни како за дијаспората така и за Р.Македонија. За таквата состојба очигледно постојат повеќе причини.

Се чини дека се позначајна е потребата од организирање на заеднички тела кои би ги координирале и обединиле многубројните организации, асоцијации, клубови и здруженија, се со цел позитивно да се измени начинот на соработка, а не

активностите да почнуваат и завршуваат во рамките на нивните потесни средини, без позначајни одгласи во пошироката општественост на земјите на престој

Отсуство на системска поставеност и соработка во дијаспората односно помеѓу македонските асоцијации, која се уште се базира на конзервативни начини на соработка и организација, сигнализира непостоење на соработка на високо ниво помеѓу дијаспората и Р.Македонија. Потребено е воспоставување на нови партнерски начини на соработка.

Големиот број на македински иселеници во светот е резултат на долгата историја на иселување на македонскиот народ од Македонија од различни причини и во различни периоди, од економски, политички, верски, семејни, како и иселувања под притисок на насилства и прогон.

Споредувајќи го досегашното минато на оваа тема, неспорен е фактот што Р.Македонија во последниве неколку години направи огромен напредок во комуникацијата со дијаспората, а за тоа говори и фактот со присуство на тројца пратеници во македонскиот Парламент од редовите на македонската дијаспора.

За спроведување на целите кон дијаспорат кои се поставуват пред нас и тоа, зачувување на националниот и културниот идентитет, заштита на нивните интереси и права, обезбедување на остварување на нивните законски права и обврски во странство низ давање на конзуларни и други услуги, унапредување на стопански, научни, културни, спорски и други врски помеѓу дијаспората и Р.Македонија, потикнување и усмерување на стручни и финансиски потенцијали на дијаспората на база на партнерство на дијаспората со Р.Македонија, а со цел економски развој на татковината, се чини дека се повеќе се наметнува прашањето за системски измени на институционалната поставенист односно потреба од отворање на една институција која ќе го третира прашањето за иселениците од Македонија и прашањето за Македонските национални малцинства (МНМ) во соседните земји, како и сите државјани на Република Македонија на престој и работа во странство, независно од должината и категоријата на етнички македонци што никогаш немале македонско државјанство односно отворање на нова институција, **Министерство за дијаспора.** На тој начин значајно би се зголемила соработката и влијанието на меѓусебните интереси помеѓу Р.Македонија и дијаспората. Отворањето на таква институција отвора многу повеќе можности за заштита на интересите на Р.Македонија, на нејзините државјани и правни лица во странство во соработката со министерствата и институциите надлежни за односите со дијаспората. Истовремено

нуди подобра прилика за преземање на мерки за унапредување на односите со иселениците во светот. Новиот начин на соработка треба да биде изграден врз основа на можност не само за решавање на проблеми туку и можност дијаспората да најде партнер за стопанска соработка со стопанските субјекти во Р.Македонија, без разлика дали се работи за инвестирање, заеднички вложувања, трговија, туризам, или било која друга двострана соработка.

Како втора значајна потреба која се наметнува со цел реализирање на овај можен модел на соработка помеѓу дијаспората и Р.Македонија е потребата од донесување на Закон за дијаспора. **Законот за дијаспора** како правен акт ќе отвори широки можности за соработка со македонската дијаспора, ќе изврши институционализација на таа соработка и ќе даде поповолен начин од досегашниот за соработката со дијаспората. Преку него истовремено ќе се допринесе за афирмација на Р.Македонија, и афирмација на нејзините државни и национални интереси.

Од друга страна, истовремено се наметнува потребата од институционализација на соработката со македонската дијаспора, од причина што подолг временски период се чуствува отсуство на заедничко масовно делување во рамките на организираните сојузи во државите на престој. Така, наместо формирање на ,,чадор организација", еден сојуз за една држава или континент, преку кој ќе се зајакне единствотвото помеѓу многубројните организации, асоцијации, клубови и здруженија, со цел давање на значаен одглас во пошироката опшественост во земјата на престој и целиот свет, има појава на поделба и на постоечките сојузи во два, а некаде и слаба активност до степен на згаснување и на постоечкиот сојуз.

Давањето можност на дијаспората да игра поактивна улога е од исклучително значење за развојот на Р.Македонија од причина што само на тој начин ке дојдат до израз квалитетите на многу наши сонародници кои живеат надвор во светот, а кои го достигнале врвот на успехот во најразлични области на бизнисот, медицината, уметноста, науката и сл.

Соработката со нашата дијаспора треба да биде непрекината активност на сите граѓани, политички тела, без разлика на промената на власта во Р.Македонија.

Поради тоа важно е испраќањето на заедничка порака од сите граѓани на Р.Македонија дека дијаспората е посакувана онолку колку што ја посакуваме и самата татковина, односно своето семејство.

Неспорен е фактот дека македонското иселеништвото со своите самоорганизирани активности во разни области придонесува, како за сопствената национална култура и друга афирмација, во своите нови средини и со тоа сопственото вградување во мултикултурните опшества во новите држави, така и дава значаен придонес и за вкупната афирмација, на Р. Македонија во тие земји. Тој допринос и искористување на тој огромен потенцијал, може да биде многу поголем и на многу високо ниво доколку се постави подобра форма на организација во редовите на иселеништвото, а со тоа се воспостават и зајакнати форми на комуникација со матичната земја, за која исто така предлагам измени во институционалната организираност и поставеност кон дијаспората.

Поради тоа од огромно значење е институционализацијата на соработката низ основање на Собрание на македонската дијаспора, во чиј состав ќе се приклучат, Совет за иселеништво и Совет за МНМ. Во рамките на тие два совета можат да бидат организирани и други тела, комисии за различни прашања, кои се од посебен национален интерес за Македонија, македонското иселеништво во светот како и Македонските национални малцинства во соседните земји.

Исто така во рамките на организациската поставеност на дијаспората од особена важност е формирањето на **Македонски национален фонд (фонд на дијаспората),** во кој покрај дијаспората можност за учество при собирањето на финансиски средства ќе има и државата Р.Македонија. Основната намена на овој фонд ќе биде истиот да се користи за унапредување на комуникацијата и соработката со Р.Македонија, како и соработка и развој на комуникација помеѓу сојузите во дијаспората, односно за зајакнување на врската помеѓу државата и дијаспората. Исто така истиот ќе се користи за поддршка на хуманитарни, научни, културни, спорски и други цели, реставрација на национални богаства во татковината, за пошумување или зачувување на национални или историски локалитети.

Придонесот од страна на иселениците, за влез на финансиски средства и знаење преку поврзување со странски претпријатија и мултинационални компании е од огромно значење за економскиот развој на Република Македонија. Обемот на инвестиции од иселениците во Република Македонија се зголемува и покрај помалата стартна основа.

Оттука може да се констатира дека Република Македонија треба да има поагресивен настап во информирањето на инвеститорите од редовите на иселениците бидејќи тие поседуваат значителен економски потенцијал.

Со цел зајакнување на врската со иселеништвото, манифестациите кои се организираат за иселениците е потребно да претрпат проширување на својата агенда, да не бидат само политички маркетинг, туку да бидат можност и за размена на идеи и развој на инфраструктурни проекти во функција на економскиот раст и развој на Македонија и промоција на нашата држава како посакувана инвестициска дестинација.

Исто така, за развој на комуникациската поврзаност со нашите иселеници потребно е почесто организирање економски форуми на кои заедно македонските бизнисмени од иселеништвото, претставниците на стопанските комори, локалните самоуправи, македонската берза, консултантските куќи, економските факултети и медиумите ќе дефинираат заедничка стратегија за соработка и учество на македонската емиграција во развојот на Македонија. При развојот на таа стратегија би се иницирале и идеи за измена на односот на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство кон нашите иселеници, со цел изградба на економски мост на соработка со нашата емиграција.

**1.**

**Органограм на новиот можен модел на институционална и системска поставеност на Министерството за дијаспора на Р.Македонија и македонската дијаспора во светот**




# ЗАКОН ЗА ДИЈАСПОРА



**2.**

## Заклучоци

1. Отворање на Министерство за дијаспора.
2. Донесување на Закон за дијаспората.
3. Потребни се нови форми на организирање на дијаспората, Собрание на дијаспората во чиј состав ќе влезат Совет за иселеништво, Совет за македонски национални малцинства (МНМ), Македонски национален фонд (фонд на дијаспората), како и потребен број на Комисии за прашања од посебен интерес за дијаспората.
4. Собранието да биде во состав од оклоу 30 до 50 избрани делегати исклучиво од редот на македонската дијаспора а на предлог на Сојузите во земјите на престој. Можноста за членство во Собранието на дијаспората се дава и на Претседателот на Р.Македонија, Претседателот на Парламентот, Претседателот на Владата на Р.Македонија, идниот Министер за дијаспора, Министерот за надворешни работи, Министерот за култура на Р.Македонија.
5. Советот за иселеништво и Советот за МНМ се во состав од редот на избраните делегати на Собранието, но во нив можат да бидат вклучени и истакнати личности, бизнисмени и експерти од обласга поврзана со дијаспората.
6. Формирање на Македонски национален фонд (фонд на дијаспората).
7. Пратениците од редот на дијаспората да побараат измени на Закон за избори, со цел унапредување на изборниот процес и можност за електронско гласање, зголемување на бројот на избирачки места во изборните единици во земјите на престој на дијаспората.
8. Пратениците, избрани од редовите на дијаспората веднаш да ја започнат комуникација со иселеништвото од каде се избрани, како и комуникацијата со македонските граѓани кои престојуваат во Р.Македонија.
9. Отворање на специјализирана научна институција која ќе се занимава со прашањето за дијаспората, на пример, Институт за дијаспора во рамките на некој од постоечките факултети на државните универзитети во Р.Македонија.
10. Заеднички настап на дијаспората и надлежните институции од Р.Македонија, при одржување концерти, фестивали, спортски манифестации, (изворни, забавни и детски).

11. Сите влади во татковината потребно е да се посветени на националната стратегија и на конкретни чекори да ја интегрираат дијаспората во политичките и економските процеси во државата.
12. Да се зголеми комуникацијата и соработката на дијаспората со МАНУ, преку организирани средби.
13. Да се зголеми бројот на отворени библиотеки, во државите на престој на дијаспората, или пополнување на библиотеките во дијаспората со македонска историска и друга литература, како и да се пристапи кон отворање на музеи во кои ќе биде презентирано македонското духовно наследство, историја и култура.
14. Да се интензивира соработката со медиумите во Р.Македонија, преку отворање на посебни емисии кај секој медиум на тема за дијаспората, а сојузите на иселеници преку своја организација да помогнат при реализирање на репортажи и гостувања на ТВ медиумите, како и пишаните гласила-весници за да информираат непосредно и изворно за збиднувањето во дијаспората.
15. Агенцијата за млади и спорт заедно со Министерството за надворешни работи и новото Министерство за дијаспора, да организираат спортски активности со македонски спортски клубови на терен во РМакедонија и надвор во светот. За таа цел секоја четврта години, во Р.Македонија да се организираат спортски игри со масовно учество на спортски клубови од иселеништвото и од Р.Македонија.
16. Од страна на новото Министерство за дијаспора како и другите надлежни Министерства, Министерството за надворешни работи и Министерство за култура, да биде организиран, фолклорен фестивал на кој масовно учество ќе земат културно-уметнички друштва и други асоцијации од редот на дијаспората и Р.Македонија, кој ќе се одржува секоја втора година на различни локации во Р.Македонија и во светот се разбира со претходно спроведена процедура за избор и селекција на најдобрите како во Р.Македонија така и во земјите на престој на македонската дијаспора.
17. Редовно ажурирање на адресарот со иселенички организации, и достапност на истиот кај сите Асоцијации, со цел овозможување на тој начин зголемена комуникација и размена на искуства.
18. Подобрување на аднинистративната комуникација (информирање за промените на правила и процедури поврзани со административни потреби).
19. Подобрување на можност за вадење на документи на иселениците во Дипломатско-конзуларните претставништва на Р.Македонија во странство како и во Република

Македонија, (шалтер за иселеници, пасоши, изводи, и други административни можности во повеќе министерства каде ќе се наметне зголемена потреба од комуникација со дијаспората). За таа цел по потреба да се остави можност за отворање на времено организирани форми на услуги за време на зголемени барања на иселениците.

20. Соработката со Дипломатско-конзуларните преставништва, да се постави проактивно и истовремено да се зголеми личното присуство на манифестации во дијаспората од страна на одговорните вработени во Дипломатско-конзуларните преставништва.
21. Зголемување на соработката со Министерство за култура преку зголемување на учество на асоцијации од дијаспората на проекти согласно програмата за наредната година донесена од Министерството за култура.
22. Министерството за образование и наука, како и Дипломатско-конзуларните преставништва на Р.Македонија во странство, да дадат поголема логистичка поддршка на вработените наставници по македонски јазик кои изведуваат настава во странство, согласно Правилникот за начинот и постапката за избор на наставници кои изведуваат настава за основно образование на мајчин јазик за децата на граѓаните на Република Македонија кои престојуваат во странство.
23. Работа на проекти за јазикот.
24. Државниот завод за статистика да започне изготвување на анализи за бројот на иселениците и нивниот придонес во стопанството.
25. Донесување на Информатор на Р.Македонија за образовните и научни можности за упис на младинци од дијаспората на факултетите во Р.Македонија.
26. Со цел брзо спроведување на својата стратегија за зајакнување на комуникацијата со дијаспората, предлагаме државата Република Македонија да постави економски услови со цел мотивација за враќање и инвестирање на дијаспората во Република Македонија и тоа:

- Зголемување на македонските економски промотори во светот од редовите на македонската дијаспора.
- Да се изврши попис на македонското иселеништво (дијаспора) во светот.
- Даночни олеснувања за повратниците кои инвестираат;

Зголемување на царински олеснувања за македонските иселеници кои влегуваат во Република Македонија со намера повторно населување во Република Македонија;

- Да се спроведе економска позитивна дискриминација за македонската дијаспора при инвестирање во Република Македонија;

- Намалување на трошоците (такси кои се плаќаат во Дипломатско-конзуларните преставништва на Р.Македонија во странство) за патни и други документи за иселениците;

Зголемување на бројот на Дипломатско-конзуларните преставништва на Република Македонија во светот;

- Подобрување на конзуларните услуги во Дипломатско-конзуларните преставништва на Р.Македонија во странство за нашите иселеници;
- Согледување на неопходните претпоставки за намалување на интензитетот на трајните иселувања, поттикнување на повратните текови, како и конципирање на активна миграциска политика и соодветна развојна политика на земјата;
- Намалување на трошоците за трансфер на девизните дознаки, континуирано унапредување на олеснувањето и достапноста на трансмисијата на дознаките;
- Потикнување на мрежи засновани на знаење, локални и странски, луѓе кои се лојални во дијаспората како експерти, бизнисмени, научници, формирање на здруженија на мигранти за да се споделат контакти, можности за бизнис и други опшествени мрежи;
- Охрабрување на граѓаните кои се враќаат преку обезбедување на донации , концесии, заеми и можности за вработување.Ова се прави во Израел, Кина Венецуела и во други Земји.
- Потенцирање на заедничка историја на нацијата, религиозната определба и културните корени за да се подобри националната кохезија и политичкото лобирање и поддршка;
- Трансвер на студенти и професионалци помеѓу дијаспората и татковината.
- Комуникацијата и контактите со иселеништвото треба да бидат секојдневни и да ги опфатат сите граѓани кои се иселени од Македонија, без разлика на нивната национална, верска и политичка припадност.

27. За интензивен развојот на врската, потребно е иселеништвото непрекинато

да гради позитивен однос кон Република Македонија како самостојна и суверена држава:

- Да го негуваат македонскиот и мајчиниот јазик и националните обележја и традиции;
- Да изразуваат желба за меѓусебна соработка, како и за соработка со Република Македонија и со нејзините органи и институции;
- Да се ангажираат во унапредувањето на сопственото самоорганизирање во земјата на живеење согласно прописите на земјата домаќин;
- Слободно да ја изразуваат својата вероисповед во рамките на Македонската православна црква и другите верски заедници;
- Комуникација и контакти со иселеништвото треба да бидат секојдневни и да ги опфатат сите граѓани кои се иселени од Македонија, без разлика на нивната национална, верска и политичка припадност.

**АНЕКС 1**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**ИНСТИТУТ ЗА ОДБРАНБЕНИ И МИРОВНИ СТУДИИ**
**СКОПЈЕ**

**Докторска дисертација**

**И Н Т Е Р В Ј У**

**Тема: ВАЖНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ДИЈАСПОРА ЗА РАЗВОЈОТ И МИРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**(проект)**

**Кандидат: м-р Златко Николоски**

**Скопје, 20.07.2011 год**

**Јас како докторант на Универзитетот „Св КИРИЛ И МЕТОДИЈ" -Филозофски Факултет – Институт за одбранбени, безбедносни и мировни студии – Скопје, работам на изработка на Докторска дисертација со тема: ВАЖНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ДИЈАСПОРА ЗА РАЗВОЈОТ И МИРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.**

**Целта ми е на научно ниво да го проучам прашањето за важноста на македонската дијаспора за развојот и мирот на Р.Македонија, каде методолошката поставеност меѓу другото бара во рамките на истражувањето да се изработи интервју со преставници на организации на македонската дијаспора од цел свет.**

**Ве молам да одговорите на прашањата во ова интервју.**

**Гарантирам дека одговорите ќе бидат користени исклучиво за моето истражување.**

**Податоци за организацијата и лицето кое се интервјуира:***

**1. Лични податоци* (Име, Презиме, назив на Организација)-**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**2. Во која држава се наоѓа и седиште на Организацијата или место на престој на лицето-**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**3. Кога е формирана Организацијата и нејзини примарни цели-**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**4. Возраст на лицето-**

______________________________________________________________

- **Личните податоци (име и презиме) лицето може а немора да ги пополни.**
- **Пополнувањето може да се изврши и на англиски јазик**

**Социоекономски прашања:**

**1. Дали во Р. Македонија има инвестициска клима и дали познавате иселеници кои инвестирале во Р.Македонија ?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**2. Што ги привлекува инвеститорите, а што ги одбива да инвестираат во Р.Македонија ?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**3. Дали Вие лично или Вашата Организација имате донирано во РМ и во која област (образование, здравство, и сл.) и дали имавте увид во спроведувањето на донацијата ?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**4. Дали праќате парични средства (дознаки) на свои блиски роднини како помош, по сопствена иницијатива или тоа од Вас го барале вашите блиски роднини ?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**5. Дали сакате да се вратите да живеете во Р.Македонија и дали тоа го сакаат вашите деца ?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**6. Како мислите дека Вие или Вашата Организација можете да помогнете во развојот на Р.Македонија и што сте подготвени да направите околу тоа?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**7.На кој начин Вие или вашата Организација сте биле активни во име на Р.Македонија (економски, инвестиции, донации, лобирање или друго )?**

**8. Какво е вашето мислење за врската со Р.Македонија и нејзините жители и кои врски Вие би сакале да ги развивате повеќе (финансиски, културни, опшествени, туризам или други) ?**

**Политички прашања:**

**9. Дали во земјата во која живеете лобирате во интерес на Р.Македонија (дали лобирате кај владите, влијателни политички партии или бизнис центри за инвестиции) посочете пример за начинот на кој тоа го правите (методи и средства што ги применувате).**

**Дали Вие лично или Вашата Организација лобирала во интерес на Р.Македонија кај Меѓународни организации и дали сте задоволни од постигнатите ефекти ?**

**10. Дали Вие лично или Вашата Организација соработува со институции и политички партии во Р.Македонија и за какви теми односно прашања?**

**11. Каква поддршка очекувате од Владата на Р.Македонија, а што од македонските граѓани кои живеат во Р.Македонија ?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**12. Какви олеснувања и привилегии би сакале да имаат македонските иселеници кои се враќаат да инвестираат и живеат во Р.Македонија.?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**13. Сметате ли дека институциите во Р.Македонија Ви стојат на располагање за решавање на Ваши прашања во Р.Македонија.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**14. Колку сте задоволни од работата на македонските Амбасади и Конзулати во светот (дали Ви стојат на располагање за Вашите потреби) ?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**15. Дали во Р.Македонија би сакале да постои една институција која ќе третира поголем број на прашања поврзани со дијаспората на пример (Министерство за Дијаспора)?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**16. Дали преку избраните пратеници од дијаспората очекувате зајакнување на врската со дијаспората и решавање на значајни прашања во интерес на Вас и Р.Македонија ?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**17. Дали сметате дека соработката помеѓу македонските асоцијации односно организации во светот е на разумно ниво и Ваше мислење што би требало да се промени ?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**18. Дали сметате дека работата на новиот иселенички совет формиран пред една година ги исполни очекуваните резултати?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**19. Кои се вашите предлози за зајакнување на врската со Р.Македонија?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**20. Дали мислите дека невладините организации од Р.Македонија доволно го третираат прашањето за зајакнување на врската со дијаспората ?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**Ви благодарам за времето што го одвоивте за пополнување на овој прашалник од интервјуто.**

**Со почит.**
**М-р Златко Николоски**

## V I I I. БИБЛИОГРАФИЈА


1. Aleinkoff, T. A. and Chetail, V., *Migration and International Legal Norms,* Cambridge University Press, 2003
2. Adam Walaszek, Swiaty imigrantow, Tworzenie polonijnego Cleveland 1880-1930, Nomos, Krakow1994,(65-66)
3. Barber, J., and Reed, B., (eds.), *The European Community: Vision and Reality*, London: Croom Helm, 1973
4. Grzegorz Babinski, Wiez etniczna a procesy asimilacji, Przemiany organizacji etnicznych, Zagadnienia teoretyczne I metodologiczne, Panstwowe Wydawnictwo Naukowe, Warszawa-Krakow 1986, (42-43)
5. Bodenheimer, S. J., *Political Union: A Microcosm of European Politics, 1960-66*, Leyden: A. W. Sijthoff, 1967
6. *Водич за избрано законодавство на ЕУ и политички инструменти за миграција*-Хилкка Бецкер ИОМ-Виена (август 2005)
7. Brimmer, E., (ed.) The EU's Search for a Strategic Role: ESDP and Its Implications for Transatlantic Relations, Washington D.C. Center for Transatlantic Relations, 2002
8. Bulmer, S., Domestic Politics and European Community Policy-making, Journal of Common Market Studies, 1982
9. Has, E. B., The Uniting of Europe: Political, Social and Economic Forces, 1950-1957, Stanford University Press, 1968
10. The Millennium Development Goals and Migration, IOM, Geneva 2005
11. Muscat, R. J., *Investing in Peace*, M. E. Sharpe, 2002
12. Naerssen, A. L., et al., *Global Migration and Development*, Routledge, 2007
13. Juss, S.S *International Migration and Global Justice,* Ashgate Publishing, Ltd, 2006
14. Gibney, M.J and Hansen, M., *Immigration and Asylum: From 1900 to the Present,* ABC-CLIO, 2005
15. Grzegorz Babinski, Wiez etniczna a procesy asimilacji, Przemiany organizacji etnicznych, Zagadnienia teoretyczne I metodologiczne, Panstwowe Wydawnictwo Naukowe, Warszawa-Krakow 1986, (42-43)
16. Weiner, M., *Migration and Refugees: Politics and Policies in the United States and Germany,* Berghahn Books, 1997

17. Zolberg, A. R., and Benda, P., *Global Migrants, Global Refugees,* Berghahn Books, 2001
18. Schiff, M. W., and Winters, A., *Regional Integration and Development,* World Bank, 2003
19. Goldin, I., et. al., *Globalization for Development,* World Bank Publications, 2006
20. Koslowski, R., *Migrants and Citizens,* Cornell University Press, 2000
21. *Globalization, Migration, and Development*, OECD proceedings, OECD Publishing, 2000
22. GDN Global development network 2009, Студија за Македонија – Развој во движење: Мерење и оптимизирање на економските и социјалните влијанија на миграцијата во Република Македонија
23. Palme, J., and Tamas, K., *Globalizing Migration Regimes,* Ashgate Publishing, 2004
24. Mesic M, Harmonizacija evropske migraciske politike: neuspeh politika imigraciske kontrole sedamdesetih I osamdesetih godina 20.stoljeca, Filozofski fakultet, Zagreb 2003
25. Ефтимовски Д., (2003) Економија на развојот, Економски институт-Скопје, Скопје.
26. Mesic M, Harmonizacija evropske migraciske politike, Filozofski fakultet Zagreb, 2003.
27. UN Population Division Department for Economic and Social Affairs of the UN Secretariat [2007]: *Trends in Total Migrant Stock: The 2005 Revision.*
28. United States Census Bureau (http://www.census.gov) 1. Leonard, David. "World Population to reach 6.7 Billion on Saturday". February 24,2006. MSNBC 2.
29. Стојко Стојков, -преставник на ОМО Илинден Пирин, интервју за ,,Весник,, стр. 3 од 26.07. 2011 година.Скопје
30. Center for Research and Policy Making [2007]: *Strengthening Cross-Border Cooperation in the Western Balkan Regarding Migration Management.*
31. *Macedonia. Migration Flows in Modern Macedonia. Skopje.*
32. 8th Council of Europe Conference of ministers responsible for migration affairs-Economic migration, social cohesion and development; towards an integrated approach-Kiev, September 2008
33. Malgorzata Markiewicz [2006]: *Migration and Remittances in Macedonia.* Center for Economic Analyses. Skopje

34. The Migration, Asylum, Refugees Regional initiative (MARRI) 2006 Questionnare on Diaspora.
35. Georg, S., Politics and Policy in European Union, Oxford University Press, 1996
36. Агенција за иселеништво на РМ (2003) ,,Иселеништвото од Македонија до денес“ - Развојни потенцијали на иселеништвото од Република Македонија.
37. Конвенција за Шенгенскиот договор од 14 јуни 1985, OJ 22.9.00 Општите конзуларни упатства за визи за дипломатско-конзуларните претставништва, Службен весник C 310,19.12.2003 P.0001-0108 со дополненија. Обединета верзија 27.9.05.
38. Милески, Т. ( 2006) Еколошка безбедност, Универзитет,, Св Кирил и Методиј”- Филозофски факултет Скопје,
39. Милески,Т. (2011) Еколошка Безбедност одржлив развој – одржлива безбедност, Универзитет,, Св Кирил и Методиј”- Филозофски факултет Скопје
40. Миовски, Т. (1999) Македонците во западна Австралија, Здружение на децата-бегалци од Егејскиот дел на Македонија-Скопје
41. Насоки за интегрирано гранично управување во западниот Балкан, Европска комисија (ЕС) октомври 2004, ажурирана верзија, проект „Поддршка и координација на стратегиите за (IBM)“, јануари-2007.
42. Георгиевски П., (1998) *Методологија на истражување на општествените појави,* Филозофски факултет, Балкански центар за проучување на мирот, Скопје.
43. Гоцевски Т. Бакрески О., *Политичкиот и економскиот систем и одбраната на Македонија*, Маринг, Скопје, 2005
44. Јаневска, В. (2001) Современите Меѓународни миграции, емиграцијата од Република Македонија и социо-економскиот развој, Економски институт-Скопје.
45. Катарџиев, И. (1996) Македонија и Македонците во светот, Матица македонска - Скопје.
46. Николовски С-Катин. (2002) Македонците во САД и Канада, Македонска искра-Скопје.
47. Вражиновски, Т. (2005) Иселенички студии, Скопје.
48. Близнаков, А. (1987) Спомени за националната, политичката и културната дејност на Македонците во САД и Канада, Култура-Скопје.

49. Близнаков, А. (1982) ,,Д` мбени и револуционерното минато во костурско, печати Просвета Куманово 1982 - Мисла-Скопје
50. Ицо Најдовски Перин, Роберт Најдовски Македонците во Викторија , Институт за национална Историја, Скопје 2008 год.
51. Матица на иселеници на Македонија, Македонски иселенички алманах, 90. Скопје 1990 год.
52. Матица на иселеници на Македонија, Македонски иселенички алманах, 91. Скопје 1991 год.
53. Кочов,С. Билет во еден Правец, Матица Македонска Скопје 2003
54. Антов,Д. (2001), Независна Македонија во Германските Медиуми 1991- 2001 Култура-Скопје
55. Ефтимовски Д., (2003) Економија на развојот, Економски институт-Скопје, Скопје.
56. Зборник на трудови од научната трибина Македонците со исламска вероисповед-меѓу националната припадност и религиска определба, февруари 2011, Сојуз на македонците со исламска религија- Скопје, стр.25.
57. Модел стратегија за усогласување со ЕУ во областа на миграцијата- КАРДС АМБ-(09-2005) Виена.
58. Митевска, Ж.(21.04.2006) – Македонско сонце, интервју 616/617.
59. Миленкоски М, Државните граници на Република Македонија и асоцирањето во Европската Унија, Скопје, 2005.
60. Моне, Ж. (2007) Европа нашиот заеднички дом, Време-Скопје.
61. Хју, П (2009) Поим за глобална безбедност, (Превод на делото - Understanding Global Sekurity, Peter Hough), И.П. Табернакул- Скопје,
62. Резолуција за миграционата политика на Р. Македонија 2009-2014 год.(Службен весник на РМ бр.6 од 15.1.2009 год.)
63. Трајановски, А. (2007) Историја на Македонија- Менора- Скопје.
64. Жежов, Н. (2008) Македонското прашање во Југословенско-Бугарските дипломатски односи (1918-1941), Универзитет ,, Св. Кирил и Методиј" Филозофски Факултет-Скопје Институт за историја,
65. Nugent, H., The Government and Politics of the European Union, London: Macmillan, 1994
66. Nuttall, S., European Political Co-operation, Oxford: Clarendon Press, 1992
67. Супек Р., *Социологија*, Школска књига, Загреб, 1977

68. Николоски,З. (2010) Миграции-контраиндикации или причина за позитивни ефекти,, - Аутопринт-Скопје.
69. International Organization for Migration. World Migration 2003,Chapter 1.
70. Migration Management in Central and South-Eastern Europe. Iom Strategy and Objectives 2006-2007, International Organization for Migration, 2006
71. Center for Research and Policy Making (2007). Strengthening Cross-Border Cooperation in the Western Balkan Regarding Migration Management. Macedonia, Migration Flows in Modern Macedonia, Skopje.
72. MARRI Migration Questtionnaire ; http//marri –rc-org/dokuments
73. Van Selm, Joanne (2007) Macedonia; At a Quiet Crossroads, Migration International source at Migration Policy institute.
74. Center for Documentation and Information on Minorities in Europe - Southeast Europe (CEDIME-SE) - Macedonians of Bulgaria.
75. Decision 97/340/JHA of the Council from 26 may 1997

**- Интернет страници**

http://www.gov.mk

http://www.moepp.gov.mk

http://www.zdravstvo.gov.mk

http://www.kultura.gov.mk

http://www.mfa.gov.mk/

http://www.mofk.gov.mk

http://www.morm.gov.mk/

http://www.finance.gov.mk

http://www.mvr.gov.mk

http://president.gov.mk

http://www.sobranie.mk

http://www.sinf.gov.mk

http://www.emigration.gov.mk/

http://www.adi.gov.mk

http://www.stat.gov.mk/

http://www.jpmrd.gov.mk

http://www.nbrm.gov.mk

http://www.slvesnik.com.mk/
http://www.euroinfo.org.mk
http://www.exploringmacedonia.com/
http://www.fashionmk.com/index.php?industry=APP
http://www.mia.com.mk
http://www.makfax.com.mk
http://macedonia.usaid.gov
http://www.e-gov.org.mk
http://www.metamorphosis.org.mk
http://www.apprm.org.mk/index
http:// www.panoptikum.com.mk/vremetraenje
www.iom.int/jahia/pid/279
http;//www.mfa.gov.mk/defaauit 1.aspx?itemID=340
http://econ,worldbank.org/wbsite
www.iom.int/jahia/lang/pid/3
http.en.wikipedia.org/wiki/ Peace# cite_note-o
www.mtsp.gov.mk
http//marri –rc-org/dokuments
www//mk-ekonomija@vreme.com.mk